УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

БИБЛИОТЕКА
Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА СО АРХЕОЛОГИЈА

КАНДИДАТ:
САШО К. КОРУНОВСКИ

# ЦРКОВНАТА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII ВЕК

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

СКОПЈЕ 2000

## СОДРЖИНА


ИСТОРИСКИ РАМКИ ........ 4

**ГЛАВА I** ........ 21

**ОПИС НА АРХИТЕКТУРАТА НА ЦРКВИТЕ** ........ 21

I.1.БАЗИЛИКАЛНИ ГРАДБИ ........ 21

*Св.Никола во Манасшир* ........ 21

I.2. ЕДНОКОРАБНИ ГРАДБИ ........ 43

*I.2.1. Св.Илија во Грнчари* ........ 43

*I.2.2. Св.Никола во Прилеп* ........ 48

*I.2.3. Св.Пешар во Прилеп* ........ 62

*I.2.4. Св.Димишрија во Велес* ........ 69

I.3. ЦРКВИ СО ВПИШАН КРСТ ........ 84

*I.3.1. Св.Јован Богослов - Канео* ........ 84

*I.3.2. Св.Климениш (Св. Богородица Перивлеййшос)* ........ 91

I.4. ОСТАНАТИ ТИПОВИ НА ЦРКВИ ........ 101

*I.4.1. Св.Богородица во Дабнишше* ........ 101

*I.4.2. Св.Архангел Михаил* ........ 107

*I.4.3. Сйрашош на наршексош кај црквата Св.Софија* ........ 138

*I.4.3. Св.Димишрија во Прилеп* ........ 153

**ГЛАВА II** ........ 167

**ТИПОЛОГИЈА** ........ 167

II.1. БАЗИЛИКАЛНИ ГРАДБИ ........ 167

II.2.1. ЕДНОКОРАБНИ ЦРКВИ ........ 176

II.2.2. СЛОЖЕНА ВАРИЈАНТА НА ЕДНОКОРАБНИ ЦРКВИ ........ 181

II.3. ЦРКВИ СО ВПИШАН КРСТ СО КУПОЛА ........ 188

II.4. ДРУГИ ТИПОВИ НА ГРАДБИ ........ 204

II.4.1. ЦРКВИ СО НАДВИШЕН ПОПРЕЧЕН СВОД ........ 204

II.4.2. ТИПОЛОГИЈА - СВ.АРХАНГЕЛ МИХАИЛ - СВ.СОФИЈА ........ 212

II.4.3. ТИПОЛОГИЈА - СВ.ДИМИТРИЈА ВО ПРИЛЕП ........ 226

**ГЛАВА III** ........ 232

**ФОРМИ - ЅИДАРИЈА - ДЕКОРАЦИЈА** ........ 232

III.1. ФОРМАЛНИ АСПЕКТИ ........ 232

*Айсиди* ........ 232

*Фасади* ..... 237

*Куӣоли* ..... 251

III.2. ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ И ТЕХНИКА НА ГРАДЕЊЕ ..... 260

III.3. ДЕКОРАТИВНИ АСПЕКТИ ..... 269

**IV. ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА** ..... 286

**БИБЛИОГРАФИЈА** ..... 304

**ПРИЛОГ** ..... 313

## ИСТОРИСКИ РАМКИ

Македонија, расположена на централните подрачја на Балканскиот Полуостров, со својата географска позиција како и со комплексната рељефна структура, беше подрачје со голема важност во текот на целиот среден век. Пресечена со два важни патни правци, едниот крак на *Via Militaris* (по течението на р.Вардар) и *Via Egnatia* (најкраткиот копнен пат од Драч за Солун), таа беше често изложена на притисокот и нападите на разните завојувачи. "За нејзе постојано се грабеле соседните посилни и посредени држави. И по правило, превласт на Балканот имала онаа од нив која ја владеела Македонија".[1] Меѓутоа, неспорен е фактот дека во текот на целото средновековие, без оглед на карактерот на нејзината потчинетост, таа секогаш била во широката сфера на она што може да се дефинира како византиско културно и уметничко творештво.

Географски блиска до двете големи метрополи на Царството (Цариград и Солун), но и самата потпрена на слоевитите културни наслаги на домашната почва, таа лесно можеше да ги согледа и прифати тековните концепти и големите културни и уметнички достигнувања од метрополите. Улогата на Цариград за уметничките текови во другите подрачја на Византија, но и за околните држави што влегуваа во нејзината културна сфера е неспорна. Токму затоа, кога Цариград за прв пат во својата историја како главен град на царството, во 1204 г., потклекна пред освојувачите - Латините од IV крстоносен поход, како ретко кој настан, тоа по себе повлече глобални не само политички но и културно-уметнички превирања. Резултат на тоа беше распаѓањето на Византиското царство, врз чии што темели се формираат неколку независни држави, кои од своја страна пак, во децениите што следеле, меѓусебно се бореле околу правото на византиското наследство и обновата на царството.

За жал, Македонија влечејќи ги последиците од општата криза во византиското општество од последните децении на XII век, во чии што рамки и

---

[1] Г.Острогорски, *Византија и словени,* Сабрана дела IV, Београд 1970, 19.

самата се наоѓаше; како и под притисок на честите ограбувачки походи од крајот на тој век (Нормани, Срби, Бугари)[2], не успеа да создаде кохезиона државотворна сила за да ги искористи бурните настани на почетокот на XIII век. Наместо тоа, таа фигурираше во мапите на крстоносците, и тоа во *Partitio terrarum Imperii Romaniae*, како плен што треба да се дели. Притоа, најголемиот дел било предвидено да им припадне на крстоносните барони, а венецијанците се задоволиле контролата на неколку значајни точки на делницата Via Egnatia (Охрид и Острово).[3] Но до поделба и воспоставување на латинска власт воопшто не дошло, од едноставни причини што енергичниот бугарски цар Калојан, искористувајќи ја опсадата на Цариград во 1203 г. со своите трупи ја освоил Македонија.[4] Набрзо после смртта на Калојан (1207 г.), нестабилните прилики во царството, ги користи за да се осамостои во добро утврдениот град на р.Вардар - Просек, неговиот господар Стрез.[5] Тој ја проширува својата власт на другите краишта во северна и западна Македонија, од Верија на југ и Скопје на север, но спорна останува западната граница, односно во изворите не е потврдено дали и Охрид потпаднал под власта на Стрез. Притоа, според податоците наведени во Теодосиевата биографија на Сава, се смета дека Охрид бил вклопен во новоформираното кнежевство[6]; додека пак понекогаш ваквите констатации се отфрлаат со забелешка дека Охрид воопшто не бил во рацете на Стрез.[7]

Одреден придонес кон расветлувањето на овој проблем може да дадат анализираните податоци од страна на Ф.Баришиќ и Б.Ферјанчиќ на охридскиот црковен прелат Хоматијан во кои што тој ја споменува "тиранијата на Драгувитите" и "власта на Драгувитите".[8] Авторите јасно

---

[2] М.Бошкоски, *Македонија во XI и XII век: Надворешни upади на територијата на Македонија,* Скопје 1997.
[3] К.Аџиевски, *Поделбата на Македонија според Partitio Romaniae,* ГИНИ XXVI/2-3, 155-160.
[4] К.Јиречек, *Историја Срба I,* Београд 1952, 169.
[5] К.Јиречек, *Историја Срба,* 166.
[6] И.Снегаров, *История на Охридската архиепископия I,* София 1924, 97; Б.Панов, *Охрид и охридско во периодот на развиениот феудализам,* Охрид и охридско низ историјата I, Скопје 1985, 226.
[7] Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана о "Власти Другувита"*, ЗРВИ 20 (1981), 55; *Историја на македонскиот народ (група автори),* Скопје 1988, 61.
[8] Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана,* 41-58.

покажуваат дека Хоматијан под овие одредници ја подразбира власта на Стрез. Вестите во кои што се внесени ваквите синтагми инкорпорирани се во текстот на две црковни одлуки на охридскиот суд за жители на Верија и на Полог. Природно е да се помисли дека Хоматијан не би можел да ја употреби формулацијата "тиранија на Драгувитите" во времето кога Охрид би потпаѓал под власта на Стрез. Ф.Баришиќ и Б.Ферјанчиќ според податоците содржани во документот, него го датираат најрано во 1226 г[9], што значи во времето на архиерејството на Хоматијан, но и на најголемиот полет на Епирската држава[10], па воопшто не треба да зачудува епитетот "тиранија" приклучен кон власта на Стрез. Од друга страна, во документот за жителите на Полог издаден во времето кога на архиепископскиот престол бил Јован Каматир, а Хоматијан бил хартофилакс на Архиепископијата, што значи пред 1217 г. се споменува само "власта на Драгувитите".[11]

Точно според споменувањето на двете оддалечени области (Верија и Полог) се претпоставуваат и крајните гранични точки на простирањето Стрезовата власт. Во такви едни просторни констелации тешко е да се поверува дека после смртта на Калојан, во Охрид била воспоставена власта на неговиот наследник Борил (1207-1218), затоа што таа би била потполно отсечена од територијата на која што таа се распростирала. Исто така нема податоци кои би го потврдиле присуството на Латините од Солунското кралство во Охрид по Калојановата смрт, затоа што на териториите каде што тие се појавуваат после 1208 г. се појавуваат католички епископи (Девол, Костур).[12] Напротив, во богатата книжевна оставнина на Хоматијан[13] во времето додека бил хартофилакс на Охридската архиепископија (1200-1217 г.), нема траги од такви превирања во архиепископскиот врв и нејзината администрација. Па така, може да се смета за веројатна претпоставката дека

---

[9] Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана,* 46 заб.18.
[10] За архиепископот Хоматијан и неговите блиски врски со Епирската држава v.infra
[11] Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана,* 47-48.
[12] И.Снегаров, *Архиепископия,* 97-99.
[13] J.B.Pitra, *Analecta sacra et classica spicilegio Solesmensi parata VI,* Parisiis-Romae 1891; За разликите во документите пишувани од страна на Хоматијан како хартофилакс и како архиепископ, (Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана,* 47 заб.23.).

владетелот на Просек со кампањата за проширување на своите територии што започнала во 1208 г.[14] го прикључил и градот Охрид.

Како што претходно беше споменато Хоматијан дефинирајќи ја власта на Стрез како "власт на Драгувитите"(*η Δρουγουβιτῶν εξουσία*), прави јасна дистинкција од "власта на Бугарите" (*η Βουλγαρική εξουσία*)[15], што значи дека тој нејзе ја третира како власт на еден независен феудален владетел, иако роднински тесно поврзан со тогашниот бугарски цар Борил, а воено потпомогнат од српскиот велики жупан Стефан Немања. Природно, во рамките на така формираната држава се нашла и Охридската архиепископија, чии што интереси се совпаднале со интересите на Стрез, па таа почнала да добива улога како во времето на Самоил.[16]

Сепак, Стрезовото кнежевство, било од кратка природа, затоа што, неговите планови за проширување на југ (Солунското кралство), не само што не дале резултат, туку поразот од латините во Пелагониската Котлина (1211 г.) го означил падот на неговата држава. Па така, најдоцна до 1214/15 г. (смртта на Стрез), латинската власт за кратко е воспоставена и во делови на Македонија.[17]

На историската сцена настапува младата епирска држава, која што во годините на Теодор Ангел (1214/15-1230 г.), ја доживува својата најголема територијална експанзија. Па така, веќе во 1216 г. освоена е Пелагонија и Охрид[18], за да во наредните години освојувањата продолжат со несмален интензитет и до 1220 г., Македонија е прикључена кон Епирската држава.[19] Врвот на кампањата, сепак, е освојувањето на Солун, вториот град на поранешната Византиска држава, акт што Деспотатот го претвори во Царство, а деспотот во цар. Имено, во очите на западните Грци, Теодор беше новиот

---

[14] За почетокот на освојувањата на Стрез, (К.Аџиевски, *Пелагонија во средниот век,* Скопје 1994, 127-128.)
[15] Ф.Баришиħ, Б.Ферјанчиħ, *Вести Димитрија Хоматијана*, 46.
[16] И.Снегаров, *Архиепископия,* 97.
[17] За овој проблем со корекција на поранешните мислења дека, бугарската држава повторно ги придобила териториите на Стрез после неговата смрт, (К.Аџиевски, *Пелагонија*, 132-133.).
[18] D.Nicol, *The Despotate of Epiros,* Oxford 1957, 49.
[19] D.Nicol, *Despotate,*59; К.Аџиевски, *Пелагонија,* 134-135.

некрунисан цар.[20] Но токму тој чин на коронација не бил воопшто едноставен. Изборот за личноста која ќе го изведе крунисувањето паднал на охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан (1217-1234 г.) и тоа не случајно.[21]

Голем канонист, претходно хартофилакс на Охридската архиепископија, заради својата наобразба често бил консултиран не само од Теодор Ангел[22], туку и од српскиот крал Стефан Радослав и други знаменити личности заради толкување на некои одредби од црковното и граѓанското право. [23] Дури и на Света Гора неговиот збор беше закон.[24] Покрај тоа, Димитрија Хоматијан го напишал и краткото Климентово житие и во негова чест и слава испеал четири канони.[25] Во неговата богата збирка на документи, наоѓаме многубројни податоци за животот и состојбите во Охридската архиепископија и во Македонија во негово време.

Тоа значи дека во Хоматијан беше изнајдена личноста која што спремно ќе може да се спротистави на очекуваните реакции на патријархот во Никеја. Исто така, самото издигање на Хоматијан на охридскиот трон беше извршено по доаѓањето на Теодор во Охрид, а не од помало значење беше и неговото пријателство со дотогашниот првенец на епирската црква, митрополитот од Навпактос - Јован Апокавк, чија што недвосмислена поддршка во тие акции ја имаше. Во писмото што му го испрати на никејскиот патријарх Герман II, како одговор на неговите протесни писма, Хоматијан јасно го заснова своето право врз традициите на Охридската архиепископија и Јустинијана Прима.[26]

Во рамките на новоформираното Солунско царство (1225 г.), Македонија имаше значајна улога со својата централна позиција на Балканот, како и со издигнатиот углед на Охридската архиепископија, поставена на ранг

---

[20] D.Nicol, *Despotate,* 64.

[21] За личноста на архиепископот Димитрија Хоматијан, (И.Снегаров, *Архиепископия,* 207-210.)

[22] И.Снегаров, *Архиепископия,* 274.

[23] Околу политичките импликации по повод обраќањето на кралот Стефан Радослав до охридскиот архиепископ Хоматијан за одредени канонски прашања, (Б.Ферјанчиќ во: *Историја српског народа I,* Београд 1981, 308-309.)

[24] D.Nicol, *Despotate,* 81.

[25] Ц.Грозданов, *Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век,* Скопје, 1983, 48 (со дополнителна литература).

[26] За преписката што се водела по ова прашање, (И.Снегаров, *Архиепископия,* 112-124). За црковните импликации од крунисувањето, ( D.Nicol, *Despotate,* 76-102.).

на водечка црковна организација во царството. Врз основа на богатата преписка на Хоматијан и Апокавк, се извлекуваат и елементи за локалната поделеност на земјата, при што може да се констатира дека и покрај нестабилноста и честите промени на власта, во функција сé уште била старата тематска поделба на земјата. Притоа, најчесто важела поделбата на тема - градско подрачје (Скопје, Струмица, Верија итн.), но имало и теми што опфаќале нешто пошироки области (Дебар, Молиск, Стан итн).[27]

Се чинело дека на патот на Солунското царство и на неговиот водач, царот Теодор Ангел Дука Комнен, нема сила што може да му се испречи во повторното заземање на Цариград, и дека само прашање на време било кога неговото западно царство ќе прерасне во обновено византиско царство. Сепак, познатата битка кај месноста Клокотница на р.Марица (во април 1230 г.), и победата на бугарскиот цар Иван Асен II над војските на Солунското царство, не само што ги оневозможила таквите амбициозни планови, но услови во наредната деценија и половина (1230-1246 г.) со Македонија да владее бугарскиот цар.[28]

Но настаните што се случувале и промените што тие ги предизвикувале никако не губеле од својот интензитет. Па така, смртта на Иван II Асен во 1241 г. и слабеењето на бугарското царство предизвикано од династичките борби како и од нападите на Монголите, била причината што Македонија повторно била арена за вооружени и освојувачки походи, и тоа на никејците и епирците. Притоа, никејскиот цар Јован III Ватац со брза и енергична акција ги освојува северните делови на Македонија (Скопје, Велес, Просек, Овче Поле)[29], додека деспотот на консолидираната епирска држава Михаил II Дука Комнен, ги освојува нејзините југозападни делови (Прилеп, Охрид). Така големите ривали и претендентите за византиското наследство, Епир и Никеја, воспоставуваат заедничка граница, па тие се еден наспроти друг на територијата на Македонија. При ваква состојба расплетот бил неизбежен, а тој се одвивал во

---

[27] G.Prinzing, *Studien zur Provinz-und Zentralverwaltung im Machtbereich der epirotischen Herrscher Michael I. und Theodoros Dukas,* t.I-II, Ηπειρωτικα Χρονικα 25-26 (1982-1983), 73-120, 37-112.
[28] D.Nicol, *Despotate,* 110-111; К.Аџиевски, *Пелагонија,* 142.
[29] D.Nicol, *Despotate,* 148;

следната деценија со променлив успех кај двете страни, за да во 1259 г. го добие својот епилог. А тој е во прочуената Пелагониска битка, сигурно една од најсудбоносните битки што се одиграле на Балканот во XIII век.[30]

Со победата на никејските сили над силите на коалицијата (Епир, латинските држави и Србија), конечно било решено прашањето околу византиското наследство. На тој пат никејската држава веќе немала вистински соперник, а повторното освојување на Цариград од страна на војсководачот Алексиј Стратигопул во јули 1261 година[31], наликува само како попатна епизода во однос на значењето на Пелагониската битка за обновата на Византиското царство. Па така, историчарот и директниот учесник во настаните што и претходеле на битката Г.Акрополит, уште под импресиите од неговото ослободување од епирскиот затвор, ќе запише дека "тоа беше победа каква што сонцето малкупати видело".[32]

Со оваа битка заврши периодот на драматични борби. Иако ваквите промени биле предизвикани од латинското освојување на Цариград и распаѓањето на византиската држава, во фокусот на настаните, многу често била и Македонија поради својата стратешка позиција на Балканот и поради цврстите и добро утврдени градови.

Во таквите нестабилни прилики, секако дека финансиските можности на населението биле исцрпени до крајните егзистенцијални граници.[33] Значи, во судбинските настани од шестата деценија на XIII век, всушност започнува повторниот развој на македонските подрачја, проследен со новонастанатата улога што ја добија тие во обновеното Византиско царство. Зошто, овациите и радоста на цариграѓани со кои што го пречекале на 15 август 1261 година, новиот византиски цар Михаил VIII Палеолог, не допирале до Епир, Тесалија,

---

[30] D.J.Geneakoplos, *Greco-Latin Relations on the Eve of the Byzantine Restoration: The Battle of Pelagonia - 1259,* DOP 7 (1953), 101-141; К.Аџиевски, *Пелаīонија,* 153; опширно за текот на битката, idem, *Пелаīонија,* 154-160.

[31] Г.Острогорски, *Исшорија на Визаншија,* Скопје 1992, 542-543.

[32] D.Nicol, *Despotate,* 186.

[33] Сигурно поради многу тешката економска состојба настаната во годините на неговото владеење, бугарскиот цар Иван II Асен издал повелба на дубровничките трговци за да можат слободно да тргуваат во неговата земја. Во повелбата покрај другите се споменуваат и Скопската, Деволската и Прилепската област, (И.Иванов, *Бълīарски сшарини из Македония,* София 1931, 578;

Србија и Бугарија. Напротив, тие само чекале на погоден момент, со здружени сили да удрат на она што останало од славното Византиско царство. Притоа, Македонија како погранична земја, била од животна важност за царството. Во такви едни услови мошне умешно својата позиција ја пронајде и Охридската архиепископија. Па така, после тешките разидувања со никејскиот патријарх од неколку децении пред тоа, вистинско изненадување претставува повелбата од 1272 г. издадена од византискиот цар, а со која се негира легитимитетот на одвојувањето на спрската и бугарската црква од Охридската архиепископија.[34] Дека ваквиот став не е случаен покажува и неговото застапување од византиската делегација предводена од Г.Акрополит, на Лионскиот собир во 1274 г.[35]

Можеби дел од заслугите за ваквата позиција на Архиепископијата се благодарение на личноста на архиепископот Константин Кавасила и неговата улога во воспоставувањето на власта на Палеолозите во Македонија во 1259 г., по што повторно тој седнал на архиепископскиот престол.[36] Дека релациите помеѓу царот и архиепископијата биле на завидно ниво ќе потврди и долгиот натпис од 1271 г., запишан во наосот на црквата Св.Никола во Манастир, каде што тој се воспева како "нов Константин".[37] Улогата на ѓаконот и референдар Јован, во конципирањето на натписот е несомнена, па иако немаме конкретни податоци дали во времето на настанувањето на натписот Кавасила сѐ уште бил архиепископ[38], поттиците за возвишување на личноста на Михаил VIII сигурно биле живи и доаѓале од архиепископскиот град.

Но колку и да го сваќал византискиот цар значењето на Македонија, во неговото царство понекогаш работите не се одвивале до крај онака како што тој, со својата брилијантна дипломатска вештина умеел да ги канализира. Па

[34] Г.Острогорски, *Византија,* 552.

[35] Ц.Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство од XIV век,* Охрид 1980, 10; За Лионскиот собир и унијата на црквите, (D.Nicol, *The Greeks and the Union of the Churches: Preliminaries to the Second Council of Lyons, 1261-1274,* in: Byzantium its ecclesiastical history and relations with the western world = Collected Studies, London 1972, 454-480.); Н.Радојчић, *Свети Сава и автокефалност српске и бугарске цркве,* Глас СКА, 179, Београд 1938, 222-230.

[36] За личноста на Кавасила, (Ц.Грозданов, *Портрети,* 181-184.).

[37] Ф.Баришић, *Два грчка натписа из Манастира и Струге,* ЗРВИ VIII/2 (1964), 16.

[38] Константин Кавасила за последен пат се споменува на иконата на Христос Пантократор од 1262/63 г., (Ц.Грозданов, *Портрети,* 183.).

така, неговото дело, преточено во востанието на сицилијанскиот народ (31.03.1282 г.) познато како "Сицилијанска вечер", од темел ја разнишало широката антивизантиска коалиција помеѓу Сицилијанското кралство, Србија, Бугарија и Тесалија. Основачот и главниот двигател на коалицијата, Карло Анжујски, останал без својата територија, па морал засекогаш да ги напушти своите долго градени планови.[39]

Но не одело сé така како што Михаил VIII Палеолог посакувал. Имено, уште додека одеците од "Сицилијанската вечер" не биле допрени во Србија, Милутин во истата година тргнал кон остварување на неговиот дел на планот. Со секавична брзина српските трупи навлегле во Македонија, што имало за последица освојување на Скопје, Горен и Долен Полог, Овче Поле, Злетово и Пијанец.[40] Во вториот свој налет во 1284 г., српските трупи ќе освојат уште некои градови и подрачја на југ со што трајно ќе биде означена границата во Македонија помеѓу двете држави во текот на долгогодишното владеење на Милутин (1282-1321 г.) и Андроник II Палеолог (1282-1328 г.). Таа се протегала северно од Луково, Дебрец, Железнец, Велес и Штип, а завршувала на веригите на Плачковица и Голак.[41]

Формалната стабилност изразена преку константноста на граничната линија всушност не значела и постигнување на траен мир помеѓу двете земји; зошто граничните подрачја често биле цел на повремени воени походи без тоа да вроди со менување на граничната линија. Ваквата ситуација повеќе била резултат на сложените внатрешни состојби во Милутиновата држава, отколку на моќта на византиската држава да се справи со српските одреди. Имено, на север, бившиот крал Драгутин, на териториите под негова власт почнал да води независна политика од онаа на Милутин, поттикната секако од јакнењето на неговата власт со воените успеси. Со тоа нараснале и неговите политички амбиции, што пак имало за последица влошување на односите помеѓу двата брата, кое подоцна ќе премине и во нивен оружен судар.[42] Поради тоа

[39] Г.Острогорски, *Византија,* 560-562.
[40] *Историја српског народа,* 439.
[41] К.Јиречек, *Историја Срба,* 191; Ц.Грозданов, *Охридското сликарство,* 12.
[42] Љ.Максимовић, во: *Историја српског народа,* 442-444.

Милутиновата освојувачка политика кон Византија била лимитирана и без значајни потфати.

Од друга страна, желбата на византијците да сторат нешто повеќе во српско-византиските погранични судири завршиле со пораз на нивните војски предводени од познатиот војсководец Михајло Главас.[43] Станало сосема јасно дека дека излезот од ваквата позиција двата владетели го гледале во мировните преговори, а тие и покрај нивната одлучност траеле скоро две години (1297-1299 г.), пред сé поради отпорот што постоел кај двете страни[44], па главниот византиски преговарач Теодор Метохит морал пет пати да патува во Србија.[45]

Кај српската страна отпорот бил предизвикан од феудалците на кои што им било јасно дека со тоа се блокираат нивните настојувања за територијалните пробиви на државата кон југ. Но Милутин бил согласен да го прифати понудениот мир затоа што тој ја имал клучната роља во настанатите династички спорови помеѓу Милутин и Драгутин околу Дежевскиот договор, со што сигурно го решавал прашањето за наследството на српскиот престол во негова полза; бидејќи родниинското поврзување со династијата на Палеолозите секако дека го зголемиле неговиот углед и ги легализирале придобивките од претходните освојувања.[46]

Централна точка на договорот била женидбата на Милутин со византиската принцеза Симонида[47], а точно тоа го предизвикало отпорот кај византиската страна, зошто Симонида имала неполни шест години[48], отпор што спротивно на српската, се јавил во редовите на византиското свештенство на чело со патријархот Јован XII (1294-1303).[49] Сепак, пролетта 1299 г.

---

[43] Г.Острогорски, *Византија,* 591.

[44] Љ.Максимовић, *Георгије Пахимер,* Виз.Извори VI, 50-53.

[45] Основен извор за овие преговори претставува извештајот на Метохит упатен до неговиот претпоставен Никифор Хумн, (И.Ђурић, *Теодор Метохит,* Виз.Извори VI, 77-143; со анализа на текстот. Македонски превод на Извештајот според текстот на Sathas, (Извештај за пратеништвото на Теодор Метохит (превод: П.Хр.Илиевски), Споменици II, 227-307.

[46] Љ.Максимовић, во:*Историја српског народа,* 445-446.

[47] В.Мошин, *Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин*, Споменици II, 89-213.

[48] Љ.Максимовић, *Георгије Пахимер*, 46.

[49] Љ.Максимовић, *Георгије Пахимер,* 54 заб 110а.

договорот е постигнат и извршена е венчавката нешто после Велигден од страна на охридскиот архиепископ Макариј.[50] Ваквата постапка на охридскиот архиепископ секако дека била поттиканата поради понатамошна заштита од намалувањето на неговата диецеза, процес што после вториот Милутинов поход во Македонија вроди со губење на Охридската архиепископија на неколку значајни епархии - Скопската, Дебарската и Морозвишката.[51]

Со ваквата династичка политика кралот Милутин, сосема легално во вид на мираз, ги добил претходно освоените територии во Македонија. Тоа дало сигурна основа на неговата нова политика кон тие територии, што вроди со значајни ктиторски иницијативи во годините после 1299.[52] Значи, во годините што му претходеле на мировниот договор пред сé поради нерешениот статус на новоосвоените територии во Македонија од српска страна отсуствувале значајни градежни потфати. Ваквиот став добро го отсликува примерот на високиот српски чиновник Јован Драгослав, кој иако имал поседи во околината на Скопје, гради црква во околината на Призрен - област што и припаѓала на старата српска држава.[53]

Но сепак, колку и во таквите околности територијата на Македонија да била преполовена, во граничните градови со српската држава, а кои што останале на византиска територија, Охрид, Прилеп, Велес, бележиме жива уметничка активност во последните години на XIII век. Може да се претпостави дека и самиот цар Андроник II Палеолог и неговиот син-совладетел, Михаил IX Палеолог, имале удел во таквите активности ако се земат податоците од влезната порта во Манастирот Трескавец, каде што

---

[50] Љ.Максимовић, *Георгије Пахимер,* 55.
[51] Ц.Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство,* 12.
[52] Кралот Милутин е забележан како голем мецена на црковната архитектура и уметност и со неговото име се поврзува изградбата или обновата на околу четириесеттина цркви, (С.Николовска, *Изградени и обновени манастири и цркви од кралот Милутин,* Споменици II, 509-519.). Според пишаните податоци Милутин во Скопје ги изградил црквите Св.Богородица Троеручица, Св.Константин, Св.Јован Крстител, како и Св.Ѓорѓи-Горг во околината на Скопје, (К.Петров, *Грамотите на манастирот Св.Георги Горгос и обид за изнаоѓање на неговиот локалитет,* Споменици I, 242-247.). Денес во скопската област зачувана е милутиновата црква Св.Никита, (П.Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св.Никита во Скопска Црна Гора како историско-уметнички споменик,* Споменици I, 379-386), а во кумановската област обновената црква Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино, (Б.Тодић, *Старо Нагоричино,* Београд 1993).
[53] И.Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле,* Београд 1994, 14.

подоцна се споменуваат византиските цареви како едни од дарителите на манастирот.[54]

Угледните жители на градот Прилеп, најверојатно претставници на византиското воено благородништво, чие што зголемено присуство било природно поради близината на границата, во своите ктиторски потфати, покрај своето, го посочувале и името на царот Андроник (Димитрија Мисинополит во црквата Св.Димитрија, Вего Капза во црквата Св.Никола). Трговијата во ова време била во подем, бидејќи во овој период со сигурност веќе ја следиме појавата на прилепскиот панаѓур, наречен "*мисинополитов*"[55], според угледниот граѓанин на Прилеп во втората половина на XIII век, Димитрија Мисинополит, ктитор на еден дел од црквата Св.Димитрија.[56] Со трговија се занимавале и Ерменци, Евреи, Грци, а посебно е интересен топонимот "*еврејски дол*", кој што бил како еден од граничните пунктови на панаѓурот.[57] Околу градскиот пазар пронајдени се и бројни остатоци од разни стопански и занаетчиски дејности (металургија на железо, металургија на обоени метали, грнчарство, ткајачки работилници итн.).[58]

Ваквите услови секако дека биле погодни за богата градежна и уметничка активност посведочена во Прилеп, Охрид, Велес, во последните години од векот. Сепак изгледа дека, покрај материјалните постоеле и други, општествени, религиозни, културни потстреци за ваквите бројни донации; зошто, погледнато пошироко по малку зачудувачки ќе ги забележиме таквите интензивни активности (околу 1300 г.) и во други подрачја на византискиот свет (Цариград, Солун, Арта, Верија).[59]

---

[54] И. Иванов, *Старини*, 67;

[55] Л.Славева, В.Мошин, *Грамотите на Стефан Душан за манастирот Трескавец*, Споменици IV, Скопје 1981, II.44, 118.

[56] Б.Бабић, *Покушај утврђивања места и граница панагиришта Прилепа друге четвртине XIV века*, Старинар XX (1969), 1-9.

[57] Л.Славева, В.Мошин, *Грамотите*, III.4, 143.

[58] Б.Бабиќ, *Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп*, Прилеп 1986, 243-262.

[59] Јужната црква на Константин Липс, Егзонартексот на Килисе Џамија (во Цариград), Паригоритиса, Св.Василиј (во Арта), Св.Пантелејмон, Св.Катерина, Св.Апостоли (во Солун), Оморфоклисија (во околината на Костур), Олимпиотиса (во Еласон), Св.Власиј, Св.Кирк и Јулита (во Верија) итн., (дополнителна литература за црквите v.infra.).

Од друга страна состојбите во Византија на внатрешен и надворешен план воопшто не биле поволни. Државниот систем слабеел, а притисокот од надвор се засилувал. Трговијата била во рацете на Ѓеновјаните и Венецијанците, а финансискиот притисок на скапите наемнички војски за слабата држава бил голем проблем, па рестрикциите што во тој поглед ги превземал Андроник II Палеолог, довеле до рапидно опаѓање на воената моќ на Византија.[60] Ако со полетната српска држава византијците и успеале да воспостават каков-таков мир, тогаш ситуацијата со Турците во Мала Азија станувала сè подраматична, па околу 1300 г. целото подрачје освен некои поголеми градови (Никеја, Никомедија, Бурса, Сардис, Филаделфија, Магнезија), потпаднало под турска власт. "Византија станува држава од втор ред и постапно се претвора во објект на политиката на соседните држави".[61]

Растргната помеѓу славното минато и суровата стварност, византиската владеачка елита сè почесто ќе ја истакнува антиката и античкото наследство како фактор што нејзе ја разликува од "варварите" што надоаѓале од сите страни. Во исто време поранешните верувања за универзалноста и вечноста на византиското царство, заедно со светот и цивилизацијата, ги губи во очите на учените современици реалните димензии, па не е случајно што една од најзначајните личности во таа културна елита ќе ја гледа Византија само како уште едно царство потчинето на универзалните закони на создавање и уништување.[62]

Токму во едно такво неповолно политичко опкружување, византиската владеачка аристократија создаде погодна клима за развојот на науката и уметноста. Тоа глобално се дефинира како "ренесанса на Палеолозите", а тоа секако треба да се прифати како уште едно во низот на непрекинати навраќања кон антиката, присутни во милениумската традиција на Византија.[63]

---

[60] За финансиската криза во Византија во времето на Андроник II, (Г.Острогорски, *Византија,* 585-588.).

[61] Г.Острогорски, *Византија,* 579.

[62] I.Ševčenko, *Theodore Metochites, the Chora, and the Intellectual Trends of His Time,* The Kariye Djami, vol.IV (ed.P.Underwood), Princeton 1975, 46.

[63] I.Ševčenko, *Theodore Metochites,* 19; D.Nicol, *The Byzantine Church and the Hellenic Learning in the Fourteenth Century,* Byzantium: its ecclesiastical history and relations with the western world = Collected Studies, London 1972, 28.

Епитетот кон последната, "на Палеолозите", се чини сосема оправдано го потенцира стожерот на ваквата културна клима - царот Андроник II Палеолог; зошто Никифор Грегорас ја опишува неговата царска палата како "школа на сите вештини и гимназиум на знаењето.[64] Во првите редови на неговата влада биле научниците и хуманисти, логотетите Никифор Хумн и Теодор Метохит - кој во обновениот манастир Хора, создал една од највредните библиотеки во Цариград.[65] Како врвен претставник на византиската обнова, Метохит не беше потпрен само на општите културни достигнувања на антиката, но беше и добар познавач на техничките науки, особено на астрономијата.[66] "Но и покрај неговата амбиција и ерудиција Метохит не беше Коперник."[67]

Ваквата констатација всушност го повлекува разгледувањето на другата страна на културните текови придружени при секоја "византиска ренесанса", а тоа е црквата. Ако нешто ги прави специфични хуманизмот и ренесансата од времето на Палеолозите од претходните такви појави во византиската историја, тоа е секако нивната мирна коегзистенција со монаштвото кое што во крајот на XIII век исто така беше во подем; што од своја страна му даваше извонредно богатство на интелектуалниот живот на времето.[68] Ваквата коегзистенција не беше регулирана со никаква инквизиција, туку со самосвеста на културната елита чии што повторни навраќања кон антиката, сепак почиваа и се раководеа од основните принципи на византиската цивилизација.

На тој начин византиското благородништво можеше да му се восхитува на античките писатели и на сé што произлегуваше од антиката без да се одрекува од верата. Ова општество изгледа не беше свесно за можниот конфликт помеѓу православието и хуманистичките студии.[69] Ваквата специфична коегзистенција секако овозможи воспоставување на една

---

[64] D.Nicol, *Church and the Hellenic Learning,* 33-34.

[65] I.Ševčenko, *Theodore Metochites,* 37 n.141.

[66] Метохит особено го ценел Птоломеј; тој го напишал делото *Вовед во Астрономијата,* каде што го копирал Птоломеевиот каталог на неподвижни ѕвезди, (I.Ševčenko, *Theodore Metochites,* 42-43; И.Ђурић, *Теодор Метохит,* Виз. извори VI, 74.).

[67] D.Nicol, *Church and the Hellenic Learning,* 41.

[68] J.Meyendorff, *Spiritual Trends in Byzantium in the Late Thirteenth and Early Fourteenth Centuries,* The Kariye Djami, vol.IV, 95.

[69] A.Grabar, *The Artistic Climate in Byzantium During the Paleologan Period,* The Kariye Djami, vol.IV, 6.

практика каде што на високи црковни функции беа поставувани лица блиски на дворот и на престолничкото општество. Очигледен е секако примерот со охридскиот архиепископ Григориј I од првите децении на XIV век, личност од највисока доверба на Андроник II, човек мудар и образован, исто близок пријател и на Теодор Метохит.[70] Дека поволните културни состојби не ја заобиколија Охридската архиепископија сведочи исто и примерот со ѓаконот и хартофилакс од крајот на XIII и првите децении на XIV век - Јован Педијасим.[71] Тој не случајно го носел епитетот "ипат на филозофите", зошто пишувал текстови за граматиката, коментари за античките писатели, а особено го интересирале аритметиката и геометријата.[72] Ваквиот интерес за техничките науки имал своја подлога и кај другите научници од епохата, така што главниот историчар на епохата, Г.Пахимер околу 1300 г. напишал *Книга за четирите науки* (*Quadrivium*).[73]

Но до кој степен овој хуманизам инспириран од антиката го имаше своето влијание во уметноста? Во Архитектурата на пример нема елементи кои што можат да се припишат на антички влијанија, односно, византиските цркви од периодот на Палеолозите, како и оние што им претходеа, беа недопрени од било која тенденција да ја имитираат антиката.[74] Во овој контекст и С.Манго смета дека терминот "ренесанса на Палеолозите" е тешко прифатлив за архитектурата.[75]

---

[70] Царот Андроник II на Григориј I му ја поклонил цариградската црква Богородица Психосострија, а на состанокот во Ригион во 1327 г. од страна на стариот цар му беше поверена мисијата во преговорите, (Ц.Грозданов, *Прилози проучавању Св.Софије охридске у XIV веку,* ЗЛУ 5 (1969), 39-40). За простагмата на Андроник II за подобрување на финансиската положба на Охридската архиепископија, што секако имаше удел и во подигнувањето на монументалниот егзонартекс на Григориј I во 1313/1314 г., (Ц.Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство,* 11.).

[71] За Педијасим, (Ц.Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство,* 11; *idem, Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век,* Скопје 1983, 49; В.Ђурић, *Византијске фреске у Југославији,* Београд 1974, 16-17 заб.12; D.Nicol, *Church and the Hellenic Learning,* 38-39.).

[72] Педијасим бил фасциниран од неопитагорејскиот симболизам на броевите и преку него се обидувал да ги објасни причините за поголемата смртност на бебињата родени во осмиот месец, наспроти оние родени во седмиот и деветтиот, и тоа како последица на надмоќноста на непарните броеви над парните, (D.Nicol, *Church and the Hellenic Learning,* 38-39.).

[73] Станува збор за аритметика, музика, геометрија и астрономија. Тоа се дисциплини што во Византија се јавуваат и во XI век, но за прв пат се систематизирани во својата завршна форма во делото на Пахимер, (Љ.Максимовић, *Георгије Пахимер,* 9; D.Nicol, *Church and the Hellenic Learning,* 32.).

[74] A.Grabar, *Artistic Climate,* 10.

[75] C.Mango, *Byzantine Architecture,* London 1986, 148.

Значи, интересот и проучувањето на аритметиката и геометријата не беше некоја радикална новина во византиската средина, а интересот за овие дисциплини може да се следи низ еден подолг временски период.[76] Поради тоа, нивната појава во XIII век во ласкаридската архитектура, посведочена преку примената на одредени системи за пропорционирање во црквите стилски поврзани со оваа архитектура, колку што може да се припише на "хуманизмот" во Никејското царство, толку тоа може да биде и како влијание на постари традиции.[77]

Може да се смета дека како пандан на културната елита од времето на Андроник II и Теодор Метохит како нејзин најзначаен претставник, беше цариградскиот патријарх Атанасиј I (1289-1293 г., 1303-1309 г.), типичен пример на монах-аскет, кој по доаѓањето на патријаршискиот престол, превзеде драстични мерки за спречување на корупцијата во црквата на сите нивоа.[78] Патријархот, како и канцеларот, беше човек кој што царот Андроник II високо го ценеше, а неговото прво отстапување од патријаршискиот трон беше под притисок на неговите непријатели засегнати од превземените радикални мерки во црквата.[79] Впрочем, Атанасиј I со својот искрен, побожен пристап, влијаеше во создавањето поволна клима за донации во црквата; "*...и не е исто да бидеш богат или сиромашен, но кога нешто му нудиш на Господа, што повеќе си воодушевен, толку повеќе си богат.*"[80] Дека овие зборови на патријархот не биле празни фрази, говори и фактот дека и самиот бил забележан како голем ктитор[81], но и голем поборник и инспиратор на

[76] За познавањето на Евклидовата геометрија и неговите *Елементи,* уште во VIII век, (В.Кораћ, *Света Софија у Беневенту, узор и остварење,* ЗРВИ 33 (1994), 46-47. За примената на геометриските модели при пропорционирањето на црквите од типот на впишан крст, (N.Moutsopoulos, *Harmonische Bauschnitte in den Kirchen vom Typ Kreuzförmigen Innenbaus im Griechischen Kernland,* BZ 55/2 (1962), 274-291.). За примената на ваквите модели во црквите во Македонија од XIII век v.infra.

[77] H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* JÖB 28 (1979), 280-281, сл.3-9.

[78] За личноста на Атанасиј I, (J.Meyendorff, *Spiritual Trends,* 98-99).

[79] V.Laurent, *Le serment de l'epmereur Andronic II Paléologue au patriarche Athanase I, lors de sa seconde accession au trone Œcuménique,* Revue des Etudes Byzantines XXIII (1965), 124-139.

[80] J.Meyendorff, *Spiritual Trends,* 99.

[81] Патријарховото ктиторство е потврдено за четири храмови во Цариград, (J.Meyendorff, *Spiritual Trends,* 99 n21.).

другите личности од највисоките кругови, како од црковната така и од световната хиерархија, за да го следат неговиот пример.[82]

Како што Охрид и Архиепископијата не беа надвор од високите интелектуални текови на растечкиот хуманизам од крајот на XIII и почетокот на XIV век, претставени преку личностите како Јован Педијасим и Григориј I, така тие не останаа недопрени и од нараснатата побожност во високите кругови на византиското општество, особено во редовите на аристократијата, која што резултираше со градење или обновување на црковни градби. Поради тоа, не е воопшто чудно кога во Св.Климент (Богородица Перивлептос), како ктитор ќе го сретнеме името на великиот хетеријарх Прогон Згур, кој што за себе соопштува дека е зет на византискиот цар Андроник II Палеолог.[83] Понатаму, иако во хипотетички рамки, подигањето на црквата Св.Јован Канео понекогаш се поврзува со името на Јован Педијасим[84], а понекогаш со знаменитата охридска фамилија Теологити.[85]

Причините за појавата на интензивна градежна и уметничка продукција во годините околу 1300, треба да се бараат глобално во поволната културна клима, при што беше создадена една творечка атмосфера во Цариград и во значајните политички, црковни и културни центри во византиското општество од крајот на XIII и почетокот на XIV век. Општите прилики доведоа до финансирање на претежно скромни градби со прифатливи трошоци, кои што можеа да се изведат релативно брзо, не смалувајќи ги притоа сведоштвата за ктиторовите заслуги.

---

[82] E.Constantinides, *The Wall Paintings of the Panagia Olympiotissa,*t.I, Athens 1992, 32-33.

[83] П.Н.Милюков, *Християнския древности Западной Македонии,* Извѣстија Русскаго археологическаго института в Константинополѣ, София 1899, 90; Натписот во македонски превод е во: Споменици II, 213. Се претпоставува дека ктиторот на охридската црква претходно во Солун го подигнал храмот Св.Никола, кој подоцна го носел епитетот "згуров", (В.Ђурић, *Византијске фреске,* 18.).

[84] В.Ђурић, *Византијске фреске,* 17.

[85] R.Ljubinković-M.Čorović-Ljubinković, *Средновековното сликарство во Охрид,* Зборник на трудови, Охрид 1961, 127.

# ГЛАВА I
# ОПИС НА АРХИТЕКТУРАТА НА ЦРКВИТЕ

## I.1.БАЗИЛИКАЛНИ ГРАДБИ

### СВ.НИКОЛА ВО МАНАСТИР

Црквата во селото Манастир, релативно брзо после нејзиното откривање во 50тите години на овој век доби своја монографија, со што беше промовирана како културно-уметнички споменик со значајни вредности.[86] Денес црквата кај локалното население е позната како Св.Богородица, но со читањето на ктиторскиот натпис од наосот во црквата, стана јасно дека таа првобитно била посветена на Св.Никола.[87]

Со објавувањето на монографијата за црквата беа изнесени првите оценки околу нејзината градежна историја, како и за ктиторите поврзани со таквите активности. Читајќи го натписот испишан на јужниот и северниот ѕид во наосот на црквата, авторите заклучуваат дека во 1095г. црквата од темели ја подигнал протостраторот Алексиј, вујкото или стрикото на императорот Алексиј Комнен.[88] Понатаму, анализијајќи го натписот, авторите сметаат дека црквата била живописана после 176 години од нејзиното градење и тоа во 1271 година.

Неколку години подоцна, натписот од Манастир повторно беше предмет на анализа, при што новото негово читање од страна на Ф.Баришиќ во голема мера ги ревидираше претходно изнесените ставови околу заслугите на поранешните ктитори по однос на подигањето на денешната црква Св.Никола во селото Манастир.[89] Па така, според читањето на натписот во наосот на црквата, Ф.Баришиќ ги изнесува констатациите дека, првобитната црква што ја подигнал протостраторот Алексиј во 1095г. била со мали димензии. Кога во шеесеттите години на XIII век, кир Јоаникиј ја облекува монашката риза и го

[86] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* Скопје 1958.
[87] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* 8 и 98; исто и кај: Ф.Баришић, *Два грчка натписа из Манастира и Струге,* ЗРВИ VIII/2 (1964), 15.
[88] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* 8.
[89] Ф.Баришић, *Два грчка натписа,* 13-31.

зема монашкото име Акакиј па постанува игумен на манастирот, малата манастирска црква посветена на св.Никола била во многу лоша состојба. Поради тоа Акакиј ја "подига од темел" новата и до денес зачувана - трибродна базилика. Според делумно зачуваниот натпис, тоа се случило во 1266 година, а црквата била живописана пет години после градењето, и тоа во 1271 година.[90]

Ваквото повторно читање на ктиторскиот натпис ги постави на сигурни основи податоците сврзани со градењето на манастирската црква посветена на св.Никола. Во прилог на ваквите констатации одеа и остатоците од една помала црква што беа откриени на север од денешната црква.[91] И покрај ваквите наоди П.Миљковиќ-Пепек смета дека до крај не може да се потврди претпоставката за тоа дали се тоа остатоци од првобитната црква подигната од протостраторот Алексиј во 1095г. пред сѐ поради повисокото ниво на темелите на помалата црква.[92]

За црквата Св.Никола во с. Манастир може да се рече дека типолошки припаѓа кон групата на трокорабни базиликални цркви без нартекс. Дека црквата и првобитно немала нартекс ни потврдуваат сондите направени пред западниот ѕид на црквата при што се пронајдени само делумни остатоци од плитки темели и тоа најверојатно како остатоци од отворен дрвен трем кој што бил поставен пред оваа фасада на црквата.[93]

Типолошката одреденост на црквата како базилика не влијаело битно врз пропорциската поставеност на нејзината должина спрема нејзината ширина (цр.1). Па така, должината на јужната страна на црквата е 13.59м, што е само за 1.70м повеќе од нејзината западна и источна страна, кои се со димензии од 11.89м и 11.80м. Северната страна на црквата е најдолга и изнесува

---

[90] Ф.Баришиќ, *Два грчка натписа,* 16-17.
[91] П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,* сл.38-39.
[92] П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архитектура,* во: Прилеп и прилепско, 93-94; *idem: Новооткриени архитектурни,* 11-13; од непознати причини подоцна остатоците од оваа градба се отстранети, па денес е тешко да се дадат некои нови елементи во врска со ова прашање.
[93] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*32.

15.26м со што придонесува да има значителни отстапувања во ортогоналната поставеност на основата на црквата.

Внатрешниот простор на црквата е поделен на три брода. Ваквата поделба е остварена со употребата на масивни столпци и пиластри. На западната половина на црквата и денес се наоѓаат два пара на столпци со различни димензии. Западниот пар е со нешто поголеми димензии и тоа ширината им се движи од 0.80-0.84м; а должината од 1.13-1.18м. Парот столпци кон исток ја задржува скоро истата ширина, а нивната должина се редуцира во однос на претходниот пар и се движи од 0.93-1.02м. Интервалите на празниот простор помеѓу вака поставуваните пиластри варираат од 1.33м до 1.51м. На источната половина на црквата во внатрешниот нејзин простор, денеска постојат две масивни ѕидни платна со истата широчина како и столпците на запад и со должина од 3.72м кај северниот ѕид и 3.64м кај јужниот ѕид. Фреските кои што ги покриваат овие ѕидни платна, а кои што му припаѓаат на постариот слој на фрески, недвосмислено покажуваат дека во 1271 г. постоеле овие ѕидови. Но со повнимателна анализа на слојот на фрески и малтерот над кој што се поставени може да се забележат пукнатини во фреските во вид на нивно оштетување на четири места на северното и јужното ѕидно платно. Ваквите оштетувања завршуваат лачно на ѕидовите и тоа во висина на другите отвори помеѓу столпците, а исто така тие кореспондираат меѓу себе на северната и на јужната страна на ѕидвите. Ваквите наоди укажуваат дека деловите на овие ѕидови, кои што според ритамот на другите столпци би требало да се празни, всушност се полнети со ѕидарија пред живописувањето на црквата во 1271г; според тоа во времето на градењето на црквата во 1266г. во овој дел постоеле уште две пара столпци поврзани со лачно изведени отвори помеѓу нив , исто како и на западниот дел на црквата (цр.1,3).[94]

На источниот и западниот крај во црквата, низот од четирите пара на столпци завршувал со два пара на масивни пиластри. Западниот пар ги има димензиите на останатите столпци. Па така, северниот пиластер има ширина

---

[94] Ваквите источни парови на столпци во основата ги реконструираат и авторите на монографијата за Манастир; спор: Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* сл.3.

0.83м и должина од 1.26/1.08м, а јужниот има должина од 1.10/0.96м. Единственото нешто што нив терминолошки ги одредувакако пиластри е тоа што тие се споени до западниот ѕид на црквата. Источниот пар на пиластри е со нешто помали димензии и тие имаат должина што варира од 0.52-0.66м.

Низовите на столпци и пиластри го делат внатрешниот простор на црквата на три брода. Централниот брод и покрај глобалните отстапувања од ортогоналната шема кај надворешните страни на црквата, има релативно правилна контура. Неговата ширина е 3.95/3.97м на исток и запад, а должината на север и југ е 13.11/13.14м.

Во источниот дел на централниот брод е сместен олтарскиот простор. Тој е издвоен од другиот дел со подигање на подот од останатиот простор за 0.31м, и со поставувањето на иконостасот за 0.66м кон исток од ваквото подигање на подот. На исток олтарскиот простор завршува со една маркантна апсида со широчина од 3м. Апсидата од внатрешната страна е полукружна и има длабочина 0д 1.85м, а нејзината најголема висина достогнува до 6.02м.

На север од олтарот е протезисот. Тој е поставен во источниот дел на северниот брод. Исто како и олтарот, од делот на наосот тој е издвоен со подигање на подот 0.22м. На исток завршува со полукружната ниша која е широка 1.56м, длабока 0.83м и висока 2.58м. Нишата во протезисот е подигната за 0.71м од подот, при што на оваа висина со изѕидување е направена чесната трпеза. Крајниот североисточен лак помеѓу столбецот и пиластерот е искористен како комуникација помеѓу протезисот олтарот. Исочниот дел на јужниот брод е искористен за просторот на ѓакониконот. Тој не е издвоен од наосот со подигање на подот, па неговиот под е за 0.27м понизок од подот во олтарот. Полукружната апсида во ѓакониконот, за разлика од онаа во протезисот, започнува од подот и е со висина 3.01м. нејзината ширина е 1.62м, а длабочината ѝ е 0.60м.

На запад од вака формираниот инрегрален олтарски простор, поставен е наосот на црквата Св.Никола. Тој е сегментиран со трите брода и има широчини: централно 3.97м, на север 2.23м и на југ 2.07м. како контраст на

ваквите скромни ширини на наосот на црквата се јавува неговата должина која што варира од 10.00м до 10.40м.

*Структурен систем и осветлување*

Основата на структурниот систем на црквата ја сочинуваат масивните столпци и пиластри, како и обемните надворешни ѕидови (цр.1-3). Нивната ширина се движи од 0.80-0.95м. Пиластрите во подолжниот правец се поврзуваат со лаци по целата нивна ширина и со висина од 3.09м до 3.45м. Над вака поставените лаци се појавува една равна ѕидна маса по трите страни на централниот брод (северната, јужната и западната), со висина приближна на висината на лаците (околу 3м), со што во горната структура на црквата се нагласува тој брод. На крајната висина на формираниот кубус на централниот брод (околу 6.50м), почнува полуцилиндричниот свод со кој се премостува истиот. Вкупната висина на централниот брод на неговиот западен крај е 8.36м. Според остатоците од живописот (стариот и новиот) во централниот брод, јасно е дека првобитниот свод на црквата Св.Никола во с.Манастир се срушил (сл.6).

Бочните бродови имаат поинаква кровна конструкција од онаа во централниот брод (цр.2). Имено, тие се покриени со коса дрвена конструкција на една вода. Денешната дрвена конструкција е плод на последните конзерваторски работи врз архитектурата на црквата, но нема сомнение дека и претходно бочните бродови биле покриени со таква дрвена конструкција. На тоа не наведува сочуваната бордура што го означува крајот на фреските на северниот ѕид од јужниот брод и јужниот ѕид од северниот брод. Според остатоците јасно се гледа дека нивото на фреските на гореспоменатите ѕидови е повисоко од она на ѕидовите од спротивната нивна страна. Како друго можно решение за ваквото различно ниво на фреските е во црквата да бил изведен четвртина свод во бочните бродови. Ние од наша страна ваквото решение го отфрламе со оглед на фактот дека, според зачуваните фрески со повисока висина во бочните бродови, всушност лежат на обиколните ѕидови од централниот брод и тоа во зоните под прозорците, а тоа се делови на ѕидот со првобитната ѕидарија. Бидејќи на почетокот на кровот на бочните бродови

нема остатоци од почетоци на сводна конструкција, произлегува заклучокот дека тука и првобитно била поставена дрвена кровна конструкција на една вода.

Црквата Св.Никола во с.Манастир имала два влеза, и тоа на западната и јужната страна. Влезот на запад е во реконструкција што се заклучува според камениот надвратник брз кој што е издлабена годината 1939, како година на обнова на западната фасада на црквата. Јужниот влез ја има својата оригинална местоположба, што се заклучува според бордурата на живописот од неговата внатрешна страна.

*Надворешен изглед - фасади*

На градењето и обработката на источната фасада на црквата Св.Никола ѝ е посветено најголемо внимание. Таа во себе носи јасна проекција на структурата на внатрешниот простор што го затвора (цр.4). Со висина од 8.57м затворен е горниот дел на централниот брод. Постепено надолу после косината на венецот на двоводниот кров, следат вертикалните површини на ѕидовите на главниот брод и тоа на југ-2.03м и север-1.96м, со кои тој доминира во силуетата на источната фасада. После ова, надолу следи проширувањето што ги опфаќа бочните - пониски бродови на црквата, а кои што се изведуваат со вертикалните ѕидови на црквата високи 3.91м на југ и 4.03м на север. Со тоа јасно се пресликува базиликалниот план на црквата со очигледниот принцип на доминација на централниот брод.

Ваквиот принцип применет е и при формирањето на апсидите на црквата. Централната апсида доминирана источната фасада и таа е поставена по целата ширина на главниот брод на црквата. Првиот венец на апсидата завршува во висина на крајот на покривот на бочните бродови (5.30м). После тоа скалесто се повлекува за околу половина матар и горниот нејзин дел повторно се изведува со три страни. Ваквото повлекување е високо 0.50м и е поставено на делот на главниот брод на црквата кој што е издигната над бочните бродови.

Главната апсида на црквата се формира со три страни, и на секоја страна се изведува по една голема ниша што е повлечена од рамнината на ѕидот за

0.16м. Нишите се со стрмни пропорции, па нивната ширина се движи околу 1м, наспроти висината од 3м. Двете бочни ниши на главната апсида се изведени како слепи ниши, додека во долниот дел на централната ниша, изведен е прозорец во форма на бифора со висина од 1.20м (цр.4, сл.1).

Низот на плитки слепи ниши изведен на главната апсида се префрла и на бочните апсиди, и тоа на секоја страна на апсидите по една слепа ниша, при што соодветно на големината на бочните апсиди се намалува и големината на слепите ниши (цр.4). Притоа, бочните ниши се скоро со двојно помали димански од оние на главната апсида. Вака изведените помали слепи ниши на бочните апсиди се поставуваат на горната нивна половина што на некој начин ги разликува од оние на главната апсида каде што тие се поставени централно. Разлики постојат и во поставувањето на прозорците на бочните апсиди. Имено, тука се поставува по една монофора, но не во рамките на нишата како кај главната апсида, туку во долниот дел под низот на слепи ниши. На јужната апсида монофората е повлечена за 0.60м под нишите и има висина од 0.66м. На северната апсида монофората има исти димензии како и на јужната, но таа е повисоко позиционирана од неа и од нишата е повлечена надолу само за 0.10м.

Системот на доминација на централниот брод е доследно спроведуван и при примената на ѕидаријата при градењето на фасадата. Па така, централната апсида е единствениот дел на црквата каде што во надворешната обработка може да се следи поконзистентен градежен систем (сл.5).

Во најдолниот дел на апсидата присутна е ѕидарија изведена од грубо кршени камења со најразлични димензии. Над ваквата ѕидарија следат два реда на ѕидарија во опусот *"cloisonné"* и тоа со по два реда на хоризонтално поставени тули и со една или две вертикално поставени тули во спојниците помеѓу камењата. Оваа ѕидарија завршува со почетокот на нишите. Нагоре, на површините на нишите и на површините околу нив, повремено се поставува различна ѕидарија. Во бочните ниши следи ѕидарија од хоризонтално поставени редови на тули и тоа во јужната ниша 11 редови, а во северната 8 редови. Понатаму, во нишите се изведува по еден краток хоризонтален фриз на *"cloisonné"* кај кој што во вертикалните спојници помеѓу камењата се

поставуваат тули во формата на буквата "Ж".[95] Нагоре во нишите следи опусот *"cloisonné"* со еден до два хоризонтални редови на тула и со по една вертикално поставена тула во спојниците помеѓу камењата. Во централната ниша во долниот дел што исто се појавува ѕидарија од тула со која се формира бифората, а во горниот дел следи ѕидаријата во опусот *"cloisonné"* ( но нема спојници во форма на буквата "Ж"). На површините надвор од нишите во централниот дел поставувана е мешана ѕидарија со камен и тула но без формирање на поодреден градежен опус.

На горните делови следи камена ѕидарија без употреба на тула. Исто така, со камена ѕидарија изведени се бочните апсиди и деловите што ги затвораат бочните бродови.[96] Груба камена ѕидарија употребена е и за ѕидот што го затвора од источната страна повишениот дел на централниот брод (сл.1). На оваа површина на висина каде што завршува горниот дел на апсидата, забележлива е употребата на поголеми камени блокови кои формираат еден хоризонтален фриз. Над нив повторно следи употреба на грубо кршените камења со најразлични димензии. Хоризонталниот фриз од камени блокови може да се следи како продолжува на јужната и на северната фасада (сл.1). Неговата висинска проекција во внатрешноста кореспондира со висината на спојот помеѓу старите и новите фрески во главниот брод на црквата. Ова ни дава право да заклучиме дека ваквиот камен фриз, всушност е границата од каде што почнало доградувањето, односно реновирањето на црквата Св.Никола во Манастир и изградбата на новиот свод во XIX век.[97] Поради тоа горните делови на централниот кораб заедно со прозорецот изведен во форма на стилизиран крст (четирилисна детелина), треба да се припишат на обновата на црквата во XIX век.

---

[95] Во јужната ниша се изведени три спојки со "Ж" форма, а во северната две (сл.5).

[96] Единствено на мал дел од јужната апсида има употреба на мешана ѕидарија - камен и тула (сл.4).

[97] Како можна година кога е вршена обновата на црквата, авторите на монографијата за Манастир ги даваат годините 1848 и 1888, и тоа според записите на иконите на денешниот иконостас и според еден помен на дарители на манастирот изведен во фреско техника, а поставен во олтарот со испишана година 1888; спор: Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*6 и 27-28.

Најгоре, централниот брод го затвора еден кровен венец изведен со профилиран камен бигор. Исто така се изведени и сите други венци на фасадите на црквата Св.Никола; па се поставува прашањето: дали се и тоа венци од обновата во XIX век, или пак и првобитно на црквата биле изведени камени венци од профилиран бигор, а оние на главниот брод што се од XIX век, да биле изведени според примерот на постарите венци (сл.1,4,5). Егзактниот одговор на ова прашање во денешни услови е отежнат од причини што при конзервацијата на архитектурата на црквата, помеѓу камената ѕидарија изведено е фугирање со цементен малтер, па така, денес тешко може да се прати нивото на претходните интервенции (во XIX век), врз долните делови на постарото ткиво на источната фасада.[98]

Сепак, внимателната анализа на венците на апсидите, посебно на главната апсида, и според нивните споеви со постарата ѕидарија, дозволуваат да се заклучи дека камените венци на апсидите припаѓаат на постарата ѕидарија. За практиката на градителите на црквата Св.Никола да поставуваат делкан бигор на местата каде што најчесто се градело со тула, сведочат и лаците со кои се оформени слепите ниши. Па така, на две ниши на главната апсида (централната и северната), лаците се изведени со тула, но на сите други ниши на црквата тие се изведуваат со делкан камен - бигор (сл.4,7).

Има уште еден наод кој што јасно зборува за ваквата "замена" на тулата со каменот. Имено, монофората на ѓакониконот, како и сите други монофори на црквата е оформена со камен - бигор. На лакот на монофората воочивме остатоци од црвена боја која што е нанесувана над бигорот, со цел да се постигне впечаток дека во лакот е вградувана и тула (сл.4).

Во нашата анализа на формирањето на источната фасада на црквата Св.Никола ќе ја посочиме и појавата на уште еден елемент употребен за артикулација на фасадата на црквата. Станува збор за изведената запчеста

---

[98] Конзерваторските работи врз архитектурата на црквата се одвивале во годините од 1965-70. Спор: П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,* 11. Инаку фугирањето на црквата со цементен малтер се споменува во Елаборатот за конзервација на архитектурата на црквата од 1964г. спор: Елаборат бр.15602/1, РЗЗСК, стр.3.

хоризонтална трака, која е поставена со прекини на површината надвор од слепите ниши (сл.5). Тоа значи дека запчестата трака е употребена како декоративен елемент, а отсуствува нејзината функционална употреба - како што и најчесто било случај во средновековните цркви, и тоа како завршен венец на фасадите.

Ако пак треба да ги изнесеме принципите по кои е формирана источната фасада, стои заклучокот дека во глобален план важи принципот на симетрија (цр.4). Апсидите се со три страни, на секоја страна има по една плитка ниша, централно е бифората, а странично по една монофора итн; Додека пак отсуствува поединечната координација помеѓу деталите, па така, монофорите се на различна висина, слепите ниши на бочните апсиди почнуваат на различна висина итн.

Што се однесува до применетата ѕидарија, стои заклучокот дека во глобален план таа е груба, и само на одредени површини таа е поставувана со намера да се оформи одреден градежен опус. Ваквиот пристап се објаснува со податокот дека фасадите на црквата Св.Никола после градењето биле малтерисани. Авторите на монографијата за Манастир, Д.Коцо и П.Миљковиќ-Пепек, сметаат дека на источната фасада биле малтерисани само бочните апсиди. Ваквиот став тие го документираат со пронаоѓањето на постар слој на малтер на овие апсиди што според составот и патината се доста постари од малтерот на фасадите употребен за малтерисување на фасадите во XIX век.[99]

Останува да се одговори уште на прашањето за тоа дали според образецот на бочните апсиди била малтерисана и централната апсида, која според применетата ѕидарија е многу повнимателно и подекоративно ѕидана. Треба да се каже податокот дека првите проучувачи ја затекнале црквата Св.Никола целосно малтерисана и тоа со слоеви на малтер од различни периоди.[100] За време на конзерваторските работи врз архитектурата на црквата беше отстранет малтерот од источната фасада. Притоа, беа оставени само

[99] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*31.
[100] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* сл.1-2.

мали сегменти од малтер за кои се сметаше дека ѝ припаѓаат на првобитната фасада. Денеска можат да се забележат два такви сегменти и тоа на апсидата на протезисот и на северниот дел на централната апсида (сл.5). Според тоа треба да се прифати констатацијата дека кај црквата Св.Никола во с.Манастир не биле малтерисани само бочните апсиди, туку и централната, односно, дека била малтерисана целата источна фасада. Имено, тешко е да се прифати заклучокот дека единствено централната апсида кај црквата Св.Никола останала немалтерисана и со видлива ѕидна структура.

Ѕидната структура на јужната фасада, поставена е во два вертикални планови (цр.5). Горниот дел е повлечен од предниот план за ширината на бочниот брод и го затвора надвишениот дел на централниот брод. Тоа е една рамна ѕидна маса изведена со груба камена ѕидарија. Во горниот дел забележлив е хоризонталниот фриз од поголеми камени блокови што ја означува границата од каде се изведувани интервенциите при обновата на црквата во XIX век (сл.2). Единствени елементи со кои се оживува оваа рамна ѕидна површина се двете лачно завршени ниши кои што се повлечени од површината на ѕидот, и во кои што има по еден прозорец изведен како монофора. Тие се изведени како и другите монофори и ниши во црквата Св.Никола и тоа со камена профилација, а се спуштаат до горната линија на косиот едноводен кров од бочниот кров.

Долниот дел на јужната фасада е решаван со поголемо внимание и со желба да се воспостави систем на артикулација комплементарен со оној на другите фасади (сл.2). Централно на фасадата во долниот дел поставен е јужниот влез на црквата. Тој е широк 0.74м, а висок 1.43м и е лачно засведен. Неговата рамка е изведена со камена профилација. Веднаш над него е изведена една широка слепа ниша со димензии 1.20 x 1.47м.

На овој дел на фасадата доминира еден хоризонтален фриз од дванаесет плитки слепи ниши. Овие ниши почнуваат на иста висина како и трите слепи ниши изведени на апсидата на ѓакониконот. Тие со нив имаат слични димензии и се широки околу 0.65м, а високи околу 1.30м. Интересен е ритамот со кој што тие се поставувани (цр.5). На западниот крај е празен простор, па кон

исток следи низ од четири ниши; следи празен простор 0.60м, па две слепи ниши. На средината е продорот во низот изведен со широката слепа ниша од над јужниот влез. На источната половина на јужната фасада уште еднаш се изведени шест слепи ниши и тоа во ритамот четири плус два (сл.3).

Денес на долниот дел на јужната фасада нема остатоци од прозорци, но според остатоците на јужниот ѕид на црквата и тоа од неговата внатрешна страна, може да се согледа постоењето на два тесни прозорци изведени како монофори. За монофората на западната половина на ѕидот според зачуваната бордура од живописот на јужниот брод со сигурност е порврдено нејзиното присуство во структурата на првобитната црква. Кај монофората од источниот дел на јужниот ѕид нема остатоци од живопис, но сепак, според една постара фотографија, потврдено е нејзиното присуство на фасадата (сл.7), но подоцна со конзерваторските работи кога е заѕидан долниот правоаголен прозорец под монофората кој бил пробиен во XIX век, затворена е и монофората. Па таа денес лежи под новиот слој на цементен малтер од конзерваторските работи на црквата (сл.3).[101] Со појавата на ваквите тесни монофори уште повеќе се збогатил ритамот на оваа фасада, со тоа што монофорите се појавувале на фасадата во празните полиња помеѓу групите од четири и две слепи ниши (цр.1,5).

Долниот дел на вака оформената јужна фасада денес е покриен со малтер и тоа во повеќе слоеви од различни периоди. На крајниот источен дел под нишите, видливи се остатоци од малтер над кој што во фреско техника насликан е фасаден опус *"cloisonné"*, со имитација на еден хоризонтален ред на тули и со две вертикални тули (сл.3). Над него на еден дел има зачувани остатоци од уште еден премаз на боен фреско малтер. Лево погоре од овие остатоци се појавува уште еден фрагмент на фреско малтер, што лежи во иста равнина со сликаниот *"cloisonné"*, но на него го нема сликаниот опус, туку најверојатно дека тоа се остатоци од некоја сликана фигура или композиција.

[101] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*сл.31.

Сликаните површини на западниот дел на јужната фасада се покомплексни и еднаш веќе биле подложени на анализа.[102] Притоа, се смета дека неколку децении после 1266 г. стариот слој на малтер со насликаниот *"cloisonné"* бил отстранет за да се постави нов слој на фреско малтер врз кој што била насликана фигурата на византискиот император Андроник II Палеолог, во склоп на преписот од неговата повелба дадена за црквата Св.Никола во с.Манастир. Понатаму, во склоп на истата композиција се идентификува и фигурата на св.Ѓорѓи и св.Димитрија. Над делови од овој слој на малтер, подоцна во 1327г. или во 1370г., бил поставен нов слој на фреско малтер со претстава на непозната личност и патронот на црквата св.Никола.

Според вака изнесената состојба на остатоците од фреско малтерот на јужната фасада, произлегуваат неколку констатации. Прво, дека основен концепт при декорирањето на овој дел на црквата било сликањето на фасаден опус над малтерот на фасадата. Тоа јасно се гледа и во претставата на моделот на црквата во ктиторската композиција, каде се претставени ктиторот-монахот Акакиј и патронот на црквата св.Никола, а каде што црквата е претставена како да е градена во опус *"cloisonné"*.[103]

До која висина се протегала ваквата сликана имитација на градежен опус денес, тешко е да се утврди. Но може да се претпостави дека во слепите ниши не била сликана ваква декорација, и доколку тие била живописувани, дека во нив биле сликани претстави на светители. Понатаму, деловите на композицијата каде што е претставен Андроник II Палеолог и неговата повелба, не може да се доведуваат во врска со првиот слој на малтер поставен на фасадата на црквата, од едноставна причина што времето кога е градена црквата - 1266г, му претходи на времето на владеењето на Андроник II Палеолог (1282-1328год.).

Остатоците од сликана декорација врз долниот дел на јужната фасада го отвораат прашањето околу евентуалното постоење на отворен трем пред оваа фасада како физичка заштита на фреските. Горните делови заедно со венецот

---

102 П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,* 13-14.
103 Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*т.XXXIII.

на овој дел денес се без премази од малтер и според фугирањето со цементниот малтер а и според предвидените работи за конзервација на архитектурата на црквата, очигледно дека претрпела поправки и преѕидувања.[104] Па затоа, тешко е да се одговори дали под венецот на долниот дел на јужната фасада постоеле отвори за дрвена конструкција за трем.[105] Поради тоа, претпоставката за постоење на трем пред јужната фасада на црквата Св.Никола во с.Манастир, повеќе е хипотетичка, отколку што е поткрепена со реални наоди.

Северната фасада на црквата по својата концепција е блиска со јужната фасада (сл.1). Дури може да се рече дека во горниот дел таа е идентична со јужната фасада. Па така, повторно тука ја среќаваме грубата камена ѕидарија со фризот на големи камени блокови како граница на интервенциите во XIX век. Аналогно на јужната, на ваквата рамна површина пробиени се две монофори, опфатени со полукружни ниши.

Состојбата со долниот дел на северната фасада е доста покомпликувана, и тоа од аспект на можно постоење на повеќе фази во нејзината структура. Во монографијата за црквата се изнесува мислењето дека на северниот ѕид стара е само неговата западна половина, додека за источната половина се смета дека е преѕидана во XIX век.[106] Целиот северен ѕид на црквата пред отпочнувањето на конзерваторските работи врз архитектурата, бил малтерисан и тоа со мазилка изведена во текот на обновата во XIX век. После конзерваторските работи малтерот од фасадата е отстранет, при што видлива остана неговата ѕидарија.

Анализата на камената ѕидарија на долниот дел на северната фасада не нуди некои посериозни можности од аспект на разграничување на постарата ѕидарија од онаа што била обновена во XIX век. Ваквата анализа во многу ја отежнува фактот што при конзерваторските работи врз целата оваа фасада е изведено фугирање со цементен малтер, па поради тоа не можат да се пратат

[104] Елаборат бр.15602/1, РЗЗСК, стр.3, каде што се вели: "оштетените места од горните делови на северната и јужната фасада да се преѕидаат - венците".
[105] Ваквите отвори доколку постоеле дури можеле да бидат затворени при обновата на црквата во XIX век.
[106] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир*,32.

промените во малтерот употребуван при двете градежни фази на овој ѕид. Во Елаборатот за конзервација стои дека на делот на северната фасада каде што е наднадно поставен правоаголниот прозорец, ѕидаријата е од камен во кал.[107] Притоа, не се соопштуваат размерите на ваквата ѕидарија во кал (што секако индицира преѕидување), односно дали тоа се однесува само за делот на ѕидот околу прозорецот или за поголема површина. Само појавата на широкиот правоаголен прозорец на источниот крај на северниот ѕид не значи дека целиот тој дел бил преѕидуван. Имено, ист таков прозорец бил пробиен и на јужниот ѕид и тоа на делот на ѕидот од XIII век.[108]

Еден од главните аргументи на претходните истражувачи на црквата Св.Никола, за тоа дека источниот дел на северниот ѕид бил преѕидан е што на тој дел од внатре нема фрески, а од надвор нема слепи ниши.[109] Од наша страна ќе се ограничиме на претпоставките за можни пообемни интервенции врз ѕидната структура на источниот дел на северниот ѕид. Но не може да се каже дали при таквите интервенции се изгубиле слепи ниши или прозорци - монофори, кои претходно тука постоеле, од едноставна причина што на западниот дел на северниот ѕид го нема ритамот на ниши од спротивната јужна фасада (сл.2). Тука се изведени три слепи ниши со нешто помали димензии од оние на јужната фасада и тоа со ширина 0.55м и висина 1.10м. Тие се поставени на поголемо меѓусебно растојание (1.20м). Помеѓу првите две ниши изведена е тесна монофора. Кон исток, после третата слепа ниша поставени се уште две тесни монофори на поголемо меѓусебно растојание (2.40м).

Западната фасада на црквата претрпела сериозни оштетувања како последица на гранатирањата за време на Првата светска војна. Подоцна таа била обновена во 1939г, за што дознаваме од врежаниот натпис над влезот на црквата. Според претходните истражувачи, централниот дел на западната фасада бил целосно преѕидан во 1939г.[110] Состојбата на долниот дел на ѕидот и

---

[107] Елаборат бр.15602/1, РЗЗСК, стр3.

[108] Денес тој прозорец е затворен, но неговото постоење се гледа на постари фотографии, исто тој е внесен и во основата на црквата во монографијата за Манастир. Спор: Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*сл.2-3.

[109] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*32.

[110] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,*6.

порталот го потврдуваат преѕидувањето на овој дел на западната фасада, со што може да се прифати и тоа дека горниот дел на ѕидот од западната фасада, кој го затворал главниот брод на црквата бил исто така преѕидан. Тој дел денеска е малтерисан со варов малтер, па не може да се потврди евентуалното постоење на помали остатоци од првобитниот ѕид.[111]

Десното крило со кое е затворен јужниот брод го зачувало својот првобитен изглед (сл.2). Две помали ниши, со димензии како оние на северната фасада поставени се во горните делови. Тоа се единствените елементи со кои е расчленет овој дел на западната фасада. Целиот овој дел, освен венецот и делумно под него, покриен е со фасаден малтер. Над него сé уште се гледаат остатоци од боениот тон, како остаток од некогашната фрескодекорација. Во слепите ниши се забележуваат попрсјата на два претставени светители, што секако дава насока за намената и за другите изведени ниши на северната и особено на јужната фасада.

Северниот дел на западната фасада граден е со грубо кршени камења, и тој е изведен како едноставна рамна површина без елементи за артикулација. Денес тешко е да се одговори на прашањето околу евентуалното постоење на слепи ниши на него, аналогно на оние од јужниот дел на ѕидот. Некои автори ја сметаат ваквата претпоставка за сосема веројатна, предвидувајќи притоа дека горната половина на овој дел на западната фасада бил преѕидуван.[112] Ваквото тврдење го темелат со фактот што од внатрешната страна на овој дел на ѕидот зачувани се фрески само во долната негова половина. Цементниот малтер со кој што е фугирана ѕидната маса не дозволува посериозна анализа и претпоставување на две градежни фази во неговата изведба, особено затоа што ѕидната структура по целата негова површина е воедначена. Исто така, поради преѕидувањето на централниот дел на западната фасада не може да се утврди евентуалното постоење на одреден ритам на слепите ниши на оваа

[111] По тој основ не е јасно дали трите слепи ниши над влезот биле изведени по аналогија на остатоци кај постариот ѕид.
[112] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манасшир,*32.

фасада , според кој би можело да се претпостави нивното присуство на овој дел на фасадата.



Цртеж бр.1
Манастир - основа



Цртеж бр.2
Манастир - попречен пресек


0
1
2
3M




Цртеж бр.3
Манастир - подолжен пресек




Цртеж бр.4
Манастир - источна фасада




Цртеж бр.5
Манастир - јужна фасада

## I.2. ЕДНОКОРАБНИ ГРАДБИ

### I.2.1. СВ. ИЛИЈА ВО ГРНЧАРИ

Манастирот што се наоѓа во близина на селото Грнчари во Преспа, кај локалното население денес е познат како манастир Свети Илија. Малата еднокорабна црква што некогаш била во склоп на манастирот добро е зачувана.[113]

Значајни податоци за историјата на црквата ни дава насликаната фреска со композицијата на Деизис на северниот ѕид веднаш до иконостасот. Во правоаголниот натпис на словенски јазик се споменува дека попот Димитар и син му Рајко ја обновиле и живописале црквата посветена на св.Никола. На спротивната страна, на јужната страна е фигурата на св.Никола, што значи дека во времето на обновата црквата била посветена на св.Никола.[114] Сепак за времето пред обновата на црквата немаме никакви пишани документи кои би говореле за нејзината претходна историја.

Црквата за прв пат и беше презентирана на научната јавност во 1969г. и тоа од страна на П.Миљковиќ-Пепек.[115] После ова црквата е внесена и во два прегледи и тоа за христијанската архитектура во Преспа[116] и споменициите на културата во Македонија.[117]

Црквата Св.Илија е поставена на зарамнето мало плато на терен со неправилна конфигурација и со висинска разлика од околу 1м во правец на исток-запад. Правоаголната основа на црквата има скромни димензии и тоа 7.0 x 4.50м. На исток се исфрла тристраната апсида која од внатре е полукружна (цр.6). Внатрешната ширина е 2.92м, подолжната осовина е со должина од 6.70м. наосот на црквата го формира правоаголното поле со димензии 3.80 x

---

[113] Од стариот манастирски комплекс нема зачувани остатоци, освен новиот конак што се наоѓа на југоисток на црквата.

[114] Фреските од поновиот слој според глобалното датирање се сместуваат во XIX век. Останува нејасно зошто во текот на еден релативно краток период од обновувањето на црквата дошло до нејзино преименување. Ние ќе го прифатиме името под кое црквата е позната во научната јавност а и кај локалното население, а тоа е црква Св.Илија.

[115] P.Miljković-Pepek, *L'église de Saint-Élie,* 422-432.

[116] К.Томовски, *Христијанската архитектура во Преспа,* 5-24.

[117] К.Балабанов и др., *Споменици на културата на Македонија,* 271-272.

2.92м, што е означено со денивелација на подот. На исток е олтарното пространство во кое што по целата широчина на олтарната апсида (2.85м) е изведен насип со висина од 1.10м. На северниот и јужниот ѕид, во делот за протезисот и ѓакониконот во ѕидната маса вовлечени се две ниши.

Структурниот систем на црквата е едноставен и се состои од масивните ѕидови во долниот дел, кои се со дебелина од 0.75м. Во горниот дел на висина од 3.50м, почнува полуцилиндричниот свод поставен во подолжен правец.

Во надворешниот изглед на црквата забележливо е вниманието што му е посветено на обработката и оформувањето на фасадите. Надворешната обработка на ѕидовите е изведувана во комбинација на камен и тула и тоа во градежниот опус "cloisonné". Формите и димензиите на камењата варираат што укажува на нивната летимична обработка. Но и покрај ваквата употреба на каменот, на фасадите јасно се "чита" келијастиот градежен систем. Во основа тој е изведуван со по еден хоризонтален ред на тула и со по две вертикално поставени тули во спојниците помеѓу камењата (сл.8). Во ваквиот систем има и девијации (отстапувања) и тоа најчесто со делумно удвојување на хоризонтално поставените тули (на северната фасада), или со поставување само на една вертикална тула во спојниците (на источната фасада). Треба да се напомене и тоа дека ваквиот фасаден опус почнува од подножјето на ѕидовите, т.е. отсуствува појавата на каменото подножје за ѕидовите.

Крајот на ѕидовите е означен со двојната запчеста трака. Иста ваква трака се појавува и на јужниот ѕид, делејќи го него на два дела (цр.7, сл.8). Во горниот дел на овој ѕид повторно се јавува еден декоративен фриз. Тој е изведен со наизменични хоризонтално и вертикално поставени тули со што се формира една трака на преплет или шав. Веднаш над нејзе се појавува друга трака која што само условно може да се нарече декоративна. Станува збор за трака ограничена со два хоризонтални реда на тули, а која е исполнета со кршени камења и камени плочи. Ваквата трака, (со мали прекини на источната фасада), скоро на иста висина продолжува на три фасади на црквата. На источната фасада, траката е местимично дуплирана (сл.9,10), а на северната

фасада нејзината широчина е дуплирана (0.30-0.40м), со што таа е понагласена отколку на јужната фасада (сл.11).

Забележливо е дека источната фасада е најгрижливо обработувана. Доминантно место зазема широката слепа ниша изведена претежно со редови на тула. На средината, во долниот дел, изведен е тесен прозорец како монофора (сл.10).[118] Во левиот дел на исполаната со тули, вертикално во нишата се појавува една фуга во малтерот. Појавата на неколку тули во горниот дел што почнуваат радијално да свртуваат сугерира дека можеби тука постоел поширок отвор, можеби бифора на местото на исполната. Но сепак, неколку наоди ја оставаат оваа претпоставка отворена. Имено, радијално поставените тули се наоѓаат во горната зона на исполна на нишата врз која судејќи според малтерот подоцна е интервенирано, па и самите тули можат да се плод на подоцнежни преправки. Исто така во долниот дел на вертикалниот ред на тули фугата се губи.

На десната пак страна нема никакви индикации за постоење на ваков или сличен вертикален ред на тули. Ниту пак се појавува фуга помеѓу исполната и рамката од тули на нишата. Напротив, некои од тулите од исполната пробиваат под рамката на нишата што зборува за нивната едновременост со истата. Па така, и покрај некои интервенции поради можните оштетувања, сметаме дека, исполната во слепата ниша треба да се припише кон првобитната градба.

Западниот ѕид на црквата Св.Илија денес е малтерисан и тешко може да се утврди неговата структура.[119] Па така, акцијата за реновирање на постарата градба изведена во текот на XIX век, всушност се свела на градежни интервенции од надвор и тоа заради обезбедување биле поставени масивните контрафори и биле изведени ситни поправки на делови на фасадите, како и

---

[118] П.Миљковиќ-Пепек смета дека претходно прозорецот бил поширок и дека подоцна тој е преѕидан и стеснет; спор: P.Miljković-Pepek, *L'église de Saint-Élie,* 423. За разлика од него К.Томовски во приказот на основата на Св.Илија, прозорецот го прикажува како првобитен; спор: К.Томовски, *Христијанската архитектура,* сл.6.

[119] Доколку биле превземени некои интервенции врз овој ѕид во текот на реновирањето на градбата, тие се однесувале на надворешните површини, бидејќи деј од постариот живопис денес се наоѓа токму на овој ѕид.

евентуалното препокривање на кровот на црквата.[120] На јужниот ѕид при поставувањето на еден од контрафорите бил делумно затворен единствениот прозорец во наосот на црквата (цр.6, сл.8).

[120] Тогаш е најверојатно поправано парчето со груба ѕидарија на долниот дел на северниот ѕид.




цртеж бр.6
Св.Илија - Грнчари
основа



цртеж бр. 7
Св.Илија - Грнчари
јужна фасада

## I.2.2. СВ. НИКОЛА - ПРИЛЕП

Црквата Св.Никола во населбата Варош во Прилеп, и покрај тоа што е мала еднокорабна градба, од аспект на нејзината архитектура е позната по декоративно обработените фасади. Па така, уште во далечната 1865г архимандритот Антонин црквата ја нарекува "скапа играчка". Веќе во 1938 година, црквата Св.Никола добива своја монографија од авторот Ф.Месеснел во која што како за најголема вредност на архитектурата на црквата се сметаат нејзините богато декорирани и живописни фасади изведени во керамопластика.[121]

*Опис на архитектурата*

Основата на црквата е формирана во рамките на еден благо деформиран правоаголник со димензии: на север 8.40м, југ 8.30м, исток 5.04м и запад 5.17м (цр.8). Внатрешниот простор на црквата е редуциран за дебелината на ѕидовите (0.86-0.96м) и неговата должина е 6.50м, а ширина 3.20м. На источниот крај од внатре оформена е неправилната елипсовидна апсида со длабочина од 1.0м и ширина 2.0м. Пред нејзе на 1.30м со подигањето на нивото на подот за 0.25м и со дрвениот иконостас ограничен е олтарскиот простор на црквата. Тој е еднoделен и во ѕидовите на црквата не се изведени ниши за протезисот и ѓакониконот.

Наосот на црквата го зазема останатиот простор во внатрешноста со должина 5.20м и ширина 3.20м. Сосема е незабележителна малата деформација на правоаголниот простор на наосот и тоа на неговата западна страна, настаната како последица на различната ширина на западниот ѕид.

Денешниот под на црквата потекнува некаде од XVII век поради тоа што во текот на археолошките ископувања на црквата во насипот за под биле пронајдени четири венецијански златници од XVII век.[122] Во текот на овие ископувања во североисточниот дел на длабочина од 0.22м под тогашниот под

---

[121] Ф.Месеснел, *Црква Светог Николе у Марковој вароши код Прилепа,* Гласник Скопског Научног Друштва, Скопје 1938, 40.

[122] Археолошките истражувања на црквата Св.Никола се одвиваа во текот на 1958г и 1960г; (Б.Бабиќ, *Материјалната култура,* 106 и заб.91-92).

биле пронајдени остатоци од постариот под изведен со поситни камени плочи. Со конзерваторските работи на црквата Св.Никола задржан е подот од XVII век со тоа што тој е спуштен на нивото на првобитниот под.[123]

Главниот влез на црквата е на нејзината западна страна и тој е изведен како еден широк (1.0м) лачно засведен отвор со висина 2.02м. Црквата секако дека имала уште еден влез и тоа од северната страна. Овој влез во текот на повеќевековното постоење на црквата бил запоставен за што ни сведочи податокот дека пред отпочнувањето на конзерваторските работи врз архитектурата на црквата пред северната фасада имало насип што го покривал овој влез повеќе од половината.[124]

Отворот како и оној на запад, бил лачно засведен со ширина од 0.70м и висина 1.63м. Неговиот праг е за 0.32м на повисоко ниво од нивото на подот на црквата. Посредни податоци за користењето на овој отвор на црквата како влез наоѓаме и кај дрвената врата која што претходно постоела на западниот влез на црквата. Имено, со конзерваторските работи беше утврдено дека вратата (инаку доста стара) била прилагодувана со додатни делови за да се вклопи во димензиите на западниот влез, но нејзиното старо дрвено јадро сосема одговарало на димензиите на северниот отвор.[125]

Широкиот правоаголен отвор на јужниот ѕид со своите димензии (0.75 x 1.30м) и поставеност (на висина од 0.65м од подот на црквата), внесува недоумици околу неговата функција на прозорец или на врата (цр.9). Сепак, поверојатно е дека тој бил изведен како прозорец, поради тоа што од внатрешната страна нема остатоци од скали со кои би се совладувала висинската разлика до подот на црквата.[126] Од внатрешната страна нема остатоци кои би укажувале на постоењето на вертикална преграда на прозорецот, па бидејќи неговата ширина е голема за да се остави сосема

---

[123] Конзерваторските работи на црквата Св.Никола се изведувани во текот на 1960/61г под раководство на Р.Финдрик; (R.Findrik, *Konzervatorski radovi na arhitekturi crkve sv.Nikole u selu Varoši kod Prilepa,* ZZSK XVI (1965), 201-218.).

[124] Р.Финдрик, *Конзерваторски радови,* сл.1 и сл.4.

[125] R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* сл.11.

[126] Во елаборатот за конзерваторските работи Р.Финдрик помислува на можноста дека тоа била слепа ниша, но самиот посочува дека нема материјални докази за потврдување на оваа претпоставка; спор: R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* 203.

слободен, треба да се претпостави постоењето на една широка транзена што го затворала прозорецот.[127] На северниот и јужниот ѕид треба да се евидентира и постоењето на двете тесни монофори (0.25 x 0.80м) поставени на висина од 3.85м од подот на црквата. Монофората во олтарната апсида е во реконструкција.[128]

Структурниот систем на црквата, како и нејзината основа, е едноставен и во долниот дел го сочинуваат масивните ѕидови, над кои што во горниот дел е поставен полуцилиндричниот свод во правецот исток-запад (цр.9). Сводот започнува на висина од 5.75м, а неговата највисока кота на средината достигнува до 7.05м. Со вака изразената висина (7.05м) наспроти должината од 6.50м создадена е основната карактеристика на внатрешниот простор на црквата, а тоа е доминацијата на висината наспроти должината на црквата. Во тој контакст е оформена и стрмната полукружна апсида што има висина од 5.35м.

Фасадите на црквата Св.Никола претставуваат најголема нејзина специфика. Но и покрај исклучително богатиот и декоративен третман и употребата на големиот број на декоративни мотиви на горните делови на сите четири фасади, сепак, повнимателната анализа јасно ги открива основните принципи на формирање на фасадите на црквата.

Јужната фасада, како впрочем и целата црква, поставена е на високо камено постоље (2.60м) на кое ако му се додаде и висината на надворешното појачување на темелот на јужниот ѕид, ќе достигне висина од 3м (цр.13, сл.12). Ваквото високо постоље е изведено со груби кршени камења со различни димензии и со вметнување на неколку правоаголни мермерни блокови употребени како сполии. Освен ексцентрично поставениот широк прозорец во овој дел нема елементи  за артикулација и декорација на фасадната површина. Она што се протега над оваа камена ѕидарија е чиста нејзина спротивност. Имено, тука каменот сосема ретко се употребува и тоа за оформување на аглите на фасадата и како второстепен елемент вграден во богатата изведба на

[127] Спореди Канео северна фасада, Курбиново.
[128] R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* сл.12-13.

фасадата со тула. Но сепак, лесно се читаат трите хоризонтални појаси со кои е компониран горниот дел; долу е двојниот фриз на хоризонтално изведениот меандер со ширина од 1.10м; горе, повторно хоризонтален фриз, со една "цик-цак" трака (или може да се опише и како трака во форма на буквата "Λ"), изведена во три степени. Нагоре следи едно правоаголно поле со ѕидарија изведено со хоризонтални редови на тула.

Вака оформените хоризонтални фризови го врамуваат централниот појас со висина 1.60м на кој што има најголем број на елементи за артикулација и декорација на фасадата. Во прв ред тука се трите слепи ниши и тоа поставени со ритам 2+1 (гледано од запад кон исток). Нишите имаат различна ширина (првите две 0.60м, а последната на исток 0.74м) и различна висина (1.0м; 0.90м; 1.0м.). Тие се оформени со два реда скалесто повлечени тули, а во нишите се јавува ѕидарија од хоризонтални редови на тула. Првата ниша од запад опфатена е со запчесто поставени тули и тоа во почетокот на лакот, а во делот на лакот таа се заменува со низата крстести лончиња (сл.16).

Кај средната ниша применет е истиот метод, со тоа што над крстестите лончиња се појавува уште една лачно изведена запчеста трака и бочно нагоре сегменти од лаци со крстести лончиња. Крајната ниша опфатена е само со запчеста трака. Во просторот помеѓу слепите ниши (втората и третата) вметнат е тесен прозорец - монофора изведен со тула. Површината од прозорецот нагоре изобилува со лаци изведени со керамопластика и тоа три лаци од крстести лончиња и еден со запчесто поставени тули. Тие завршуваат точно на границата на овој појас со горниот појас, граница која е маркирана со хоризонтален ред на тули. На другите површини на овој појас следи керамопластична декорација во послободна изведба и без некој поодреден систем.

Па така, на два пати се појавуваат групи од по два вертикално поставени орнаменти во форма на буквата "X", сегменти од хоризонтално и вертикално изведена рибина коска, ромбови, како и еден крст на западниот крај оформен со крстести лончиња и врамен со парчиња од тула. Најгорниот дел на фасадата е изведен со еден нагласен двоен запчест венец, кој што денеска во

најголемиот дел е во реконструкција, но чии што остатоци биле присутни на југоисточниот агол на фасадата пред отпочнувањето на конзерваторските работи и врз чија што основа е изведена реконструкцијата.[129]

Принципите за формирање на јужната фасада, без битни отстапувања применети се и при формирањето на северната фасада (цр.11, сл.13). Во долната зона повторно е грубата камена ѕидарија со невообичаено голема висина (2.60м) и ексцентрично кон запад поставениот отвор. Овој пат тој бил лачно засведен со радијално поставените тули и еден дел на запчеста трака. Во овој дел, на северозападниот агол евидентно е постоењето на неколку антички мермерни сполии вградени во овој ѕид. Горната половина како и кај јужната фасада, започнува со двоен хоризонтален фриз, но овој пат изведен со тројно впишани ромбови и тројна "цик-цак" трака. Празните полиња помеѓу елементите се пополнуваат со триаголни камења од бигор со што се урамнотежува примената на тулата во овој дел. Нагоре, доминацијата на тулата е апсолутна.

Следи средниот хоризонтален појас со трите слепи ниши компонирани во 2+1 ритамот. Нишите се идентични како и на јужната фасада, со тула по двостепените контури и во исполната. Сосема незначително е модифициран и системот на артикулација на нивните контури и тоа еднаш во комбинација со запчеста трака и крстести лончиња и два пати само со запчести траки. Тука е и интерполацијата на лачниот прозорец (нешто понизок од оној на јужната фасада), завршена со четири лачни сегменти изведени со крстести лончиња и запчеста трака. На површините лево и десно од нишите доминираат двата крстови оформени со камени профили околу кои што течат крстести лончиња, а има и еден сегмент на "цик-цак" трака.

Најгорниот појас на северната фасада е подекоративно обработен од таквиот појас на јужната фасада. Па така, на почетокот е хоризонталниот фриз на упростен меандер изведуван со вертикално поставените тули. Следи "цик-цак" трака, но во специфична изведба. Имено, тулите на фасадата се

---

[129] R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* сл.3.

поставуваат со пократката страна и долниот дел се остава празен - шуплив, додека во горниот дел триаголните завршетоци се исполнуваат со малтер или парчиња од бигор. На крајот е хоризонталниот фриз од косо поставените тули.

На западната фасада на црквата Св.Никола и покрај различните пропорции можеме да согледаме аналогии што оваа фасада ја поврзуваат со принципите на формирање на бочните фасади (цр.12, сл.14). И тука како и кај другите фасади доминира артикулацијата изведена со слепи ниши. Во горната половина централно поставени се две слепи ниши. Тие се на иста висина со нишите на северната и јужната фасада. И не само тоа, тие до половината се оивичени со запчеста трака а лакот продолжува со крстести лончиња, а над нив се запчестите лаци. На краевите повторно се крстовите изведени со крстести лончиња.

Ограничениот простор на западната фасада не дозволил изведување на трета ниша во низот, но затоа по вертикала нагоре и надолу има слепи ниши. Во горниот дел изведена е редуцирана варијанта на тројна ниша и тоа со две бочни полуниши. Стеснатиот простор бочно од нишите не овозможува поставување на хоризонтални украсни траки, па така, на западната фасада и тие се редуцирани на помали хоризонтални сегменти (упростен меандер, "цик-цак" и косо поставени тули). Најгоре сретнуваме површинска исполна на фасадата до запчестиот венец и тоа на северната половина со двојно впишани ромбови, а на јужната половина со редови на тула што ја следат косината на покривот.

Над влезот на црквата поставена е широка слепа ниша со димензии 1.40 x 1.30м во која што е насликан патронот на црквата св.Никола. запчестата трака што го исцртува лакот на нишата, во долните делови свртува кон север и југ продолжувајќи во хоризонтална изведба. Лево и десно од оваа ниша, може да се рече во скромни размери се појавува градежниот опус "*cloisonné*" и тоа со еден хоризонтален ред тули и најчесто со две вертикално поставени тули во спојниците помеѓу камењата. Долниот дел како и кај другите фасади изѕидан е со грубо кршени камењаи со значителна употреба на мермерни антички сполии.

На источната пак фасада, во делот со груба камена ѕидарија освен во долниот југоисточен агол, нема употреба на сполии (цр.10). На оваа фасада доминира тространата апсида со висина 5.10м. Горниот нејзин дел целиот е изведен во керамопласитка. На трите страни поставена е по една двостепена висока (1.80м) ниша. Контурите на нишите се маркираат со запчести траки, над кои се изведува по еден лак од крстести лончиња. Хоризонтален фриз од крстести лончиња наоѓаме на горната граница на тространата апсида, над кој што следи запчестиот венец од кровот.

Внатре во нишите среќаваме различна декорација. Во долниот дел на централната ниша има една лачна монофора која е во реконструкција.[130] Нагоре наидуваме на сегмент изведен како *opus reticulatum* со дијагонално поставени керамички и камени плочки. Овој опус денес се протега само на два хоризонтални реда иако според постари фотографии може да се претпостави дека површината што тој ја исполнувал била поголема.[131] Крајот на нишата е исполнет со хоризонтални редови тули. Во јужната ниша најдолу има хоризонтален сегмент од меандер, а најголемиот дел е со исполната од вертикална рибина коска или "цик-цак" (сл.15). На северната ниша во долниот дел има слична декорација на *opus reticulatum* како во центалната ниша, изведувана повторно со керамички и камени плочки, но овој пат со хоризонтална диспозиција со што е оформен елементот "шаховско поле". Централно е крстот од камени профили обработен со тула. На горните делови на источната фасада доминираат "цик-цак" траките изведени со тула, но еднаш и во алтернација со крстести лончиња. Како и на западната фасада, само на мал дел се појавува градежниот опус *"cloisonné"* изведуван со еден хоризонтален ред и со две вертикално поставени тули.

---

130 Претходно тука постоел дрвен правоаголен прозорец што бил поставен во некоја подоцнежна преправка на црквата. Со оглед на неговата неприлагоденост кон останатата архитектура на црквата, во текот на конзерваторските работи било решено тој да се отстрани и на негово место да се изведе монофората; (R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* сл.13.).

131 R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* сл.13.

*Фази на архитектурата на црквата*

Во погоре изведениот опис на архитектурата на црквата Св.Никола во Прилеп, а особено при претставувањето на нејзиниот изглед, јасно можеа да се разграничат по два различни делови на секоја фасада поодделно. И тоа, во долната половина се површините на фасадите изведени со груба камена ѕидарија, додека пак над овој слој на ѕидарија што се протега по фасадите во висина од 2.4 до 3 метри, следи декоративна изведба на фасадите со тула во спојници од малтер и со многу поретка употреба на каменот. Ваквиот контраст во третманот на фасадите, т.е. на нивните долни и горни делови, услови да се појават мислења за постоење на повеќе градежни фази кај црквата Св.Никола. Па така, А.Дероко смета дека долниот дел на градбата е постар од горниот дел.[132] Некако во исто време (или нешто порано), се појавуваат и мислења околу постоењето на две фази во живописот на црквата, и тоа на оној во апсидата наспроти живописот во другите делови.[133] Во елаборатот за конзерваторските работи на црквата Св.Никола, авторот Р.Финдрик ја прифаќа поделбата на архитектурата на црквата на две градежни фази, при што смета дека делот на градбата ѕидан со тула е надоѕидан на постар објект што бил делумно разрушен.[134]

Поделбата на живописот во црквата во две фази експлицитно е извршена во делото Византиски фрески во Југославија[135]; додека поделбата на архитектурата на црквата на две фази ја има својата научна верификација во статијата на В.Кораќ.[136]

Од наша страна, во текстот што следи, ќе изнесеме некои забелешки по ова прашање. Имено, колку и на прв поглед меѓу себе да кореспондираат предложените фази во живописот и архитектурата, едно малку повнимателно согледување ќе открие дисонантни тонови во овие мислења. Па така, В.Ј.Ѓуриќ фазите во сликарството не ги пресликува како фази и во архитектурата;

---

[132] А.Дероко, *Маркови Кули - Град Прилеп,* Старинар н.с. V-VI (1956), 87.

[133] М.Рајковић, *Трагом једног византијског сликара,* ЗРВИ 3 (1955), 211.

[134] R.Findrik, *Konzervatorski radovi,* 204.

[135] В.Ј.Ђурић, *Византијске фреске у Југославији,* Београд 1974, 15-19 и заб.10 и 17.

[136] В.Кораћ, *Две градитељске фазе на цркви св.Николе у Прилепу,* Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986, 123-126.

односно, тој смета дека живописувањето на црквата е прекинато после сликањето на апсидата и тоа можеби поради неповолните услови во Византија од 1203г, кога Латините продираат во овие области.[137]

Хронолошко-фазна обусловеност на фреските на црквата со нејзината архитектура нема ни кај авторот П.Миљковиќ-Пепек, иако и самиот ја поставува архитектурата на црквата во две градежни фази. Но тој смета дека кај постариот градежен дел (делот со камен), нема остатоци од фрески аналогни на времето на неговото градење, а дека горната (втора) фаза на црквата коинцидира со фреските во апсидата и во лунетата над влезот на западната фасада, каде што е претставен патронот на црквата. Хронолошката детерминација на овој живопис, според П.Миљковиќ-Пепек е во крајот на XII и првата половина на XIII век. Според него, натписот од јужниот ѕид во кој се појавува годината 1298 се однесува само на сликарските активности во наосот на црквата, но не и на одредени градежни активности.[138]

Единствено В.Кораќ воспоставува хронолошко-фазни релации помеѓу фреските и архитектурата на црквата Св.Никола.[139] Притоа, авторот смета дека живописот во апсидата и припаѓал на првобитната црква која била градена со груба камена ѕидарија. Додека пак живописот во наосот од крајот на XIII век, ни ја оддава втората градежна фаза на црквата, која што е означена како голема обнова на постарата делумно разрушена црква. Во анализата на фазите на црквата, покрај воспоставените релации помеѓу живописот и архитектурата, авторот изнесува и други наоди во прилог на постоењето на две градежни фази кај црквата Св.Никола. Тоа се високите камени делови на ѕидовите кои не можат да се објаснат како камено постоље на фасадите, потоа, различната висина на ваквите делови на фасадите, како и фактот што повремено на горните делови се јавува израмнување на камената ѕидарија со тула како би се оформила хоризонталната подлога за почеток на горните фасадни површини.

---

[137] В.Ј.Ђурић, *Византијске фреске,* 15.
[138] П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архитектура,* Прилеп и прилепско, 95-96.
[139] В.Кораћ, *Две градитељске фазе,* 123-124.

Кон ова ние би додале уште некои наши забелешки кои исто така одат во прилог на детекција на градежни фази кај Св.Никола. Па така, во елаборатот за конзерваторските работи на црквата, стои дека долните делови на ѕидовите се ѕидани со камен и се скоро без врзивно средство, или пак делимично како врзивно средство се појавува кал помеѓу камењата. Од своја страна горните делови се ѕидани со варов малтер како врзивно средство, па доколку се работи за едновремени ѕидови не би требало да се појавува ваква драстична промена во врзивното средство. Понатаму, каменот кој што местимично е употребуван на горните делови на фасадите е бигор, додека пак во долните делови употребуван е обичен аморфен камен, а бигорот тука скоро и да го нема. Во тој контекст е и употребата на тулата, што значи дека на горните фасадни површини неа ја има во изобилство, но на другите делови освен на двата лаци над влезовите тулата воопшто ја нема.[140] Па така, не само разликите во третманот на двата делови на фасадите, туку и разликите во применетите материјали индицираат постоење на две градежни фази кај црквата Св.Никола во Прилеп.

Во прилог на ова одат некои елементи и од ктиторскиот натпис поставен од внатрешната страна на отворот на јужниот ѕид (сл.17).[141] Во него стои дека црквата од основа е подигната и живописана со трудот и сретствата на Вего Капза и неговата жена Марија во ноември 1298г. Веќе е посочено дека зборот ἐκ βάτρου (од основа) е дополнително интерполиран во текстот и ставен после зборот ἀνιστωρήθει (беше насликан), наместо после зборот ἀνιγέρθει (беше подигнат), што секако укажува на можни колебања околу терминот ἐκ βάτρου и околу прашањето дали Вего Капза навистина од темели ја подигнал црквата или пак тој извел една голема и радикална обнова на постарата и разрушена црква.

---

[140] Ова е значајно бидејќи во други случаи каде што се јавува ваква груба камена ѕидарија како подножје на останатите делови на ѕидот, тулата иако нерегуларно и повремено ја среќаваме (најчесто во кршени парчиња) за исполна во неправилните простори помеѓу камењата.

[141] Ктиторскиот натпис е исчитан и објавен од страна на Б.Бабиќ; (Б.Бабић, *Три грчка фреско натписа,* ЗЛУ 5 (1969), 29-30.).

На крајот ќе направиме уште еден краток екскурс околу можната хронолошка и фазна поврзаност на сликарството и на архитектурата на црквата Св.Никола. Основна забелешка по ова прашање е тоа што сликарството од апсидата за кое се смета дека скоро за еден век му претходи на сликарството на наосот се протега и на делови од апсидата кои што јасно од надворешната страна се покриени со ѕидарија од втората градежна фаза. Понатаму, несомнена е комненската основа на сликарството во апсидата, но не е сосема јасно колку тоа ја одредува и неговата широка хронолошка рамка на настанување. Поради тоа сметаме дека самата архитектура на црквата нуди доволно елементи за да се претпостави постоењето на две фази во градењето на црквата, а сложените проблеми околу фазите во живописот сепак ќе мора дополнително да бидат разрешени.

Според тоа, високото камено постоље ја означува првата градежна фаза на црквата Св.Никола. Тоа се остатоци од мала еднокорабна црква за која само можеме да кажеме дека била ѕидана со груба камена ѕидарија.

Во 1298 г. по заслуга на Вего Капза врз остатоците од ѕидовите на постарата црква, следи втората градежна фаза со ѕидови изведени на декоративен начин со што ѝ е дадено и основното обележје на архитектурата на црквата Св.Никола во Прилеп.



цртеж бр.9
Св.Никола
подолжен пресек




цртеж бр.8
Св.Никола- основа



цртеж бр.10
Св.Никола
источна фасада



цртеж бр.11
Св.Никола
северна фасада



цртеж бр.12
Св.Никола
западна фасада



цртеж бр.13
Св.Никола
јужна фасада

## I.2.3. СВ.ПЕТАР - ПРИЛЕП

Во источниот дел на населбата Варош во Прилеп, се наоѓа црквата Св.Петар. Тоа е мала еднокорабна црква за која што и да не постојат податоци за нејзината историја. Поради тоа и првите научници кои го забележале постоењето на црквата беа приморани коментарите околу времето на настанувањето на црквата да ги базираат само врз своите лични опсервации, ставајќи ја изградбата на црквата во поширокиот круг на зачувани срдновековни цркви во прилепската населба Варош. Па така, уште во 1924г В.Петковиќ изнесува дека црквата е градена во времето на царот Душан.

Една и пол деценија подоцна, Ф.Месеснел, повторно ја споменува црквата Св.Петар во контекст на неговото истражување на црквата Св.Никола во Варош, при што укажува дека црквата Св.Петар заедно со црквата Св.Пречиста од 1438г и црквата Св.Никола формираат една градежна група.[142] Понатаму авторот претпоставува дека црквата е можеби од XIV век. Во понатамошните трудови како елемент кој што укажува на датирањето на црквата во XIV век се зема нејзината керамопластична декорација, односно нејзиниот надворешен изглед.[143] Но според нас, токму керамопласичната декорација и нејзината концепциска поставеност на фасадите на црквата Св.Петар се елементите кои му противречат на глобалното датирање на црквата во XIV век (v.infra).

Што се однесува пак до живописот во црквата, неговите остатоци се во многу лоша состојба и тешко е да се изведе поопстојна стилска анализа која би вродила со негово поточно хронолошко детерминирање.[144]

Како што претходно беше напоменато, концепциската поставеност на керамопластичната декорација и системот на ѕидарија се елементите кои ја поврзуваат архитектурата на црквата Св.Петар со архитектурата на XIII век,

---

[142] Ф.Месеснел, *Црква Светог Николе,* 38; авторот во една градежна група ги става споменатите цркви според типот на основата.

[143] П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архитектура,* 96; К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици,* 179; И.Велкоски, *Преглед и кратко опис,*21.

[144] И покрај ваквата лоша состојба на живописот во книгата Споменици на културата, истиот се припишува кон крајот на XIV век; спор: К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици,* 180.

по што логично беше, и покрај тоа што до сега без исклучок црквата беше датирана во XIV век, да таа од наша страна биде вклучена во контекст на истражувањата на црковната архитектура во Македонија во XIII век.

*Опис на архитектурата на црквата*

Црквата Св.Петар во Варош има едноставна правоаголна основа и скромни димензии (цр.14). Нејзините бочни страни се долги 8.40м, додека попречните се со различни димензии  и тоа на исток 5.72м и на запад 5.37м. Кога на овие димензии ќе се одбијат масивните ѕидови чија што дебелина е околу 1.0м (освен на западниот ѕид кој е нешто потенок - 0.80м), се добива еден сведен простор со должина 6.80м и ширина 3.70м. Од ова централниот и западниот дел ги опфаќа просторот на наосот, додека на исток со должина од 1.20м се оформува олтарскиот простор. Тој на исток завршува со една маркантна елипсовидна апсида со ширина 2.38м и длабочина 1.30м. На северниот крај има уште две мали ниши и тоа едната правоаголна втисната во масата на апсидата и другата елипсовидна изведена за потребите на протезисот.

Денеска структурниот систем на црквата е со дрвен таван и со дрвена кровна конструкција (цр.15). Вака изведениот структурен систем е плод на обновата на црквата. Имено, треба да се каже дека во непозанато време после градењето на црквата, таа доживеала сериозни оштетувања. Најверовратно дека првобитниот свод се срушил, заедно со јужниот ѕид на црквата. Притоа биле оштетени и горните делови на нејзиниот источен и западен ѕид.[145] За обновата на црквата, како и за нејзиното подигање, не располагаме со никакви податоци. Треба да се каже само тоа дека обновените делови се изведени со камена ѕидарија што ги одделува од другите претходни ѕидови.[146]

[145] За постоењето на свод на црквата немаме материјални докази, но дебелината на бочните ѕидови од 1м укажуваат на негово постоење.

[146] Во ваквата обнова што ги зафатила горните делови на црквата и целосно нејзиниот јужен ѕид не треба да се става и изградбата на правоаголниот нартекс на нејзината западна страна, кој што е додаден кон црквата во поново време. На стара фотографија на црквата од 1924г црквата е без нартекс; (В.Петковић, *Стари српски споменици,* 28.).

Основна карактеристика на внатрешниот простор на црквата е неговата висина. Единствениот влез во црквата е од нејзината западна страна.[147] На црквата денес има само три прозорци, и тоа два правоаголни на јужниот ѕид од времето на обновата, и една тесна монофора на источниот крај на апсидата. На северната и западната страна црквата нема прозорци.

Фасадите на црквата Св.Петар изведувани се како рамни површини, што значи дека главниот акцент е даден на нивната декоративна обработка. Тоа најдобро се гледа на нејзината северна срана (цр.17, сл.18). Нејзината површина ја сечат хоризонтални декоративни ленти со различна теметика. Дури и системот на ѕидарија е вклопен во ваквата декоративна концепција. Единствено на најдолниот дел се простира груба камена ѕидарија. На западниот агол на оваа ѕидарија вградена е мермерна античка сполија. Нагоре со скалеста градација постепено се преминува кон градежниот систем cloisonné.

На западниот дел тој е во два реда, а на источниот само во еден. Нагоре следи една лента со три реда хоризонтално поставени тули. Двата реда на опусот cloisonné се вклопени во декоративните хоризонтални траки. Долниот ред е класично изведуван со по две вертикално поставени тули во спојниците и со еден хоризонтален ред на тули. Вториот ред cloisonné е со декоративна модификација. Имено, двете тули во вертикалните спојници се поставуваат на фасадата со својата најмала страна, а над нив се поставува по една хоризонтална тула со што се добива спојка во форма на буквата "П" изведувана во интервалите помеѓу камењата.

Границата помеѓу двојниот *cloisonné* и погорниот декоративен фриз повторно е со три реда на хоризонтално поставени тули. Горниот фриз е оформен со поставување на два реда на вертикални тули, поставени на фасадата со својата најдолга страна. На фризот во средината и на неговиот горен крај во парови тулите се спојуваат со хоризонтаслни тули. На тој начин може да се зборува за модификација на изведбата на декоративниот модел на

---

[147] Напоменуваме дека јужниот ѕид е преѕидан, но според конфигурацијата на теренот кој е во пад на оваа страна, тешко е да се претпостави дека црквата имала уште еден влез од оваа страна.

упростен меандер.[148] Најгорниот дел на фасадата завршува со низата на групите од по три паралелно поставени ромбови. Во празнините помеѓу се поставуваат триаголно делкани камења.

Источната фасада на црквата Св.Петар концепциски е иста со нејзината северна фасада, и уште повеќе, декоративните траки од северната фасада едноставно продолжуваат и на источната фасада (цр.16, сл.19). Тоа се случува со низот тројни ромбови и со упростениот меандер кој што единствено на аголот се прекинува со камените блокови што го формираат аголот на тој дел на ѕидот. Надолу се двата реда на *cloisonné* со слична изведба како на северната фасада. На источната фасада недостасуваат единствено двете ленти со трите редови хоризонтално поставени тули. Тука слојот со груба камена ѕидарија е нешто повисок, пред сé поради тоа што оваа фасада лежи на терен со поголеми висински разлики.

Ваквата ѕидарија и декорација распослана е преку целата источна фасада, освен на југоисточниот агол каде што се појавува камената ѕидарија од обновата на црквата. Во глобален план на оваа фасада доминира полукружната апсида која е за 1.60м исфрлена кон исток од површината на ѕидот. Нејзината висина скоро да ја покрива целата висина на источната фасада. Во вака исфрлената ѕидна маса, во долната половина, пробиена е само една тесна монофора со ширина од десеттина сантиметри. Грубата профилација на прозорецот укажува дека тој дополнително е пробиван и тоа според остатоците од двете вертикални тули од *cloisonné* во долниот дел на прозорецот.

Западната фасада на црквата Св.Петар има поинаков концепт за нејзиното оформување од источната и северната (сл.20). Иако во ваквиот став има одредени резерви, пред сé поради фактот што во висина на низот тројни ромбови од северната среана, на западната фасада се наоѓа ѕидарија од обновата на црквата па не сме сигурни дали тие продолжувале и на нејзините делови. Но сепак, ѕидаријата на западната фасада во висина на долниот дел од

[148] Разликата со вообичаената изведба на упростениот меандер е што кај него хоризонталните тули течат независно од вертикално поставените; т.е. не се спојуваат во интервали.

двојниот упростен меандер изведен на северната фасада е зачуван, и таму нема индиции дека ваква декорација била изведувана и на западната фасада.

Понатаму, над влезот на црквата, единствено на оваа фасада е изведена една широка слепа ниша, а која што била резервирана за претставата на патронот на црквата. Веднаш под нишата е лачно завршениот влез во црквата. Тој е широк 0.80м и висок 1.64м; подигнат е за 0.25м од подот и пред него е поставен еден камен скалник. Во долниот дел влезот е профилиран со камењата од ѕидната конструкција, додека пак лакот целосно е изведен со радијално поставените тули. Маргините на лачниот сегмент се маркираат со крстестите лончиња кои се ограничени со два лаци со тули. Тоа е единствената декорација што ја наоѓаме на овој ѕид.

Во долниот дел на ѕидот поставена е грубата камена ѕидарија, додека на горната половина изведен е градежниот систем *cloisonné* и тоа со еден хоризонтален ред на тули и со по две вертикално поставени тули во спојниците. Колку и да е стандардизирана неговата изведба (според бројот на поставувани тули хоризонтално и вертикално), сепак, се забележува неговата погруба изработка за разлика од другите две фасади. Тоа добро се гледа кај хоризонталните редови на овој систем, а кои што лево и десно од слепата ниша не продолжуваат секогаш на истата висина.

Како што веќе беше напоменато, јужниот ѕид на црквата целосно бил преѕидан, па според тоа за изгледот на јужната фасада на црквата Св.Петар во Варош не постојат никакви показатели кои би укажувале на нејзиниот првобитен изглед.



цртеж бр.15
Св.Петар
подолжен пресек



цртеж бр.14
Св.Петар - основа



цртеж бр.16
Св.Петар
источна фасада



цртеж бр.17
Св.Петар
северна фасада

## I.2.4. СВ. ДИМИТРИЈА ВО ВЕЛЕС

Во непосредната близина на градот Велес, односно на јужниот излез од градот по патот за Градско, од десната страна на едно зарамнето плато на високиот карпест масив, поставен е манастирскиот комплекс со црква посветена на св.Димитрија. Целиот комплекс го опфаќаат масивните ѕидови во кои што има остатоци и од постарите ѕидови на манастирот. Конаците и другите градби во манастирот се од поново време. На јужниот крај на манастирот се наоѓа католиконот со посвета на св.Димитрија (сл.21).

Податоците за историјата на црквата се само од периодот на нејзината обнова во 1855г, за што ни соопштува натписот на јужната страна во наосот. Во него стои дека во таа година црквата е обновена и живописана.[149]

Сепак, она што упатува на многу поголемата старост на црквата од онаа што ја читаме според времето на обновата и сликањето на нејзината внатрешност е нејзиниот надворешен изглед. Ова го забележал уште првиот научник што пишувал за црквата, а тоа е Ѓ.Бошковиќ.[150] Па така, Ѓ.Бошковиќ според надворешниот изглед смета дека црквата потекнува од XIV век. Поточно, авторот смета дека појавата на кулата со камбанарија се должи на влијанијата од рашката школа и дека црквата е подигната во втората половина на XIV век.[151] Глобалното датирање во XIV век без поголеми коментари во стручната литература е прифатено до денешни дни.[152] Само на едно место попатно е укажано на влијанието на охридската црква Св.Климент врз расчленувањето на фасадите кај црквата Св.Димитрија во Велес.[153]

Во тој контекст беа извршени и нашите први анализи кои јасно укажуваа на припадноста на архитектурата на црквата кон корпусот на цркви

---

[149] За натписот види во: К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата,* 148: исто и во: Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 206.
[150] Ђ.Бошковић, *Белешке са путовања: манастир Св. Димитрије крај Велеса,* Старинар VII (1932), 103ff.
[151] Ваквите ставови авторот ги повторува и во своето подоцнежно дело; спор: Ђ.Бошковић, *Архитектура средњег века,* Београд 1976, 142 и заб.39.
[152] В.Петковић, *Преглед,* 53; А.Дероко, *Монументална и декоративна архитектура,* 191, каде што авторот смета дека поради појавата на кулата камбанарија и шах полето црквата е блиска до моравската стилска група; К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата,* 148; Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 206.
[153] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 316.

во Македонија кои стилски можат да се вклопат во глобалните рамки на раната архитектура на Палеолозите. И покрај фактот што за времето на настанувањето на црквата немаме други показатели, натписи, документи, па дури ни остатоци од живопис, токму поради нејзината архитектонска блискост кон црквите кои припаѓаат на раната архитектура на Палеолозите, сметавме дека анализата на архитектурата на манастирската црква Св.Димитрија треба да најде свое место во анализата на архитектурата во Македонија во XIII век.

*Опис на архитектурата*

Основата на црквата Св.Димитрија ја сочинуваат олтарскиот простор, наосот и нартексот. Овие делови, поставени од исток кон запад ги формираат правоаголните контури на градбата со димензии: на исток 5.50м, на запад 4.80м, на север 13.60м и 13.70м на југ (цр.18). Централниот, најголем дел е обезбеден за наосот. Неговата широчина е 4м, а должината по осовината му е 6.30м. На исток од него со лесната дрвена преграда на иконостасот изведена е границата помеѓу наосот и олтарскиот простор. Делумно разграничување на просторот на наосот и олтарот изведено е и со денивелација на нивните подови, при што подот во наосот е за 0.10м понизок од подот во олтарот.

Олтарот на црквата ја задржува истата ширина како инаосот (4.0м), но неговата должина е редуцирана само на 1.40м. Централно на источниот крај на црквата од нејзината внатрешна страна е широката полукружна апсида. Таа е широка 2.90м, а длабока 1.10м. На север од апсидата изведена е малата полукружна ниша на протезисот со длабочина од само 0.15м и ширина 0.57м.

Границата помеѓу наосот и нартексот кај црквата Св.Димитрија јасно е одредена со ѕидот широк 0.80м, а комуникацијата помеѓу нив е само преку отворот со ширина 1.20м Нартексот на црквата е изведен во форма на квадрат со мали отстапувања во димензиите на неговите четири страни (3.34 / 3.34 / 3.30 / 3.38м). Тој е изведен на два спрата. Неговиот под во приземјето е за 0.53м повисок од подот во наосот, додека пак подот на неговиот спрат е на висинска кота 5.87м над подот во приземјето. Нартексот на јужната страна на црквата повлечен е навнатре за 0.65м, односно за ширината на вториот крак на скали со кои се пристапува кон горниот спрат на нартексот.

Црквата првобитно имала три влеза и тоа два на северната страна и еден на западната. Влезот на западната страна на нартексот е затворен подоцна, така што денес функционираат само влезовите на северниот ѕид и тоа едниот води во нартексот а другиот дирекно во наосот на црквата. Сите отвори за влезови се оформуваат на идентичен начин; челото се изведува со тула која што во горниот дел со радијално поставување го оформува лакот на отворот, додека пак од внатрешната страна за отворите се изведува правоаголна рамка.[154] Нивната ширина се движи од 0.90м до 1.20м, а висината од 2.0м до 2.2м.

На црквата се изведени само три прозорци и тоа како манофори. Двата прозорци на северниот ѕид се високи 0.9м и широки 0.3м, а се поставени на 3м од подот на црквата. Формата на третиот прозорец поставен во апсидата на црквата е радикално променета и денес тука се наоѓа правоаголниот дрвен прозорец, поставен во текот на обновата. Според ширината на нишата на источната фасада, но исто така и според лачните сегменти од внатрешната срана на нишата, претходно тука стоела една лачно изведена монофора.

Структурниот систем во основата го чинат масивните ѕидови чија што дебелина се движи од 0.76м во нартексот, 0.86м во наосот до 1м на источниот ѕид кај апсидата. Над наосот и олтарот со должина од 7.73м поставен е еден полуцилиндричен свод. Неговите почетоци се нешто погоре од крајот на школката на апсидата (4.5м), и тој достигнува до висина од 6.40м (од подот во наосот). Тој е распнат по целата ширина на црквата (4.0м) и како потпирачи ги користи северниот и јужниот ѕид на црквата (цр.19).

Нартексот има независен структурен систем од оној во наосот. Основна негова карактеристика е што тој е изведен на два спрата (цр.19). Долниот дел (приземјето) е покриен со полуцилиндричен свод во правецот исток-запад, и тој е понизок од сводот во наосот. Неговата висина оди до5.17м и се простира по ширината на нартексот (3.34м).

[154] На ист начин оформен е и отворот што води од нартексот во наосот на црквата.

Спратот на нартексот е оформен како четвртаста кула која што ја пробива силуетата на делот со наосот. Спратот ги задржува истите контури во основата како и приземјето на нартексот, но во неговата структура се вметнуваат четири широки (1.50м) лачни отвори. Лаците се изведуваат по целата висина на спратот (3.50м). Денеска горната конструкција над спратот на нартексот е со дрвени греди, но има индиции дека таа првобитно била поинаква. Имено, во четирите агли на спратот во горниот дел, на висина на почетокот на лаците на отворите, има остатоци од почеток на сводна конструкција. Тие имаат пирамидална форма (со врвот свртена надолу), со што сосема јасно покажуваат дека тука претходно имало крстест свод (сл.М кула од внатре). Подоцна кога крстестиот свод се срушил, некои од ваквите пирамидални остатоци делумно биле надоѕидани за да се добијат хоризонтално нивелирани аголни постоља за почеток на новата дрвена конструкција. Нешто слично како и кај отворот за влез на западната фасада на нартексот, и на горниот дел нанартексот на источната страна, отворот кој што постоел подоцна бил затворен со ѕидарија во која што биле втиснати двете ниши во внатрешното лице на ѕидот.

*Надворешен изглед - фасади*

Фасадите на црквата Св.Димитрија во Велес како и кај многу други цркви стилски поврзани со раната архитектура на Палеолозите, компонирани се со хоризонтални зони. Најкарактеристичен пример за тоа кај Св.Димитрија е северната фасада (цр.20, сл.21, 22, 26). Таа е поставена зад едно широко плато со три скалници со кои што се достигнува висината (0.60м) на двата влеза на оваа фасада. Долната зона има висина 2.7м, односно таа завршува точно со крајот на запчестата трака опишана околу лаците на отворите. Двата отвори за влезови поставени на оваа фасада се поместени кон запад. Влезот на нартексот очигледно дека е поставуван во вертикална координација со другите елементи поставени на деловите од нартексот т.е. кулата со камбанарија. Долната зона на северната фасада е премачкана со бела варова боја, но слојот на боја е тенок и лесно може да се чита структурата на ѕидот.

Во најдолниот дел со висина од 0.50м поставено е постољето изработено од грубо кршени камења со повремено вметнатите парчиња тули. Нагоре, до крајот на оваа долна зона следи ѕидарија во градежниот опус *"cloisonné"*. Тој е изведуван прилично регуларно и тоа со два хоризонтални редови на тула и со по две вертикално поставени тули помеѓу камењата. Употребениот камен е делкан и е со различна висина, што условило редовите на *"cloisonné"* да имаат различна висина.

Границата помеѓу долната и горната зона на северната фасада е маркирана со хоризонталната запчеста трака. Треба да се каже дека хоризонталната запчеста трака врти кај нишите на горната зона по нивните контури со што ја прави границата помеѓу долната и горната хоризонтална зона на северната фасада динамична. Но сепак, ако на фасадата се согледа положбата на двата лачни отвори од горната зона, ќе се утврди дека тие не комуницираат со лачниот отвор во долната зона, туку тие се дел од ритмичкиот фриз на три лаци поставени во горната зона. Тоа значи дека нивната поврзаност со долната зона е пред сѐ формална и произлезена од декоративниот третман на запчестата трака, а не од желбата за интеграција на двете хоризонтални зони.

Во подножјето на горната зона, како што веќе рековме е низот од три ниши. Тие се оформени со по два реда скалесто повлечени тули. Западната е изведена како слепа ниша, додека во другите две, централно поставена е по една лачно изведена монофора. Ваквиот низ денеска има уште една - четврта ниша, која што според наодите подоцна е изведена.[155]

Нишата на исток започнува на 2.3м од источниот агол на црквата, потоа на приближно растојание (2.1м) следи средната ниша, за да растојанието кон последната ниша на запад се зголеми на 2.75м. Ваквото зголемување на растојанието е сосема логично бидејќи покрај ритамот на хоризонтално планирање на нишите, кај оваа ниша вклучен е и принципот за вертикална субординација на елементите поставувани на делот на нартексот со кој се

[155] На истата интервенција треба да се припише и оштетувањето на лаците над влезовите на северната фасада со изведување на мали правоаголни малтерисани ниши.

формира кулата-камбанарија, принцип како што претходно напоменавме, беше применет и при поставувањето на отворот во долната зона на нартексот.

Во просторот помеѓу нишите се појавува една широка декоративна трака изведена како *opus reticulatum*. Таа е изведена со алтернација на камени и керамички плочки. Нејзиниот западен крај денес е делумно оштетен, но јасно е дека првобитно траката се протегала по целата должина на северната фасада. Веднаш над нејзе, на источната половина на фасадата се протега една трака на меандер. Следните два реда на горната зона на северната фасада покриени се со *"cloisonné"* опусот.

Крајот на фасадата е формиран со двојната запчеста трака која што продолжува и на деловите на нартексот со што и тука го маркира крајот на втората зона на фасадата. Нагоре, само на делот на нартексот се формира трета зона. Тоа е спратот на нартексот кој што е оформен како кула-камбанарија. Централно на фасадата, по целата висина се појавува лачен отвор изведен во двостепена профилација. Притоа, внатрешниот лак е оформен со тула, додека надворешниот е во алтернација на тула и камен (*banded voussoirs)* (сл.26).

Повторно како и на долниот дел, но овде со оглед на ограничената должина на фасадата се појавува запчестата трака со два хоризонтални сегменти до краевите и со лачно свртување околу делот на лакот на отворот. Ѕидаријата продолжува во опусот *"cloisonné"* и тоа со по два хоризонтални редови и по две вертикално поставени тули. Нагоре е двојната запчеста трака која што во делот над лакот се спојува со подолната запчеста трака.

Западната фасада на црквата Св.Димитрија е претставена всушност преку фасадата на кулата-камбанарија. Поради тоа забележителна е вертикалната субординација на елементите, принцип којшто беше нотиран за деловите на северната фасада кои што му припаѓаа на нартексот со кулата камбанарија. Но сепак, од општиот концепт на поделбата на хоризонтални зони не се отстапува, па така, повторно можеме да зборуваме за поделба на западната фасада на три хоризонтални зони.

Денес ваквата поделба е потешко согледлива бидејќи од хоризонталните запчести траки со кои што таа поделба била остварена има само остатоци. Имено, од долната запчеста трака е зачуван само еден сегмент во висина на лакот на вратата. Таа се наоѓа на иста висина како и онаа на северната фасада и всушност претставува нејзино продолжение. Со тоа е маркирана првата зона во која што бил поставен отворот за врата.[156] Неговиот лак е со радијално поставени тули чија што контура ја нагласуваат запчести тули. Ѕидаријата во овој дел е во опусот *"cloisonné"*; на неговата јужна половина таа е доста оштетена и преправана, но тука и првобитно можела да биде поставена понерегуларна ѕидарија бидејќи тука теренот стрмно се издига и денес, а секако и претходно, тука бил поставен првиот крак на скалите со кои се совладувала таа висинска разлика (2.10м).

Од горната граница на втората зона ведливи се само делумните остатоци од двојната запчеста трака на северниот дел на фасадата, а која што тука продолжувала од северната фасада. Останатиот дел на траката е изгубен во подоцнежните преправки на овој дел на ѕидот. Во долниот дел на втората зона е широкиот декоративен фриз составен од три сегменти. На северниот дел е парчето на *opus reticulatum* кое што е продолжение на ретикулатумот од северната фасада.

Централно, над влезот е парчето исполнето со два реда хоризонтална рибина коска и на јужниот дел повторно *opus reticulatum* кој што за жал денес е во доста руинирана форма (сл.24). Нагоре се трите реда на *"cloisonné"* ѕидаријата. Најгорната зона на западната фасада е изведена идентично како и делот од кулата на северната фасада.

Источната фасада на црквата Св.Димитрија е поставена во два плана (цр.22, сл.25). Во предниот план е источниот ѕид со кој се затвора олтарскиот простор. Централно на него од површините на фасадата исфрлена е тристраната апсида. На секоја од страните има по една ниша чии што контури се проследени со запчести траки. Бочните ниши се оформени како слепи ниши

[156] Подоцна отворот бил затворен со груба камена ѕидарија.

и тоа со тростепено скалесто повлекување од челната равнина. Внатрешната исполна е со мешана ѕидарија и тоа камен и тула поставувана хоризонтално и вертикално. Централната ниша е нешто поширока (0.63м) од бочните поради фактот што таа е оформена со двостепена рамка. Во долниот дел е дрвениот правоаголен прозорец поставен на местото каде што и првобитно постоел прозорец но изведен како лачна монофора. Нагоре следи мешана ѕидарија, а во лунетата на нишата сегмент од *opus reticulatum*.

Долните делови на апсидата се изработени со погруба камена ѕидарија. На површините на источната фасада што ја опкружуваат исфрлената апсида среќаваме многу жива обработка која што делумно претставува продолжение на декорацијата од бочните фасади. Па така, некаде по средината на источната фасада се сегментите на хоризонталната запчеста трака (онаа што ја делеше северната фасада на долна и горна зона). Под нејзе е ѕидарија во опусот *"cloisonné"* со два хоризонтални реда на тула и со по две вертикално поставени тули во спојниците на камењата.

Веднаш над запчестата трака го следиме продолжувањето на широкиот *opus reticulatum* од бочните фасади. Посебно декоративен третман добиваат површините на источната фасада омеѓени со кровот на апсидата и двојната запчеста трака од горната стреа на кровот. Најпрво тука се изведува еден широк фриз (0.90м) на двојна рибина коска и над него меандер чие што изведување исполнува трапезоидна површина поради стреата на кровот.

Вториот план на источната фасада го формира источниот дел на кулата-камбанарија која што го надвишува кровот на наосот. Само накратко ќе укажеме дека формирањето на источната фасада на кулата-камбанарија е исто како и на другите нејзини фасади, со забелешка дека лачниот отвор тука бил со помала висина што било условено од висината на крајот на слемето на пониската покрив. Со подоцнежна интервенција овој лачен отвор е заѕидан со груба камена ѕидарија.

Јужната фасада на црквата Св.Димитрија претрпела најмногу измени во текот на своето постоење (цр.21). Тука се отвора проблемот на обемот на

подоцнежните градежни интервенции врз јужната фасада, но воопшто и врз целиот објект.

Како што веќе беше напоменато, натписот од внатре на јужниот ѕид укажува дека: "Сеј обител обновисја во 1855 изобрази Х.Косте зуграф и фотограф."[157] Веќе е забележано дека еден натпис врз портретот на Петар Здравев изработен од Ѓорѓи Зографски постхумно укажува на заслугите на насликаниот околу обновувањето на црквата Св.Димитрија во Велес. Во него стои:

"По божие вд́хновение Дедо Петар Здравев откопа затрпани манастир Св.В.М. Димитрие 1855. Почина 1867 год. Подар. Механдж. Еснаф. 1942 - написа се желание игумен Алексие"[158]

Врз основа на горенаведените натписи се претпоставува дека црквата доживеала посериозни оштетувања и дека можеби паднал сводот.[159] Исто така Д.Ќорнаков смета дека во непознато време манастирот претрпел сериозни уривања, за да подоцна биде обновен на иницијатива на Петар Здравев.[160]

Сепак, од наша страна сметаме дека не станувало збор за толку големи и сериозни оштетувања на црквата. На тоа ни укажуваат следните наоди. Како прво, за рушење на сводот не може да стане збор, бидејќи венците на покривот на црквата (освен делумно оштетениот на јужната фасада) се добро зачувани, односно евентуалното рушење на сводот би предизвикало оштетувања посебно на венецот на источната фасада. Исто така и сводот од внатре нема никакви фуги и дилатации кои би индицирале негово подоцнежно преѕидување.

Понатаму, бочно на јужната фасада има добро зачувани делови од хоризонтален декоративен фриз изведен како *opus reticulatum*. Може јасно да се забележи дека парчиња од хоризонталниот ред со тули со кој што бил фризот

---

157 К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата,* 148; исто и кај: Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 207.

158 Спореди, претходна забелешка.

159 К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата,* 148

160 Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 207-208.

ограничен, повремено се јавуваат како контура и на деловите на јужната фасада врз кои подоцна е интервенирано (сл.25).

И на крајот воопшто не треба површно да се свати формулацијата која стои во натписот дека "Дедо Петар Здравев откопа затрпани манастир" (иако таа настанала временски доста после обновата на црквата). Напротив, таа ја одразува суштината на градежните работи при обновата на црквата. Имено, според диспозицијата на теренот околу црквата се забележува дека тој стрмно се издига на јужната страна на црквата и притоа јужната фасада е поставена со вкопување и нивелирање на неправилниот терен. Сосема е веројатно во времето кога манастирот бил запуштен да се појавило насипување на земја (најчесто како резултат на порои) од околниот повисок терен предимно врз јужната фасада. Подолгото егзистирање на ваквите насипи врз јужната фасада, поради големото количество на влага, можело да предизвика оштетувања на ѕидната структура. Токму поради тоа при отстранувањето на насипите се јавила и потребата од делумно преѕидување на надворешниот слој на ѕидарија кај јужната фасада. Според тоа, со преправките и интервенциите врз овој ѕид се изгубила оригиналната ѕидарија и декорација што ги красела неговите површини, но сепак, зачуваните бочни делови ни нудат делумна слика за тоа како првобитно изгледала јужната фасада.

Поради затвореноста на оваа фасада од стрмниот и неправилен терен, таа е решавана поскромно отколку другата бочна фасада. Но сепак издвоен е простор за продолжување на широкиот декоративен фриз со *opus reticulatum,* како и на запчестата трака под него. На оваа фасада декоративниот фриз паѓа точно по нејзината средина. Од она што уште можеме да го реконструираме на оваа фасада е податокот дека горните површини над декоративниот фриз биле изведени со ѕидарија во *"cloisonné"* опусот.

На западниот дел на јужната фасада се појавува кулата-камбанарија. Во долниот дел е пристапот до нејзе со бетонските скали, а под нив јасно се гледаат контурите на старите камени скали. Во горниот дел централно е високиот лачен отвор кој што е искористен за влез во горниот спрат на кулата.




цртеж бр.18
Св.Димитрија
основа




цртеж бр.19
Св.Димитрија
подолжен пресек



цртеж бр.20
Св.Димитрија
северна фасада



цртеж бр.21
Св.Димитрија
јужна фасада



цртеж бр.22
Св.Димитрија
источна фасада

## I.3. ЦРКВИ СО ВПИШАН КРСТ

### I.3.1. СВ.ЈОВАН БОГОСЛОВ - КАНЕО

Црквата посветена на Св.Јован Богослов лоцирана во месноста Канео, чиј што топоним уште многу рано бил придодаден кон името на самата црква[161], позната е веќе долго во стручната и научна литература[162]. Сепак позначајните научни анализи на вредностите на Канео можеа да настанат само после изведените конзерваторски работи врз архитектурата и живописот на црквата.[163] После тоа следат разни автори кои обработуваат различни аспекти сврзани со животот и историјата на самата црква.[164]

Во текот на козерваторските работи врз црквата беа отстранети анексите од северната, западната и јужната страна кои што потекнуваа од втората половина на XIXвек поради лошата состојба во која се наоѓале и поради тоа што во многу го нарушувале општиот архитектонски изглед на црквата.[165] Треба да се напомене дека тогаш беа констатирани и преѕидувањата на горните делови на сводовите во поново време, а кои што после конзервацијата јасно се видливи во бочните делови на страните на крстот во надворешниот изглед на црквата.

*Опис на архитектурата*

Црквата Св.Јован-Канео од типолошки аспект спаѓа во редот на цркви со вписан крст во правоаголно пространство со купола (цр.23).

---

[161] За прв пат го среќаваме овој топоним приклучен кон името на црквата во натписот од црквата Св.Константин и Елена и тоа кон крајот на XIV век; сп.Г.Суботић, Свети Константин и Јелена, 10-38, 107-108.

[162] Првите забелешки околу црквата ги соопштиле уште Н.П.Кондаков, *Македония, археологическое путешествие,* 235-236; М.Злоковић, *Старе цркве у области Преспе и Охрида,* Старинар III (1924-1925), 137-139; Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната*, 77-79; Бошковић-Томовски, *Средновековната архитектура*, 87;

[163] Конзервацијата е изведена од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во 1963-64г.

[164] За најцелосна студија може да се смета делото на П.Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св.Јован Богослов-Канео*, Скопје 1967. Кратко за прашања сврзани со архитектурата на Канео има кај: К.Томовски, *Средновековната архитектура во Охрид и Охридско*, во Охрид и охридскониз историјата, idem *Средновековна архитектура*, во Уметничкото богатство на Македонија; Н.Чанева Дечевска, *Архитектурата в България през XI-XIV век.* За прашања сврзани со живописот и неговото датирање кај: Р. и М.Љубиновић, *Средновековното сликарство во Охрид*, 127-128. Ц.Грозданов, *Портрети*, *passim.*

[165] За тоа како изгледала црквата пред конзерваторските работи во: Бошковиќ, Томовски, *Средновековната архитектура,* сл.21.

Карактеристично е тоа што црквата нема нартекс. Основата на црквата е вклопена во еден благо деформормиран правоаголник со надворешни димензии од 7.80м на исток и запад, 9.70м на север и 9.80м на југ. Оваа минимална разлика е компензирана во внатрешноста, па така тука димензиите на правоаголникот се 8.10х6.20м (без полукружната апсида). Во внатрешноста на црквата се поставени четири масивни пиластри, при што западниот пар е поместен кон исток на и на тој начин оформуваат травеј кој што е поголем од централниот и источниот. Пиластрите се со различни димензии (западните 1.10 x 0.75м, источните 1.00 x 0.72м) и форми, источниот пар се правоаголни, а западните се засекуваат по аглите и така се добиени неправилни осмоаголници. Наосот на црквата скоро да е квадрат (6.20 x 6.10м) и е одделен од олтарот со иконостас поставен пред источниот пар столпци. Апсидата од внатре е полукружна, а од надвор е тристрана. Лево и десно од полукружната апсида изведени се полукружни слепи ниши за протезисот и ѓакониконот. Основата на струкутрниот систем ја чинат масивните пиластри и ѕидовите кои се со дебелина од 0.80м. Над централниот травеј се издига куполата на црквата. Нејзиниот тамбур од внатре е цилиндричен а од надвор е осумстран. Засведувањето над другите делови е со полуцилиндрични сводови (цр.42-43).

Осветлувањето во црквата е со прозорците изведени на сите четири страни како бифори поделени со камени меноа. Како едноструки се изведени четирите прозорци на тамбурот на куполата и едниот прозорец во долната зона на северната фасада. Црквата има два влеза - на запад и на југ.

*Надворешно обликување - фасади*

Долниот дел од ѕидовите го карактеризира ѕидарија од грубо делкан камен. Ваквиот градежен слој има различна висина на сите страни во зависност од падот на теренот (височината се движи од 1.75м на источната страна до 0.50м на север) но насекаде завршува на иста висинска кота при што се формира едно кубично постоље од груба конструкција кое служи како основа од каде што се изведуваат фасадите со многу погрижливо изведена техника. Ѕидовите над овој слој се изведуваат во алтернација на еден ред на тула со еден ред на камен, а во вертикалните спојници помеѓу камењата се

поставуваат по две вертикално поставени тули. Тоа е познатата градежна техника "*cloisonné*".[166] Во случајот на Канео изненадува доследноста со која што е изведувана оваа техника.[167] Исто така забележителна е и примената на правилно делканите камени блокови.

Во надворешниот изглед на црквата, во нејзините горни делови, јасно се издвоени краците на крстот. Фасадите на црквата (северната, јужната и западната) во изгледот се многу слични меѓу себе (сл.29, 30). Па така, во долните делови тие се изведуваат како затворени равни површини во чија што вертикална осовина се поставува едноделен отвор.[168] Во зоната на фронтоните се појавуваат големи слепи ниши, кои што со својот долен дел излегуваат од зоната на фронтоните (сл.28, 29, цр.24). Тие се за 10cм повлечени од површината на фасадите, а врамени се со еден широк лак изведен со тула. Во нивниот горен лачен дел се поставува централно една бифора. Круна на оваа симетрична композиција е куполата со својот осумстран тамбур. На четири од страните на тамбурот се поставени монофори, а другите четири страни се затворени со слепи ниши. Веднаш над лаците од страните на тамбурот се поставувани мали тројни лаци, над кои се изведени триаголни фронтони. На источната фасада на апсидата изведени се две слепи ниши тристепено повлечени од рамнината на фасадата, додека пак на челната страна на апсидата во нишата изведена е бифора.

Во обработката на фасадите присутни се елементи на керамопластична декорација. Таа е скромна на северната, западната и јужната фасада и е поставена само во слепите ниши на фронтоните. Тука има делови од запчеста

---

[166] Во нашиот јазик можеби најсоодветен би бил изразот "келијаста градежна техника"

[167] Иако ваквата градежна техника е многу честа во византиската архитектура особено во југозападните делови на Балканскиот Полуостров, сепак градителите што ја применувале многу често знаеле да воведуваат осцилации во поглед на нејзината изведба на некој објект ( хоризонталните редови на тула варирале од еден до два, како и во спојниците некогаш се ставаат една а понекогаш две тули), во Канео пак само на мал дел на западната фасада едниот ред на тули е удвоен. За карактеристиките на оваа техника v.infra.

[168] На јужната и западната фасада тоа се влезните врати во црквата, додека пак на северната овој отвор е затворен со висока транзена и служел како прозорец. Треба да се напомене и тоа што западниот влез не е во вертикалната оска на фасадата што е малку необично со оглед на тоа што принципот на симетрија е значаен принцип во оформувањето на фасадите. Видливо е дека овој отвор претрпел одредени измени меѓутоа сметаме дека обемот на подоцнежните интервенции не влијаеле значајно врз неговата асиметрична поставеност по однос на западната фасада.

трака, а веднаш под бифората се изведува двојна или тројна трака од тули.[169] Источната фасада на црквата е најдекоративно обработена и тоа на горниот дел на апсидата, веднаш под стреата изведена е широка трака на *opus reticulatum*, од двете страни ограничена со запчеста трака (цр.25, сл.27, 33). Лево и десно од апсидата изведени се траки на меандер. Околу слепите ниши на апсидата се движи една запчеста трака, а во нив една под друга поставени се сегменти од ромбови со вертикални тули во средината и рибина коска. Во слепите ниши на тамбурот во средината се изведувани мали сегменти на запчеста трака.

[169] Запчестата трака се изведува во вертикалните делови на лакот на бифората а потоа под прав агол свртува на лево или десно во мал сегмент до крајот на слепата ниша. Двојната или тројна трака од тули често не се зема како елемент на декорација и се вклопува во општиот систем на ѕидарија, но во Канео незината декоративна улога е потенцирана со фактот што таа е поставена во подножјето на бифорите, а видовме и дека во ѕидаријата нема употреба на двојни редови на тула.




цртеж бр.23
Канео - основа




цртеж бр.24
Канео - линиска
јужна фасада




цртеж бр.25
Канео
источна фасада

## I.3.2. СВ.КЛИМЕНТ (СВ.БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТОС)

Црквата Св.Богородица Перивлептос, денешен Св.Климент има двојна дедикација условена од сплет на историски околности кои се случувале во текот на нејзиното повеќевековно постоење. Од ктиторскиот натпис на западниот ѕид на нартексот, веднаш под влезната врата, се споменува дека црквата ја подигнал "великиот хетеријарх Прогон Згур и сопругата Евдокија во светската година 6802 индикт 9 (1294/95) за времето на охрискиот архиепископ Макариј и дека црквата е посветена на Богородица Перивлептос.[170]

После турските освојувања на Охрид, во текот на втората половина на XV век откако Климентовиот манастир Св.Пантелејмон бил претворен во џамија, моштите на св.Климент се пренесени во црквата Богородица Перивлептос, после што црквата ја добива својата втора посвета.[171] Некако во исто време е и претворањето на Св.Софија во џамија, по што црквата Св.Климент прераснува во "велика црква" - катедрален храм на Охридската архиепископија. Во такво својство ја затекнале и првите проучувачи на Охрид и поради тоа таа е неизоставен дел во нивните белешки за Охрид и неговата културна историја.[172]

*Претходни проучувања*

Најстарите белешки за архитектурата на црквата ги приложил архимандритот Антонин, при што изработил скица на основата.[173] Меѓутоа првите посериозни анализи на архитектурата на црквата Св.Климент ги

---

[170] Натписот од ктиторската композиција забележан е уште во средината на минатиот век (1845г.) од В.Григорович (В.Григорович, *Очерк путешествия по европейской Турции,* Казанъ 1848, 99.) Прв натписот во целост го објавил Миљуков (П.Н.Милюков, *Християнския древности Западной Македонии,* Извѣстија Русскаго археологическаго института в Константинополѣ, София 1899, 90. Го има и Снегаров, *Охридска Архиепископија*, 160.

[171] Поопширно околу ова прашање во: Д.Коцо, *Климентовиот манастир Св.Пантелејмон и раскопките при Имарет во Охрид,*Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје 1948, 153-154; idem. *Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св.Пантелејмон во Охрид,* во:Климент охридски -Студии, Скопје 1986, 218-219.

[172] Целосен преглед на почетоците на проучувањата на средновековната уметност на Охрид во: Ц.Грозданов, *Студии за охридскиот живопис,* Скопје 1990, 15-23.

[173] Архимандрит Антонин, *Из Румелии,*Санктпетербургъ 1886.

направил Г.Мије[174], при што црквата има забележително место во контекстот на опширната студија за Грчката школа во византиската архитектура и тоа како во однос на типот на црквата, вклопувајки го типолошки во едноставната (провинциска) варијанта на типот карактеристична за централна и јужна Грција и за Македонија (без Солун и Света Гора). Во овие глобални рамки посочувани се и одредени аспекти на неговата архитектура (фасади, апсиди, куполи и декорација) во контекст на тековите карактеристични за Епир, Тесалија и Македонија.[175] Во својата книга за црквите во околината на Преспа и Охрид[176], М.Злоковиќ дава солидни графички прилози на црквата (основа и пресеци) без подоцна приградените анекси. Но во своите планови арх.М.Злоковиќ ги прикажал сите отвори (прозорци и врати) што постоеле во црквата не забележувајки притоа дека поголемиот дел од нив всушност се подоцнежни интервенции.[177] Бугарскиот историчар на архитектурата во книгата за еднокорабната и крстовидната црква[178] го прифаќа планот на Злоковиќ со забелешки на бочните слепи ниши, за кои што смета дека одат до долу и дека има уште две такви помали лево и десно со што фасадата на црквата би имала слична артикулација како средновизантиските цркви со впишан крст (Нерези, Бојана). За најголемиот број на карактеристични елементи изведени на Св.Климент Мавродинов смета дека дошле од Солун (Цариград) со што започнува цариградското влијание во македонската архитектура.

Архитектурата на Св.Климент местимично е нотирана во сите глобални прегледи на византиската архитектура или во прегледите за архитектурата на охридското подрачје.[179] Во 1975г. се појави статијата на Х.Халенслебен

---

[174] G.Millet, *L'école grecque dans l'architecture byzantine*, Paris 1916.

[175] G.Millet, *L'ecole grecque,* passim (198,258).

[176] М.Злоковић, *Старе цркве у областима Пресие и Охрида,* Старинар 3 (1924/25), 134 и сл.25-28.

[177] Денес овие отвори се затворени и тоа двата прозорци на ѕидот помеѓу нартексот и наосот, едниот прозорец на западниот ѕид на нартексот, како и двата прозорци и вратата на северниот и јужниот ѕид на наосот.

[178] Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната и кръстовидната църква по българскитѣ земи до края на XIV век,* София 1931, 79-80.

[179] R.Krautheimer, *Early Christian and Byzantine Architecture,* Harmondsworth 1979, 296 и 300; C.Mango, *Byzantine Architecture,* London 1979, 176; Ђ.Бошковић-К.Томовски, *Средновековната архитектура во Охрид*, Зборник на трудови, Охрид 1961, 87-89; К.Томовски,

посветена на архитектурата на црквата Св.Климент.[180] Основната одредница во статијата е поврзаноста на архитектурата на Св.Климент со епирската црква во Дросопеге - Панагија Белас (Кокини Еклисија). Сличностите на двете цркви го наведуваат авторот нив да ги припише како дела на иста работилница, при што Св.Климент воедно би претставувал мост за поврзување на архитектурата на Епир со Охрид. Ова денес е прифатено и ваквото гледиште претставува одредница за поврзаноста на епирската архитектура со Охрид и неговите цркви од крајот на XIII и првите години на XIVвек.[181]

*Опис на архитектурата*[182]

Основата на Св.Климент спаѓа во редот на цркви со впишан крст со купола и нартекс на запад (цр.26). Основата е вклопена во еден благо деформиран правоаголник со ширина 9,90м на исток и запад и должина од 16.30м на север и 16.15м на југ. Внатрешниот простор без нартексот го отсликува ова отстапување во надворешните контури од ортогоналната шема и окупира правоаголен простор со ширина од 7.75м на исток и запад и должина 10.13м и 9.94м на север и на југ. Исто така при трасирањето и сегментирањето на травеите во овој простор, што се врши со масивните столпци, видливи се отстапувањата од ортогоналната шема и тоа во југоисточен правец, па така наосот на црквата се протега на неправилен правоаголен простор со страна од 7.75м (исток и запад), а 6.88м на север и 7.12м на југ. Исто и источниот дел, каде што е сместено олтарното пространство го следи овој "*принцип*" и формира простор со страни 7.75м, а на север3.25 и југ 2.82м.

Исклучок од ова претставува централниот травеј на наосот, над кој се издига куполата, а кој што има квадратна основа со страна 3.53м. Ова поле ја одредува ширината на подолжниот правец на црквата (исток - запад) придидавајќи кон исток и запад по уште еден таков травеј, кои што и покрај

---

*Средновековната архитектура во Охрид,* во: Охрид и охридско низ историјата, TI, Скопје 1985, 386.

[180] H.Hallensleben, *Die architekturgeschichtliche Stellung der Kirche Sv.Bogorodica Peribleptos (Sv.Kliment) in Ohrid,* in: Зборник посветен на Димче Коцо, Скопје 1975, 297-316.

[181] В.Кораћ-М.Шупут, *Архитектура византијског света,* Београд 1998, 328.

[182] Со оглед на хронолошката определеност на нашата тема за архитектурата од XIII век, описот и анализата ќе ги фокусираме само на првобитната градба без подоцнежните доградби.

отстапувањата се многу поблиску до квадратна форма отколку правоаголна. На север и на југ од вака оформените травеи следуваат правоаголни (неправилни) полиња што ги формираат попречните краци на крстот (нивната ширина варира од 2.20м до 2.30м) и понатаму следуваат аголните полиња на крстот со ширина од 1.10-1.20м.

Троделниот олтарски простор на црквата се поставува на источнот крај, зад источниот пар столпци и тоа за олтарот е резервирано централното поле, на север во аголниот травеј е поставен протезисот, а на јужниот аголен травеј е поставен ѓакониконот. Олтарот на исток завршува со широка апсида (2.70м.), која од внатрешната страна е полукружна, а од надвор е тристрана. За потребите на ѓакониконот и протезисот во источниот ѕид вдлабнати се две високи полукружни ниши со радиус од 0.45м.

Нартексот е правоаголник со димензии (7.75м. x 3.05м.), поставен попречно на главната осовина на црката. Во основата нартексот е поделен на три травеи во неговата подолжна оска. Травеите со својата широчина не соодветствуваат на поделбата на наосот, а маркирани се со четирите масивни пиластри во централниот дел (0.75м x 0.27м) и четирите аголни полупиластри (0.27м x 0.27м). Вака поставените пиластри оформуваат на крајните полиња (северното и јужното) правоаголни травеи со приближен однос на страните од 1:2 (1.50м x 3.05м), и еден централен травеј со неправилна квадратна форма (3.05м x 2.70м), што е симетрично поставен на главната оска на црквата.

*Структурен систем и осветлување*

Основата на структурниот систем на црквата ја прават четирите масивни столпци. За двата западни столпци со мали корекции може да се рече дека имаат квадратен пресек (0.95м x 0.95м; и 0.96м x 1.00м) источните пак се неправилни четириаголници со ширина од 0.90м и со должина што варира од 1.45 до 1.52м. Ваквата нивна должина, како и тоа дека тие се пробиени со пониски отвори (лаци) од западниот пар на столпци, т.е. со отвори адекватни за врати (јужниот е со висина од 2.85м), како и тоа што на источниот ѕид лакот во долниот дел формира едно исфрлање од рамнината на ѕидот пред апсидата, го дополнуваат впечатокот дека, во овој случај не станува збор за класични

столпци, туку за комбинација на столпци со масивни ѕидови (цр.46). Ова е од таму што кон вака изведените подолжни носачи се поставуваат лаци во попречен правец и тоа со ширина од 0.90м (вакви попречни лаци има и кај западниот пар на столпци). Во аголните полиња се поставуваат полуцилиндрични сводови со различни висини (од 5.10 на југоисток до 5.70 на западните полиња) при што се повисоки од гореопишаните попречни лаци. Кај западниот пар на столпци се изведуваат и подолжни лаци (исток-запад) со висина од 5.05м. (за источниот пар веќе споменавме дека височината на лаците е 2.85м и 3.00м, што нив ги става во категоријата на лаци за отвори повеќе отколку лаци што ја маркираат внатрешната структура на градбата).

На следното висинско ниво, и тоа на кота од 7.84м од подот на наосот завршуваат пулоцилиндричните сводови што ги оформуваат краците на крстот. Во нивниот пресек, над централниот травеј од наосот, се издига куполата, изведена со цилиндричен тамбур на врвот со полукалота, што завршува на височина од 11.95м од подот на наосот. Во ваквите стрмни пропорции се вклопуваат и полукружните ниши на протезисот и ѓакониконот изведени до височина од 5.05м и 4.80м. Челото на школката на апсидата се изведува со еден лак широк 0.51м, поставен на источниот крај на подолжниот свод, а после овој лак се изведува олтарната апсида со височина од 7.17м од подот на олтарот.

Како што беше случајот и со основата , така и во суперструктурата нартексот има различен и делмно независен структурен систем од другиот дел на црквата.[183] Основата ја чинат масивните пиластри и полупиластри во аглите. Над центалното поле се изведува слепа калота со висина од 5.78м, додека на д бочните полиња се изведуваат крстести сводови.

Во црквата се изведени пет правоаголни отвори за врати, и тоа во главната осовина на црквата на западните ѕидови на наосот и нартексот поставени се две двокрилни врати со ширина од 1.75м и 2.30м висина. Во правец на попречната осовина на црквата,  на северниот и јужниот ѕид на

[183] Делумно независен поради тоа што пиластрите на нартексот не кореспондираат со лаците на западниот пар на столпци.

наосот (приближно во средината), поставени се уште две помали (едноструки)врати. Уште една таква врата поставена е на северниот ѕид на нартексот.

Осветлувањето во црквата е добро планирано и изведено, што произлегува од фактот дека прозорците се поставени во меѓусебна хоризонтална и вертикална субординација и тоа во неколку хоризонтални нивоа, како и само во главните оски на црквата. Во највисокото ниво, на тамбурот на куполата, поставени се четири лачно завршени монофори и тоа во челата на осумстраниот тамбур. Второто, пониско ниво ги опфаќа трите бифори поставени на трите страни на краците на крстот, разбирливо, четвртата бифора во источпниот крак, во апсидата е многу пониско поставена од трите претходни.[184] Исто и трите бифори во нартексот се на иста височина и се поставени по една на трите слободни ѕидови на нартексот.

*Надворешен изглед - фасади*

Ако при трасирањето на основата ги забележавме отстапувањата од ортогоналните оски, на конципирањето и изведбата на фасадите на црквата Св.Климент посветено им е многу поголемо внимание, што резултирало со многу попрецизна хоризонтална и вертикална субординација помеѓу елементите на фасадите (цр.47-48).

Телото на градбата, може да се рече дека е поделено на две хоризонтални зони. Долната, нерасчленета зона со висина од 4.00м се протега на трите страни на црквата (северна, западна и јужна) интегрирајки го наосот и нартексот во едно кубично подножје од каде што почнуваат да се разградуваат, артикулираат и декорираат горните делови на градбата. За ѕидаријата и декорацијата на долната зона ние денес многу малку знаеме. Ова е од таму што фасадите во оваа зона се малтерисани и тоа во висина на подоцна доградениот трем и врз нивните површини бил изведен живопис во два

[184] Треба да се напомене дека сите бифори освен западната се реконструирани при конзервацијата на архитектурата. Претходно овие отвори биле грубо затворени со правоаголни стаклени прозорци; (К.Томовски, *Средновековнаѿа архиѿекѿура во Охрид,* 394.).

наврати, и тоа во XIV и XVI век.[185] Врз основа на ѕидаријата на долните делови на источната фасада и ѕидаријата на горните делови на градбата, можеме да претпоставиме дека оваа долна зона била ѕидана во градежниот опус "*cloisonné*", и тоа со по еден хоризонтален ред на тула и на камен, а помеѓу блоковите на бигор со по две вертикално поставени тули. Дебелината на вака изведуваните ѕидови се движи од 1.00-1.10м.

Во горната зона на фасадите доминираат краците на крстот, при што тие се покриваат со двоводни коси кровови повисоки и исфрлени пред едноводните коси кровови на аголните травеи (сл.35). На стреите на кровles два реда на запчести венци силно ги нагласуваат спојките на ѕидовите со крововите, додека кај триаголните фронтони, двата реда запчесто поставени тули се свртуваат под остар агол во мали сегменти на хоризонтални венци. Главниот акцент на краците на крстот е ставен врз големите слепи ниши оформени со широка трака на радијално поставените тули (0.55м), што длабоко навлегуваат на површините на бочните ѕидови (1.50м) и завршуваат на границата со првата нерасчленета зона (сл.34, 37).[186] Точно во нивната осовина, на горниот крај се поставува прозорец изведен како бифора, тројно профилирана.[187] Кај јужниот фронтон лакот на бифората е ограничен со две вертикално поставени запчести траки, што свртуваат под прав агол лево и десно во висина на почетокот на лакот. На западниот и северниот фронтон бифората целосно е опфатена со запчеста трака. На сличен начин се профилираат и бифорите на нартексот (со тројна профилација и запчести траки). На западниот фронтон на нартексот, бифората е поставена во полукружна ниша и е фланкирана со две помали слепи ниши. За сличниот пристап во формирањето на фасадите говори и тоа што нишата на оваа бифора исто така излегува од површината на фронтонот и преминува на ѕидот, како и кај северниот и јужниот фронтон. Основите на бочните бифори на

---

[185] Ц.Грозданов, *Охридското сликарство,* 121-144; idem. *Студии за охридскиот живопис,* 96.

[186] Големите слепи ниши се со димензии: ширина 3.50м и висина 3.90м. Западната е нешто помала и е со димензии: 3.20 x 2.80м.

[187] Веќе напоменавме дека бифорите и нивната профилација се скорешна реконструкција и тоа по аналогија на западната бифора и бифорите на нартексот.

нартексот се нешто подолу од проектираната линија на разграничување на горната и долната зона на фасадите. Источната фасада има посебен третман, а високите страни на апсидата се артикулираат со тристепени ниши, опфатени со една запчеста трака што ги отцртува нивните контури (цр.27, сл.36).

Осумстраниот тамбур на куполата има четири монофори и четири слепи ниши, а на аглите полустолпчиња од бигор (сл.35). Оформувањето на неговите страни е слично како и на другите делови, односно, повторно тројна профилација и запчеста трака што ја исцртува контурата, а во зоната на лаците, т.е. на спојот со покривот, повторно силно изразените двојни запчести траки.

При украсувањето (декорирањето) на фасадите употребени се неколку елементи од кои што најголемиот акцент е ставен на меандерот и шаховското поле изведено како *opus reticulatum*. Имено, овие два елементи соединети во еден широк хоризонтален фриз (1.20м) преминуваат преку северната и јужната фасада на црквата. На нартексот продолжува само шаховското поле, интегрирајќи ги на тој начин трите фасади на црквата (цр.47).

Источната фасада над цоклето изведена е целосно со декорација, со забележливо присуство на симетрија во нејзиното поставување. Исто така забележителна е и поврзаноста на декорацијата на оваа фасада со декорацијата на другите. Па така, лево и десно од апсидата, скоро на иста висина како и на бочните фасади продолжува двојниот фриз на меандер и шаховското поле. После двата реда на cloisonné под овој фриз,(секако со декоративна улога како двозонски фриз), повторно двоен фриз но овој пат само од меандер.

Во нишите на апсидата има поголем избор на мотиви изведени во правоаголни полиња (меандер, двоен *opus reticulatum*, рибина коска и крстови со ромбови во нивните агли, како и во интервалите по 4-5 хоризонтални редови на тула). На врвот на источната страна фронтонот е исполнет со систем на прави агли оформени со тули. Истиот овој елемент изведен е во нишата на северниот фронтон, лево и десно од бифората.




цртеж бр.26
Св.Климент - основа




цртеж бр.27
Св.Климент
источна фасада

## I.4. ОСТАНАТИ ТИПОВИ НА ЦРКВИ

### I.4.1. СВ. БОГОРОДИЦА ВО ДАБНИШТЕ

Црквата посветена на св.Богородица во селото Дабниште (во околината на Кавадарци), до сега само два пати била предмет на кратки стручни коментари. Денешниот изглед на Св.Богородица е плод на големата обнова на црквата превземена во текот на XIX век, па така не беше забележано дека во склопот на обновата биле задржани и делови од постарата градба подигнати многу пред XIX век. Благодарение на зачувниот живопис во олтарната апсида и неговото хронолошко поставување во XIII век, црквата беше внесена во регистарот на средновековните споменици во Македонија.[188] Истиот автор, нешто подоцна дава и кратка белешка за архитектурата на црквата, при што смета дека црквата првобитно имала попречен свод над нејзиниот централен дел.[189]

Црквата Св.Богородица сосема е веројатно дека лежи на постаро култно место. На ова ни укажуваат резултатите од направените сонди до источниот ѕид на црквата, при што биле откриени остатоци од апсидата на некоја постара црква.[190]

Остатоците од црквата во Дабниште што можат да се припишат на градбата од XIII век се скромни, па така целосната реконструкција на нејзиниот првобитен изглед е скоро невозможна. Обидот за реконструкција мора да почне од југоисточниот дел на црквата, каде што во најголема мера се зачувани делови од постарата градба (цр.28, сл.40). Имено, јужниот ѕид на црквата е зачуван во должина од 6.30м. Понатаму кон запад, ѕидот продолжува со ѕидарија од XIX век. Идентификациајта на структурата на ѕидаријата е отежната со густите варови премази со кои е денес ѕидот премачкан. Но сепак може да се забележи дека ѕидот во најголемиот свој дел е ѕидан со мешана ѕидарија - камен и тула (цр.29). Ѕидаријата од долниот дел на овој ѕид најтешко

188 P.Miljković-Pepek, *Contribution sur l'evolution,* Symposium de Sopočani, Beograd 1967. 189-196.
189 П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,* КН V (1973), 11 и сл.32-33.
190 П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,* 11.

може да се распознае бидејки тука тој делумно е малтерисуван, слично како и на делот на ѕидот од XIX век, но според контурите што се прават околу камењата, може да се претпостави дека станува збор за грубо изведена камена ѕидарија.

Над оваа зона од груба ѕидарија, централно на површината на ѕидот, изведена е една широка слепа ниша, оформена со два реда тули, скалесто повлечени од рамнината на ѕидот (сл.40). Првите два реда во слепата ниша изведени се со вертикално поставени тули (траки на упростен меандер), при што лево и десно од површините на нишата продолжува само по едана таква трака. Нагоре, на површините на нишата и надвор од неа, следуваат уште три реда на ѕидарија и тоа помеѓу хоризонталните редови на камен се вметнува по еден хоризонтален ред на тула, а во вертикалните спојници помеѓу камењата по две вертикално поставени тули. Карактеристичен е највисокиот ред на овој опус (што денес е најдобро е видлив - сл.39), каде што грубо делканите камења се втопуваат во многу малтер за да се оформи правоаголното поле, а вертикалните тули на фасадата се поставуваат со својата најголема страна. Јужниот ѕид завршува со венец од камени плочи што се поставени во текот на обновата во XIX век.

Од источниот ѕид на црквата зачувана е само неговата јужна половина (сл.38). На наговиот јужен крај низ целата височина се простира површина изѕидана со груба камена ѕидарија слично како и кај долниот дел на јужниот ѕид. Апсидата на црквата делува како прилепена до овој ѕид па се наметна претпоставката дека можеби тие не се истовремени.[191] Апсидата од внатрешната страна е полукружна, додека од надвор е полигонална, или поточно таа првобитно била петтострана, но со реконструкцијата од XIX век на нејзината северна половина крајното поле е поделено на две страни со што денес апсидата на црквата е шестострана. Треба да се каже и тоа дека апсидата

[191] Од внатрешната страна на овој ѕид сочувани се делови од стариот живопис едновремен со оној во апсидата. Можноста овој ѕид да припаѓа кон некоја постара градежна фаза е исклучена бидејки тој на јужната страна продолжува без појава на дилатација со јужниот ѕид. Сметаме дека разликата во градежниот третман на двата дела (ѕидот и апсидата) ја условило појавата на ваквата спојница.

од внатре е целосно зачувана (за што сведочи слојот на фрески), додека од надвор јасно е видливо деака нејзината северна половина повторно преѕидувана, при тоа прозорецот-монофора што постоел бил редуциран на еден мал процеп во ѕидот.

Ѕидаријата на јужната половина на апсидата концепциски е слична со ѕидаријата на горните делови на јужниот ѕид. Но на апсидата, во долните делови, во вертикалните спојници се поставува по една вертикално поставена тула. На апсидата, како и кај јужниот ѕид, делумно или целосно се појавуваат неколку трки на упростен меандер, изведени со вертикално поставените тули.

Остатоците од северниот ѕид на постарата градба денес се јасно воочливи на црквата. Тоа е само еден мал сегмент од централниот негов дел. Крајот е означен со делумно зачуваниот почеток на слепата ниша што некогаш била изведена највероjатно слично како и на јужната страна. Понатаму, во должина од 1.50м следи ѕидарија изведена како двоен упростен меандер. Надолу се појавува една фуга што го означува крајот на стариот ѕид.

Како што и претходно беше забележано, остатоците од постарата градба на црквата Св.Богородица во Дабниште се недоволни за да се изврши целосна реконструкција на нејзиниот првобитен изглед. Според остатоците во основата јасно е дека црквата типолошки припаѓала на групата на еднокорабните цркви, но сепак тешко е да се утврди нејзината првобитна должина затоа што остатоци од западниот ѕид на денешната граба не се пронајдени. Како единствен индикатор за должината на црквата може да ни послужи еден детал на северниот ѕид, каде што во долниот дел под упростениот меандер се појавува фуга помеѓу постариот и делот на ѕидот од XIX век.[192]

Во внатрешноста, според остатоците од јужниот ѕид немало пиластри кои би го делеле долниот дел на внатрешниот простор на повеќе травеи.[193]

[192] Сепак ваквата констатација мора да се земе со одредена резерва бидејки во внатрешноста во тој дел не се појавуваат остатоци од заападниот ѕид.

[193] Појачувањето на ѕидот што се јавува во југоисточниот агол е подоцнежно што се гледа од слојот на живопис што продира под ваквото појачување сл. Моја и сл.моја од наос ...

Единствено на исток олтарскиот простор е ознашен со денивелација на подот. Денес тука стои дрвениот иконостас изработен во XIX век.

Што се однесува до горната конструкција на црквата Св.Богородица можностите за посигурна реконструкција се сосема ограничени. Имено, со рушењето на западниот и северниот ѕид се срушила и првобитната горна конструкција на црквата. Сочуваниот долен дел од широката слепа ниша на јужниот ѕид сугерира дека таа е поставена поради различниот третман на централниот дел на црквата. Исто и вака поставеното централно поле ја отфрла претпоставката дека и изворно црквата била покриена само со дрвена кровна конструкција, туку дека на црквата биле изведени масивни ѕидани конструкции.[194] Проблемот на реконструкцијата на горната структура го отежнува и фактот што ѕидовите на црквата не се зачувани во целата своја висина, бидејки на нив нема остатоци од оригиналните кровни венци.[195] Останува претпоставката дека над крајното источно и западно поле на црквата Св.Богородица биле подигнати полуцилиндрични сводови (цр.28).

Зачуваните остатоци од слепата ниша укажуваат дека над ова централно поле не можело да има ист подолжен свод како и кај крајните полиња бидејки, кај нишата недостасува крајниот лачен дел кој не би можел да биде изведен доколку тука ѕидот завршувал (хоризонтално) и на иста висина со крајните делови. За централното поле и неговиот структурен систем можни се две алтернативи, и тоа купола или пак надвишен попречен свод.

Во првиот случај куполата би била поставена на конзолни лачни носачи на север - југ, а на исток и запад би се потпирала на подолжните сводови. Негативност кај оваа варијанта е констатацијата што ако се мислело на

---

194 Дрвената покривна конструкција, слична на денешната јасно е не го дозволува изведувањето на лачниот дел на слепата ниша.

195 Доколку се прифати претпоставката дека сепак источниот и западниот дел на јужниот ѕид се зажувани во целата своја висина, останува отворено прашањето зошто во внатрешноста не се појавуваат остатоци од почетокот на сводовите. Прашањето за остатоците од сводни конструкции уште повеќе го усложнува фактот што во времето на обновувањето на црквата од внатрешната страна е поставен дрвен таван што го оневозможува пристапот до местата каде би можеле да се јават тие остатоци. Треба да се каже и тоа дека во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата нема документација од превземените истражувачки работи врз архитектурата на црквата изведени во 1969г. Миљковиќ-Пепек ја зема оваа висина на ѕидовите како крајна; (П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни*, сл.33.).

поставување на купола изостанала припремата за една таква конструкција т.е. пиластрите на кои што најчесто се потпирале ваквите конструкции.

Вториот случај, на надвишен попречен свод, е веќе предложено како можно решение за црквата во Дабиште.[196] Сепак има одредени забелешки што треба да се посочат во ваквата реконструкција. Имено, предложеното решение од Пепек за изгледот на сводовите е нелогично од аспект што нема статичка стабилност т.е. вкрстувањето на сводовите е изведено со мала висинска разлика што не овозможува правилно потпирање на бочниот со подолжните сводови. Кај ваквиот тип на цркви надвишениот попречен свод во најмала рака почнува после крајот на подолжните сводови или дури и повисоко, издигнувајки се со вертикални ѕидови над другите сводови.[197] Со ваквиот пристап би се добила една издигната градба со силен акцент на вертикалната оска. Според нашите глобални пресметки црквата би имала висина од околу 7.50м, наспроти нејзината должина (без апсида) од 6.50м.

---

[196] П.Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни*, сл.33.

[197] Судирот на полуцилиндричните сводови на иста или приближно иста висина ги создава крстестите сводови.




цртеж бр.28
Св.Богородица
основа




цртеж бр.29
Св.Богородица
јужна фасада

## I.4.2. СВ.АРХАНГЕЛ МИХАИЛ

Манастирскиот комплекс Св.Архангел поставен е на карпестиот терен под Марковите Кули. Централното место го зазема манастирската црква со посвета на Св.Архангел Михаил. Лево и десно од црквата се манастирските конаци со пространи чардаци и прекрасен поглед кон Пелагониската котлина.

Манастирската црква е поставена на нерамен терен со големи висински разлики во правец на североисток-југозапад. Притоа, ѕидовите на црквата го следат неправилниот терен и се појавуваат со различна височина, а со своите темели секогаш налегнуваат на карпестото тло.

*Технички опис*

Внатрешниот простор на црквата Св.Архангел Михаил има форма на простран неправилен правоаголник со димензии 15.21м и 15.98м на север и на југ, со внатрешна ширина од 5.30м и 4.52м на исток и запад (цр.30). Во крајниот источен дел со должина од 2.64м е оформен олтарскиот простор. На височина од 0.85м на источниот ѕид, втиснати се во ѕидната маса двете полукружни ниши за протезисот и ѓакониконот. На северниот ѕид изведена е уште една правоаголна ниша, лачно засведена. Олтарскиот простор на исток завршува со полукружната школка на апсидата со широчина од 2.42м. Понатаму кон запад, нема внатрешни прегради кои би го делеле просторот на внатрешни травеи. Но сепак, во горната структура, како денес така и порано, овој простор бил поделен на два травеи.

Источниот, во форма на неправилен четириаголник со најголема јужна страна - 5.71м и со други три страни за четириесеттина сантиметри пократки од јужната. Во основата границата помеѓу травеите денес е маркирана со остатоците од кршениот ѕид на север и отворот за сонда направен при конзерваторско-истражувачките работи на архитектурата на црквата (v.infra). Западниот, трапезаст травеј има значителни отстапувања во димензиите на сите четири страни. Па така, на запад неговата страна е 4.52м; на исток 5.38м; на север 6.42м; и на југ 6.85м.

Влезот на црквата е на западната страна и тоа со широк правоаголен отвор (1.94x2.45м). понатаму, пред влезот изведен е еден отворен трем што во основата е поствен на една вештачки изведена тераса со димензии 6.58м х 3.36/3.79м. Тремот се носи на три монолитни мермерни столбови со различни пресеци - поставени тука како сполии. На долното ниво под терасата, изведена е една правоаголна просторија со димензии 2.8/2.3м х 4.5/4.3м. На исток од неа, во западниот дел на црквата има неколку ѕидови кои што ја формираат супструктурата на црквата (сл.54). Во југозападниот дел се вкрастуваат два ѕидови, при што во југозападниот агол е формирана една мала неправилна просторија со димензии 1.60/1.70/1.80/1.90м. Понатаму за запад е друга просторија со димензии 2.10/1.60м на исток и запад и 4.15/4.30м на север и југ. Северниот ѕид на оваа просторија делумно е потпрен на масивната карпа што продира сé до средината на црквата.

*Структурен систем*

Структурниот систем на црквата Св.Архангел Михаил бил неколкупати изменуван во текот на повеќевековното постоење на градбата. Денеска тој е плод на последните конзерваторско-рестасвраторски интервенции врз објектот. Па така, над западното поле во 1987г. подигната е пространа купола со висина од 6.25м, која е поставена на четвртасто постоље и осумстран тамбур (цр.31). Над источниот дел поставен е полуцилиндричен свод во правец исток-запад со висина од 7.65м.

*Фасади*

Во својата надворешност, како и во внатрешноста, црквата Св.Архангел Михаил се прикажува како издолжена градба. Северната нејзина страна е долга 16.78м; јужната, како што беше случајот и во внатрешноста, е подолга од северната и е 17.91м долга. На исток црквата е широка 7.06м, а на запад 6.17м. Најголема висина црквата достигнува на јужната страна, околу 18.50м. Јужната фасада воопшто е најспецифична за целиот објект (цр.34, сл.44). Таа е поделена на два дела кои под агол се прекршуваат кон север. Западниот нејзин дел е широк 9.74м, а висок 11.34м во неговата вертикална симетрала (висината е без постоље и купола).

Долниот појас со висина од 2.30 до 2.50м, директно налегнува на карпестото тло. Тој е изведуван со грубо кршени камења во најразлични димензии (од големи камени блокови до ситни кршеници) и со ретка употреба на кршени парчиња од тула. Варовиот малтер во овој слој како врзивно средство е малку употребуван. Денес пред овој слој насипани се коси рампи и скали со што е овозможено движењето пред јужната фасада. На западниот крај на овој слој на груба ѕидарија изведен е еден отвор за врата и тоа лачно сасведен со камени профили. Во висината на отворот за врата изведено е интересно засекување на југозападниот агол на градбата и конзолно испуштање на горниот и долниот крај, што зборува и за првобитното ниво на насип пред овој дел на црквата. На овој западен дел, камената ѕидарија продолжува во висина од 4.0м со што се овозможува изведувањето на терасата за западниот влез на црквата. Вака изведениот слој на ѕидарија служи како основа од каде што се издига јадрото на јужната фасада. Тој е исфрлен пред горните делови на фасадата за ширината на пиластрите (0.30м), но како оди кон исток, на делот каде што се прекршува јужната фасада, исфрлањето го нема.

Централниот дел на западното поле на јужната фасада е изведен на вертикална површина со ширина од 9.74м и висина од 8.64м. На средишниот дел се исфрлени два масивни пиластри (0.31 x 0.80м), кои што почнуваат од крајот на камената ѕидарија, а завршуваат до крајот на ова поле. Во горниот дел распонот помеѓу нив (2.55м) е премостен со еден широк лак на радијално поставени тули. Нагоре, после лакот, ѕидаријата продолжува во истата исфрлена рамнина сé до лачниот завршеток на ова поле. Во врамениот простор помеѓу пиластрите, во вертикала се поставени два отвори. Долниот е изведен како широка монофора, лачно засведена (1.20 x 1.92м), која е поставена на висина од 2.20м од почетокот на полето. Монофората најгоре завршува со лакот изведен со запчесто поставените тули.

Во горниот пак дел, помалата монофора (0.65 x 1.40м), вклопена е во еден троен лак изведен по целата широчина помеѓу пиластрите. Монофората е опфатена со три реда скалесто поставени тули. Лево и десно се изведуваат два

пониски полулаци, кои формираат две мали слепи ниши исполнети со хоризонтално поставени тули и еден фрагмент на хоризонтално изведена рибина коска. Целиот троен лак врамен е со трака на запчесто поставени тули, над кои што во горниот дел поставен е еден ред на крстести лончиња. Лачниот сегмент до крајот на полето е исполнет со тули поставувани во различни правци. Лево и десно од полето формирано со пиластрите по целата висина се протегаат две правоаголни ѕидни платна без артикулација. Левото платно е широко 2.51м, а десното 3.08м.

Источниот дел на јужната фасада е изведен како равна површина чија што висина како се оди кон исток се намалува и на крајот таа изнесува 5.56м (без висината на полуцилиндричниот свод), а неговата широчина изнесува 8.07м. Долното камено постоље нема јасна граница со горниот дел како на западниот дел, па така тоа се меша со погорната ѕидна структура. Во овој дел се наоѓа отворот што е пробиен за време на конзерваторско-истражувачките работи, а заради обезбедување на пристап до фреските на обрушените карпи под источниот дел на црквата. Нешто погоре е лачно засведениот прозорец изведен со камени профили. Во горниот дел поставена е една слепа ниша, бочно фланкирана со два мали прозорци.

Спротивната, северна фасада на црквата исто така може да се подели на две полиња: источно и западно (сл.41). Источното поле освен лачниот прозорец поставен централно на него, нема други елементи за артикулација. Најголемата висина на оваа равна ѕидна маса е кај спојот со западното поле - 6.0м, а најмала е на неговиот источен крај - 4.45м. Неговата ширина е 9.43м. Западното поле на северната фасада има аналогии што во себе ги носи како паралела на оние на спротивното поле на јужната фасада. Па така, средишниот простор повторно е маркиран со исфрлање на површини од ѕидната маса, но овој пат само во горниот дел. Имено, пиластрите се со помали димензии (0.70 x 0.15м) и конзолно започнуваат на висина од 3.75м. Просторот омеѓен со пиластрите (2.40м) исто е премостен лачно со радијално поставените тули, а над нив повторно се протега ѕидаријата во истата рамнина сé до лачно завршениот венец од запчесто поставените тули. Централно во вака

формираната рамка втисната е една слепа ниша со димензии 1.30 x 2.20м, кој што е формирана се два реда на скалесто повлечени тули. Вака формираниот елемент за артикулација изместен е од вертикалната симетрија на западното поле, така што неговиот почеток од северозападниот агол на црквата е на 2.15м, а истиот почнува на 1.40м од спојот на полето со источниот дел на северната фасада.

Долниот дел од западната фасада е оформен со високо камено постоље, кое што се јавило поради фактот што карпестиот терен нагло се повлекува на долу пред оваа фасада, па така, се наметнала потребата од формирање на вештачки насип пред фасадата поради достигнување на нивото на влезот во црквата. Каменото постоље на јужниот дел е високо 4.70м, а на северниот 2.10м.

Средишниот дел на западната фасада продолжува над каменото постоље до висина од 8.60м (сл.48). Тоа ги следи принципите на формирање на фасадите на црквата во западниот дел. Па така, повторно во централниот дел се исфрлаат од површината на фасадата два пиластри со димензии 0.65 x 0.25м. Просторот помеѓу нив (2.55м), премостен е со лакот радијално поставени тули. Површината над лакот со висина од 1.10м како и кај другите делови продолжува во иста рамнина со пиластрите. Во вака формираното поле во долниот дел пробиен е широк правоаголенотвор за главниот влез во црквата. Над влезот, во горниот дел изведен е прозорец како бифора. Три скалесто поставени лаци ја повлекуваат бифората од површината на ѕидот. Во горниот дел лаците се изведени од радијално поставени тули, но за разлика од лаците на другите страни на западниот дел, каде што тие целосно се изведуваат со тули, кај бифората вертикалните делови на лаците се изведуваат со наизменично поставување на еден камен блок и две хоризонтално поставени тули. пО периметарот на вака формираната бифора се движи една трака на запчесто поставени тули.

Источната фасада на црквата Св.Архангел Михаил е поставена на терен со најмали висински разлики (само 1.20м). Нејзината висина во осовината на фасадата, до кровниот венец е 4.36м. Централно од површината на фасадата

кон исток исфрлена е за 1.57м апсидата на црквата. Таа е широка 4.11м, а висока 4.31м. Апсидата во долниот дел е тристрана. Три плитки слепи ниши ја артикулираат површината на апсидата. Во овој дел апсидата е полукружна. Точно во осовината, средната ниша е перфорирана со една мала монофора изведена со камени профили. Над монофората, на површината над апсидата изведен е уште еден елипсоведен прозорец, повторно со рамка од камени профили.

*Градежни фази*

Прашањето за постоење на повеќе градежни фази на црквата Св.Архангел Михаил е мошне комплексно, како од аспект на обемот на поединечните градежни фази, така и од проблемите сврзани околу видот на таквите интервенции, т.е. дали притоа станувало збор за обнови на постари градби или пак тоа биле доградби кон постарите објекти. Уште во првите белешки за архитектурата на оваа манастирска црква се отвора прашањето за постоење на повеќе градежни фази. Имено, Ф.Месеснел[198] смета дека манастирската црква е ктиторство на Кралот Марко, но дека таа претставува обнова на една многу постара црква. Во педесеттите години на овој век повеќе автори се произнесоа околу градежните фази на црквата Св.Архангел Михаил, при што тие имаа различни мислења. Па така, В.Петковиќ[199] смета дека прво бил подигнат источниот дел на црквата, а потоа дека во времето на кралот Марко била подигната западната црква. Спротивно на него, А.Дероко[200] смета дека првобитната црква имала форма на збиен вписан крст во западниот дел, а дека подоцна на исток црквата била продолжена со еднокорабниот источен дел.

Во своите забелешки од проучувањата на архитектурата и живописот на црквата на манастирот Св.Архангел, Д.Коцо[201] мисли дека не може западниот

---

[198] Ф.Месеснел, *Сūари срūски сūоменици,* во: Споменица Јужне Србије, Скопље 1937, 384.

[199] В.Петковић, *Пре̄глед црквених сūоменика кроз ūовесницу срūско̄а народа,* Београд 1950, 265.

[200] А.Дероко, *Монуменūална и декораūивна архиūекūура у средњовековној Србији,* Београд 1953, 190.

[201] Д.Коцо, *Неколку нови ūодаūоци за средновековниūе сūоменици во Македонија,* Гласник на музејско конзерваторското друштво на НРМ бр.2, 11-15.

дел на црквата да се смета за постар од источниот. Тој ги забележал и остатоците од попречниот западен лак на црквата, при што бележи дека "втората црква" имала арки поставени на конзоли над кои што се издигала куполата.[202]

Во текот на 1964/65г отпочнаа конзерваторско-истражувачки работи врз црквата, а со крајна цел да се подготви проект за конзервација и реставрација на архитектурата и живописот. Обемните конзерваторско-истражувачки работи изнесоа на виделина некои податоци кои што подоцна беа толкувани во разјаснувањето на проблемите околу фазите на црквата. Во извештајот од овие истражувања на Д.Ќорнаков[203] по однос на архитектурата се потенцира заклучокот дека на црквата има три градежни фази и тоа: како прва фаза би било подигањето на денешната источна црква и тоа во втората половина на XII век. Како втора фаза би било доградувањето на западната црква во времето на Волкашин и Марко; и трета фаза би била обновата на источниот и западниот дел во 1861г.[204] Ваквите констатации се најчесто прифатени и провејуваат во различните белешки околу архитектурата на црквата Св.Архангел Михаил, со некои модификации во однос на датирањето на фазите.[205]

Како што веќе беше истакнато, првите научници кои што пишуваа за фазите на манастирската црква Св.Архангел Михаил (В.Петковиќ, А.Дероко, Д.Коцо), своите заклучоци за градежните фази ги темелеа врз опсервациите на северниот ѕид. Ова е од таму што сé до конзерваторско-истражувачките работи врз црквата, нејзиниот западен и јужен ѕид беа целосно малтерисани и не можеше да биде согледана нивната оригинална ѕидарија. Од друга страна, на северната фасада, како сега, така и порано, очигледна беше различната ѕидарија на двата дела на овај ѕид, како и вертикалната спојна фуга помеѓу

---

[202] Д.Коцо, *Неколку нови йодайоци,* 13.

[203] Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истражувачки радови на архитектури и живопису цркве св.Арханђела код Прилейа,*ZZSK XVIII (1967), Beograd, 91-98.

[204] Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истраживачки радови,* 94.

[205] П.Миљковиќ-Пепек го поместува датирањето на западната црква во крајот на XIII век; спор: П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архитектура,* во:Прилеп и прилепско низ историјата, прилеп 1971, 94; Д.Ќорнаков слични констатации изнесува и во своите подоцнежни трудови; спор: :Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Сйоменици на културата на Македонија,* Скопје 1980, 174-178; исто и Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* Скопје 1995, 227-234.

двата негови делови (сл.42). Ваквата состојба и денес го актуелизира прашањето за постоење на повеќе фази на овој ѕид. Како најстара треба да се земе ѕидаријата во централните делови на на источниот дел на северниот ѕид. Таа е изведена со употреба на грубо кршени камења со најразлични димензии. Ѕидаријата започнува под фрагментот од трите хоризонтално поставени тули и се движи нагоре до висина од околу 4.0м, до висината на прозорецот на исток, за потоа да се спушти скалестодо нивото на темелите. Нагоре, над оваа груба камена ѕидарија, до висина на камениот венец, како и на крајниот источен дел на северниот ѕид со ширина од 4.0м, следи слична камена ѕидарија но овој пат со местимична употреба на тула и тоа најчесто кршена. Широките појаси на камен се раздвојуваат со нецелосно изведените хоризонтални редови на тула. Оваа ѕидарија ја карактеризира и поголемата употреба на малтер како врзивно средство. Ваквата ѕидарија секако дека се должи на интервенциите врз овој ѕид при обновата на црквата во 1861г.

Западниот дел на северната фасада има сосема различна структура од источната половина. Тој е изведен во мешана ѕидарија - камен и тула и тоа во градежниот опус *"cloisonné"*. Оригиналната ѕидарија е зачувана во долниот негов дел. Таа не е секогаш доследно изведувана. Па така, во најдолниот дел се поставуваат големи правоаголни камени блокови (два реда), од каде што следат помали грубо делкани камења со ретка употреба на тула во вертикалните спојници. Во овој дел хоризонталните редови на тула се двојни или тројни. Нагоре, следат редови на ѕидарија со различна висина (0.15-0.45м), кај кои што варираат вертикално поставените тули и тоа од една до три. Тука хоризонталните редови на тули најчесто се единечни, а местимично може да се појави дуплирање на редот хоризонтални тули. Во третиот ред под слепата ниша целосно се изведува еден двоен хоризонтален ред на тули.

Горните површини на западниот дел на северниот ѕид претрпеле повеќе преправки и обнови. Имено, со рушењето на оригиналната купола над западниот дел, дошло до обновувања на делови од овој ѕид (сл.42). Од фотографијата јасно може да се разграничат преѕидувањата кои почнувале од почетокот на лакот со тула и се простирале околу лакот. Преѕидувањата се

изведени при обновата на црквата во 1861г. Во интервенциите од таа година врз северниот ѕид било и пробивањето на постоечката слепа ниша на оваа фасада и нејзино претворање во врата што водела до катихуменот на спрат. Притоа, до овој ѕид биле доѕидани и камени скали со натстрешница со дрвени столбови преку кои се искачувало на спратот. Со последните конзерваторско-истражувачки работи овие доградби се отстранети и повторно е затворена слепата ниша и тоа со тули хоризонтално и вертикално поставени. Оштетените горни површини лево и десно од лакот повторно се изведени со *"cloisonné"* а некаде само со хоризонтални редови на камен во алтернација со хоризонтални редови на тула. Исто и запчестата трака под лакот од тули е во реконструкција, а според делумно зачуваниот остаток од ваквата трака над источниот почеток на лакот од тули.

Аналогно на преѕидувањата и интервенциите што ги споменавме на надворешната ѕидарија на северниот ѕид, од фотографиите изработени за време на конзерваторско-истражувачките работи на црквата Св.Архангел Михаил, може да се пратат промените и од неговата внатрешна страна. Па така, спојот на источниот и на западниот дел на овој ѕид можел да се следи по вертикална линија почнувајќи од под прозорецот[206] па сé до големата карпа што е вклопена во рамките на овој ѕид (сл.43). Од источниот дел на ѕидот сочувани се делови кои што свртуваат под агол кон југ. Западниот дел на ѕидот е прилепен до тие остатоци. Од фотографиите може да се види и дека ѕидаријата на источниот дел на ѕидот од внатрешната страна, како и од неговата надворешна страна е изведувана со грубо кршени камења со различни димензии. На западната половина од северниот ѕид, внатрешната ѕидарија е со грубо изведувани хоризонтални редови на камен и на тула.

Сосема е евидентно дека на северниот ѕид на Св.Архангел Михаил, исклучувајќи ги преѕидувањата и реконструкциите, дека можеме да одвоиме две градежни фази и тоа: на источниот и на западниот дел. Свртувањето на источниот дел на ѕидот на неговиот западен крај под агол - ни сугерира дека

---

[206] Прозорецот бил пробиен во текот на обновата од XIX век, а при конзерваторско-истражувачките работи повторно бил затворен од надворешната страна.

ѕидот тука завршувал. Од друга страна западниот дел на северниот ѕид е изведен како равна површина без своја завршница под агол, што укажува на податокот дека овој ѕид бил подоцна придодаден кон постариот источен дел на ѕидот. Или може да се каже дека деловите на источниот дел на ѕидот, изведени со обична камена ѕидарија (v.supra) се остатоци од постар дел од ѕид над кои што подоцна бил доѕидан западниот дел на северниот ѕид на црквата.

За разлика од првите истражувачи на црквата Св.Архангел Михаил, кои што постоењето на повеќе фази на градбата го поставија според опсервациите на северниот ѕид, истражувачите на црквата после конзерваторско-истражувачките работи на архитектурата на објектот и после отстранувањето на малтерот од западната и јужната фасада, постоењето на градежни фази на црквата го проследуваат според наодите на јужниот ѕид.

Во првиот извештај од конзерваторско-истражувачките работи на Д.Ќорнаков[207] тргнувајќи од претпоставката дека црквата е изведена во две фази, меѓу другото стои дека е поставена сонда во внатрешноста на црквата и тоа на местото на спојот на ѕидовите на источната и западната црква и дека јужниот ѕид на западната црква има своја завршница точно на тоа место. Во Извештајот[208] од следните конзерваторско истражувачки работи изведени во 1977г, а чија што цел беше изготвување на елаборат за конзервација, реставрација и презентација на црквата Св.Архангел Михаил, се оди и понатаму при што се потенцира дека е откриена спојна фуга во горната ѕидна партија (од надворешната страна) на јужниот ѕид, на местото каде што се спојуваат ѕидовите на источната и западната црква. И нешто понатаму стои дека: "Вертикалниот судир на јужните ѕидови од двете цркви паѓа надолу, во зоната на подот од црквата и испод него во *искршена крива* (м.з.) која навлегува према запад во ѕидната маса на западната црква".[209]

---

[207] Д.Ќорнаков,*Конзерваторско-истраживачки радови,*93.

[208] Извештајот е подготвен од авторите: М.Пренџов, Д.Ќорнаков, Б.Бабиќ и е заведен во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во Скопје по број 06-79 од 10.01.1978г.

[209]М.Пренџов, Д.Ќорнаков, Б.Бабиќ, *Извештај,* 9.

Ваквите цврсти констатации условија при конзервацијата на архитектурата, а со цел да се презентираат двете фази на јужната фасада, да се изврши фугирање на ѕидаријата на западниот дел на јужната фасада со црвеникав малтер и негово диференцирање од другиот источен дел (сл.46).

Според нашите наоди од анализата на ѕидаријата на јужниот ѕид произлегуваат неколку констатации. Треба да се истакне податокот дека горните партии на делот источно од парот пиластри на јужната фасада биле често предмет на интервенции и поправки. Имено, централно на оваа површина, при обновата во 1861г бил пробиен прозор, лачно засведен и изведен со камени профили. Исто и од фотографии пред изведувањето на конзерваторските работи врз црквата (сл.45) се гледа дека ѕидот лево и десно од прозорецот бил преѕидуван со камен во 1861г, така да денешниот опус *"cloisonné"* со кој е заѕидан прозорецот, како и на површините до него е изведен при конзерваторско-реставраторските работи на архитектурата на црквата.

Кај следните три реда ѕидарија под заѕиданиот прозорец евидентна е фуга некаде под средината на прозорецот. Тука хоризонталните редови ѕидарија не продолжуваат од пиластерот до работ кај прекршувањето на ѕидот, туку се прекршуваат и се изведуваат со различна висина. Следните редови на ѕидарија надолу, континуирано се пренесуваат по целата површина на полето - од пиластрите до неговиот раб. Единствената разлика што кај нив се заприметува е разликата во фугирањето, кое што беше изведено при конзерваторските работи.[210] (сл.46)

Од наша страна сметаме дека има одредени неправилности при изведувањето на вертикалната фуга претставена како "спој помеѓу источната и западната црква". Имено, после гореопишаните три реда ѕидарија под заѕиданиот прозорец, следат уште два реда каде што изведувањето на фугата иако со одредени резерви би можело да се прифати. Кај следниот ред подолу фугата по вертикала е изведена пред парот на вертикално поставените тули. Доколку претходно тука завршувал ѕидот од "западната црква", тоа значи дека

---

[210] Ваква разлика немало пред конзервацијата, спореди (сл.И скелиња)

вертикално поставените тули би се нашле на аголот на фасадата и со целата своја површина би излегле на другиот дел на прекршувањето, што не е возможно да се прифати.[211]

После овој ред, надолу вертикалната "спојница" паѓа токму на средината на неколку камени блокови надолу, па поради тоа тоа таа се изместува и се прекршува кон запад, и повторно се маркира пред неколку вертикално поставени тули, прекршувајќи се час во лево, час во десно. Според горенаведените забелешки, сметаме дека делот на јужниот ѕид што се протега на исток од полето оформено со парот пиластри па сé до прекршувањето на фасадата (што всушност значи целиот западен дел), дека не е граден во две градежни фази, туку дека настанал истовремено. Фугата во горните три реда што претходно ја посочивме можела да настане како плод на подоцнежни интервенции и преправки на ѕидот, со оглед на фактот што таа се наоѓа на горните делови кои што често биле рушени и преѕидувани.[212]

На ова место сметаме дека е потребно да се осврнеме на проблемот на таканаречената "источна црква". Имајќи го предвид до сега изнесените мислења околу источната црква, преовладува впечатокот дека проблемот повеќе е превземен и елабориран по некоја инерција од претходните истражувачи, отколку што тој на вистински начин и со материјални докази е истражуван од подоцнежните истражувачи. Па така, уште во првиот извештај од конзерваторско-истражувачките работи на Д.Ќорнаков[213], стои дека истражувачките работи се базирани врз основа на претходните проучувања и дека се поставени сонди во внатрешноста на црквата се цел да се разјасни дали е постара источната или пак западната црква. Во извештајот понатаму стои дека во наосот на црквата пронајдени се остатоци од западниот ѕид на источната црква со што се покажа дека таа е постара градба. Како заклучок во извештајот се наведува дека првата градежна фаза кај црквата Св.Архангел

---

[211] Аглите секогаш се оформуваат со камени блокови или со хоризонтално поставени тули. Типичен пример за оформувањето на аглите на фасадата ни нуди токму оваа црква; спор: сл.јужна фасада.

[212] Единствено кај оваа фуга хоризонталните редови на ѕидарија не се континуирани по тој дел на фасадата.

[213] Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истраживачки радови,* 93.

Михаил е подигањето на источната црква, односно источниот дел на денешната црква и тоа во втората половина на XII век.[214]

Понатаму, другите автори само ги потврдуваат ваквите констатации за источната црква.[215] Значителен простор му посветиле авторите на Извештајот[216] на проблемот на источната црква. Тие пред сé се занимаваат со расветлувањето на проблемот на гореопишаниот спој на источната и западната црква на јужната фасада на црквата. Притоа се смета дека подоцна, после градењето на западната црква, источниот ѕид бил преѕидуван и дека ја добил денешната прекршена форма.

Наша основна забелешка на овие претходни мислења е тоа што никој од авторите не ги посочува остатоците од јужниот ѕид за кои што смета дека му припаѓале на таканаречената источна црква. Имено, сосема е јасно дека источниот дел на јужниот ѕид (делот после прекршувањето), претрпел одредени преѕидувања, но се поставува прашањето, дали доколку претходно постоел ѕид на источниот дел на јужниот ѕид и тој се срушил, дали тој се срушил сосе темели и тоа по вертикала на спојот помеѓу двете цркви?

Исто и ако се прифати претпоставката дека источниот дел на јужниот ѕид во првата фаза продолжувал право (што значи дека претходно немало прекршување на фасадата), тогаш повторно се јавува проблем на спојот помеѓу двата делови на ѕидот. Односно, при доградбата на западниот дел на ѕидот спојот помеѓу нив би бил изместен, т.е. тие би се спојувале само со половината на своите површини.[217]

Според нашите опсервации на теренот, делот на ѕидот кај прекршувањето се меша од нивото на темелите па нагоре, што значи дека

---

[214] Истите констатации авторот ги повторува во прилогот за манастирот Св.Архангел; спор: К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија,* 177.

[215] П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архитектура,* 94; И.Велкоски, *Преглед и краток опис на културно-историските споменици на територијата на општина Прилеп,* Прилеп 1996, 23; Во своето последно дело за македонските манастири, Д.Ќорнаков само уште ја додава констатацијата дека остатоците од источната црква ги следиме во долните делови на олтарната апсида.

[216] М.Пренџов, Д.Ќорнаков, Б.Бабиќ, *Извештај бр.06-79, passim.*

[217] Нема никаква градежна логика податокот дека при евентуалното доградување на западниот дел на јужниот ѕид, тој да го промашил со половина своја страна постариот источен ѕид. Инаку ваквата спојка се добива доколку во основата се продолжи правецот на протегање на источниот дел на јужниот ѕид (цр.30).

деловите што следат кон исток и кон запад се едновремени. Ако кон ова се придодадат и претходно изнесените забелешки околу едновременоста на целиот западен дел на јужниот ѕид (сметајќи од прекршувањето на средината па сé до крајниот југозападен агол на црквата), произлегува констатацијата дека целиот јужен ѕид на црквата Св.Архангел Михаил настанал во текот на една градежна фаза. Ваквата наша констатација наоѓа потврда и во опсервациите на темелите на јужниот ѕид, односно тие се движат по контурите на горните делови на ѕидот и го пратат неговото прекршување на средината. Ова секако не значи дека ги исклучуваме подоцнежните поправки и помали измени врз структурата на овој ѕид.

Долните партии на западниот дел на јужниот ѕид во текот на своето постоење претрпеле најмалку измени. Глобално земено тие се ѕидани со *"cloisonné"* опусот, но има сегменти каде што е отстапувано од тој принцип. Вградените камени блокови се со различни димензии, а помеѓу нив најчесто се поставува по еден хоризонтален ред на тули. Хоризонталните редови на тули често се дуплираат на местата каде што во редот ќе се најдат пониски камења. Во вертикалните спојници помеѓу камените блокови се поставуваат по две вертикално поставени тули, а нивниот број исто на места може да варира од една до три вертикални тули. Во ѕидаријата на масивните пиластри многу поретко ги среќаваме вертикално поставените тули. Централно поставената широка монофора во текот на обновата во 1861г била затворена, за да подоцна со конзерваторските работи таа да ја добие својата оригинална форма.

Исто така во текот на обновата од XIX век на овој дел на јужната фасада, во горните партии извршено е преѕидување на срушените делови и тоа околу лакот со тули што ги опфаќа пиластрите. Тоа важи и за горните делови лево и десно од од лакот и тоа на горните површини на другите две полиња. Во текот на конзерваторско-истражувачките работи делумно е заменета оваа груба ѕидарија со опус *"cloisonné"*.

Состојбата на источниот дел на јужниот ѕид е многу посложена од онаа на западниот негов дел.[218] Ѕидната структура на источниот дел може да се подели на три хоризонтални појаси што се протегаат по целата широчина на овој дел. Најдолниот појас е изведен со погруба ѕидарија од камен и тула, поставувани во местимични хоризонтални редови. Забележливо е отсуството на вертикалните тули во спојниците со што оваа ѕидарија се разликува од онаа на западниот дел. Веќе напоменавме дека кај прекршувањето на фасадата редовите на оваа ѕидарија се мешаат со ѕидаријата од западниот дел што зборува за нивната едновременост. Можно е денешниот изглед на оваа ѕидарија да е плод на настанати оштетувања на овие делови на ѕидот и подоцнежните поправки. Но сепак, отсуството на опусот *"cloisonné"* не би го поврзувале со поправките со оглед на податокот дека на ниеден негов дел нема вертикално поставени тули. Впрочем појавата на ваквата погруба ѕидарија може да се објасни и со фактот дека овој дел на ѕидот е на нерамен терен со голема висинска разлика (околу 4м). Ваквата ѕидарија на источниот крај на ѕидот завршува токму на нивото на теренот и по хоризонтала продолжува кон западниот дел, па сосема логично би било таа тука да се појавува како појас за изравнување.

Над него следи појасот со ѕидарија во опусот *"cloisonné"*. Исто и овој појас претрпел одредени преправки но сепак лесно е согледлив неговиот градежен систем. Тој е изведуван како и на западниот дел на јужната фасада, односно со по еден хоризонтален ред на камен во алтренација со еден хоризонтален ред на тула (повремено удвоен), додека во вертикалните спојници помеѓу камењата најчесто се поставуваат по две вертикално поставени тули. Границата помеѓу овој појас и оној најгорниот не е цврсто одредена како што беше случајот со долниот појас. Па така, *"cloisonné"* продолжува нагоре на источниот и западниот крај, за да на крајните горни делови него да го замени чисто камената ѕидарија од обновата во 1861г.

[218] Ваквата наша поделба на источен и западен дел е применета само како физичка поделба на ѕидот после неговото прекршување и не означува негова поделба на две градежни фази.

Централно на овој дел поставена е една слепа ниша со два бочно поставени прозорци. Изведувањето на камената профилација за нишата како и за прозорците укажува дека тие биле тука поставени во времето на обновата во 1861г. Прашањето за третиот прозорец кој се наоѓа на долниот дел на оваа фасада е нешто посложено. Наодите укажуваат дека претходно тука постоел повисок отвор, кој подоцна бил претворен во прозорец. Сличноста на матреријалот употребен за делумното затворање на отворот наведува на можноста дека тој бил затворен набрзо после ѕидањето на ѕидот. Горните делови на овој отвор се ремоделирани во текот на обновата, на што секако дека укажуваат камените профили на рамката на прозорецот. Во текот на конзерваторско-истражувачките работи во долниот агол на источниот дел на јужната фасада пробиен е отворот со кој се овозможи пристап до супструктурата на црквата.

Состојбата со внатрешната страна на јужниот ѕид и исто така сложена како и неговата надворешна - фасадна страна. Ова особено се однесува на внатрешниот средишен дел каде што се спојуваат источниот и западниот дел на јужниот ѕид. Своевремено во текот на конзеваторско-истражувачките работи на овој простор беше направена сонда со цел да се пронајде спојот помеѓу источната и западната црква. Во извештајот[219] стои дека јужниот ѕид на западната црква завршува точно на местото каде што завршувал јужниот ѕид на источната црква, а покрај тоа на местото на спојување се одбележува дека постои завршница на живописот на западниот дел на ѕидот.

Ваквите констатации иако се точни и не мора да означуваат "спој" на источната и западната црква.[220] Имено, според нашите опсервации на ѕидаријата во внатрешноста на сондата (иако анализата е отежната поради новиот слој на малтер), јасно се забележува дека некои камења од источниот дел на ѕидот се мешаат со зад ѕидаријата на западниот дел. Завршетокот на западниот ѕид едноставно може да се објасни со тоа што најверојатно на тоа место подебелиот источен дел од ѕидот тука се прекршувал под агол и се

---

[219] Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истраживачки радови*, 93.

[220] Тоа најдобро се покажа со анализата на "спојот" на надворешната фасада (v.supra)

спојувал со западниот дел (инверзно на прекршувањето од надворешната страна на ѕидот). На тој начин предните редови на камења кои што се исфрлале од површината на јужниот ѕид за да го оформат прекршувањето, природно не можеле да продолжат кон западната ѕидна маса со што се создала привидна неповрзаност помеѓу источниот и западниот дел. Камењата пак од источнио дел на ѕидот кои што не биле исфрлани нанапред слободно можеле да продолжат кон запад.

Но има елементи од овој дел на јужниот ѕид кои бараат дополнителни објаснувања. Имено источниот дел на ѕидот продолжувал преку спојот со западниот дел при што тој ги покривал фреските на западниот дел.[221] Со конзерваторско-истражувачките работи овие делови беа отстранети, а остатоци од ова преклопување оставени се само во долниот дел на ѕидот (сл.49). Единственото објаснување за ваквиот делумен преклоп е тоа дека источниот дел на јужниот ѕид од својата внатрешна страна претрпел сериозни оштетувања и дека во текот на обновата делумно бил преѕидуван, при што се јавило и ваквото преклопување.[222]

Анализата на структурата на источната фасада открива ѕидарија настаната во текот на повеќе интервенции. Најдолниот слој што налегнува над нерамното земјиште и завршува во висина на почетокот на плитките слепи ниши на апсидата, ја сочувал својата изворна состојба. Делот јужно од апсидата изведен е со груба камена ѕидарија со повремено вметнување на тули (што потсетува на долните површини на источниот дел на јужната фасада). Долните делови на апсидата покажуваат дека првобитно таа била тристрана. Едниот ред ѕидарија под нишите на апсидата изведен е со делумен *"cloisonné"* и тоа со по една вертикално поставена тула во спојниците помеѓу камењата. Другите делови на источната фасада во поголем или во помал обем претрпеле одредени преправки и преѕидувања. Тогаш целосно се преѕидани горните

[221] Ваквото преклопување се забележува на постарите основи на црквата каде што нема прекршување на јужниот ѕид во внатрешната негова страна; спор: А.Дероко, *Монументална и декоративна,* сл.276; како и кај Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 229, каде што е претставен планот на црквата од пред конзерваторските работи.

[222] Слично преклопување и појачување се јавило и кај северниот ѕид, при што овој пат тоа се јавило поради израмнувањето на различните широчини на неговите источни и западни делови.

делови на источниот ѕид (во зоната на окулусот), додека делумно (само од надворешната страна) преѕидана е школката на апсидата.

Ѕидаријата на овие делови е како и кај деловите на северната фасада (v.supra) кај кои што исто така дошло до поголеми преправки во текот на обновата од XIX век, а таа се состои претежно од грубо обработени камени блокови со повремено вметнување на нецелосни хоризонтални редови на тула.

Анализата на западната фасада на црквата е проследена со најмалку проблеми, иако и таа самата била предмет на обемни интервенции (сл.48). Оригиналната ѕидарија што е зачувана некаде до две третини од нејзината висина се изведува во градежниот опус *"cloisonné"*. Притоа, интенција е тоа да биде оформено со еден хоризонтален ред на тули и по две вертикално поставени тули, но како и на другите фасади се јавуваат и варијации во опусот, при што може да се појави местимично дуплирање на хоризонталниот ред, а во вертикалните спојници може да се појави само една тула. Горните делови на оваа фасада и тоа над завршетокот на бифората подоцна биле преправани.

Најпрво во текот на обновата од 1861 г.[223] овие делови биле преѕидани со груба камена ѕидарија, за да при изведувањето на конзерваторските работи, камената ѕидарија биде заменета со повторно изведениот *"cloisonné"*. Некаде на границата на стариот и обновуваниот дел (во висина на средината на бифората), на површините на пиластрите и лево и десно од нив, се појавува една трака од три реда на хоризонтално поставени тули што припаѓаат на оригиналната ѕидарија.[224]

Исто така за време на обновата кон широкиот портал биле придодадени мермерни полустполпчиња над кои бил премостен лак од тула. Со конзервацијата на архитектурата, ваквите приѕидувања се отстранети и над отворот за врата поставен е голем мермерен архитрав. Целата западна фасада

[223] За обновата дознаваме од мермерната плоча кој била поставена над бифората, а подоцана ве текот на конзервацијата на архитектурата таа била симната од фасадата со цел да се врати првобитниот изглед на бифората; спор: Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истражувачки радови*, 93.

[224] Тоа добро се гледа од постари фотографии (сл.48), додека со конзерваторските работи и со фугирањето траката стана понејасна.

во 1861г била израмнета со придодавање а ѕидарија на страничните делови до пиластрите.[225]

За постоењето на трем пред западната фасада најрано можеме да зборуваме според зачуваните портрети на кралот Волкашин и кралот Марко (насликани нешто после 1371 г.), поради што може да се претпостави постоење на покриен простор предвлезот на црквата како и за нивна заштита од атмосферски влијанија. Сепак, по 1861 г. овој дел на црквата бил темелно преуреден со поставувањето на отворениот трем кога што биле поставени и мермерните столбови.

Поставувањето на високата дрвена камбанарија најчесто временски се вклопуваше со обновата од 1861г, но некои елементи укажуваат дека таа може да е подоцнежна. Имено од фотографиите (сл.48) се гледа дека деловите од западниот ѕид кои што биле пробиени за да се постави камбанаријата се кршени. Со оглед на фактот дека тоа се делови на фасадата што се преѕидувани во 1861г (според камената ѕидарија и малтерот), сметаме дека немало потреба доколку камбанаријата била истовремено планирана и поставувана, да тие делови бидат така грубо кршени (односно тие би завршувале со раб). Во прилог на ваквите претпоставки оди и податокот на Јован Хаџи Васиљевиќ, кој зборува за обичниот трем пред црквата што го видел при неговата посета на Прилеп.[226]

Поради дотраеноста на тремот и дрвената камбанарија за време на конзерваторско реставраторските работи, тие беа отстранети и беше конструиран нов трем со употреба на постарите мермерни столбови.

*Структурен систем*

Структурниот систем на црквата Св.Архангел Михаил е делот што најмногу страдал во текот на постоењето на градбата. Општа претстава за тоа каков бил структурниот систем на црквата во XIII век ни дава фреската на која што е претставата на моделот на црквата во рацете на ктиторот Јован (цр.33,

---

[225] Ваквата ѕидарија е отстранета со конзерваторските работи.
[226] Ј.Хаџи Васиљевић, *Прилеп и његова околина,* Београд 1906.

сл.50). Од моделот на црквата јасно може да се види дека таа имала две куполи (цр.32).

И покрај шематизмот што во себе го носта вака претставените градби, некои глобални црти за структурниот систем сепак можат да се подвлечат. Паѓа во очи близината на двете куполи, при што повисоката е поставена централно на градбата, додека пак пониската е поставена на западниот дел. Од куполата над западниот дел зачувани се остатоци врз основа на кои може да се изврши делумна реконструкција на изгледот. Основен патоказ за тоа се четирите агли на западниот дел каде што делумно се зачувани почетоците на лаците кои ја носеле куполата (сл.49).

Најдобро се зачувани почетоците на лаците на јужниот ѕид и според нив била направена реконструкција на ширината на лаците што ја носеле куполата на источниот и западниот нејзин крај.[227] На својата северна и јужна страна тамбурот директно налегнувал на делови на северниот и јужниот ѕид на црквата (на тоа ни укажува бордурата на фреската со композицијата Чудото во Хона насликана на северниот ѕид). Вака формираното поле во основата има трапезоидна форма, додека пак преминот во елипсовидната основа за тамбурот највероватно било изведено со помош на пандантифите од кои нема остатоци. Димензиите на средишните дијагонали на елипсовидниот тамбур имале значителни димензии и тоа 4.60м во правецот исток-запад и околу 5.0м во правецот север-југ.

За жал од поголемата, централна купола не останало ништо. Сепак можеме да изнесеме неколку претпоставки, и тоа дека нејзиниот конструктивен склоп бил сличен на куполата на западниот дел, со оглед на фактот што и после сите испитувања на ѕидовите и темелите на црквата, не открија постоење на пиластри или други конструктивни елементи на кои таа би била поставена.

[227] Првиот доказ за постоењето на купола над овојдел го согледал Д.Коцо уште пред да бидат изведени конзерваторско-истражувачките работи, и тоа според крајот на фреската со композицијата на Предавството на Јуда. Но Д.Коцо, смета дека лаците се исфрлени на конзоли, мислење што се покажа како неточно со оглед на фактот што со отстранувањето на доѕидувањата на овие делови се покажа дека лаците почнуваат од ѕидовите; спор:Д.Коцо, *Неколку нови йодайоци,* 13.

Според тоа, источната купола била поставена над целата ширина на наосот (околу 5.20м). На исток куполата би се потпирала на сводот изведен над олтарскиот простор, додека над западниот дел можно е изведување на уште еден широк лак и тоа кај појачаните делови на северниот и јужниот ѕид.

Времето на рушење на вака изведените куполи останува непознато.[228] Сигурно е дека нивното рушење не настанало како што понекогаш се нагласува поради одронување на големи гранитни масиви од Марковите Кули,[229] туку тоа настанало најверојатно од статички причини. Имено и двете куполи имале значителни димензии (околу 4.6м и 5.2м), додека припремата за конструкцијата што ги носела е прилично слаба (односно отсуствуваат пиластри и подолжни лаци), па тие се носеле само на ѕидовите. Дури и пиластрите на надворешната фасада се поставуваат повеќе од формални причини, на средината на полето, а не на неговите краишта, аналогно на позицијата на лаците од внатре, со што би ги прифатиле силните бочни притисоци. Последица на ваквите конструктивни "пропусти" е податокот што претходно го нагласивме, а тоа е дека страдале сите горни делови на ѕидовите на црквата (каде што делуваат бочните притисоци), и токму во тие делови бил насочен најголемиот обем на градежни активности превземени при обновата на црквата во 1861г.

Притоа, конструктивниот склоп бил целосно изменет. Тогаш до ѕидовите на црквата од внатрешната страна биле приѕидани четири пара на пиластри меѓусебно поврзани со лаци над кои бил поставен полукружен свод.[230] Со последните конзерваторско-реставраторски работи , отстранети се пиластрите и сводовите од XIX век, и над источниот дел на црквата подигнат е полуцилиндричен свод, а над западниот дел изведена е реконструкција на лаците и куполата.[231]

---

[228] Дури се поставува и прашањето дали куполите се срушиле двете едновремено.
[229] И.Велев, *Преглед и краток опис,* 23.
[230] Спореди ги основите на црквата цитирани во *fn.221*
[231] Реконструкцијата на куполата што е изведена во 1986г не се базираше врз конкретни наоди на објектот, туку на поширoки аналогии на куполи од XII-XIII век на подрачјето на Костур и Арта; спор: *Записник бр.08-532 од 24.03.1981г.*, поднесен во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од авторите Б.Бабиќ, Д.Ќорнаков, М.Пренџов.

*СуūсШрукција на црквата - каūела*

Прашањето за постоењето на капела под западниот дел на црквата Св.Архангел Михаил, слично како и со прашањето на источна и западна црква, проследено е со доста проблеми и недоречености. Доказите за постоењето на капела во супструктурата на црквата беа фундирани со пронаоѓањето на остатоците од ѕидот во западниот дел на црквата, што се протегал по средината на црквата и тоа во правецот исток-запад (сл.49, цр.54).

На ѕидот беа откриени фрески со остатоци од владетелски фигури со што се покажа дека ѕидот припаѓал кон некогашна капела (сл.51). Глобалното датирање на остатоците од фреските во капелата во XII век, го отвори проблемот на односот на капелата со таканаречената источна црква која исто така се датираше во XII век. Односно, сосема беше јасно дека тие два градежни дела на црквата меѓусебно не корелираат, па поради тоа извештаите и заклучоците по однос на нив беа презентирани самостојно без компаративно да се анализираат консеквенците од едновременото присуство на источната црква на источниот дел на градбата и само капела во супструктурата поставена на западниот дел.

Потоа, се наметна прашањето за тоа кој дел од овие два е постар - источниот, како што најчесто се посочуваше или пак капелата. Па така, П.Миљковиќ-Пепек смета дека капелата е постара градба и дека таа можеби била дел на црква на два спрата.[232]

Во своето последно дело, раководителот на конзерваторско-истражувачките работи на црквата Св.Архангел Михаил, Д.Ќорнаков во делот посветен за овој проблем ги изнесува следните заклучоци: "За постоењето на црква во 12 век на местото на денешната ни сведочат делумично сочуваниот сочуваниот северен ѕид на некогашната црква и фрагментарно сочуваниот фреско-живопис, со видливи елементи на кралски портрети, фрагменти со

[232] Авторот според остатоцита од живопис со фигурата на архиерејот претпоставува дека првобитната црква била посветена на Св.Никола; спор: П.Миљковиќ-Пепек, *Црковна архиШекШура,* 94.

ликови на светци складирани во шутот под подот на денешната црква во нејзиниот западен дел."[233]

Податокот што поранешните истражувачи остатоците од ѕидот во правец исток-запад ги сметаат за остатоци од северен ѕид на некогашна црква, резултираше со тоа да во една фаза на конзерваторско-истражувачките работи бидат превземени ископувања пред западниот дел на јужниот ѕид на црквата, а со цел да се најдат остатоци од темели од аналогниот јужен ѕид на капелата.[234] Но остатоци од паралелен јужен ѕид на оној денешниот, не беа пронајдени со што се отфрлаат претпоставките дека остатоците од северниот ѕид се остатоци од некогашна самостојна црква или капела. За тоа најдобро зборува податокот дека внатрешната ширина кај влезот во капелата е само 1.58м!

Покрај оваа наша забелешка ќе посочиме уште неколку наши согледувања поврзани со супструктурата на црквата Св.Архангел Михаил. На прво место би дошла анализата на северниот ѕид на капелата. Секогаш кога се пишуваше за него се користеше терминот - *остатоци од северен ѕид.* Но ако можеме да зборуваме за остатоци од живопис зачувани на овој ѕид, од нашите согледувања на теренот произлегува заклучокот дека не станува збор за "остатоци" од ѕид - туку за целосно изведен северен ѕид во супструктурата на црквата (цр.54). Тоа значи дека овој ѕид без присуство на фуги и дилатации, кои би сугерирале негови преправки и доградувања, се протега од западниот ѕид на црквата па сé до средината на црквата каде што тој претходно се судирал со ѕидот од средината поставен во правецот север-југ.[235]

Ѕидот почнува некаде од средината на западниот ѕид на црквата и после околу 2м, се прекршува со цел да се избегне големиот карпест масив што и денес е видлив во северната половина на супструктурата (сл.49). Поради спојувањето на овој ѕид со западниот ѕид на црквата евидентно е дека тие припаѓаат на иста градежна интервенција (сл.52). Некаде на 1.70м од западниот

---

233 Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 228.

234 Бабиќ, Д.Ќорнаков, М.Пренцов, *Записник бр.08-532 од 24.03.1981,* Републички завод за заштита на спомениците на културата.

235 Денес спојот со овој ѕид го нема бидејќи со конзервторските работи на ова место бил пробиен отвор за комуникација во супструктурата на црквата.

ѕид на црквата се поставува уште еден попречен ѕид во правец север-југ, кој што се подвлекува под гореопишаниот северен ѕид. Висината на овој ѕид е само околу 1.20м и тој завршува во висина на долната бордура на остатоците од насликаната композиција со владетелски фигури (сл.53).[236] Со ова била формирана препрека во чија што висина бил изведен насип и бил оформен подот на капелата.[237]

Во овој контекст би се осврнале и на прашањето на ѕидот кој што од источната страна ја дефинира капелата оформена во супструктурата на црквата СвАрхангел Михаил. Постоењето на овој ѕид беше евидентирано уште во првиот извештај од конзервторско-истражувачките работи на црквата, а тоа според авторот Д.Ќорнаков беше еден од клучните докази како за постоењето на "источната црква", така и за тоа дека таа е постара од "западната црква".[238] Но дека работите не беа така едноставни покажаа проширувањата на ископувањата во супструктурата на црквата за што сведочи веќе наредниот извештај во кој буквално стои: "Попречно на овој ѕид (се мисли на северниот ѕид на капелата - м.з.) од источната страна се најдени остатоци од ѕид во правец север-југ. Овие остатоци не се поврзуваа со северниот или јужниот ѕид на црквата и од истите не можеше да се утврди неговата припадност." [239] Овде фразата дека не може да се утврди неговата припадност најверојатно дека се однесува на тоа дали ѕидот припаѓал (на она како што црквата се дефинираше), на источната или пак на западната црква. Па според нашето мислење овој ѕид единствено можел да припаѓа кон капелата изведена во супструктурата на црквата.

Понатаму на запад од црквата има уште едно одделение што може да се припише кон постарата градба. Тоа е делот што е изведен пред западната фасада, а кој што имал задача да ги премости висинските разлики на теренот

---

[236] Дека овој ѕид не продолжувал нагоре јасно се гледа од фотографиите пред конзерваторските работи.

[237] Денес ѕидот е делумно срушен поради обезбедување на комуникација низ супструктурата на градбата. Во долните делови што останале се забележува провлекување на некои од камењата од овој ѕид под јужниот ѕид на црквата, што го покажува нивното едновремено настанување.

[238] Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истраживачки радови*, 93.

[239] М.Пренцов, Д.Ќорнаков,Б.Бабиќ, *Извештај бр.06-79,*4.

присутни пред западната фасада и да обезбеди еден поширок правоаголен простор пред главниот влез на црквата. Во долниот дел тоа е една правоаголна просторија засведена со полуцилиндричен свод во правецот север-југ.[240]

На прв поглед спојната фуга што се појавува помеѓу јужниот ѕид на оваа просторија и западниот ѕид на црквата (во делот на грубата камена ѕидарија), може да сугерира дека просторијата на запад е подоцнежна. Но сепак, при проверката на нејзиниот јужен ѕид од внатрешната страна видливо е дека истата таа фуга од внатре се движи по целиот периметар на ѕидот, отсликувајќи ја така неговата спојка со сводот и со западниот ѕид на просторијата.[241]

На делот на западниот ѕид на црквата каде што почнува сводот на просторијата нема видливи интервенции што би значеле дополнително вметнување на сводот на западниот ѕид на црквата, напротив, западниот ѕид континуирано преминуваво сводната конструкција. Сето ова ја покажува едновременоста на ѕидот од западната фасада на црквата со другите делови на оваа просторија во супструкцијата на црквата.

После изведувањето на сводот во западната просторија над него бил поставен насип со цел да се достигне висината на влезот на црквата. Инаку самиот јужен ѕид на долната просторија претрпел некои измени во текот на своето постоење. Тука мислиме пред сé на отворите во ѕидот чија што оригинална форма и ѕидарија е добро согледлива од неговата внатрешна страна.[242] Ѕидаријата на внатрешното лице на ѕидовите поради тоа штотие не биле малтерисани, добро е согледлива и се состои од грубо кршени камења со најразлични димензии со местимично вметнување на хоризонтални редови на тула.

---

240 Оваа долна просторија локалното население ја нарекува "лудница", што посредно укажува на нејзината намена, а тоа е за лекување на умноболни лица. Ова е сосема во склад со посветата на манастирската црква на архангел Михаил, кој често се појавува како лекар-исцелител и тоа најчесто на душевните заболувања. За ова поопширно во: Ц.Грозданов, *Свети Наум Охридски,* Скопје 1995, 8.

241 Тоа значи дека оваа фуга ја "создала" технологијата на ѕидање и тоа прво западниот ѕид на црквата и западниот ѕид на просторијата биле премостени со сводот, а потоа јужниот ѕид на просторијата бил изѕидан за да се затвори тој простор.

242 Лакот на отворот за врата што денес е изведен од камени профили, од внатре е изведуван со комбинација на камен и тула.

Останува уште да го образложиме пристапот до просториите во супструктурата. Влезот во просторијата на запад од црквата (тнр. "лудница"), бил обезбеден од јужниот нејзин дел со изведувањето на отвор на фасадата. Многу посложено е прашањето за влезот во капелата. Односно, денешните пристапи до овој дел на супструктурата на црквата, т.е. оној на јужната фасада и отворот од "лудницата" кон капелата се пробиени за време на конзерваторско-истражувачките работи. Во сегашната состојба на црквата, во југозападниот нејзин агол од внатре,постои еден квадратен отвор во подот (денес покриен со мермерни плочи) низ кој може да се слезе во првата мала просторија пред капелата. При изведувањето на армирано-бетонската плоча како меѓукатна конструкција помеѓу супструктурата и наосот на црквата бил изведен и овој отвор во конструкцијата. Во претходните извештаи од конзерваторско-истражувачките работи нема никакви укажувања за тоа дали и претходно тука постоел отвор во конструкцијата (сл.53). И покрај тоа слободни сме да претпоставиме дека во тој дел на црквата треба да се бара и првобитниот отвор од каде што се слегувало во капелата. На тоа укажуваат неколку наоди. Со почетокот на ископувањата нивото на насипот од земја (а со тоа и подот) во капелата и малата просторија пред нејзе биле во висина на ѕитчето (приближно 1.20м), а тоа не било изведено со целосната висина токму поради пристапот во капелата од таа страна.

* * *

На крајот ќе ги потенцираме главните елементи кои произлегуваат од претходно изведената анализа за фазите на архитектурата на манастирската црква Св.Архангел Михаил во Прилеп. Веднаш ќе кажеме дека трба да се отфрли од порано прифатената поделба на црквата на "источна црква" и на "западна црква", и тоа од неколку основни причини. Имено, и покрај податокот дека кај северниот ѕид на црквата имаме присуство на две градежни фази (фази за доградба), остатоците од постарата фаза, евидентирани во долниот источен дел на северниот ѕид се скромни за да можеме да зборуваме за постоење на источна црква. Сите претпоставки од поранешните истражувачи за евидентирање на повеќе градежни фази како резултат на постоењето на

источна и западна црква на јужната фасада на црквата , според сите наши наоди се покажаа како неточни.

Понатаму, остатоците под подот на црквата од ѕидот што се протега во правец север-југ, што на почетокот беа означени како остатоци од западен ѕид на источната црква се покажа дека всушност припаѓале на капелата на црквата. Исто така беше изнесено мислењето дека долните делови на источната фасада ѝ припаѓале на источната црква;[243] што не може да се прифати бидејќи тие се ѕидани во опусот *"cloisonné"* кој е карактеристичен за западните делови на градбата и се разликува од евидентираните постари остатоци на северниот ѕид градени само со кршен камен.

Слични констатации произлегоа и од анализата на супструктурата на црквата. Односно, поранешните тврдења дека капелата во супструктурата треба да се зема како градба која му претходела на градењето на западниот дел на црквата се покажаа како неточни. Тоа јасно го покажа северниот ѕид на капелата кој што е споен до западниот ѕид на црквата и кој што е истовремен со него. Нивото на насипот пред конзерваторско-истражувачките работи беше само до поранешната висина на подот во капелата, што покажува дека заедно со градењето на горните делови на западниот дел на црквата, исто и капелата била изградена и ставена во функција, и токму поради тоа тој дел не е целосно насипан, за разлика од долните делови под источниот дел каде што денеска се наоѓаат остатоците од превртените карпи со живопис, а кои што не биле ставени во функција, па тој дел целосно бил насипан до висината на подот.

---

243 Д.Ќорнаков, *Македонски манасшири,* 228.




цртеж бр.31
Св.Архангел Михаил
попречен пресек



цртеж бр.32
Св.Архангел Михаил
хипотетичка реконструкција на куполи



цртеж бр.33
Св.Архангел Михаил
ктиторска композиција

## I.4.3. СПРАТОТ НА НАРТЕКСОТ КАЈ ЦРКВАТА СВЕТА СОФИЈА

Архитектурата на охридската катедрала - црквата Св.Софија е долги години во спектарот на интереситањето на многубројните учени. Почнувајки од првите посериозни анализи на Г.Мије[244], преку значајните опсервации на Д.Коцо[245], Бошковиќ и Томовски[246], се́ до последните монографски трудови посветени на нејзината архитектура од Б.Шелевалд[247] и Б.Чипан[248], историјата на архитектурата на Св.Софија и нејзината хронолошко-фазна и стилска анализа се́ уште претставува отворено поглавје полно со недоумици, несигурности и различни толкувања. Ваквата состојба пред се́ е условена од интензивната градежна историја на црквата проследена со многубројни преправки и адаптации.

Нашето интересирање ќе го фокусираме само на некои делови на Св.Софија, што рамковно се врзуваат за архитектурата на XIII век. Уште првите истражувачи на црквата забележале дека црквата настанала во текот на повеќе градежни фази.[249] Најмногу полемики предизвика градењето на бочните капели и одредувањето на нивната хронолошка припадност, кон градбата од XI век или пак кон некоја друга засебна фаза (цр.36). Со оглед на фактот што во јужната капела над ѓакониконот е пронајден живопис што глобално се датира кон крајот на XII или во XIII век, како и тоа што во последното дело посветено на архитектурата на Св.Софија, авторот Б.Чипан и градењето на капелите го врзува за XIII век, ќе направиме краток екскурс со наше мислење околу овој проблем.

Имено, авторите кои ги сметаат капелите за подоцнежни доградби воглавно се потпираат на аргументацијата на Д.Коцо[250] околу "неконструктивното" поврзување на источните ѕидови на капелите со главната апсда, како и според отворите за дрвени греди на јужниот ѕид на северниот

---

[244] G.Millet, *L'ecole grecque, passim.*

[245] Д.Коцо, *Црквата Св.Софија,* Зборник на ФФ, 2 (1949), 343-358.

[246] Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековната архитектура,* 76-84.

[247] B.Schellewald, *Die Architektur der Sophienkirche in Ohrid (Dissertation),* Bonn, 1986.

[248] Б.Чипан, Св.Софија: катедрален храм на Охридската архиепископија, Скпоје 1995.

[249] А.Антонин, *Изъ Румелiи*, 61 ff.

[250] Д.Коцо, *Св.Софија,* 349-353.

параклис за кои Коцо смета дека се остатоци од покривната конструкција над протезисот. Ваквото мислење го отфрла Б.Шелевалд со констатации дека промената на материјалот од тула на главната апсида во ќелијаст (cloisonné) систем, ја условила појавата на овие спојки, а дека отворите во ѕидот со различната своја големина и меѓусебно растојание не се остатоци од покривна конструкција, туку тоа се остатоци од отвори за скелиња. Таа го потенцира сличниот пристап во ѕидаријата на капелите со другите делови на источната фасада, како и тоа едновременото градење на капелите со другиот дел на градбата типолошки би се вклопило во цариградските текови вообичаени кај крстовидните цркви.[251] Како што веќе беше нагласено Г.Чипан го поместува градењето на капелите заедно со обновата на спратот на нартексот во XIII век.[252]

Егзактен одговор околу градењето на капелите (заедно со градбата од XI век, или како подоцнежна интервенција), и денес е тешко да се даде, со оглед на тоа што влезот во нив е тешко достапен (северната капела е целосно затворена), па заклучоците мораат да се базираат само на неколкуте претходно објавени фотографии.[253] Сепак, што се однесува до нивното поврзување со градежната фаза од XIII век (коа се вршени интервенциите врз спратот на нартексот), мораме категорички да ја отфрлиме ваквата претпоставка и тоа поради следните причини: ѕидаријата што е карактеристична за спратот на нартексот (ќелијаст систем со еден хоризонтален ред на тула и во спојниците помеѓу камените блокови по две вертикално поставени тули, v.infra), ја нема на ѕидовите на капелите.[254] Понатаму, Б.Чипан ја посочува појавата на дел од меандер на јужниот ѕид на јужниот параклис како индикација за неговото ѕидање во XIII век. Но, вака изведен класичен меандер нема на спратот на нартексот, таму е изведуван

251 B.Schelewald, *Sophienkirche,* 77-82.
252 Б.Чипан, *Св.Софија,* 118.
253 Д.Коцо, *Св.Софија,* сл.10, 11а и 11б.
254 Б.Чипан, *Св.Софија,*118; ја припишува појавата на еден ред на *cloisonné* на јужниот ѕид на јужната капела на XIII век сметајќи дека тука се појавува опусот 1+2. Но треба да се каже дека под и над овој ред се наоѓаат површини изѕидани целосно со тула, па така не може да се земе дека *cloisonné* е формиран со еден хоризонтален ред на тули (цр.36).

скратен меандер, напротив, дел од класичен меандер има помеѓу лаците на слепите ниши од северниот ѕид на култата со скали и тоа на делот од XI век (сл.63). Тука би напоменале дека го делиме мислењето на Б.Шелевалд дека, ѕидаријата на источните ѕидови на капелите концепциски одговара на ѕидаријата од долните делови.[255]

Интервенциите на спратот на нартексот беа забележани непосредно после почетокот на конзерваторските работи (1950-1957 г.). На почетокот Р.Љубинковиќ[256] забележува дека на западниот ѕид на нартексот има градежни интервенции изведени најверојатно во текот на XII или XIII век. Со напредувањето на конзерваторските работи по отстранувањето на покривот над нартексот и егзонартексот беа откриени остатоците од живопис што сугерираше поинакво конструктивно решение над централниот травеј на спратот на нартексот (сл.56-57). Во извештајот за конзерваторските работи на Св.Софија, Р.Љубинковиќ се определува дека тоа била кула-камбанарија која доколку не припаѓала на првобитната градба тој смета дека била подигната најдоцна до средината на XIII век.[257] Иста констатација изнесува и Б.Чипан во извештајот за конзервацијата на архитектурата на црквата.[258]

Д.Коцо преправките на спратот на нартексот ги сместува во XIII-XIV век (според керамопластичната декорација) и нагласува дека, над централниот дел се издигала една кула или купола што била подоцна срушена за време на османлиската власт.[259] За издвојувањето на спратот на нартексот како засебна градежна фаза стилски поврзана со архитектурата на Св.Климент за кратко се осврнува Х.Халенслебен.[260] Прашањето за спратот на нартексот на Св.Софија

[255] Би го нагласиле уште само лачното засведување на прозорците на капелите со камени профили, што е сосема различно од засведувањето на бифората со радијално поставени тули, а што е идентично со сите други прозорци на источната фасада.
[256] Р.Љубинковић, *Конзерваторска испитивања на цркви Св.Софије у Охриду,* ЗЗСК II, 1 (1951), 201.
[257] R.Ljubinković, *Sveta Sofija u Ohridu,* vo: Konzervatorski Radovi, 13; ваквото датирање е условено од погрешната проценка дека фреските на спратот на нартексот се од втората половина на XIII век.
[258] B.Čipan, *Konzervatorski radovi na arhitekturi*, Konzervatorski radovi, 26.
[259] D.Koco, *Nouvelles considérations,* Archeologia Iugoslavica II (1956), 141.
[260] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 315.

е елаборирано и во последните две дела посветени на архитектурата на црквата.[261]

*Опис на градежните работи изведувани на спратот на нартексот и обид за реконструкција на неговиот изглед после оваа фаза*

Градежните работи изведувани во оваа фаза всушност оддаваат една темелна реконструкција на спратот на нартексот. Денешната состојба на западниот ѕид укажува на тоа дека тој бил преѕидан и тоа над постоечките отвори за греди од тремот на приземјето. Во долниот дел се јавува еден слој на груба камена ѕидарија со висина од 1.20м. После ова следи многу погрижлива обработка на ѕидот до неговата целосна висина (5.10м), со делкани камени квадери во алтернација со тули, и тоа со еден хоризонтален ред на тули и со по две вертикално поставени тули во спојниците помеѓу камењата. Некаде на средината од ваквата ѕидарија, поставен е еден хоризонтален троен декоративен фриз со широчина од 0.90м. На средината фризот е изведен со дијагонално поставените керамички плочки како *opus reticulatum*, а горе и голу тој е опфатен со тули поставувани како латинските букви "Z" и "S" (траки на скратен меандер) (сл.61).

Потполната реконструкција на изгледот на овој ѕид е оневозможена со подоцнежните негови оштетувања и интервенции.[262] Денес не може да се забележи спојот на овој ѕид со западниот ѕид на кулата со скали поради слојот на фрески од втората половина на XIV век.[263] На околу 4.05м лево од отворот за врата се јавува вертикална фуга и поле со груба ѕидарија кон север со ширина од околу 2.0м. И покрај тоа што повремено можат да се следат редови на тула и камен, сепак јасно е дека станува збор за подоцнежни оштетувања на овој дел од ѕидот. Вертикалната фуга во внатрешноста коинцидира со иста таква. Делумно на внатрешната фуга видлива е бордура од живописот (1340-45

[261] B.Schellewald, *Sophienkirche,* 83-104; 160-165; Б.Чипан, *Св.Софија,* 118-121; забелешките во овие дела по ова прашање ќе бидат компаративно разгледувани во понатамошниот текст.

[262] За причините за поголемите оштетувања на овој ѕид v.infra.

[263] Слојот се протега на широчина од 4.5-5м од север со што го покрива ѕидот на кулата и почетокот на ѕидот на спратот на нартексот.

г.) што продолжува кон внатрешноста на ѕидот, а што сугерира постоење на прозорец.

На јужниот дел на ѕидот постои еден правоаголен прозорец. Тој со трите страни е ограничен со оригиналната ѕидарија (*cloisonné* 1+2) и според денешната негова состојба нема посериозни индикации кои би укажувале на подоцнежното пробивање на прозорецот. Сепак, попрво прозорците треба да се сметаат за подоцнежни интервенции и тоа поради неколку причини. Јужниот прозорец нема никаква профилација од тули во неговата рамка, изведен е како монофора, и концепциски сосема е различен од бифората на јужниот фронтон.[264] Според распоредот на сликаната декорација во внатрешноста, сосема е јасно дека прозорците (северниот и јужниот) постоеле во времето на живописувањето на спратот.[265]

Во горните површини над јужниот прозорец присутна е прво ѕидарија само од тула, а потоа, од висината на дрвените затеги до крајот на ѕидот видлива е груба ѕидарија на редови на камен и тула, што секако зборува за подоцнежните рушења и преѕидувања на овие делови на ѕидот.[266]

Во централното поле на западниот ѕид, денес се наоѓа врата пробиена како комуникација на нартексот со егзонартексот. Над нејзе има една лачно засведена полукружна ниша, исполнета со редови на тула. Слојот на фрески што се протега околу вратата оневозможува да се претпостави што постоело на местото на денешната врата.

Јужниот ѕид на спратот на нартексот, како и неговиот западен ѕид е целосно преѕидан во оваа градежна фаза (цр.36, сл.64). На долната негова половина, во западниот дел, најдобро е зачувана оригиналната негова ѕидарија. На почетокот изѕидани се неколку редови на грубо делкани камени блокови што се комбинираат со хоризонталните редови на тула, а неправилните вертикални спојници помеѓу блоковите се пополнуваат со по неколку

[264] Б.Чипан на овие места реконструира бифори спор: Б.Чипан, *Св.Софија*, 131; според нашиот увид отисоци од камено мено на долната површина на прозорецот нема.
[265] Б.Шелевалд смета дека прозорците биле пробивани непосредно пред живописувањето и тоа поради подобро осветлување на просторот, спор: B.Schellewald, *Sophienkirche*, 161.
[266] Овие оштетувања настанале после живописувањето, што се гледа од фактот дека од внатре точно на овие површини нема живопис.

хоризонтално поставени парчиња на тули. Над овој слој, следи грижливо изведуваниот cloisonné, со еден хоризонтален ред тули и две вертикално поставени тули во спојниците. Источната половина на јужниот ѕид денеска е под слојот на сивкаст малтер и неговата ѕидарија не може да се види.[267] Крајниот источен дел, што денес не е под малтер покажува камена ѕидарија, што е плод на подоцнежни интервенции.

На средината на долниот дел од јужниот ѕид се простира едно правоаголно поле со груба камена ѕидарија, што укажува на затворање на некогаш постоечка врата. За тоа дали оваа некогашна врата била поставена во оваа фаза, со сигурност тешко може да се одговори. Имено, кај дрвениот надвратник со кој што е премостуван отворот, видливи се траги од интервенции врз ѕидната маса, што зборува за тоа дека тој е дополнително поставуван. Од друга страна, правилните вертикални контури на отворот (посебно левата), сугерираат дека можеби таа била планирана при ѕидањето на ѕидот. Соседната врата од кулата на егзонартексот покажува дека просториите каде што тие воделе, постоеле во 1313/14 г. Отворите за дрвени греди во долниот дел на јужниот ѕид укажуваат дека тоа биле градби со дрвена конструкција. Стои претпоставката дека можеби тоа биле галерии (пасажи) што директно ја поврзувале црквата со одредени делови на архиепископската палата.[268] Индикативно е меѓутоа, тоа што од внатре на спратот на нартексот, во делот на вратата е формиран засебен травеј, потесен и понизок од останатиот простор на спратот.[269] Исфрлањата на ѕидовите со кои е формиран овој јужен травеј денес се покриени со малтер и не може да се утврди дали се тоа подоцнежни интервенции. Но со наша проверка на спуштениот свод, недвосмислено се потврди неговата врска со јужниот фронтон.[270] Вакviот

[267] Вакviот слој на малтер е подоцнежна интервенција врз ѕидот и најверојатно се простирал по целата негова широчина. Остатоци од овој малтер има и на соседната кула на егзонартексот.

[268] B.Schellwald, *Sophienkirche,* 160.

[269] Целото поле е со должина од 4.96м што одговара на должината на северното поле (4.90м), па немало формална потреба за неговата поделба на два травеи.

[270] Треба да се напомене тоа дека разликата помеѓу сводовите не се одразува во висината на јужниот триаголен фронтон, кој е на иста висина со северниот. Ова е решено со поставување на повисок насип над сводот од јужниот травеј, што значи дека неговата артикулација е само во внатрешноста.

посебен третман на јужниот травеј, според тоа, може да укажува на постојна врска помеѓу него и надворешните пристапи во спратот на нартексот.

Горната половина на јужниот ѕид од надвор опфатена е со една ниша, повлечена од рамнината на ѕидот, а која што е формирана со два реда на радијално поставени тули (сл.64). На површината на нишата впишан е еден троен лак. Забележлива е неговата изместеност од вертикалната оска кон запад, што условило двете бочни ниши од тројниот лак да имаат различни димензии. Тие воедно и различно се декорирани, при што левата целосно е исполнета со вертикално изведувана рибина коска, додека пак десната има два реда хоризонтална рибина коска, а горе исполана од хоризонтални редови на тула. Во средината на тројниот лак, поставен е прозорец-бифора , опфатен со два реда на тули.

Лево и десно од нишата, ѕидаријата претрпела разни преправки. Левиот агол на јужната страна подоцна бил покриен со градењето на јужната кула на егзонартексот. Југоисточниот пак агол, во целата своја висина бил преѕидуван. Јужниот ѕид нагоре завршува со јасно нагласена двојна запчеста трака. Од постари фотографии снимени пред конзервацијата, десно на површините помеѓу запчестата трака и лакот на нишата, може да се забележат делумни остатоци од исполна со тули скалесто поставени.[271]

За разлика од западниот и јужниот, источниот ѕид на спратот на нартексот, доѕидуван е само во горните негови делови. Како долна граница на интервенциите во оваа фаза е тројната хоризонтална трака од тули, (што во внатрешноста кореспондира со почетокот на сводот), над која што се јавува ѕидаријата карактеристична за оваа градежна фаза (*cloisonné* со еден хоризонтален ред тули и со по две вертикално поставени тули помеѓу камењата). Сепак, треба да се напомене дека во некои делови ѕидаријата на истолниот ѕид подоцна претрпела одредени поправки.[272]

[271] Завод за заштита на спомениците на културата - Охрид, *Документација за црквата Св.Софија,*фотографија бр.5.
[272] Тоа особено се забележува на неговиот северен и јужен крај и кај последниот горен ред ѕидарија.

Трите реда хоризонтално поставени тули од источниот се пренесуваат и на северниот ѕид, со што ја утврдуваат котата од која почнува надѕидувањето на ѕидот во оваа фаза. Како основа од каде што почнуваат интервенциите се користи веќе постоечкиот јужен ѕид на култата со скали. Над тројната трака од тули следи груба, претежно камена ѕидарија, со повремена употреба на тули. На крајот, северниот ѕид е завршен со триаголен фронтон со двојна запчеста трака (сл.62). Во подножјето на северниот фронтон, на иста висина како и кај западниот ѕид, се јавува траката на скратениот меандер (или "S" траката). После нејзе следи целосна исполна на површината на фронтонот со крстовидно поставени тули, кои што се врамуваат од со тули дијагонално изведените ромбови. Во долниот дел на северниот ѕид е вратата од која се влегува од кулата со скали во спратот на нартексот.

*Основа и сшрукшурен сисшем на сиратош на наршексош*

Основата на спратот е детерминирана со претходната негова положба и големина, и претставува правоаголно пространство со внатрешна ширина од 4.30м и должина од 15.30м (цр.35). Внатрешниот простор е поделен на неколку травеи *(йолиња)*. Должината на "централниот" на исток е маркирана со тројниот лак (4.0м), а на запад со парот пиластри (3.88м). На север е формиран уште еден сличен травеј со должина од 4.90м (4.78м) и ширина 4.30м. Просторот на југ го сочинуваат два помали травеи. Крајниот на југ е оформен со појачување на внатрешните контури на ѕидот по 0.28м навнатре, со што е намалена неговата ширина на 3.75м.

Структурниот систем на спратот ја следи поделбата на основата. Па така, над крајното северно поле има полуцилиндрилен свод, на спротивната, јужна страна, двата оформени травеи се покриени со полуцилиндрични сводови со различна висина, првиот со висина како северниот (5.10м), додека пак крајниот кужен травеј со полуцилиндричен свод понизок за триесеттина сантиметри. Сводовите почнуваат на висина од 3.35м, што е означено со исфрлениот корниз кој ги опфаќа сите ѕидови. Централно поставениот травеј на спратот на нартексот засведен е со полуцилиндричен свод. Со

конзерваторските работи (v.supra) и со отстранувањето на дрвениот покрив, над ова поле се открија остатоци од конструкција со делумно зачуван живопис на нив, што сугерираше дека денес постоечкиот свод бил подоцна поставен на местото на некоја постара и поинаква конструкција (сл.58-60).

Од тогаш, па сé до денес, претпоставките околу можните решенија за централниот травеј на спратот се движат во рамките на неколкуте претпоставени алтернативи. На почетокот беше сугерирано дека тоа се остатоци од кула-камбанарија.[273] Д.Коцо ја посочува алтернативата дека тука се издигала една кула или купола.[274] Ц.Грозданов пишувајки за живописот на спратот на нартексот за прв пат ја изнесува можноста дека тука била изведена слепа калота.[275]

Б.Шелевалд[276] во својата анализа смета дека многу поверојатно е од стилска гледна точка, над централното поле да се наоѓала една кула, што би корелирало со некои решенија во Епир (кулата кај црквата во Туркопалуко, за жал денес зачувана само во скромни остатоци) и Грција, со што стилски би се вклопило со другите елементи на архитектурата на спратот, што се блиски до епирската архитектура. Сепак, на крајот авторката како да нуди и алтернативно решение, а тоа е купола во склопот на една кула, при што како реминисценции на Св.Софија би се јавиле Св.Димитрија во Велес и Богородица Љевишка во Призрен.[277]

Б.Чипан од своја страна како најверојатна ја смета претпоставката дека над централниот травеј било подигнато слепа купола со низок четириаголен или осмоаголен тамбур.[278]

Но пред да преминеме кон стилска анализа на можните решенија над централното поле на спратот на нартексот, ќе се осврнеме подробно на зачуваните остатоци од оваа конструкција, и на според нив индикациите за

---

[273] Ljubinković, *Sv.Sofija,* 13; Čipan, *Konzervatorski radovi,* 27.

[274] Koco, *Nouvelles considérations,* 141.

[275] Грозданов, *Прилози йруучавању,* 42; idem: *Охридскойо ѕидно сликарсйво*, 65.

[276] Schellewald, *Sophienkirche,* 162-165.

[277] Ваквата алтернатива ја дава според забелешките на Чурчиќ околу куполите над егзонартексот на Трескавец; спор: Schellewald, *Sophienkirche,* 165.

[278] Чипан, *Св.Софија,* 121 и 125.

можностите за реконструкција на првобитниот изглед. Како што веќе беше споменато, структурниот систем на централното поле го формираат два масивни пиластри на западниот ѕид со различна ширина (0.67 и 0.74м), кои се исфрлени по петнаесеттина сантиметри од површината на ѕидот. На исток, во висина на почетокот на сводот, исфрлени се од рамнината на ѕидот, две камени плочи , со што е дефиниран просторот на централниот травеј. Граничните линии на новопоставениот свод се поклопуваат со надворешните граници на овој травеј, што значи дека, во времето на рушењето на горната конструкција, срушени се и лаците што ги поврзувале пиластрите и исфрлените камени плочи. На исток и запад се конструкциите со остатоците од фрески, што всушност се единствените релевантни остатоци врз чија што основа може да се врши реконструкцијата на изгледот. Поодамна беше забележано дека остатоците на фрески се само од средишниот дел на Илустрацијата на канонот на Јован Дамаскин за Успението на Богородица.[279]

Со нашите мерења точно го позициониравме овој фрагмент од живописот во денешниот спрат на нартексот (цр.35). Имено, живописот е централно поставен во однос на травејот и неговиот највисок дел завршува со крајот на фасадниот дел на западниот ѕид. Денешните остатоци се со должина од 2.65м и најголена висина од 0.60м. Висината на западниот ѕид од подот на спратот е 5.10м, а почетокот на сводот е на 3.35м, што значи, тука се појавува вертикална конструкција со висина од 1.75м. Ако кон ова се додаде и фактот дека горниот дел на композицијата недостасува, што според нашите мерања се движи во рамките на 0.60-0.80м, за оваа вертикална конструкција би се добила висината од околу 2.40-2.50м. Штом кон ова ќе се придодаде ширината (внатрешна) на травејот - 3.88м, тогаш во вертикална проекција би се добило едно правоаголно поле со димензии 3.88 x 2.40м. До истите заклучоци ќе се дојде ако се споредуваат остатоците од живопис на источниот дел, каде што најверојатно била насликана Богородица со Христос.[280]

---

[279] Грозданов, *Охридскоѿо ѕидно сликарсѿво,* 65.
[280] Грозданов, *Охридскоѿо ѕидно сликарсѿво,* 67.

Ѕидаријата над лаците што се издигале од пиластрите исто така е срушена. Фактот што конструкцијата на бочните сводови не продолжува над овие лаци, укажува дека над лаците се протегала вертикална ѕидарија независна од сводовите. На овој начин, над централниот травеј на спратот на нартексот, во идеална проекција со сигурност може да се реконструира едно кубично постоље на кое што понатаму се надоврзувала завршната конструкција на овој травеј. Висината на вака изведеното постоље се поклопува со висината на сводовите на бочните травеи.

Сé што понатаму ќе се реконструира ја носи тежината само на можна претпоставка (варијанта).

Веќе споменавме дека остатоците од живопис се централно поставени во однос на должината на травејот; а нивната должина се движи од 2.50 до 2.70м, што значи лево и десно останува празен простор од приближно 0.60м до почетокот на лаците над пиластрите. Доколку тука се издигнувал вертикален ѕид во целата широчина на травејот, се поставува прашањето, зошто се зачувани само централните негови површини а недостасуваат крајните? Поради ваквата состојба на зачуваните остатоци сметаме дека токму во аглите кои што недостасуваат, биле изведени пандантифи, структурно поврзани со ѕидаријата над лаците. Рушењето на лаците и ѕидаријата над нив, преку пандантифите го повлекла и рушењето на страничните делови на источниот и западниот ѕид.[281] Поради ова, според наша проценка, сосема е возможно постоењето на пандантифите во аглите на кубичното постоље. Посредно на ваков заклучок не наведуваат и остатоците од фреските. Имено, сцената на Илустрацијата на канонот на Јован Дамаскин за Успението на Богородица, сосема би се вклопила на една вака лачно засведена површина.[282]

Нашата претпоставка за постоењето на пандантифите, на некој начин ја исклучува можноста за постоење на кула над централниот травеј. Сметаме

---

[281] Особено се интересни јужниот и северниот крај на источниот надѕидок, каде што се евидентни неговите лачни краеви (сл.59); истото може да се забележи и кај јужниот крај на западниот надѕидок (сл.60)

[282] Грозданов, *Прилози проучавању,* 44 и цртеж1, продложена е оваа композиција на детална анализа, при што како најблиска паралела е посочена истата композиција во црквата Богородица Љевишка, сместена на слично оформена површина на ѕидот.

дека, направениот премин од правоаголна во кружна (елипсовидна) основа, го форсира постоењето на тамбур, значи купола или пак слепа калота, со која завршувала оваа конструкција (цр.35).

На крајот ќе го разгледаме проблемот со покривањето на катот на нартексот на Св.Софија, бидејќи постојат материјални остатоци што укажуваат на едно специфично решение. Имено, при отстранувањето на покривот над нартексот и егзонартексот, забележливи беа остатоците од насип и подлога од варов малтер за поставување на керамиди.[283] За разлика од источната половина на покривот каде подлогата била изведена со едноставен кос пад, на западната половина видливо е прекршувањето на косината по дијагонала, при што на запад е поставена вертикална исполна.[284] Исполната на запад е повлечена и почнува зад западниот ѕид.[285]

Вака изведената исполна посочува дека западниот ѕид на спратот на нартексот би можел да продолжува повисоко и да завршува со два триаголни фронтони над северниот и јужниот травеј.[286] Тие удирале во покривот на полето на централниот травеј, што бил повисок од другите покриви. Според нашите согледувања на исполната за покривот, таа треба целосно да му се припише на обновата од XIII век. Во следната градежна фаза, после неколку децении, кога бил доградуван егзонартексот, според јасно оцртаните триаголни фронтони на север и на југ се гледа дека над него бил подигнат двоводен покрив (сл.57), но притоа не бил изведен заеднички олук на спојот на нартексот со егзонартексот, туку како и во многу други случаи (Нерези, Перивлепта итн), тој удирал во надоѕидокот на западниот ѕид на нартексот.

Вакавата наша претпоставка ја потврдува и податокот што, со поклопувањето на јужната кула над југозападниот агол на нартексот, се

---

[283] Ова најдобро се гледа од стара фотографија, спор.ЗЗСК - Охрид, Документација - Св.Софија, фото.бр.7; сл.56-57

[284] Спореди: Косо, *Nouvelles considérations,* sl.3; Чипан, *Св.Софија,*116.

[285] Оваа исполна денес е прилично иштетена и тоа најчесто при препокривањето на покривите за време на конзерваторските работи, па така денес нејзините остатови почнуваат на 1.20-1.60м на север и југ од краевите на централниот травеј.

[286] Вакви фронтони реконструира и Б.Чипан, но во една забелешка од своите скици, пишува дека можеби е тоа преправка на покривот од XIV век при доградувањето на егзонартексот, од причини што така би се избегнало, според него, нелогичното решение за два дводни кровови (над нартексот и егзонартексот) споени со заеднички олук; спор: Чипан, *Св.Софија,*116 и 131.

наметнал и проблем за одведување на водата од јужната половина на нартексот и егзонартексот. Поради тоа на својот јужен крај, олукот бил повлечен малку наназад и бил пробиен со кршење на долниот дел на јужниот фронтон на нартексот.[287]

Ваквото решение со покривите на нартексот и егзонартексот условило да се јават поголеми оштетувања на делови од западниот ѕид на спратот на нартексот (v.supra). Подоцна кога е срушена горната конструкција над централниот травеј и кога е поставуван заедничкиот покрив над нартексот и егзонартексот, западниот ѕид на нартексот е користен како основа каде што била поставена дрвената конструкција, па поради поставувањето на хоризонталните врзни греди, неговите триаголни завршетоци биле отстранети и добиена е неговата хоризонтална површина, со што исто така се објаснува и повлеченоста на денес постоечката исполна за покривот:[288]

---

[287] На северната половина немало ваков проблем бидејки на крајниот северен дел водата слободно се одлевала на исток над понискиот покрив на кулата со скали.
[288] Треба да се потенцира и фактот дека се забележливи интервенциите на последниот ред на овој ѕид.




цртеж бр.35
Св.Софија
аксонометриска
реконструкција




цртеж бр.36
Св.Софија
јужна фасада

### I.4.3. СВ.ДИМИТРИЈА ВО ПРИЛЕП[289]

Црквата Св. Димитрија не настанала во текот на еден градежен потфат, но таа во денешниот свој изглед настанувала во текот на повеќе градежни активности меѓусебно временски оддалечени и по повеќе десетици години. Акцентот во овој дел е ставен на опишувањето на архитектурата на црквата во нејзината денешна состојба, со краток екскурс на крајот околу одредувањето на обемот на поединечните градежни фази.

Основата на црквата денес ја сочинуваат повеќе делови меѓусебно одделени со масивни ѕидови (цр.37). Јадрото на црквата го сочинува наосот кој што е поставен во правец на оската исток - запад. Од двете страни (северната и јужната) паралелно со главната оска на црквата, тој е ограничен со просториите на анексите, кои што завршуваат со бочни капели. Овие три простори на исток завршуваат со три апсиди, додека пак од запад се опфатени со еден попречно поставен нартекс. Надворешните димензии на црквата се: на исток и запад - 11.43 м., на север - 13.65м. и на југ - 13.95м. Нејзината вкупна височина (од подот во наосот до завршната обработка на куполата) , изнесува 10.64м.

*Наос*

Наосот го зазема централниот дел на црквата. Тој е поделен на два травеи изразени само во горната структура на градбата. Така, над источниот травеј на наосот кој е со димензии 3.30 x 3.30м се издига куполата поставена на тамбур, кој што од внатрешната страна е цилиндричен, а од надвор е поделен на дванаесет страни. Западниот травеј над наосот има форма на неправилен четириаголник со димензии на исток и на запад по 3.20м , додека северната негова страна е долга 1.90м , а јужната 1.72м. Засведен е со полуцилиндричен

---

[289] Црквата Св.Димитрија беше засебен предмет на анализа при изработката на магистерскиот труд посветен на архитектурата на оваа црква, (С.Коруновски, *Архитектурата на црквата Св.Димитрија во Прилеп,* одбранет на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет во Скопје 1996 година. Трудот е подготвен и предаден за печат. Со оглед на податокот добиен од претходните анализи дека црквата е градена во повеќе градежни фази, а најголемиот дел од активностите се одвивале токму во XIII век, сметавме дека е неопходно повторното претставување на црквата и тоа во многу поредуциран обем, адекватен на едно поширoко истражување на архитектурата во Македонија во XIII век, чиј што значаен сегмент секако дека претставува и црквата Св.Димитрија во Прилеп.

свод во правец исток-запад. Наосот на исток е ограничен со олтарната преграда - иконостасот. Оваа граница исто така е претставена и со денивелација на подот. Подот на олтарскиот простор е за 0.12м повисок од подот на наосот. На север и на југ наосот е дефиниран со масивни ѕидови, кои што го одделуваат од северниот и јужниот анекс. Дебелината на северниот ѕид е 0.81м, а на јужниот 0.78м . Врската на наосот со страничните анекси е остварена со два полукружни лачни отвори. Северниот отвор е широк 2.72м и висок 5.53м, додека пак јужниот отвор е широк 2.16м и висок 5.08м. Како и во случајот со олтарот, границата помеѓу наосот и страничните анекси е означена со денивелација на подот. Од наосот во нартексот се влегува преку отвор лачно засведен, широк 1.38м и висок 2.20м.

*Олтарски простор*

Источниот травеј на средниот брод на црквата е искористен за сместување на олтарскиот простор. Олтарскиот простор всушност е во продолжение на наосот и од него е одделен со иконостасот. За првобитниот иконостас на црквата за жал, денес немаме никакви податоци. Возможно е на ова место и порано да постоела иконостасна преграда, затоа што на околу 0.40м над денешните прегради видливи се отвори за иконостас кај сите простори на источните делови на црквата.

На денешниот иконостас се извршени преправки во поново време. Неговата конструкција е од обични дрвени греди, додека пак царските двери се најверојатно од крајот на XV и почетокот на XVI век.[290] Олтарскиот простор е сместен во правоаголно поле со димензии (1.50 x 3.20м). На источната страна завршува со полукружна апсида широка 2.10м , а висока 3.65м. Апсидата во горниот свој дел е засведена со полукалота. Олтарот во просторен смисол е едноделен, иако црквата во својот источен дел има три апсиди. Во североисточниот агол на олтарскиот простор е сместен протезисот на постоље со димензии 0.70 x 0.57м и со височина од 0.75м. Односно, протезисот е формиран со изѕидување на североисточниот агол формиран: со ѕидот до

[290] Балабанов, Николовски, Ќорнаков, *Споменици*, 178.

почетокот на отворот на север и почетокот на апсидата на исток. Ова камено постоље и денес ја има функцијата на протезис. Олтарскиот простор на својата јужна страна е затворен со ѕид широк 0.82м и нема непосредна врска со јужниот анекс. Со северниот анекс поврзувањето е преку лачен отвор широк 0.60м и висок 2.03м.

*Северен анекс*

Северниот анекс на црквата има форма на неправилен четириаголник со димензии: на север и на југ 6.80м, на запад 2.49м и на исток 2.57m. Тој е составен од три травеи во правец исток - запад, архитектонски означени само во горната структура на градбата. Во крајниот источен травеј е сместена северната бочна капела. Бочната капела е засведена со полуцилиндричен свод во правец исток - запад. На својот источен крај капелата завршува со полукружна апсида широка 1.56м, длабока 0.71м и висока 2.80м. Границата помеѓу следните два травеи на северниот анекс е видлива само во горната структура на градбата. Односно, сводовите на крајните травеи се пресечени од сводот над централниот травеј на анексот со попречно поставениот свод, во правец север - југ.

Поврзувањето на северниот анекс со наосот и со олтарскиот простор е преку двата гореопишани лачни отвори. Додека пак со нартексот е поврзан исто така со лачен отвор. Во северниот анекс се влегува и од надвор преку еден отвор изведен на северната фасада на црквата. Отворот е добиен со делимично затворање на крајниот западен лак на северната фасада со по два реда на тули од левата и десната страна на лакот. Отворот е широк 0.85м, а висок 1.75м. Денес тој е затворен со дрвена еднокрилна врата.

*Јужен анекс*

Јужниот анекс како и северниот е составен од три травеи во правец исток - запад. Тој има форма на неправилен четириаголник со страни: на исток 2.43m, на запад 2.51м, на север 6.40м и на југ 6.67м. Во неговата основа јасно е забележливо отклонувањето кон југоисток како резултат на тоа што источниот ѕид се спојува со северниот под агол поголем од 90°. Во неговиот источен травеј е сместена јужната бочна капела. Таа како и северната бочна

капела е одделена од соседните травеи на јужниот анекс со иконостасот изведен само како рамка од дрвени греди. На источната страна оваа капела завршува со полукружна апсида која што од надворешната страна е тристрана. Како што е случајот и со северниот анекс, горната структура ја карактеризира еден попречен свод над централниот травеј кој што од страните е прифатен од двата сводови над источниот и западниот травеј поставени во правец исток - запад. Поврзувањето со наосот е со гореопишаниот лачен отвор, додека пак поврзувањето со нартексот е преку лачен отвор широк 1.10м, а висок 3.10м. Подот во јужниот анекс е за 0.08м понизок во однос на подот на наосот.

*Нартекс*

Нартексот во денешната своја форма е правоаголно пространство кое што е попречно поставено со својата должина во однос на главната оска на црквата. Тој има доста големи димензии (9.74 x 4.76м). Нартексот ги опфаќа сите три брода на исток од него и со нив се поврзува преку полукружни отвори со различни димензи. На неговата јужна страна има два јаки пиластри со димензии 0.86 x 0.50м. Остатоци од пиластер има и во северозападниот агол на нартексот, како и на централниот дел на западниот негов ѕид. Неговиот под е решен на две нивоа. Влезниот портал на наосот е на неговата западна страна и има лачна форма. Тој е втиснат во правоаголна рамка повлечена од надворешната рамнина на фасадата за 0.20м. Кровот на нартексот е изведен како едноводна дрвена конструкција која што над средината е надвишена со двоводен кров, кој што на западната фасада формира фронтон.

*Структурен систем и осветлување*

Структурниот систем на црквата Св. Димитрија ги содржи сите суштински обележја на структурните системи на црквите од типот на впишан крст со купола. Односно, во кровот јасно се издвоени краците на крстот со куполата во однос на останатите кровови. Основна карактеристика на структурниот систем на Св.Димитрија е исклучивата употреба на полуцилиндричните сводови. Меѓутоа, како последица на различните фази на градење овие сводови не користат како потпори столбови или столпци (како што било најчесто случај кај црквите од типот на впишан крст), туку тие се

потпираат на масивни ѕидови. Исклучок од ова е монолитниот столб со димензии 0.40 x 0.55м во североисточниот агол на наосот на црквата.

Куполата на црквата е поставена на тамбур кој што од внатрешната страна е цилиндричен, а од надвор е дванаесетстран. Односот на неговата висина спрема неговата ширина е 1: 1.6. Преминот од квадратниот травеј на наосот кон кружната основа на тамбурот е изведена со помош на пандантифите. Пандантифите се доста немарно изведени и тие не се всушност сферни триаголници, туку само сегменти од нив. Поради тоа тие до крај не го изведуваат преминот од квадрат во круг, па така тамбурот нема чисто кружна основа туку елипсоидна. Пандантифите не почнуваат од почетоците на лаците, туку се поставени повисоко и на тој начин формираат со своите долни линии, доста неправилни чела на лаците од сводовите (на исток и на запад)и од лаците (на север и на југ).

Друга важна карактеристика на структурниот систем на црквата е различната висина на сводовите, посебно во северниот и јужниот анекс (цр.38). Во северниот анекс подолжните сводови (над источниот и западниот травеј) започнуваат на 4.70м и достигнуваат височина од 6.0м. Највисок од сите сводови е попречниот свод над централниот травеј на северниот анекс. Неговата висина изнесува 7.60м, при што тој со својата јужна страна го покрива тамбурот на куполата до висината на капителот од полустолбчето на надворешната страна. Подолжните сводови на јужниот анекс се скоро за 2м пониски од оние во северниот анекс, т.е. тие се високи 4.04м. Попречниот свод во овој анекс е висок 5.87м., а неговата висина ја следат и подолжните сводови на наосот. На тој начин се јавува и различно висинско ниво на северниот крак од крстот и останатите три негови краци кои што се значително пониски.

Горната конструкција на нартексот е решена како едноводен дрвен кров со внатрешна висина на исток - 4.28м, а на запад - 2.95м. Тој на средината е пресечен со двоводен дрвен кров, кој што на исток завршува на иста висина со едноводниот кров. Овој кров на запад е затворен со триаголен фронтон. Покривањето на сите кровови денеска е изведено со керамиди.

Општ е впечатокот дека осветлувањето во самата црква е недоволно. За тоа најмногу придонесува малиот број на прозорци на тамбурот на куполата. Имено, иако тамбурот од надвор е дванаесетстран, тој има само шест прозорци. Треба да се напомене и тоа дека на надворешната страна на тамбурот се појавуваат девет прозорци. Трите на северната страна на тамбурот не се појавуваат заради повисокото ниво на северниот свод. Другите три прозорци се затворени само од внатрешната страна на тамбурот, додека пак на надворешната страна тие формално се појавуваат. Тие се со димензии 77 х 25cm и се лачно засведени. И самото нивно позиционирање е невообичаено. Односно, по два прозорци се наоѓаат во правец на крајните точки на југоисточниот и југозападниот пандантиф, а по еден прозорец има во правец на симетралите на североисточниот и северозападниот пандантиф.

Осветлувањето во јужниот анекс е изведено со два прозорци, поставени еден над друг. Понискиот прозорец е со правоаголна форма, додека пак повисокиот е лачно засведен и затворен со транзена. Во бочната капела на овој анекс има уште еден прозорец поставен во осовината на апсидата.

Северниот анекс е осветлен преку два прозорци поставени еден над друг. Повисокиот е изведен како монофора, додека пак другиот е во форма на окулус. Во олтарот има само еден прозорец поставен во осовината на апсидата и е лачно засведен. Во нартексот има два лачни прозорци поставени на неговата западна фасада. Сите прозорци се изведени во форма на монофори што е една од карактеристиките на оваа црква.

*Градежни фази*

Како што напоменавме на почетокот, градежната историја на црквата Св.Димитрија во Прилеп е особено интересна затоа што станува за дело што настанало во повеќе фази (цр.37). Нејзината комплексна градежна структура поодамна го привлече вниманието на истражувачите. Почнувајќи со многуте патеписци и истражувачи на средновековната уметност во Македонија уште кон средината на XIX век. Па така, рускиот архимандрит Антонин, во 1865 година на својот пат низ Македнија дал опис на самата црква и изработил

цртеж на црквата[291]. Сепак, првите посериозни проучувања на црквата Св. Димитрија во Прилеп се јавуваат после 1933 година и тоа во делото на еминентниот Ѓ. Бошковиќ[292] , кој за прв пат го споменува постоењето на повеќе фази во архитектурата на црквата.

Во седмата деценија на овој век беа превземени опсежни археолошки истражувања и тоа во три наврати, во 1965[293] , 1968[294] и во 1969 година.[295] После овие сеопфатни истражувачки зафати, се пристапи кон потемелно проучување на црквата[296], а во последно време црквата Св.Димитрија често се наведуваше како еклатантен пример за склоноста во средновековната архитектура за доградување и преиначување на постарите градби.[297]

*Првобитна градба на црквата (I фаза)*

Од првобитната градба на црквата Св.Димитрија зачувани се до денес доволен број на елементи за да може со голема веродостојност да се изврши нејзината реконструкција. Најважни се секако наодите на источниот дел на денешната црква, каде што скоро во целост е зачуван источниот ѕид на првобитната црква(цр.39, сл.65 ). Па можеме да заклучиме дека, првобитната црква била еднокорабна градба со форма на благо деформиран правоаголник со димензии: на исток 3.14м, на запад 3.19м, на север 6.68м, и на југ 6.58м (цр.37, фаза I). На својата источна страна оваа еднокорабна црква имала полукружна апсида.

Источниот ѕид на првобитната црква во горниот свој дел (на висина од околу 4m од подот на наосот), формира триаголен фронтон чија што функција била да го затвори двоводниот кров. Остриот аголот под кој што е оформен

---

[291] Антонин, *Изъ Румелію*, лист 8.
[292] Ђ. Бошковић, *VII Рад на проучавању и конзервисању средновековних споменика*, Годишњак XLII СКА, Београд, 1933, 312
[293] B. Babić, Crkva *Sv. Dimitrija, - crkva, nekropola i srednovekovno naselje,* AP 7, Beograd, 1965, 173-174.
[294] B. Babić, Crkva *Sv. Dimitrija, Varoš, Prilep - srednovekovno naselje, crkva, nekropola,* AP 14, Beograd, 1972, 125-127.
[295] Б. Бабиќ, *Археолошки ископувања во и околу црквата Св. Димитрија во селото Варош кај Прилеп,* МАА 1, Прилеп, 1971, 213-241.
[296] В. Ристић, *Црква Светог Димитрија у Прилепу,* Синтеза, 3-4 (1979), Крушевац.
[297] G.Velenis, *Thirteenth-Century Architecture,* 281; S.Ćurčić, *Architecture in the Byzantine Sphere,* 58 n.20.

фронтонот е мал и не овозможува изведување на полуцилиндричен свод, кој што би почнувал на височина од околу 4м од подот на наосот.

Градежниот материјал од кој што била изградена првобитната црква го карактеризира исклучивата употреба на грубо делкани камења, и тоа за надворешна обработка на ѕидовите се употребувани поголеми камења со мала употреба на малтер како врзивно средство, додека пак за внатрешна обработка на ѕидовите се употребувани помали камења втопени во малтер. Треба да се истакне и употребата на големи мермерни блокови како сполии.

*Доградување на отворен трем кон првобитната црква (II фаза)*

Остатоци од тремот денес се видливи во долните делови на северната и источната фасада на црквата (цр.40, сл.67), како и од внатре во нартексот на северниот дел на неговиот источен ѕид. Првобитните ѕидови на овој простор зачувани се во висина на долната запчеста трака на северната фасада. За тоа јасно ни зборува промената во начинот на ѕидањето, забележливо на сите три негови надворешни страни. Тоа всушност била и нивната целосна висина. Северниот ѕид е изграден со три полукружни лаци потпрени на масивни ѕидани столпци. Своевремено овие лаци биле отворени. Тремот на својата западна страна завршувал со ѕид декориран со слеп лак што подоцна бил пробиен за отворот што води од нартексот во северниот брод.

*Претворање на црквата во двокорабна базилика со надвишен попречен свод (III фаза)*

Набрзо после градењето на тремот, следат нови интервенции врз архитектурата на црквата. Градежните активности во оваа фаза, се однесуваат исклучиво на горните делови на првобитната еднокорабна градба и на горните делови на отворениот трем. Според наодите, имаме доволен број на елементи за добивање на точна слика за тоа како всушност изгледала црквата после градежните работи изведени во оваа фаза.

Притоа, на источниот ѕид стариот фронтон е целосно зачуван и новата ѕидарија се јавува бочно од него и над него. Значително поголем обем на градежни активности во оваа фаза се изведувани на северниот дел на црквата, односно над тогашниот отворен трем. Тогаш е отстранета неговата дрвена

кровна конструкција и неговите ѕидови се искористени како основа од каде што се подигнати новите ѕидови до висината на централниот брод.

Најзначајна карактеристика на структурниот систем на црквата е вметнувањето на свод по попречната осовина на црквата, при што тој се протегал по целата тогашна широчина на црквата. Но ако ширината на подолжните сводови била однапред ограничена со ширината на просторите над кои што биле поставени, тогаш ширината на попречниот брод однапред не била детерминирана со ништо. Од тука сознанието дека тој е изведен со широчина од 3.30m, што е приближно еднаква на широчината на подолжните сводови над централниот брод (3.20м), јасно зборува за намерата на градителот за давање на целосен акцент на структурниот систем на црквата врз попречниот свод. Ова се потврдува со тоа што попречниот свод (трансептот) е повисок од останатите сводови за 1.60м (цр.39-40).

Со затворањето на лаците на тремот, црквата всушност го менува и типот на основата, односно, од еднокорабна градба со трем на северната страна, постанува двокорабна базилика. Но сепак, основното типолошко обележје на црквата Св.Димитрија во оваа градежна фаза е поставувањето на надвишениот попречен свод. Можеби поставувањето на надвишениот попречен свод на црквата бил единствениот начин таа да се доближи до најраспространетиот тип на црква - впишан крст со купола. Зошто, добиената во основа двокорабна градба единствено можела со ваквата модификацијата на нејзината горна структура да се приближи кон типот на впишан крст со купола, што само го потврдува мислењето дека надвишениот попречен свод всушност е "четириаголна купола".

*Претворање на црквата во впишан крст со купола (IV фаза)*

Активностите поврзани со последната средновековна градежна фаза на црквата Св.Димитрија, претежно се насочени на јужниот и западниот дел на црквата, при што на нејзината јужна страна се доградил еден правоаголен анекс, а нартекс на нејзината западна страна (сл.66, 68).

Горната конструкција на нартексот во текот на своето постоење претрпела големи измени и преправки. Остатоците на пиластри со

невообичаено големи димензии зборуваат за постоењето на сводни конструкции. Нивниот распоред јасно укажува дека просторот на нартексот во горната конструкција бил поделен на три травеи. Како најверојатно решение е поставувањето на крстести сводови во страничните полиња на нартексот, додека пак над централниот травеј можело да биде изградена слепа калота или крстест свод.

Во рамките на оваа градежна фаза треба да се смести и подигањето на куполата. Треба да се напомене дека нема непосредни наоди кои што со сигурност би го поставиле градењето на куполата во оваа или пак во некоја наредна градежна фаза. Тоа е и основната причина поради која што за времето на подигањето на куполата владеат поделени мислења. Најверојатно дека авторите кои што го датираат градењето на куполата во втората половина од XIV век, тоа го прават пред сé заради фактот дека на внатрешните површини на куполата се наоѓа живопис доста сигурно хронолошки ограничен на периодот од 1370-1380 година. Меѓутоа, тоа не може да биде фактор за одредување и на времето на градењето на куполата, од едноставни причини што живопис од тие години се наоѓа и на делови на сводовите и ѕидовите на источниот и западниот травеј на наосот, кои што како градежни активности се изведувани многу порано.

Еден интересен наод сосема јасно ни укажува на временската оддалеченост од градењето на куполата и нејзиното живописување. Тоа се трите затворени прозорци на слободниот дел на тамбурот. Прозорците се затворани со парчиња на тула, керамида и малтер само од внатрешната страна, додека пак од надвор тие се целосно изведувани. Ваквото затворање на прозорците сигурно не настанало во текот на градењето на куполата. Имено, тешко е да се поверува дека прозорците на куполата прво биле целосно изведени, а потоа полнети и затворани со градежен отпад. Односно, прозорците биле подоцна затворани и тоа најверојатно заради добивање на поголеми површини за живописување непосредно пред настанувањето на живописот од 1370-1380 година.




Цртеж бр. 37
Св.Димитрија - Прилеп
- основа со фази-

фаза 1 фаза 2 фаза 3 фаза 4




цртеж бр.38
Св.Димитрија
попречен пресек




цртеж бр.39
Св.Димитрија
источна фасада




цртеж бр.40
Св.Димитрија
северна фасада

# ГЛАВА II
# ТИПОЛОГИЈА

## II.1. БАЗИЛИКАЛНИ ГРАДБИ

Црквата Св.Никола во селото Манастир, како што веќе беше посочено (v.supra), типолошки припаѓа на трокорабните базилики. Со тоа таа се вклопува во групата на цркви кои што следат еден архаичен тип, долго присутен во рамките на византиската архитектура. И покрај тоа што, за разлика од некои други типови, извориштата на базиликалниот тип се сосема јасни и фокусирани во ранохристијанската базилика, секое ново евидентирање на црква со базиликална основа од средновизантискиот и доцновизантискиот период во научната јавност предизвикуваше дискусии околу причините за ваквата појава. Основниот диспут беше околу модусот на нивната појава во средновизантискиот период; односно, дали станува збор за "ренесанса" или пак за тоа дали станува збор за континуитет на типот.

На XII Конгрес на византолозите во Охрид најголемото внимание му беше посветено токму на оваа тема.[298] Притоа, еден од главните заклучоци беше дека големата појава на базиликите во централните области на Балканскиот Полуостров во периодот помеѓу IX и XI век треба да се бара во политичките аспирации на владетелите од Првото бугарско царство и нивните амбиции за поддржување и огледување на рановизантиските обрасци.[299] Ваквите тези делумно беа оспорени уште на самиот конгрес од В.Кораќ со аргументирано образложение дека појавата на средновизантиските базилики не се ограничува само на неговите централни подрачја; односно, дека таа појава е присутна и пошироко од границите на Првото бугарско царство.[300]

Дополнетите сознанија во годините што следуваа доведоа до формирање на ново гледиште, според кое што во појавата на базиликите во

---

[298] Dj.Stričević, *La Renovation du type basilical dans l'architecture ecclésiastique des pays centraux des Balkans,* CIEB XII,T.I, Beograd, 165-211.

[299] Dj.Stričević, *Renovation,* 206-211; со повлекување на слични паралели присутни и кај Карло Велики и неговиот однос кон градбите од ранохристијанскиот период.

[300] V.Korać, *Sur les basiliques médiévales de Macedoine et de Serbie,* CIEB XII, T.III, 180-182.

средновизантиската архитектура не треба да се гледа ренесанса на типот, туку дека станува збор за негов континуитет и опстојување.[301]

Ваквиот став за континуитетот на базиликата како специфична градежна форма во византиската архитектура се чини дека преовладува во поновите дела.[302] Но сепак, треба да се одбележи податокот што бројот на откриените базилики од периодот на VII-VIII век е скромен во однос на бројот на базилики посведочени од периодот на втората половина на IX век до крајот на XII век. Тоа особено важи за архитектурата на Првата бугарска држава каде што во престолнините Плиска и Преслав се пронајдени голем број на базиликални градби со различни димензии.[303] Но како што и претходно беше речено ваквата зголемена појава на базиликите не треба да се врзува само за архитектурата на Првото бугарско царство, туку пошироко за областите на Балканскиот Полуостров.

Во тој контекст ќе ја забележиме појавата на базиликите во Протатон[304], како и големиот број на базилики кои се јавуваат во текот на XI век; Сервија[305], Серес[306], Калабака[307], Верија[308]. Широк спектар на базилики од

---

[301] Ваквата претпоставка се темели врз пронаоѓањето на повеќе постари примери на базилики зачувани во јужна Грција и на островите: пр.базиликата во Ахелос, Визарион (Крит), Глики (Епир), Св.Никон (Спарта) и др; (Ch.Bouras, *Zourtsa. Une basilique byzantine au Péloponnése,* CA 21 (1971), 144.).

[302] P.L.Vocotopoulos, *Η Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική εις την δυτικήν στερέαν Ελλάδα και την Ηπείρον από του τέλους του 7ου μέχρι του τέλους του 10ου αιώνος, Θεσσαλονίκη 1992 (δευ.εκδ),* 98-99; В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура византијског света,* Београд 1998, 115-124.

[303] Тука треба да се посочи на Големата базилика во Плиска, која што се смета како една од седумте Борисови соборни цркви, а која што со своите грандиозни димензии и основа директно посочува на ранохристијанските прототипови, но треба да се проследи и појавата на тнр. девет "типски" базилики со сведени димензии и упростени основи; (К.Миятев, *Архитектурата в средновековна България,* София 1965, 79-95.).

[304] Црквата во својата прва фаза имала форма на класична базилика, фаза која што глобално се датира во X век; (P.M.Mylonas, *Les étapes successives de construction du Protaton au Mont Athos,* CA 28 (1979), 143-160.).

[305] A.Xyggopoulos, *Τα μνημεια τῶν Σερβίων,* Αθηναι, 1957, 27-37.

[306] В.Кораћ, *О архитектури катедралних цркава XI века на византијском културном подручју,* во: Између Византије и запада, Београд 1987, 59-60; со дополнителна литература.

[307] *Ibid,* 59-60; со дополнителна литература.

[308] Според остатоците од живопис се смета дека црквата е обновена во XII век; (Ch.Mavropoulou-Tsioumi, *Verroia,* in: Alte Kirchen und Klöster Griechenlands,(ed.E. Melas), Köln 1972, 127.). Овие базилики како комплекс опфатени се уште и во: Dj. Stričević, *La renovation du type basilical,* 203-204; В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* 115-119.

средновизантискиот период зачувани се во јужна Грција, на Пелопонез и на островите.[309]

Тоа значи дека, базиликата како тип на црковна градба, востановена уште во рановизантискиот период, својот втор процвет го имаше во средновизантискиот период и тоа во X- XI век. Веќе во XII век, а потоа и во XIII век ситуацијата е во многу променета, и базиликалната градба многу поретко ја среќаваме и тоа во истите тие подрачја каде што претходно се појавуваше како еден од главните текови во црковната архитектура. Па така, бугарските научници сметаат дека во овој период базиликата е на својот залез.[310] Неколкуте примери од архитектурата на Второто бугарско царство јасно го потврдуваат тоа. Како најзначајни треба да се наведат црквата Св.Четириесет Маченици во Трново, Св.Ѓорѓи во Асеновград и Св.Никола во Мелник.[311] Кон оваа листа можат уште да се приклучат и Св.Стефан (Новата Митрополија) во Несебар (XII век), црквата No.2 во Перник (XII век), црквата во Љутиброд (XIV век).

Слична констатација би важела и за подрачјето на јужна Грција и островите,[312] со забелешка дека во Мистра кон крајот на XIII век и првите децении на XIV век се јавува интересен спој на базиликалниот тип со типот на вписан крст со пет куполи (тнр. Мистратип).[313]

---

[309] Пелопонез: базиликите во Зурца, Менцена, Св.Андреја (кај Лонга), Св.Никола (Мани), Успение на Богородица во Зарафона (Лаконија), Св.Јован Теолог (Наксос), Св.Тит во Гортина (Крит), Св.Никон во Спарта итн; за овие базилики со дополнителна литература во: Ch.Bouras, *Zourtsa,* 142-149; P.L.Vocotopoulos, *Η Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,* 96 n.1-2; G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή αρχιτεκτονική της Βορειυ Ελλάδος,* in: Η βυζαντινή Τεχνή στην Ελλάδα (ed. A. Alpago-Novello, G. Dimitrokallis), Athens 1995, 92-93.

[310] К.Миятев, *Архитектурата,* 144.

[311] Црквата Св.Четириесет Маченици претрпела неколку посериози оштетувања и обнови, но општо е прифатено мислењето сека таа припаѓала на базиликалниот тип. Инаку глобално црквата се датира во втората половина на XII век или во првата половина на XIII век. Како и претходната, црквата Св.Ѓорѓи во текот на своето постоење претрпела сериозни оштетувања, но сочуваните источни делови се доволна основа за заклучокот дека црквата припаѓала кон базиликалниот тип и тоа со обемни димензии, се датира во XII век. Од црквата Св.Никола во Мелник, останале само делови од ѕидовите, а според остатоците од живописот црквата се датира во XII-XIII век; за овие цркви во: К.Миятев, *Архитектурата,* 146-150; Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура в България през XI-XIV век*, София 1988, 18-28; П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство по българските земи,* София 1987, 112-113.

[312] Од овој период првата фаза на базиликата Влахерна во Елида; спор: G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 128.

[313] Значаен е податокот што митрополиската црква Св.Димитрија во својата прва градежна фаза од 1291/92 имала базиликална форма; (M.Chatzidakis, *Mystras: The medieval city an the castle,* Athens 1994, 25-29.).

На подрачјето на Епир од втората половина на XII век ја следиме појавата на неколку базиликални градби и тоа: Св.Теодора[314] и втората фаза на Влахерна.[315] Кон ова треба да се споменат и црквите од типот со надвишен попречен свод (за овој тип v.infra), а кои во основата имаат базиликална концепција (Като Панагија, Порта Панагија, Панагија Бриони - I фаза).

Појавата на средновизантиските базилики во Македонија најчесто се поврзува со градењето на Св.Ахил во Преспа и Св.Софија во Охрид и тоа од крајот на X и почетокот на XI век.[316] За тој период редовно се поврзува и појавата на уште две базиликални градби и тоа Св.Богородица Челница во Охрид и Св.Богородица во Враништа (Струшко).[317]

Компактната групација на мали засведени базилики во Костур ја сочинуваат црквите: Св.Стефан, Св.Анаргири (Св.Врачи) и Таксијарси-Митрополис (Св.Архангели).[318] Поновите проучувања дополнително ги прецизираа датирањата на црквите и тоа од втората половина на IX век (Св.Стефан), X век (Таксијарси) и средината на XI век (Св.Анаргири)[319], со што се покажа дека традицијата на градење на базилики (иако со скромни димензии) беше присутна во Македонија и пред градењето на двете катедрални цркви.

Сепак, базиликални градби во Македонија од XII век до сега не се забележани, а црквата Св.Никола во Манастир во XIII век е единствената базилика од доцновизантискиот период во Македонија. Сето ова од една страна до некаде ги стеснува можностите за поблиска компаративна анализа на црквата во Манастир, а од друга нé наведува изворите и аналогиите за базиликата Св.Никола да ги бараме во периодот на интензивна градба на

---

314 A.K. Orlandos, *Η Αγια Θεοδώρα της Αρτης,* ABME 2 (1936), 88-104; D.I.Pallas, *Epiros,* RbK II (1968), 249; P.L.Vocotopoulos, *Arta,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands, Köln 1972, 140-141.

315 A.K. Orlandos, *Η παρα την Αρταν μονη Βλαχερνων,* ABME 2, 4–50. D.I.Pallas, *Epiros,* 260; P.L.Vocotopoulos, *Arta,* 138-139.

316 N.Moutsopoulos, *Η Βασιλική του Αγίου Αχιλλείου στην Πρέσπα,* Θεσσαλονίκη 1989; За Св.Софија спореди претходна библиографија.

317 Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековнаша архишекшура во Охрид,* Зборник на трудови, Охрид 1961, 84-85.

318 A.K.Orlandos, *Τα Βυζαντινα Μνημεια της Καστοριας,* ABME 4 (1938), Athens, 10-124; S.Pelekanidis, M.Chatzidakis, *Kastoria,* Athens 1985; N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς 9ος – 11ος αιώνας,* Thessaloniki 1992, 111-368.

319 N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς,* passim.

базилики насекаде низ Балканскиот Полуостров, и тоа во времето од IX до XI век.

Дури може да се каже дека поради грешката што беше направена од првите проучувачи на црквата (v.supra Коцо - Пепек, Манастир) при читањето на натписот и датирањето на црквата Св.Никола во 1095г, во трудовите каде што се посочува на базиликалниот карактер на црквата, тој се анализира во склопот на архитектурата од XI век, иако веќе во 1964г со повторното читање на натписот беше разјаснето дека црквата не потекнува од 1095г туку од 1266г.[320]

Но ваквите варијации и неусогласености во хронологијата на црквата воопшто не ги поместуваат оценките за архитектурата на црквата Св.Никола во Манастир. Имено, од поодамна е јасно дека базиликалниот тип на градба, како архаичен тип, не содржи во себе линија на развој според која би можеле да се детектираат подоцнежните варијанти на типот од оние што претходат.[321]

Дури се доведува под прашање и глобалната поделеност на базиликите на елинистички и ориентални[322] од едноставна причина што базиликите што се градат на Балканот во средновизантискиот период комбинираат елементи од двата "типови" и понекогаш се опишуваат како "мешани" типови.[323]

Но претходно отфрлената развојна траса во склопот на базиликалниот тип не значи и појава на униформност и стереотипност при проектирањето на базиликите; напротив, тешкотијата да познатите и новооткриени базилики се вклопат во веќе утврдената шема на елинистички или ориентални и појавата на "мешаниот" тип само ја покажува разновидноста и разнообразноста на византиските базилики и појавата на единствени и оригинални решенија кај поединечните примери, а за кои што немаме аналогии.

---

[320]Оправдано во 1961г црквата Св.Никола беше анализирана од страна на В.Кораќ во склоп на базиликите од X-XI век; спор: V.Korać, *Sur les basiliques médiévales,*178-179. Додека во 1988г базиликата повторно се става во склоп на базиликите од XI век, спор: Н.Чанева-Дечевска, *Църковнайа архийекйура,* 16.

[321] Сосема оправдано се отфрлени гледиштата кои според бројот на слободните потпори и појавата на столбови или столпци ја утврдуваа староста на базиликата; за овој проблем во: В.Кораħ, М.Шупут, *Архийекйура,*119.

[322] G.Millet, *L'école grecque dans l'architecture byzantine,* Paris 1916, 15-53, за карактеристиките на елинистичките базилики 17-36, и за карактеристиките на ориенталните базилики 36-48.

[323] Ch.Bouras, *Zourtsa,* 144.

Најдобар пример за тоа е структурниот систем на црквата Св.Никола (цр.2). Тој е комбиниран, па над централниот брод е поставен свод, додека над бочните бродови има дрвена кровна конструкција. Ваквиот комбиниран структурен систем, единствен од сите до сега познати базилики, доведе кај некои научници да се појави сомнеж во оригиналноста на сводот над централниот брод со напомена дека можеби порано тука постоел дрвен покрив.[324] Нашите истражувања и анализи ја потврдија аналогијата на денешниот структурен систем со првобитното решение (v.supra).

Но ако во горната структура можеме да укажеме на специфичното решение тогаш во планирањето и поставувањето на основата на црквата Св.Никола се присутни многу општи обележја кои што го следат базиликалниот тип на градби. Па така, може да се рече дека во глобален план црквата припаѓа кон групата на помали скратени базилики (цр.1). Тоа се во вистинска смисла средновековни верзии на византиските базилики, бидејќи се вклопуваат во другите средновековни градби со своите намалени димензии и со своето засводување.[325] Основна карактеристика на оваа група е тоа што тие имаат скоро квадратни димензии со што во надворешните контури се приближуваат кон крстовидните цркви.[326]

Нивната појава ја следиме во широки хронолошки и географски рамки и тоа од костурските цркви Св.Стефан, Таксијарси, Св.Анаргири (IX-X-XI век), Пелопонез, Зурца (последна четвртина на X век)[327], па малите типски базилики во Плиска (IX век)[328] и Преслав (IX-X век)[329] до Св.Стефан во Несебар (XII век)[330] и Св.Никола во Мелник (XII-XIII век).[331]

---

[324] V.Korać, *Sur les basiliques médiévales,*178; P.L.Vocotopoulos, *Η Εκκλησιαστική αρητεκτονική,* 97 n.3

[325] A.Grabar, *Vizantija,* Novi Sad, 1969, 88.

[326] Односот на должината на црквата спрема нејзината ширина се движи од 0.77 - Св.Анаргири (Костур), 0.98 - Св.Стефан (Костур), 1.11 - Св.Теодора (Арта), 1.16 - Св.Никола (Мелник), до 1.21 кај Св.Никола во Манастир, што на некој начин претставува гранична вредност, помеѓу малите и големите базилики а кај кои што овие соодноси се движат од 1.42 - Базиликата во Сервија, 1.45 - Св.Ахил (Преспа), до 1.46 кај Старата митрополија во Верија; спор: P.L.Vocotopoulos, *Η Εκκλησιαστική αρητεκτονική,* 104-105.

[327] Ch.Bouras, *Zourtsa,* 149.

[328] К.Миятев, *Архитектурата,* 84-87.

[329] *Ibid,* 86.

[330] *Ibid,* 145-146.

[331] *Ibid,* 146.

Традицијата на градење на мали базилики во Македонија е претставена и со црквите во охридскиот крај, Св.Богородица Челница[332] и Св.Богородица во Враништа.[333] Црквата Св.Никола во Манастир е една од последните градби од овој тип воопшто, а како можен показател кој што ја индицира нејзината подоцнежна дата се забележителните отстапувања од ортогоналната проекција во основата.[334] Слични отстапувања, хронолошки најблиски, можеме да проследиме и кај Св.Никола во Мелник.[335]

Друга значајна карактеристика на архитектурата на црквата е отсуството на нартексот. Базиликите без нартекс се навистина ретки, но повторно тоа не се должи на некоја хронолошка или територијална одреденост и закономерност[336], иако забележително е почестото отсуство на нартексот кај некои базилики од XII-XIII век.[337] Како најблиски аналогии до Манастир за отсуството на нартексот го следиме кај Св.Теодора во Арта (I фаза), чие што јадро се смета дека потекнува од средината на XII век[338] и кај Св.Никола во Мелник (XII-XIII век) и базиликата во Љутиброд (Бугарија) XIV век.[339]

Внатрешната трибродна поделба на наосот е остварена со масивните парови на столпци и пиластри на источниот и западниот крај.[340] Но она што е забележливо кај Св.Никола во Манастир е желбата да се оствари одреден ритам на полно-празно, односно ритам на столпци и лачни отвори со приближни исти димензии (цр.3). Ваквата замисла најдоследно е остварена кај Св.Ахил во Преспа и тоа на два спрата (сл.84), а за чие што решение најчесто се посочува на ранохристијанската базилика на Старата Митрополија во Несебар.[341]

---

[332] Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековнаша архишекшура,* 84-85.
[333] Ђ.Бошковић, *Архишекшура средњег века,* Београд 1976 (IV изд.), 134.
[334] Ваквата нерегуларност при трасирањето повторно со сигурност не може да се однесува само за подоцнежните базилики иако неправилностите во основата се многу почести кај нив отколку кај базиликите од X-XI век.
[335] П.Пербенлиев, *Архишекшурношо наследсшво,* сл.58.
[336] Се смета дека нартексот е задолжителен елемент само кај базиликите наменети за црковни седишта; (В.Кораћ, М.Шупут, *Архишекшура,* 119.).
[337] Како ран пример на базилика без нартекс е Зурца, (Ch.Bouras, *Zourtsa,* сл.2-4.).
[338] D.I.Pallas, *Epiros,* 249.
[339] Н.Чанева-Дечевска, *Архишекшураша,* 25-28.
[340] Со ова црквата е вброена во подгрупата на базилики со столпци; (N.Moutsopoulos, *Η Βασιλική του Αγίου Αχιλλείου,* 678.).
[341] *Ibid,* 676-679.

Ваквиот двоспратен ритам поради отсуството на галерии над бочните бродови се модифицира и наместо ритам на широки отвори се појавува ритам на прозорци поставени на повисоките делови на фасадите на централниот брод.[342] Но поради тоа што прозорците се со помала ширина често тие се поставуваат во хоризонтален низ делумно незвисен од долните лачни отвори.[343]

Базиликата Св.Никола во Манастир почива на истите концепции со модификации кои што ја оддаваат нејзината временска дистанца од најдобрите прототипови (Св.Ахил). Тие се препознаваат во непостојаноста на димензиите на столпците и лачните отвори (0.9-1.5м) исто и во нивните неправилни контури, како и во редуцирањето на низот на прозори на само два прозори по бочните страни на централниот брод. Најблиските аналогии за појавата на паровите прозорци на бочните фасади можеме да ги проследиме кај костурските цркви Св.Стефан и Св.Анаргири, а кои што од друга страна одговараат на редуцираниот број на столпци во внатрешноста.[344]

Најчесто трибродните базилики завршуваат со троделен олтарски простор, а таков е случајот и со Св.Никола. Но она што ги разликува олтарските простори кај големите базилики е податокот што најчесто кај нив за олтарскиот простор, а особено за пастофориите се применува различен структурен систем од оној над наосот.[345]

Кај Св.Никола тројниот олтарски простор е изведен под истиот структурен систем како и кај наосот со што таа се приклучува кон начинот на неговото оформување кај малите скратени базилики, со уште една забелешка дека олтарскиот простор на исток завршува со три апсиди како што е и најчесто случај со овој тип на базилики од XII-XIII век.[346]

---

342 Најдобра аналогија за ваквата трансформација е остварена кај базиликата во Сервија со прозорци поставени во оските на лачните отвори; A.Ξυγγοπουλος, *Τα μνημεια τῶν Σερβίων*, сл.5. За сличен ритам на столпци како кај Св.Ахил но за жал зачуван само во долниот дел може да се зборува и кај базиликата во Враништа; (Dj.Stričević, *La Renovation,* 201-202.).

343 Протатон, Св.Параскева во Палеогардики (западна Тесалија); G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 45 и 48. Зурца; (Ch.Bouras, *Zourtsa,* сл.4); исто и кај епископијата во Мастру; (P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,* сл.2-3.).

344 N.Moutsopoulos, *Εκκλyησίες της Καστοριάς,* 188 и 274.

345 Св.Ахил, базиликата во Серес.

346 Со три апсиди завршуваат Св.Четириесет Маченици, базиликата во Љутиброд; П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* сл.58. Исто и Св.Теодора во Арта; Pallas, *Epiros,*

Централната апсида кај базиликата Св.Никола во надворешниот дел е решена со скалесто повлекување на горните нејзини делови. Ваквата изведба е ретка кај средновизантиските и касновизантиските базилики, а своите извори ги има во оформувањето на апсидите кај рановизантиските базилики. Сепак, ваквиот тип на апсида се појавува и подоцна и тоа најчесто како архаизам[347] или пак како директно копирање на просторно блиски примери.[348] Како најблиски аналогии за базиликата во Манастир можеме да ги посочиме црквите во Мелник и Панагија Мавриотиса во Костур.

На крајот на нашата анализа на базиликалниот тип на манастирската црква Св.Никола уште еднаш ќе го потенцираме фактот дека грешката во датирањето на градбата не повлече и грешки во оценките на базиликата во склопот на базилики изградени во X-XI век. Едноставно, отсуството на базиликите во Македонија во XII век ни налагаше изворите и аналогиите за Манастир повторно да ги бараме во XI век, но овој пат не како современик со тогашните тенденции туку како едно комплетно архаично навраќање на еден исклучително богат период во кој што настанале двете најзначајни средновековни цркви поврзани со традициите на Охридската Архиепископија (Св.Софија и Св.Ахил).

---

сл.16; додека пак како најблиски просторни аналогии со три апсиди треба да се земат Св.Софија, Св.Ахил, Св.Богородица во Враништа.

[347] Зурца (Ch.Bouras, *Zourtsa,* сл.6-8); Епископијата во Мастру, (P.L.Vocotopoulos, *Η Εκκλησιαστική αρχιτεκτονική,* сл.5); митрополијата во Серес (В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* сл.103); Св.Никола во Мелник (П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* сл.78). Ваквиот тип на апсида се појавува и кај други типови на цркви: Панагија Скрипу (C.Mango, *Byzantine Architecture,* сл.169.), Панагија Мавриотиса, (S.Pelekanidis, M.Chatzidakis, *Kastoria,* 69 сл.3).

[348] Карактеристичен пример за тоа е малата базилика Св.Ефтимије која што го зафаќа југоисточниот агол на базиликата Св.Димитрија во Солун, а која што ја превзела формата на скалестата апсида од поголемата ранохристијанска базилика Св.Димитрија. Малата базилика била обновена од Михаил Главас и неговата сопруга Марија, највероватно дека обновата и живописот потекнуваат од 1303г (M.L.Rautman, *Patrons and buildings in late byzantine Thessaloniki,* JÖB 39 (1989), 301; G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 54.).

## II.2.1. ЕДНОКОРАБНИ ЦРКВИ

Еднокорабната црква, заради едноставноста во својот план и следствено на тоа едноставноста за нејзина изведба многу често била градена во средновековниот период. Меѓутоа, убавината и внатрешното разнообразие на базиликата, симболизмот на крстовидната црква и мистиката на ротондата ја оставиле далеку зад себе.[349] Ова е една од основните причини поради која што овој тип на градба во средновековниот период најчесто бил користен како параклис[350], при што тој можел да биде во склопот на поголеми градежни комплекси[351], или пак можел да биде слободно поставен.[352]

Еднокорабната градба како тип на црква е застапена во рамките на нашата анализа и тоа со претставувањето на црквите Св.Илија во Грнчари, Св.Никола и Св.Петар во Варош - Прилеп. Во типолошката анализа ќе вклучиме уште неколку цркви од истиот тип и тоа Св.Димитрија во Варош[353] и црквата во близината на Требино - Македонски Брод.[354]

Тоа се едноставни правоаголни градби со скромни димензии и чија што внатрешна ширина се движи во границите од 3-3.70м, и должина од 5.50-6.85м. Можеби скромните димензии ја условиле релативно добрата ортогонална поставеност на црквите(најдобар пример за тоа е црквата Св.Илија , додека кај другите отстапувањата во димензиите се во рамките на ±0.10м. Но многу позначајни се пропорциските блискости помеѓу некои од црквите. Па така, кај црквите Св.Димитрија и Св.Никола, внатрешната должина спрема ширина е во

---

[349] Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната и кръстовидната църква по българскитѣ земи до края на XIV вякъ,* София, 1931, 3.

[350]За неговата дефиниција и разни примери, во: R.Krautheimer, *Architecrure, passim.*

[351]За начинот на поставување во вакквите случаи, во: С.Чурчиќ, *Architectural Significance of Subsidiary Chapels in Middle Buzantine Churches,* Journal of the Society of Architectural Historians, v.36/2, 1977, 94-110.

[352]R.Krautheimer, *Architecture,*296.

[353] Првата фаза на оваа црква каде што се појавува како еднокорабна градба само накратко беше спомената во првиот дел (v.supra), поопширно за оваа градежна фаза кај Св.Димитрија во: С.Коруновски, *Архитектурата на црквата Св.Димитрија во Прилеп,* (магистерски труд - во печат).

[354] Црквата во Требино својата научна верификација ја доби во трудот на Ц.Грозданов (Ц.Грозданов, Требино, во: *Студии за Охридскиот живопис,* Скопје 1990, 75-83), при шти беше утврдено дека црквата својот живопис го добила во третата четвртина на XIII век. Самата архитектура на црквата е скромна и не нуди никакви елементи кои поблиску би ја сместиле во црковната архитектура на XIII век. Но сепак, ние во понатамошните анализи повремено компаративно ќе ја вклучуваме и црквата во Требино.

двоен соодност т.е. 2.06 и 2.03 поединечно. Понатаму, кај црквите Св.Илија и Св.Петар тој соодност е сведен на помала вредност од 1.83 и 1.84. Како средна вредност помеѓу овие две групи е Требино со вредност од 1.93.

Забележливо е тоа што ниедна од разгледаните цркви првобитно немала нартекс.[355] Отсуството на нартексот од своја страна условило во силуетата на црквите да доминираат вертикалните компоненти. Но ако понекогаш ваквата особеност слабее поради делумната поставеност на црквите на нерамниот терен (Св.Димитрија, Св.Илија, Св.Петар), доминацијата на вертикалата во внатрешниот простор насекаде е неспорна. Најизразит пример за ваквите тенденции е црквата Св.Никола со висина поголема од нејзината должина (во соодност 1.06).[356]

Структурниот систем на црквите го сочинуваат масивните ѕидови со дебелини 0.75-1.0м, над кои што најчесто се поставува свод во правец исток - запад. Само за црквата Св.Димитрија основано може да се претпостави дека првобитно била покриена со дрвена кровна конструкција.[357] Ваквиот структурен систем чија што главна потпора се подолжните масивни ѕидови, не овозможува пробивање на поголеми површини за прозорци и за врати. Па така, може да се каже дека прозорците се изведувани како тесни и високи монофори и нивниот број е сосема ограничен.[358]

Исклучок од ова правило е јужната фасада на Св.Никола, каде што во долните делови е пробиен еден широк правоаголен прозорец со димензии блиски до отвор за врата. Инаку отворите за врати се поставуваат на западната страна, но понекогаш има и уште една врата и тоа на бочната страна на црквата (Св.Никола, Требино).

---

[355] Ваквата забелешка нема некоја значајна компаративна вредност, а само ќе напоменеме дека кај најголемиот број на еднокорабни цркви нартексот не бил вклучуван во основата на црквата.

[356] Доминацијата на вертикалата е апсолутно најизразена кај црквата Св.Теодора во Сервија од втората половина на XI век,(A.Xyngopoulos, *Σερβιον,* сл.12/1-2).

[357] За покривањето поопширно во С.Коруновски, *Св.Димитрија,* 26-27; за црквата Св.Никола поради малата висина на зачуваните ѕидови не можеме да претпоставиме како таа била покриена во првата градежна фаза (v.supra).

[358] Задолжително по една висока монофора се јавува на челото на апсидата, додека на бочните фасади се појавува само по една монофора (на јужните фасади), или пак на нив воопшто нема прозорци (на северните фасади); спор: северните фасади кај Св.Илија, Св.Петар и Требино.

Олтарскиот простор како и кај сите цркви од еднокорабниот тип е едноделен и тоа оформен со една масивна апсида која што само за малку е редуцирана од вкупната ширина на црквата. Деловите на протезисот и ѓакониконот најразлично се означуваат и тоа: со изведување на две полукружни ниши на источниот ѕид до главната апсида (Требино), со поставување само на една ниша за протезисот (Св.Петар), или воопшто тие не се маркираат (Св.Димитрија, Св.Никола). Специфичен е примерот на Св.Илија каде што наместо на источниот се вовлекуваат две правоаголни ниши на северниот и јужниот ѕид.

За анализата на еднокорабната црква е значаен податокот што и покрај својата неугледност во однос на другите типови на цркви сепак изненадува фактот што еднокорабната црква се градела во голем обем и во значајните средновековни градови во текот на средновизантискиот и доцновизантискиот период.

Најдобар пример за ваквите тенденции е бугарската престолнина Трново каде што се откриени голем број на еднокорабни цркви кои датираат од периодот помеѓу XII и XIV век.[359] Во слична позиција можат да се постават и примерите од Костур, Верија. Ова особено важи за Костур каде што помеѓу големиот број на средновековни цркви, сепак најбројни се градбите од типот на мали еднокорабни базилики.[360]

Очигледен показател за ваквите тенденции во Македонија во XIV век е примерот на Охрид, каде што никнуваат повеќе енориски храмови со мали и едноставни форми.[361] Сосема природно во ваквите текови може да се вклучи и

[359] Во тврдината Трапезица до сега се откриени седумнаесет, а во тврдината Царевец дваесет и три еднокорабни цркви; (Н.Чанева Дечевска, *Архитектурата,* 31; Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната,* 9-16).

[360] Во оваа прилика ќе ги набележиме само хронолошки најблиските еднокорабни цркви во Костур и неговата околина: Панагија Мавриотиса од првата половина на XII век (N.Moutsopoulos, *Μαυριώτισσα,* 76.); Св.Никола Касници - околу 1180г (N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες,* 401-411; Св.Стилијан - крај на XII век (E.Tsigaridas, *Le peinture a Kastoria et en Macedoine grecque occidentale vers l'année 1200,* Студеница и византијска уметност око 1200. године, Београд 1988, 309 сл.1). Во тој контекст можат да се сместат и малите еднокорабни цркви: Св.Мина во близината на Сервија (E.Tsigaridas, *Le peinture a Kastoria,* 313), или малите еднокорабни цркви во Тесалија од истиот период - Св.Ѓорѓи кај Кастри, Св.Богородица кај Дупјани, Св.Никола во Каналја (G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 56).

[361] Св.Никола Болнички, Св.Врачи, Св.Богородица Болничка, Мал св.Климент, Св.Димитрија, Св.Никола Арбанашки итн. (Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековната архитектура во*

примерот на средновековниот Прилеп односно од периодот на втората половина на XII до XIV век може да се проследи појавата на повеќе еднокорабни храмови.[362]

Станува сосема јасно дека еднокорабната црква е важен сегмент во градската средина, било да ја има функцијата на енориска, манастирска или пак на семејна црква. Причините за ваквата појава можат да бидат различни; било да е поради малиот и ограничен слободен простор во збиената градска структура, или пак поради ограничените материјални можности на ктиторите.[363] Во едни такви услови и можности за градење најчесто биле ангажирани и локални мајстори. Најдобар пример за тоа пружаат прилепските цркви Св.Димитрија и Св.Никола и тоа во првите нивни градежни фази.

Имено, според археолошките наоди на просторот на денешната населба Варош и локалитетот Маркови Кули, почнувајќи од XI век постепено првобитната населба од просторот на Маркови кули се поместувала кон југозапад, односно на денешниот простор помеѓу црквите Св.Димитрија, Св.Никола и Св.Атанас. Остатоците од ѕиданите куќи кои што се пронајдени на овој простор, а кои што се датираат некаде од средината и втората половина на XII век, ни укажуваат дека тука треба да го бараме зародишот на средновековниот град Прилеп.[364] И во една ваква градежна дејност треба да ги ставиме и почетоците на градбата на првите еднокорабни цркви во средновековниот Прилеп. Сличностите кои што тие ги покажуваат со градбите на цивилната архитектура не се случајни. Едноставниот правоаголен простор, обработката на ѕидовите (со големи грубо делкани камења),

---

*Охрид,* 93-94; за датирањето на црквите во Ц.Грозданов, *Охридскоѿо ѕидно сликарсѿво од XIV век,* Охрид 1980, *passim.*).

[362] Св.Димитрија, Св.Никола, Св.Петар, Св.Богородица Пречиста итн. Сакам да напоменам дека на подрачјето на денешната населба Варош во текот на повеќегодишните археолошки истражувања, пронајдени се остатоци од околу десеттина средновековни цркви. Некои од овие цркви според скудните остатоци на живопис, приближно се датирани во XIII - XIVвек, но кај некои наодите не дозволуваа ни приближно временско одредување на времето на нивната градба; (Б.Бабиќ, *Нова сазнања о црквама средновековног Прилепа,* Зборник Светозара Радојчића, Београд, 1969, 11-14).

[363] Вториот фактор е најчесто пресуден кај појавата на еднокорабните цркви надвор од градските средини (Св.Илија, Требино).

[364]Б.Бабиќ, *Маѿеријалнаѿа кулѿура* ,234.

покривањето (со дрвена кровна конструкција[365]), не наведуваат дека, тоа се дела на истите локални мајстори.

Слично нешто, и можеби уште понагласено, се случува и во средновековниот град Мелник. Брзиот пораст на градот започнат во втората половина на XII век, и особено во првата половина на XIII век (1209-1230г), кога Мелник е политичко и црковно средиште на државата формирана од деспотот Алексеј Слав, е проследено со интензивна градба на мали еднокорабни цркви.[366] Притоа, нивната груба ѕидарија со обични кршени камења воопшто не се разликува од ѕидаријата на градските куќи, кои највероватно биле градени од истите мајстори.[367]

Токму затоа, претходно изнесените карактеристики кај еднокорабните цркви имаат вредност само во рамките на групата и тоа со просторно и временски блиските објекти (прилепските цркви Св.Димитрија и Св.Никола - I фаза; Св.Никола-II фаза и Св.Петар).

Тоа на некој начин би посочило аналогиите за црквата Св.Илија во близината на селото Грнчари, да ги побараме во црквата Св.Ѓорѓи во блиското село Курбиново (сл.75), датирана според натписот во апсидата во 1191г.[368] Но некои елементи кај овие две цркви не одат во прилог на ваквите претпоставки. Па така, длабоката полукружна (од внатре скоро потковичеста) апсида, двете полукружни ниши за протезисот и ѓакониконот, широките отвори за врати, поголемиот број на прозорци на бочните фасади,[369] како и дрвениот кров кај Курбиново, ги немаат своите рефлексии во архитектурата на црквата Св.Илија.

---

[365]За постоењето на дрвена кровна конструкција на црквата Св.Димитрија веќе зборувавме (v.supra), за црквата Св.Никола, и покрај тоа што се претпоставува дека и првобитно имала сводна конструкција, (В.Кораћ, *Две градитељске фазе*, 124); сепак, висината на зачуваните ѕидови не дозволува да се реконструира првобитниот изглед на кровот на црквата.

[366] Св.Никола Чудотворец, Св.Богородица Спилеотиса, Св.Харалампиј, Св.Димитар, Воведение на Богородица, Св.Марина, Црква No. 1; сите од XIII век (В.Нешева, *Мелнишките църкви: данни от археологически проучвания,* ГДА-НБУ, т.II-III, 326-339; Н.Чанева Дечевска, *Църковната архитектура,* 51-53 и 58.

[367] В.Нешева, *Мелнишките църкви,* 337; Н.Чанева Дечевска, *Църковната архитектура,* 51.

[368] Ц.Грозданов, Л.Хадерман Мисгвиш, *Курбиново,* Скопје 1992, 8.

[369] Изземајќи ги широките правоаголни прозорци кои се подоцна пробивани.

Исто така, она што ја разликува црквата Св.Ѓорѓи во Курбиново од сите претходно разгледувани еднокорабни цркви се суштинските разлики во димензиите. Имено, наместо скромните 3.5 х 6.5м (во просек од претходните еднокорабни примери), во Курбиново се оформува внатрешен простор со димензии 5.3 х 11.2м. Сето ова ја носи црквата кон еден специфичен тип на еднокорабните цркви често дефиниран како "сложена варијанта на еднокорабниот тип" на цркви.[370]

## II.2.2. СЛОЖЕНА ВАРИЈАНТА НА ЕДНОКОРАБНИ ЦРКВИ

На ова место ќе ја посочиме појавата на уште една црква, можеме да нагласиме, класичен претставник на сложената варијанта на еднокорабниот тип на цркви, а тоа е црквата Св.Димитрија во Велес. Таа со своите 5.7 х 13.7м воопшто не е ифериорна кон другите типови на средновековни цркви, па дури и споредена со една базилика - Св.Никола во Манастир,чија што јужна страна е со димензии од 13.6м.

Поради тоа кај сложената варијанта на еднокорабната црква, споредено со базиликалниот тип, може да се рече дека станува збор за поедноставена концепција во основата, но не и за поедноставени и намалени нејзини димензии. Затоа, факторот на ограничени финансиски средства, што можеби беше пресуден за појавата на малите еднокорабни цркви, во случајот со сложената варијанта на типот, сметам дека не е одлучувачки. Значи одлучувачка е желбата да се добие еден издолжен базиликален простор, сведен само на централниот брод. Поради тоа, терминолошката одредница - еднокорабни базилики, која што често се користи, сосема е прикладна за оваа сложена варијанта на типот, но не и за малите градби за кои што сепак најприкладна е одредницата еднокорабна црква.

Најмногубројна групација на цркви од сложената варијанта на еднокорабниот тип е онаа во Бугарија и тоа најпрво претставена со трновските

[370] Н.Чанева Дечевска, *Црковнаша архишекшура,* 38.

цркви No.11, No.7, No.18, No.10, No.12[371] итн; кои што своите крајни рефлексии ги имаат во двете несебарски цркви Св.Тодор, Св.Параскева[372], црквата No.1 во Калиакра[373] итн. Единствениот пример од Цариград, денес сочуван самово скромни остатоци, е Синан Паша Мешиди, црква според ѕидаријата глобално датирана во времето на Палеолозите.[374] Ќе посочиме уште на некои цркви што рамковно можат да се поврзат со сложената варијанта на еднокорабните цркви и тоа: Панагија Мавриотиса[375], Св.Василиј во Арта[376], манастирот Дилиу на островот на Јанинското Езеро.[377]

Кај претходно наброената групација сложени еднокорабни цркви, нартексот е многу почеста појава отколку кај помалите цркви од типот. Сето ова зборува за воведување на посложени концепции во основата на црквите, но и за дополнително нагласување на подолжната оска на црквата.[378] Класичен пример за ваквата појава е црквата Св.Димитрија во Велес, каде што на западната страна се појавува еден длабок квадратен нартекс. Но она што го дава основното обележје на архитектурата на црквата е изведбата на нартексот на два спрата, со тоа што горниот спрат е решен како квадратна кула камбанарија (сл.26).

Појавата на кула камбанарија е елемент сосема непознат во средновековната архитектура на Македонија.[379] А тоа значи дека

---

[371] Н.Чанева Дечевска, *Црковнаша архишекшура,* 30-40; Н.Мавродиновъ, *Еднокорабнаша*, 27-31.

[372] Н.Чанева Дечевска, *Црковнаша архишекшура,* 38 и сл.26-27; К.Миятев, *Архишекшураша,* 202-203.

[373] Н.Чанева Дечевска, *Црковнаша архишекшура,* сл.28.

[374] T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 30-1.

[375] N.Moutsopoulos, *Μαυριώτισσα,* 76, сл.2 и 17.

[376] A.K. Orlandos, *Ο Αγιος Βασιλειος της Αρτης,* ABME 2 (1936), 115-130.

[377] K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος των υστεροβιζαντινών μνιμείον της βορειοδυτικής Ελλάδος,* Kavala 1988, 47 и сл.53.

[378] Ова особено важи за бугарските цркви (спореди забелешка 23). Додека пак кај ниедна од претходно анализираните мали еднокорабни цркви од Македонија не се појавува нартексот (v.supra).

[379] До сега нема наоди кои би навестувале дека кај некоја црква била изведена кула-камбанарија. Единствено вакви претпоставки се изнесени за можното постоење на камбанарија над централното поле на спратот на нартексот кај Св.Софија во Охрид ( Ljubinković, *Sv.Sofija,* 13; Čipan, *Konzervatorski radovi,* 27; Koco, *Nouvelles considérations,* 141;Schellewald, *Sophienkirche,* 162-165.). Иако цврсти материјални докази за тоа како точно бил изведен горниот дел на централното поле на спратот на нартексот, од нашата претходно изведена анализа постоењето на кула камбанарија над спратот е малку веројатно (v.supra делот за Св.Софија - структурен систем. )

поставувањето на камбанаријата не се должи на домашни традиции, но на влијанија дојдени од други краишта. Општо земено, појавата на кули-камбанарии во византиската архитектура се лоцира во XIII век и тоа под влијание на западната архитектура.[380] И уште повеќе, дека тоа е овозможено со нивните пробиви во византиските земји и освојувањето на Цариград.[381] Тоа до некаде се потврдува во историските извори, така што кога во 1200г Антониус од Новгород го посетил Цариград, забележал дека на црквата Св.Софија нема камбанарија и дека верниците се повикуваат на молитва со помош на клепала (semantron), додека според Пахимер веќе во времето на Андроник II (1282-1328) ѕвоната и камбанариите се во широка употреба.[382] Можеби најзначајната карика во прифаќањето и дифузијата на камбанариите во византискиот свет е токму во доградувањето на една централно поставена кула-камбанарија пред западната фасада на црквата Св.Софија во Цариград; доградба што најчесто се поврзува со периодот на латинско владеење во Цариград.[383]

Веќе е посведочен податокот дека од втората половина на XIII и во текот на XIV век, камбанаријата како елемент има свое место во византиската архитектура.[384] Како и портик фасадите, камбанаријата беше променлив елемент во планирањето, како додаток кон пикторескниот карактер на градбите.[385]

---

[380] C.Mango, *Byzantine Architecture,* 175; L.Rodley, *Art and Architecture,* 340, С.Ненадовић, *Богородица Љевишка,* 141.

[381] G.Millet, *L'Ecole grecque,* 135.

[382] G.Millet, *L'Ecole grecque,* 136.

[383] R.Osterhout, *The Architecture of the Kariye Camii in Istanbul,* Washington 1987, 108.

[384] Ваквото тврдење не го негира ни фактот дека камбанаријата во византиската архитектура е позната и пред XIII век, за што ни сведочи примерот на црквата Самари во Месенија (G.Millet, *L'Ecole grecque,* сл.88). Ваквата појава ги навела некои грчки научници да ја изнесат определбата дека камбанаријата во византиската архитектура не стигнала од западната архитектура, туку дека таа еволуирала во византиската архитектура од заштитните и скалишни кули кај постарите базилики (Ch.Barla, *Μορφή καί εξέλιξις τῶν βυζαντινών κωδωνοστασίων,* Athens 1959, 3-7.). Слични гледишта постојат и за појавата на камбанариите во бугарската архитектура, со посочување дека високи кули биле поставени и кај некои цркви од Првата бугарска држава (Големата базилика во Плиска, Кружната црква во Преслав), со напомена дека сепак тие немале функција на камбанарии и дека сепак камбанаријата се јавува од XIII век; како можен поттик за ваквата појава се гледа во влегувањето на бугарската црква во унијатство на Римската црква (1204-1231г.); (Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура,* 178-182.).

[385] R.Osterhout, *Kariye Camii,* 107.

Во појавата на двојните камбанарии на западните делови на црквите најдиректно се изразени западните влијанија.[386] Но сепак, во византиската архитектура, најчесто се поставува една камбанарија и тоа во оската на западната фасада на црквата. Секако дека најважниот прототип за ваквата позиција е во примерот на цариградската Св.Софија.[387]

Како посебен тип на камбанарија се води кога таа се појавува над нартексот, т.е. целосно е вклопена во неговата структура. На тој начин остварена е целосна интеграција на камбанаријата во планот и структурата на византиската црква. Но тоа не значи и хронолошка зависност од другите начини на поставување на камбанариите како процес на нивна асимилација во византиската архитектура. Напротив, најстариот зачуван пример на појава на камбанарија - Самари во Месенија, е можеби најдобриот претставник за нејзината интеграција.[388]

Црквата Св.Димитрија во Велес, често се посочува како претставник на групата цркви каде што е остварена потполна интеграција на кулата-камбанарија во јадрото на градбата.[389] Но што ја обусловило ваквата уравнотежена симбиоза особено ако се има предвид фактот дека во Македонија немаше претходни искуства со градењето на камбанарии. Примерот со Св.Ѓорѓи Оморфоклисија во близината на Костур (сл.83), кој што е едновремен со Св.Димитрија , само ја потврдува зрелоста на решенијата.[390]

Вклопувањето на двете цркви, а особено на црквата Св.Димитрија во контекстот на веќе регистрираната зачестена појава на камбанарии кај византиските цркви од крајот на XIII век и првата половина на XIV век,според нас нема целосно да го даде одговорот за појавата на камбанаријата кај

---

[386] За појавата на двојните камбанарии во српската архитектура во: В.Кораћ, *Првобитна архитектонска концепција которске катедрале XII века,* Између Византије и Запада, Београд 1987, 44-48; О.Кандић, *Куле-звоници уз српске цркве XII-XIV века,* ЗЛУ 14 (1978), 60-61.

[387] Како директна аналогија се смета камбанаријата поставена кај Св.Богородица Памакаристос (Фетије Џамија); (R.Osterhout, *Kariye Camii,* 108 и сл.164.).

[388] В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* сл.231-232-234.

[389] R.Osterhout, *Kariye Camii,* 109.

[390] Иако Оморфоклисија типолошки припаѓа на друг вид на поставеност на камбанаријата, каде што таа е поставена во надолжната оска но исфрлена пред површинната на западната фасада, очигледен е балансот и координацијата на камбанаријата со другите делови на црквата (E.Stikas, *Une eglise des Paleologues aux environs de Kastoria,* BZ 51 (1958), 111-112,сл. B, C).

велешката црква. Имено, сметаме дека кај црквата Св.Димитрија појавата на камбанаријата не е одраз на тенденциите, при што желбата да се изгради камбанарија би се комбинирала со замислената концепција на основата. Напротив, остварената потполна интеграција јасно зборува дека тука камбанаријата се појавува заедно со типот на издолжена еднокорабна градба.[391] Токму во ваквата комбинација ја следиме и најцелосната интеграција на каманариите воопшто во византиската архитектура, а и тоа е сепак најраспространетиот тип на црква со камбанарија.

Еден од најстарите претставници секако е црквата Св.Богородица Петричка во Асеновград (сл.77).[392] Понатаму, појавата на камбанарии кај црквите од XIII-XIV век со издолжен збиен впишан крст во основата, врз основа на археолошки показатели може да се проследи и кај црквите No.1; No.2; во Червен, Св.Архангели во Несебар итн.[393] Посебно ќе ја нагласиме појавата на камбанарија кај црквата со сложена варијанта на еднокорабниот тип - Св.Параскева во Несебар, датирана во крајот на XIII-XIV век[394], и црквата No.1 во Калиакра од истиот тип и изградена во истиот период.[395]

Иако посредно,појавата на камбанаријата во Хора (Карије Џамија), може да се прикључи кон типолошката особеност како кај Св.Димитрија во

[391] Под ваквата типолошка одредница ги сведуваме и црквите со издолжен збиен впишан крст.
[392] Црквата глобално се датира од XII век до првата половина на XIII век, (Н.Чанева-Дечевска, *Архитектурни особености на църквите със стегнат кръст од периода на развития феодализъм в България,* во: С.Бояжиев, Н.Чанева-Дечевска, *Изследвания върху архитектурата на българското средновековие,* София 1982, 140-151; К.Миятев, *Архитектурата,* 171-173.). Треба да се напомене дека поради добрата местоположба на црквата се смета дека кулата не била наменета за камбанарија туку за посматрачница; (за поставеноста на црквата во: П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* сл.104-105.). Во контекст за појавата на камбанарии во бугарската архитектура во XII век, интересен е податокот дека, при реконструкцијата на црквата Св.Димитар во Трново, изведена во последниве години, над нартексот реконструирана е една кула-камбанарија. Ваквата реконструкција не е изведена врз основа на материјални наоди, но повеќе поради податокот дека кај другите бугарски цркви од типот на збиен впишан крст со многу блиски односи до Св.Димитар, се појавуваат кули-камбанарии. Доколку сепак се прифати ваквата хипотетичка реконструкција, тогаш образецотна Св.Димитрија, со оглед на нејзината важност (тука е прогласено востанието на браќата Петар и Асен во 1185г, и по традиција во нејзе потоа биле крунисувани бугарските цареви), можеше да го даде импулсот за честата појава на камбанариите на бугарските цркви од XIII-XIV век; (за новиот реконструиран изглед на црквата во: П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* сл.96.).
[393] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст, passim.*
[394] Камбанаријата денес во горниот дел не е сочувана, но многу наоди го покажуваат нејзиното постоење над нартексот на црквата, (К.Миятев, *Архитектурата,* 202-203; Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура,* 38 и сл.27.).
[395] Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура*, 40 и сл.28.

Велес; и покрај тоа што таа била позиционирана на југозападниот агол на црквата, камбананаријата била изведена во субординација со архитектурата на јужниот параклис како одделна функционална единица претставена со типот на издолжена еднобродна куполна црква.[396]

На подрачјето на Епир исто така во текот на втората половина на XIII и почетокот на XIV век, ја следиме зачестената употреба на камбанарии во структурата на црквите.[397] Но овде отсуствува архитектонската конзистентност во појавата на камбанариите, како што на пример тоа го проследивме во појавата на камбанариите во бугарската архитектура во смисла на нивно најчесто поврзување со одреден тип на црква. Па така, појавата на кула-камбанарија ќе ја проследиме кај: цркви од типот со надвишен попречен свод (Св.Димитрија Туркопалуко[398]), сложен впишан крст (Пантанаса во Филипијас[399]), или кај еднокорабни цркви (Св.Василиј во Арта[400]).

Кон ваквата разнообразност ќе ја приклучиме и различната типолошка поставеност на камбанариите - во осовината на црквите (Туркопалуко, Св.Василиј), или пак бочно прилепена до западната фасада (Пантанаса), па дури и ќе ја споменеме појавата на камбанарија во форма на отворена купола кај Паригоритиса во Арта.[401] Сето ова зборува за една нестандардизирана или *ad hoc* примена на камбанариите во Епир. Ваквото наше мислење му противречи на ставот на Халенслебен[402] дека епирските кули-камбанарии се поврзани со модел кој што денес не е зачуван, од едноставна причина што таквиот прототип би условил многу постандардизирана употреба на кулите-камбанарии. Тоа значи дека "шаренилото" повеќе се должи на општите тенденции од втората половина на XIII век за градење на камбанарии, но не и на угледување на прототип. Најблиска од епирските цркви до моделот на

---

396 R.Osterhout, *Kariye Camii,* 109-110, сл.18-19.
397 За жал сите камбанарии се зачувани само во скромни остатоци, (H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* Kunstchronik 10 (1966), Nürnberg, 309-311.).
398 H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* 310.
399 P.L.Vocotopoulos, *Ανασκαφή Παντανάσσης Φιλιππιάδος 1976,* AAA X (1977), скица 1.
400 H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* 310.
401 A.K.Orlandos, *Η Παρηγορήτισσα τῆς Αρτης,* Athens 1963, сл.17.
402 H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* 310.

Св.Димитрија во Велес е црквата Св.Василиј во Арта (во својата прва градежна фаза - без бочните капели).[403] Но сличноста е во општи рамки и тоа најмногу изразена преку концепцијата на долга еднокорабна градба, на чија што западна фасада се издига кула камбанарија.[404]

Во поставеноста на камбанариите кај Св.Василиј и Св.Димитрија има значителни разлики. Притоа, масата на камбанаријата кај Св.Василиј е само делумно исфрлена од површината на западната фасада и тоа само централниот дел без да се оформи портик во нејзиното приземје; за разлика од него кај Св.Димитрија камбанаријата е скоро со иста ширина како и самата црква и таа е всушност целосно поставена над нартексот на црквата. Ваквата пак организација ја носи велешката црква поблиску до несебарските цркви (Св.Параскева), каде што во приземјето под камбанаријата се формира класичен нартекс. Но двата широки лачни отвори во приземјето на Св.Димитрија покажуваат реминисценции што потекнуваат од камбанариите изведени во приземјето како влезни портици, а чии што најдобри примери се токму црквите Св.Василиј и Св.Ѓорѓи.

Понатаму, како и кај Св.Димитрија, во бугарската архитектура појавата на камбанаријата најчесто се поврзуваше со типовите на издолжени градби, наспроти епирските варијации на типовите кон кои се прикључува камбанаријата. Тоа значи дека, појавата на типот на еднокорабна издолжена градба, на чиј што западен дел се издига двоспратна кула-камбанарија како кај црквата Св.Димитрија во Велес, од типолошки аспект, не може еднострано да се припише само на бугарски влијанија[405] , или пак само на епирски влијанија[406], туку дека таа треба да се стави во контекстот на византиската архитектура, кој како типолошки концепт ете се појавува во Македонија, но се развивал и е дојден од надвор.

---

403 A.K. Orlandos, *Ο Αγιος Βασιλειος,* сл.2-3.

404 Горните делови кај камбанаријата на Св.Василиј недостасуваат, а нив Халенслебен ги реконструира според образецот на камбанаријата кај црквата Св.Ѓорѓи Оморфоклисија (H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* 310.)

405 Н.Чанева-Дечевска, *Църковнаша архишекшура,* 179-180.

406 Халенслебен смета дека типот на камбанарија изведена над нартексот е епирски образец (H.Hallensleben, *Byzantinische Kirchtürme,* 310-311.).

## II.3. ЦРКВИ СО ВПИШАН КРСТ СО КУПОЛА

Двете охридски цркви - Св.Јован Канео и Св.Климент (Св.Богородица Перивлептос), како и прилепската црква Св.Димитрија (во последната градежна фаза), се појавуваат од типолошки аспект, како цркви со впишан крст.[407]

Тоа е најчестиот тип на црква воопшто во средновизантиската и во доцновизантиската архитектура. Но потеклото на овој тип на цркви до денес не е до крај разјаснето. Сите се согласни дека промената од рановизантиската црква во нејзината најкарактеристична форма за средновизантискиот и касновизантискиот период - впишан крст со купола, се одиграла во времето на Иконоборството (VII-прва половина на VIII век). Но токму од овој период бројот на зачуваните споменици е сосема мал и е со доста несигурна хронологија, па така не може со сигурност да се следи патот на промените кои што настанувале во византиската архитектура.

Често на типот на црква со впишан крст со купола се гледа како на крај на развојната линија чиј што почеток се базиликите со купола - "*domed basilica*" (Св.Ирена во Цариград), преку крстовидно-засведените куполни цркви - "*cross-domed church*" (Успение на Богородица во Никеја, Св.Софија во Солун).[408] Но оваа теорија има доста недостатоци како: фундаменталните разлики во големината и пропорциите на црквите прототипови - следбеници.[409]

Р.Краутхајмер ги посочува ранохристијанските профани згради во Мусмие (Сирија) и Ал-Мундир (Р´сафах) со основа на впишан крст и тој

---

[407] Терминолошкото дефинирање на типот кај нас е стандардизирано со оваа одредница - впишан крст, иако понекогаш се појавуваат и термините впишан крст во правоаголно пространство и впишан крст со купола. Делумни варијации на одредницата постојат и во литературата од англиското говорно подрачје, каде што Р.Краутхајмер се обиде да го воведе терминот "Quincunx" (R.Krautheimer, *Architecture,* 359 и 544), кој што не беше пошироко прифатен поради својата дводимензионалност во опфатот на карактеристиките; (за некои други недоречености содржани во "quincunx" одредницата во: H.Hallensleben, *Review of: R.Krautheimer, Early Christian and Byzantine Architecture,* BZ 66 (1973), 121. Терминот "cross-in-square" може да даде погрешна основа за типот,бидејќи најголемиот број на примери имаат всушност правоаголна основа, па како за најадекватен се смета терминот "inscribed-cross", (H.Buchwald, *Western Asia Minor as a Generator of Architectural Forms in the Byzantine Period, Provincial Back-Wash or Dynamic Center of Production?,* JÖB 34 (1984), 223 n.87.

[408]За модификациите во византиската црква види во: R.Krautheimer, *Architecture,* 310-315.

[409] R.Krautheimer, *Architecture,* 360-361.

помислува на претпоставката дека планот на ваквите дворани можеби бил пренесен во сакралната архитектура помеѓу VI и IX век со помош на крстовидно-засведените цркви со купола.[410]

Л.Родли ја гледа важноста на базиликите со купола и крстовидно-засведените цркви во вака трасираната развојна линија, што тие ја втемелија куполната централизираната форма на црквата со нејзината билатерална симетрија како најпожелна форма.[411]

Но како и да е, скоро сите се согласуваат дека најзначајна улога во конституирањето и проширувањето на овој тип на цркви одиграла цариградската црква Неа (осветена 880година), чиј што ктитор бил византискиот цар Василиј I.[412] Но поради сочуваните скудни описи на Неа (познати само од записите на Константин Порфирогенит), понекогаш нејзиниот петтокуполен план се доведува во врска со петтокуполните планови со форма на слободен крст (цариградските Св.Апостоли, Св.Андреја во Перистери).[413] Се чини дека најмногу недоумици внесуваат најраните зачувани примери од овој тип на цркви во Цариград, (северната црква на Константин Липс - 907год. и Мирелеон - 920/22год.), кои што веќе ја покажуваат зрелоста на ова решение па не би можеле да се сместат на почетокот на развојот на типот.[414] Поновите анализи отвораат можности датирањето на црквата Св.Јован Труло (Ахмет Паша Џамија) од вообичаеното XI-XII век, да се помести во IX век, со што црквата би била најраниот зачуван пример од типот на впишан крст.[415]

Сепак, празнините во развојот на типот најчесто се пополнуваат со неколкуте зачувани преодни типови од западна Мала Азија, кои што од историски но и од типолошки причини најчесто се датираат во крајот на VIII или почетокот на IX век. Тоа се црквите Фатих Џамија,Св.Јован Пелекете,

---

410 R.Krautheimer, *Architecture,* 361.
411 L.Rodley, *Art and Architecture,* 137-138.
412 C.Mango, *Byzantine Architecture,* 108.
413 H.Buchwald, *Sardis Church E - A Preliminary Report,* JÖB 26 (1977), 277-288, (со дополнителна литература).
414 L.Rodley, *Art and Architecture,* 137.
415 H.Buchwald, *Sardis E,* 290 n.95; В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* 142 n.19, (со дополнителна литература).

Кемерли Килисе итн.[416] Но се чини дека се сосема оправдани забелешките дека во скромната архитектура во Битинија не треба да се гледа клучот во формирањето на типот на вписан крст, туку дека таа може да се свати само како реплика на случувањата во престолнината.[417]

Друга значајна групација на цркви кои што ја антиципираат појавата на стандардната шема на вписаниот крст е онаа во југозападна Грција.[418] Како најстара црква во групата се зема Епископи во Евританија за кој се смета дека настанала во периодот помеѓу втората половина на VIII и првата половина на IX век[419], а како најкарактеристичен пример може да се земе Панаксиотиса во Гавролимни (X век).[420] Значењето на групата покрај нивното рано датирање (Евританија) е фактот што тие во својата структура содржат комбинирани елементи од големите базилики со купола и подоцнежните решенија на вписан крст. Тоа може да биде еден од патиштата при кои што беше извршено редуцирањето на големите структурни системи и нивната трансформација и адаптација на барањата на градбите со поскромни димензии како што се секако црквите од типот на вписан крст.

Типологијата на црквите со вписан крст, како и нивното потекло, е сложена и со многубројни варијации. Но сепак, во општи рамки сé уште е во функција давнешната поделба на типот на комплексна (престолничка) и едноставна (провинциска) варијанта[421], се разбира со подоцнежните дополни и модификации со одредени подваријанти (со четири столбови - four-column; со два столба, со четири столпци итн.).

Секако дека дел од причините за појавата на различните варијанти лежи и во фактот што црквите од типот на вписан крст во византиската архитектура се навистина многубројни. Посебно е забележана нивната популарност во XII век, поточно во времето на Комнените, појава што често се

[416] C.Mango, I.Ševčenko, *Some Churches and Monasteries on the Southern Shore of the Sea of Marmara,* 235-277; H.Buchwald, *Western Asia Minor,* 223-229.
[417] В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* 112.
[418] Групата типолошки се дефинира како преодна варијанта на вписан крст - μεταβατικοι.
[419] P.L.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,* 69-74; за датирањето 183.
[420] P.L.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,* 80-86; 192-193.
[421] G.Millet, *L'école Grecque,* 55-56.

опишува како напуштање на интересните експерименти со октагоналниот тип од XI век, и усвојување на структурно постарите и постандардни шеми на вишаниот крст.[422]

Прв на листата на цариградски цркви со вишан крст од тоа време е Христос Пантепоптес (Ески Имарет Џамија), изграден од мајката на Алексиј I, Ана Даласена пред 1087г.[423] Со мајката на Алексиј I се поврзува и една градежна фаза кај црквата Хора, во која се смета дека црквата имала форма на вишан крст.[424] Понатаму е Килисе Џамија (јадрото на црквата е од околу 1100г)[425], како и двете најзаначајни цркви од тоа време, јужната и северната црква на манастирот Пантократор.[426]

Ваквиот тренд на градење на цркви со вишан крст е доминантен и во јужна Грција и на островите во сите негови варијанти и тоа почнувајќи од X век па понатаму.[427] Во сличен контекст може да се разгледаат и пронајдените остатоци од цркви со вишан крст во бугарската архитектура и тоа во Плиска, Преслав, Несебар итн.[428]; со забелешка дека во рамките на Втората бугарска држава, црквите со вишан крст се појавуваат во нешто понамален обем, исклучувајќи ги притоа црквите од типот на збиен вишан крст.[429]

Појавата на црквите од типот на впишан крст во Македонија не може да се проследи со голем број на зачувани примери, податок пак што не го намалува нивното значење. Понекогаш, како најстар пример за црква од типот на вишан крст се зема "втората" Климентова црква, односно западниот дел на неговиот манастир Св.Пантелејмон.[430] Но проученоста и хронолошката

---

[422] C.Mango, *Byzantine Architecture,* 137.
[423] L.Rodley, *Art and Architecture,* 199.
[424] R.Osterhout, *Kariye Camii,* 18-20.
[425] T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 386-401.
[426] Јужната црква е најголемиот зачуван пример на вишан крст во Цариград; (A.H.S.Megaw, *Notes on Recent Work of the Byzantine Institute in Istanbul,* DOP 17 (1963), 335-364).
[427] A.Orlandos, *Βυζαντινοι ναοι της ανατολικης Κορινθιας,* ABME 1(1935), 53ff. G.Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεηνη, passim;* C.Buoras, *Church Architecture in Greece around the Year 1200,* in: Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988, 273.
[428] К.Миятев, *Архитектурата,* 105-115.
[429] К.Миятев, *Архитектурата,* 152-171.
[430] Д.Коцо, *Климентовиот манастир Св.Пантелејмон и раскопката при Имарет во Охрид,* ЗФФ 1 (1948), Скопје, 129-180; *idem, Триконхалните цркви во климентовото време,* Словенска писменост (1050 годишнина на Климент Охридски, Охрид 1966, 92-95; П.Миљковиќ-Пепек, *Христијанската архитектура кај Македонските Словени од пред средината на IX век до 1018 година,* Климент Охридски: Студии, Скопје 1986, 232-233.

определеност кај фазите на црквата како и остатоците од внатрешноста на западниот дел се недоволно расчистени за да може со поголема сигурност да ѝ се одреди улогата во појавата на типот во Македонија што вообичаено ѝ се припишува.[431] Но затоа пак појавата на вишаниот крст со сигурност може да се проследи кај црквата Св.Петнаесет Тивериополски Маченици во Струмица.[432] Иако црквата денес е во рушевини и нема зачувано остатоци од горната структура, според диспозицијата на основата јасно е дека таа била од типот на вписан крст и тоа во неговата комплексна (цариградска) варијанта (со посебен дел за олтарскиот простор на исток од делот на куполата и краците на крстот).[433] Според остатоците од композицијата насликана во криптата на црквата, истата се датира во крајот на IX и почетокот на X век.[434] Со ваквото датирање , црквата Св.Петнаесет се јавува како современик на најстарите цариградски цркви од типот (Неа, 880 г; северната црква на Константин Липс, 907г.), што укажува дека типот на вписан крст се појавува во Македонија едновремено со цариградските примери.

Понатаму, скоро еден век подоцна, кај црквата Св.Герман во Преспа (пред 1006 г.), ја следиме појавата на црква со вписан крст и тоа во неговата провинциска варијанта.[435] Од истата провинциска варијанта е и западната Водочка црква, подигната во периодот помеѓу 1018-1036.[436] Не треба да се изостави и градењето на катедралната црква Св.Софија во Охрид, чија што појава е поврзана токму со првата половина на XI век, а чија горна структура ги носи карактеристиките на вписан крст.[437] Градењето на Св.Пантелејмон во

---

[431] За остатоците од живопис во црквата и за нивната датација во: Ц.Грозданов, *Охридскоѿо ѕидно сликарсѿво од XIV век,* Охрид 1980, 31-37.

[432] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Резулѿаѿиѿе од археолошкиѿе ископувања во 1973 г. во црквата "св.15 ѿивериоѿолски маченици" - Сѿрумица,* Зборник на Археолошки музеј на Македонија VIII-IX (1978), Скопје, 93-96.

[433] Претпоставките за нејзината петтокуполна горна структура, сепак треба да се земат како една можна варијанта, (Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Резулѿаѿиѿе,* 93-96.)

[434] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Резулѿаѿиѿе,* 96; Ц.Грозданов, *Порѿреѿи на свеѿиѿелиѿе од Македонија од IX-XVIII век,* Скопје 1983, 136.

[435] N.Moutsopoulos, *Byzantinische und nachbyzantinische Baudenkmäler aus Klein-Prespa und aus Hl.German,* Byzantinisch-Neugriechische Jahrbücher 22 (1968), 31-40.

[436] П.Миљковиќ-Пепек, *Водоча,* Скопје 1975, сл.3-4.

[437] Поради својата издолжена и обемна основа црквата поточно спаѓа во групата на базилики со купола, но во горната структура и во појавата на горните бочни капели се гледа директна аналогија со цариградските примери на вписан крст (Липс и др.); (B.Schellewald, *Sophienkirche, passim.*).

Нерези (1164г), често пати се зема како значаен репер во тенденциите и варијациите на впишаниот крст, особено на петтокуполните цркви[438], па поради тоа не треба да се занемари неговата улога и влијание врз помалите цркви од типот во Македонија.[439]

Групата на цркви која што е предмет на нашата типолошка анализа, Св.Јован Канео, Св.Климент и Св.Димитрија, се појавуваат во последните децении на XIII век, што значи после еден подолг временски вакум од последната регистрирана појава во Нерези. Сличен вакум на типот можеме да проследиме и во Цариград, каде после градењето на северната црква на манастирот Пантократор (околу 1124г), единствениот подоцнежен познат пример на впишан крст (four-column) е кај параклисот на Богородица Памакаристос (околу 1310г)[440], и во Солун[441]

Наспроти ова е архитектурата на јужна Грција, каде претходно ја нагласивме многубројноста на типот и каде што го нема ваквиот вакум (v.supra). Во архитектурата на Епир, која што во своите основи се потпираше на архитектурата од претходниот век во јужна Грција, во XIII век ќе ја посочиме појавата на две значајни цркви од типот на впишан крст и тоа Св.Никола Родијас[442] и Кокини Еклисија (Панагија Белас) во Булгарели.[443] Токму кај црквата во Булгарели беа пронајдени најблиските аналогии за црквата Св.Климент, при што двете се сметаа како дела на една иста работилница.[444] Сличностите се навистина евидентни. Во контекст на ваквата поврзаност на двете цркви, Св.Јован Канео се смета само како една реплика на претходните две цркви.[445]

---

[438] H.Buchwald, *Sardis E,* 279-280.

[439] Глобално е забележана и неговата улога врз Љевишка и Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино, (С.Ненадовић, *Богородица Љевишка,* 108-109.).

[440] C.Mango, *Byzantine Architecture,* 150.

[441] Во Солун после градењето на Панагија Халкеон во 1028г, типот исто не се појавува до последните децении на XIII век (со веќе забележаните резерви околу фазите и датирањето на Св.Пантелејмон), (D.Evangelidi, *Η Παναγια των Χαλκεων,* Thessaloniki 1954; *Thessaloniki and Its Monuments, passim.*).

[442] A.Orlandos, *Ο Αγιος Νικολαος της Ροδιας,* ABME 2(1936), 131-147.

[443] D.I.Pallas, *Epiros,* 276.

[444] H.Hallensleben, *Review,* 130; *idem, Sv.Kliment,* 304ff.

[445] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 315.

Нашата типолошка анализа во понатамошниот текст ќе ја прошириме со делумна пропорциска анализа со цел да излезат на површина сличностите или разликите помеѓу овие цркви, компарирани меѓусебно, но и помеѓу една група на цркви од еден поширок територијален и временски опфат.[446]

Сосема е јасно дека нашата група на цркви припаѓа кон едноставната (провинциска) варијанта на впишаниот крст (цр.41, 45). Во внатрешноста се поставени по четири масивни столпци над кои се издига куполата, а источниот крак на крстот е предвиден за олтарскиот простор со што се потврдува нивната припадност кон провинциската варијанта. Понатаму, во дополнителната типолошка сегрегација, со четиричетири столба, со два столба, со четири столпци итн; на прв поглед би требало црквите Св.Јован Канео, Св.Климент и Кокини Еклисија, да се стават во последната подгрупа - со четири столпци.[447]

Но веднаш ќе нагласиме дека во нивната изведба се присутни одредени модификации. Па така, кај Канео западниот пар на столпци има засечени рабови и една профилирана трака што нив ги опкружува на спојот со лаците (сл.32). Столпците со засечени рабови понекогаш се појавуваат во цариградските цркви со впишан крст од времето на Комнените.[448] Нивното поставување во *four-column* типот значи замена за столбовите присутни во претходните цркви (Северната црква на Липс, Јужната кај Пантократор итн).[449] Во случаите на ваквата конверзија (столбови-столпци), формата на вторите се модифицира со желбата да се приближи кон формата на првите.[450] Формата на засечени столпци понекогаш може да се појави и кај други типови на цркви (Успение на Богородица во Парамитиа).[451]

---

[446] Во понатамошната анализа Св.Димитрија во Прилеп ќе биде оставена понастрана поради фактот дека типот на впишаниот крст кај нејзе се појавува како резултат на преуредување на веќе постоечка градба.

[447] Како типичен претставник на оваа подгрупа е црквата Св.Герман во Преспа.

[448] Северната црква на Пантократор, (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 10-36,10-37.).

[449] Причините за замената на мермерните столбови со столпци најчесто се толкува дека настанала поради недостаток на антички сполии во близината на градилиштето, како и од економски причини.

[450] Добар показател за ваквите тенденции (иако хронолошки некомпатибилни) се шестоаголните столпци кај Пантепоптес, кои што се турска замена за оригиналните столбови, (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 9-12).

[451] D.I.Pallas, *Epiros,* сл.38.

Во склоп на ваквиот пристап е и појавата на обработениот профил, кој што е поставен во спојот со столбецот и лакот (сл.32). Тој единствено може да се свати како асоцијација за некој дел од капителот (базисот - доколку засечените рабови на лакот би се транспонирале како делови од капител, или пак како редуциран импост капител). Ваквата појава е константна кај засечените столпци, а точно за формалната улога на обработениот профил најдобро зборува примерот на Св.Јован Пелекете, каде што на југоисточниот агол од преминот на столб кон столбецецот од олтарскиот простор, истиот импост што е над капителот на столбот се појавува вметнат и во столбецот[452]; како и кај црквата Св.Никола Родијас. Таа е црква од подтипот на двостолбен вписан крст, при што главата на капителите од столбовите во наосот се вметнува на истата висина кај источниот пар на столпци.[453] Сето ова недвосмислено зборува дека и покрај масивните димензии на западниот пар на столпци кај Канео, нивната засечена форма и појавата на профилирана трака, содржат со себе глобални реминисценции од типот на вписан крст со два столба.

Столпците пак кај Св.Климент ги немаат ваквите елементи, но и тие поседуваат одредени специфики. Тоа најдобро се забележува во нивната различна големина. Имено, источниот пар има забележителна должина од околу 1.5м. Ако кон тоа се додаде и нискиот лачен отвор кон исток (околу 2.9м), се добива впечаток дека тоа всушност е една широка ѕидна маса, перфорирана само со отвор за врата (цр.46). Со тоа Св.Климент е блиска кон Кокини Еклисија, каде што источниот лак има нешто помала висина од западниот, и уште повеќе кон Св.Ѓорѓи Оморфоклисија, каде што пропорцискиот соодност помеѓу западните и источните лаци има слични големини.[454]

Во црквата Св.Јован Канео висината на лаците што се исфрлаат од столпците на исток и запад е скоро иста (околу 2.5-2.8м); (цр.43). Со ова

---

[452] C.Mango, I.Ševčenko, *Some Churches and Monasteries,* сл.47.
[453] A.Orlandos, *Ροδιας,* 132 сл.2.
[454] E.Stikas, *Une Eglise des Paleologues aux environs de Castoria,* BZ 51 (1958), сл.A.

црквата се доближува до таканаречените преодни типови (Панаксиотиса-Гавролимни, Св.Јован во Несебар), каде што имаме иста висина на лаците, а која што наспроти висината на подолжниот свод во средишниот дел се движи во границите од 0.35-0.60.[455] Во контекст на мешовити типови не треба да се заборави и на Св.Софија во Охрид, каде што исто така подолжната низа на лаци била со иста висина (судејќи според источните парови), но значително пониска од централниот свод (во соднос 0.38).[456] Кај Канео тој соднос е 0.48 (висината на западниот лак наспроти висината на централниот подолжен свод), што е скоро идентично со некои постари решенија на впишан крст со столпци (Св.Герман, западната црква во Водоча), каде што односот е околу 0.50.

Тоа значи дека, двете анализирани цркви, Св.Јован Канео и Св.Климент, според поставеноста на основата и делови на структурниот систем, имаат различни варијации вклопени во класичната шема на впишан крст со четири столпци. И двете како во втор план да носат реминисценции од вписаниот крст со два столба (но нив ги транспонираат на различен начин); Канео во појавата на засечени столпци и профилирана трака, а Св.Климент во различните големини на столпците.

Значајна типолошка разлика помеѓу нив е појавата или отсуството на нартексот. Додуша кај Канео, издолжениот западен травеј може да носи алузии на интегриран нартекс во структурата на наосот. Примери на делумна интеграција на нартексот во наосот се познати во византиската архитектура и тоа кај некои од црквите во Мани, каде што централниот свод од носот продолжува во нартексот (ова се смета за локална особеност)[457], или кај црквата Порта Панагија во Тесалија, каде што нартексот се артикулира само во горната структура на градбата.[458] Но исто така на подрачјето на јужна Грција се појавуваат најмногу цркви од типот на впишан крст каде што отсуствува нартексот.[459]

---

[455] P.L.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρχιτεκτονική,* 122 таб.Б.
[456] B.Schellewald, *Sophienkirche,* Rek.pl.III.
[457] R.Krautheimer, *Architecture,* 417.
[458] A.Orlandos, *Η Πορτα–Παναγια της Θεσσαλιας,* ABME 1(1935), сл.3-4.
[459] Св.Атанасие-Гераки, Мони Филозофу-Аркадија, Св.Јован-Кареа, Св.Сергеј и Вакх-Мани, Оморфоклисија-Атина, Успение на Богородица и Таксијарси - од околината на Софико итн.

Отсуството на нартексот во средновековните цркви во Македонија со вписан крст ќе го проследиме најпрво кај западната Водочка црква[460], а потоа во Канео. Но затоа пак, условно нареченоит "Канео-тип", изразен преку отсуството на нартексот и појавата на издолжен западен травеј, се среќава кај голем број на цркви од XIV век (Св.Никита-Чучер, Св.Архангели во Штип, Св.Никола во Љуботен, Св.Стефан во Конче, Св.Богородица во Заум итн.[461]

На другата страна стои Св.Климент, со својата припадност кон групата на епирски цркви, Кокини Еклисија, Св.Никола Родијас и Оморфоклисија каде што на западната страна на наосот се оформува одделен нартекс.[462] Ќе напоменеме дека нартексот редовно се појавува кај постарите цркви од типот во Македонија (Св.Петнаесет, Св.Герман, Св.Пантелејмон Нерези), како и во последната градежна фаза кај црквата Св.Димитрија во Прилеп, кога таа е претворена во црква од типот на вписан крст (v.supra).

На крајот на нашата типолошка анализа на црквите Св.Јован Канео и Св.Климент ќе приклучиме и една мала пропорциска анализа на двете цркви,а со цел да се осознаат основните модуларни соодноси применети при нивното проектирање и градење. Исто така, со изведената пропорциска анализа сакавме да испитаме дали нашите модели се вклопуваат во општите пропорциски шеми кај кои што голем дел од црквите со вписан крст покажуваат одредени сличности. Според една претходно изведена анализа[463], сличностите дури добиваат форма на закономерност изразена преку некои елементи во нивниот попречен пресек, регистрирана во еден широк хронолошки распон од X-XI-XII век (Св.Герман, Кесариани, Капникареја, Св.Теодора во Атина и др.).

---

(A.Orlandos, *Βυζαντινοι ναοι της ανατολικης Κορινθιας,* ABME 1(1935), 60-74. G.Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεηνη,* 98-102.

460 П.Миљковиќ-Пепек, *Водоча,* сл.4.

461 А.Дероко, *Монументална,* 192-195.

462 Во својата денешна форма црквата Св.Ѓорѓи Оморфоклисија е поблиску до Канео,бидејќи нартексот е одделен со еден широк попречен лак; (D.M.Nicol, *Two Churches of Western Macedonia,* BZ 49 (1956), 103); но Е.Стикас претпоставува дека првобитно тука постоел преграден ѕид помеѓу наосот и нартексот, (E.Stikas, *Une Eglise*, сл.А.).

463 N.Moutsopoulos, *Harmonische Bauschnitte in den Kirchen vom Typ Kreuzförmigen Innenbaus im Griechischen Kernland,* BZ 55/2 (1962), 274-291.

Притоа, јадрото на пресекот го формира квадратот со своите дијагонали и со страна *a* која што всушност е ширината на црквата и висината на нејзините сводови (цр.42, 44). Втор важен елемент се дијагоналите повлечени од долните темиња на квадратот кон највисоката точка во внатрешноста (темето на куполата).[464] Во нивниот пресек со горната страна на квадратот се добива ширината на куполата и сводовите, додека во нивниот пресек со дијагоналите на квадратот се добиваат почетните точки за подигање на сводовите.[465] Со тоа се формира една петтокрака ѕвезда со различни краци која што ги определува главните елементи на попречниот пресек. Формирањето на ваквата петтокрака ѕвезда може најпрво да се проследи во Св.Климент (цр.44).Централно е квадратот со страна *a* еднаква на ширината на црквата, која што пак ја дава и висината на сводовите на црквата. Дијагоналите од долу кон темето на куполата, а кои што ја даваат ширината на куполата не се совпаѓаат со крајните темиња на квадратот, туку со надворешните контури на црквата (цр.44, линија со точки).[466] Но затоа пак, како и кај другите примери, во висина на пресекот на дијагоналите на квадратот и дијагоналите до темето на куполата се јавува почетокот на сводовите.

Канео не ги следи основните принципи на формирање на петтокраката ѕвезда во пресекот, од едноставна причина што квадратот со страна *a*=ширина на црквата, не се појавува како одредница за висината на сводовите, туку тој завршува со почетокот на тамбурот на црквата (цр.42, жолта линија). Со тоа и другите значајни точки во попречниот пресек не се дефинирани со петтокраката ѕвезда.

Но затоа пак нашата пропорциска анализа кај Канео откри дека дека токму тој квадрат формиран од ширината на црквата е клучот на неколку пропорциски траси изведени во внатрешниот простор. На почетокот тој (со незнатни отстапувања) се појавува во основата на црквата при што го дефинира просторот на наосот (цр.41, жолта линија). Понатаму, со големината

---

[464] N.Moutsopoulos, *Harmonische Bauschnitte,* сл.4,7.

[465] N.Moutsopoulos, *Harmonische Bauschnitte,* 277.

[466] Со тоа се покажува дека куполата има пропорциски поголема ширина наспроти краците на сводовите.

на неговата дијагонала во глобални црти се дефинира и целата внатрешна висина на црквата од подот до темето на куполата (цр.42, жолта линија). Тоа значи дека ширината на црквата $a$ наспроти нејзината висина е во пропорцискиот сооднос $a : a\sqrt{2}$ или 1: 1.41. Во груби рамки дијагоналата на квадратот $a\sqrt{2}$ што ја одредува висината на црквата одговара и на внатрешната должина на црквата Св.Јован Канео. (цр.43, жолта линија).

Но сепак, за да го уточниме пропорцискиот сооднос на внатрешната ширина спрема должина применивме анализа со модуларен систем (цр.41, црвена линија).[467] Па така, произлезе дека должината спрема ширината на црквата е во сооднос 3 : 2 или 1,5.[468]

Кај црквата Св.Климент веќе посочивме на некои пропорциски законмерности присутни во нејзиниот попречен пресек. Основата на црквата, во своите внатрешни контури (без апсидата) се вклопува во модуларен пропорциски сооднос на должината спрема ширината од 4 : 3 (цр.45). Тоа е еден од значајните пропорциски соодноси и составен дел на тнр. "египетски" или "златен" триаголник, познат уште од времето на Питагора, а кој што има краци 3 - 4 и хипотенуза 5, и кој служел со векови како средство за правоаголна триангулација.[469] Ваквиот сооднос е присутен и кај Кокини Еклисија, што укажува на базичниот принцип на трасирање на основите и формирање на прави агли по системот 3-4-5. Истиот пропорциски сооднос од основата кај Св.Климент (4:3) е изразен и во односот на должината на црквата (без апсида) спрема висината на сводовите на наосот (цр.46).

Или да резимираме; кај Канео е остварена една интересна комбинација на геометриски (ирационални) со аритметички (рационални) пропорциски

[467] Со ваквиот модуларен систем се изнаоѓаат аритметичките соодноси на големините и тој всушност е најпогоден за пропорциска анализа, особено кај црквите од касновизантискиот период, бидејќи е забележано слабеењето или отфрлањето кај овие цркви на посложените пропорциски системи, како системот на хармониски пропорции, пропорции со прогресија (функција на златен пресек φ, низата на Фибоначи (XIII век) - 5/8, 8/13, 13/21, 21/34 итн. (S.Vasilijević, *Naši stari graditelji i njihova stvaralačka kultura,* ZZSK VI-VII (1956), 1-33; И.Попов, *Пропорции в Българската архитектура,* София 1955; В.Кораћ, *Света Софија у Беневенту. Узор и остварење,* ЗРВИ 33 (1994), 47-50.).
[468] Тоа е сосема блиску до горенаведената геометриска пропорција на квадратот и неговата дијагонала, што има вредност 1.41.
[469] Поопширно за соодносот 3 : 4, во: S.Vasilijević, *Naši stari graditelji,* 6-8.

соодноси. Во основата лежи квадратот чија што страна е внатрешната ширина на црквата. Дијагоналата на квадратот со вредност $a\sqrt{2}$ ја дава висината и должината на црквата (што значи дека тие се во геометриска - ирационална пропорција). Споредени пак меѓу себе двете последни големини се во соодно с, $\sqrt{2}:\sqrt{2}$ што значи дека нивната ирационална вредност се трансформира во рационален сооднос 1 : 1.

Од своја страна кај Св.Климент врз основа на истите методи за геометриско и аритметичко пропорционирање, се појавуваат нешто пософистицирани соодноси, изразени преку појавата на 3 : 4 пропорцијата и преку познавање на постарите закономерности во пропорционирањето на попречниот пресек кај црквите со вписан крст изразени со формирање на петтокраката ѕвезда.



цртеж бр.41, Св.Јован Канео - основа со пропорции



цртеж бр.42, Св.Јован Канео - попречен пресек со пропорции



цртеж бр.43, Св.Јован Канео - попречен пресек



цртеж бр.44, Св.Климент - попречен пресек



цртеж бр.45, Св.Климент - основа со пропорции



цртеж бр.46, Св.Климент - подолжен пресек

## II.4. ДРУГИ ТИПОВИ НА ГРАДБИ

### II.4.1. ЦРКВИ СО НАДВИШЕН ПОПРЕЧЕН СВОД

Црквите за кои што во понатамошниот текст ќе стане збор, припаѓаат кон една специфична типолошка група наречена цркви со попречен надвишен свод. [470] Односно, во основата црквите се изведуваат по примерот на базиликалните градби и тоа еднокорабни или трикорабни. Но основната типолошка карактеристика, како што и самото име кажува, се појавува во нивната суперструктура, а тоа е појавата на еден попречен свод на средината на црквата, кој што ги надвишува преостанатите подолжни сводови на наосот.

Групацијата на цркви од овој тип навистина е многубројна, но затоа пак се забележани одредени специфики во нејзиното територијално распространување. Се разбира, може да се рече дека татковината на типот е Грција, и тоа на широките простори на Пелопонез, Евбеја, Крит и Епир. Но како што беше забележано, има делови на Пелопонез каде што тие воопшто не се појавуваат (Ахаја, Илеа), како и на Евбеја скоро сите цркви се сконцентрирани само во неговиот јужен дел.[471] Додека пак црквите со надвишен попречен свод се сосема непознати во Цариград, Солун, Тракија итн.[472]

Сето ова ја прави мошне интересна појавата на две цркви од типот со надвишен попречен свод во македонската архитектура од XIII век. Тоа се црквите Св.Богородица во Дабниште и Св.Димитрија во Прилеп. Сепак, поради подоцнежни интервенции и кај двете делумно се изгубиле трагите од нивните типолошки особености на цркви со надвишен попречен свод.

Најпрво, кај црквата во Дабниште горната структура од првобитната градба се срушила и денеска таа е покриена до дрвен таван. Но сепак, нашата

---

[470]Во стручната литература овој специфичен тип на цркви најчесто се нарекува: "cross-vaulted church", "transverse-vault church", "Basilika mit Dachtransept", "Bau mit überhöhter Quertonne", "σταυρεπίστεγος ναός" и тн.

[471] Dimitrokalis, *Η Βυζαντινη τεχνη,* 29.

[472] P.Vocotopoulos, *The Role of Constantinopolitan Architecture during the Middle and Late Byzantine Period,* JÖB 31/2 (1981), 570.

претходно изведена анализа на остатоците од старата градба укажуваа на можноста таа во средината да имала попречен свод (v.supra).

Градежните активности изведувани кај Црквата Св.Димитрија во нејзината трета фаза всушност значеле трансформирање на нејзиниот план од еднокорабна црква со бочен отворен трем, во двокорабна базилика. Но ако во основата на црквата појавата на специфичното решение-двобродна базилика, било условено од претходата градба на црквата, тогаш во горната структура на црквата, каде што во најголемиот свој дел биле насочени активностите на оваа градежна фаза, сосема јасна е намерата за комбинирањето на базиликалното со крстовидно решение. Всушност основното типолошко обележје на црквата Св.Димитрија во третата градежна фаза е поставувањето на надвишениот попречен свод.[473]

Токму кај сличностите и варијациите во базиликалните и крстовидните[474] планови понекогаш беа барани и изворите и причините за појавата на типот. Па така А.Орландос смета дека осиромашената грчка средина во времето на франкократијата во попречниот свод најде замена за куполата како елемент за полесно и поекономично градење на црквите.[475] Но сепак, појавата на специфичниот тип на цркви, како пред Орландос, така и после него, предизвика некои научници поопширно да изнесат свои мислења околу појавата и потеклото на црквите со надвишен попречен свод.

Прв по ова прашање се произнесе Г.Мије[476] при што ја пласираше тезата за месопотамското потекло на овој тип на цркви (Мар Јакуб во Салах). Притоа Мије сметаше дека овој тип на цркви од Месопотамија преку Крит се проширил во Јужна Грција. Ваквата теза на Г.Мије беше општоприфатена сé

[473] За ваквите тенденции кај типот со надвишен попречен свод Краутхајмер пишува: "*A quincunx is joined to a barrel-vaulted basilican nave...*" (R.Krautheimer, *Architecture,* 441), ваквиот негов став за типот како фузија помеѓу сводната базилика и впишаниот крст не го прифаќа Х.Халенслебен, ( H.Hallensleben, *Review,* 129.).

[474] Терминот крстовидни цркви го воведуваме како заеднички именител за сите подтипови на цркви како што се: впишан крст, збиен впишан крст, издолжен збиен впишан крст, слободен крст итн.

[475] A.Orlandos, *Οἱ σταυρεπίστεγοι ναοί τῆς Ἑλλάδος,* ABME 1(1935), 52.

[476] G.Millet, *L'école Grecque,* 48-49.

до шеесеттите години на овој век.[477] Тогаш со свое мислење за потеклото на типот на црквите со надвишен попречен брод се осврна и Димитрокалис.[478] Во својот труд Димитрокалис основано ја негира тезата на Мије за месопотамското потекло на овој тип на цркви, со тоа што посочува дека критските цркви не се најстарите примери на овој тип. Како најстари сочувани примери ги посочува: Св.Петар во Бијело Поље (1197-1199), Св.Тројца во Каранидиу (1245) и Аналипси во Филиатрон (1110-1120).[479] Димитрокалис смета дека никулците на црквите со надвишен попречен свод се во крстовидно засведените нартекси, кои што се постари од овие цркви.[480] Најдобрите докази дека крстовидните нартекси водеа кон создавањето на еднокорабните цркви со надвишен попречен свод е дека овој тип на цркви не постои онаму каде што не постојат и крстовидно засведените нартекси и обратно.[481] И на крајот како причини поради кои што се појавил овој тип на цркви Димитрокалис го прифаќа образложението на Орландос за полесно и поекономично градење на црквите.[482]

Г. Суботиќ само накратко ја изнесува претпоставката дека можеби овој тип на цркви своето потекло му го должи на архитектурата на Запад и забележува дека појавата на најстарите примери на Балканот се поклопува со времето на најсилните западни влијанија на ова подрачје. [483] Слични се забелешките и на Халенслебен со можноста јужноиталијанските базилики со трансепт (во Палермо, Кефалу), да извршиле влијание на Като Панагија и

[477] Ѓ.Бошковиќ ја прифаќа тезата на Мије при што за црквата Като Панагија исто ја посочува црквата Мар Јакуб во Месопотамија, спор.: Ђ.Бошковић, *Архитектура средњег века,* Београд, 1976, 108 заб.90., исто и Н.Мавродинов зборувајќи за охридските примери на овој тип смета дека неговото настанување се должи на комбинирањето на елинистичката подолжна градба со месопотамскиот попречен наос, спор.: Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната,* 20 заб.1.

[478] G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή τῶν σταυρεπιστέγων ναῶν,* Χαριστήριον εις 'Αναστάσιον Κ. 'Ορλάνδον, Β', Athens 1966, 187-211.

[479] G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 195.

[480] Како најстари примери на цркви со крстовидно засведен нартекс ги посочува: Св.Герман во Преспа, Мала Митрополија во Атина, Успение на Богородица во Арголида итн, (G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,*, 197-198).

[481] G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 206.

[482] G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 211.

[483] Г.Суботић, *Свети Константин и Јелена у Охриду,* Београд, 1971, 45.

другите поголеми цркви од типот.[484] Со ваквиот негов став подоцна не се согласуваат Краутхајмер[485] и Димитрокалис.[486]

Но како и да е, прашањето за потеклото на црквите со надвишен попречен свод се чини останува и понатаму отворено.[487] Едно е јасно, овој тип на цркви за прв пат се појавува во еднокорабна верзија и тоа кон крајот на XII век (Пророк Илија во Мани, Св.Ѓорги во Андруса).[488] Татковината и првите примери на овој тип на цркви се чини дека е Пелопонез. Таму досега се откриени и најголем број на цркви (околу триесеттина).[489] Од таму овој тип во XIII-XIV век се проширува на континенталниот дел на Грција и на некои од островите (Атика, Евбеја, Крит, Родос итн.).

Епир е исто така значајна област каде што црквите со надвишен попречен свод се појавуваат во значителен број.[490] Се чини дека најзначајна улога во проширувањето на типот на територијата на Епир одиграла црквата Като Панагија. Тоа е сосема разбирливо ако се земе во предвид фактот, дека црквата ја подигнал деспотот Михаил II (1230/31-1267/68).[491] Тоа е една грандиозна градба во чија што изведба најверојатно учествувал еден од во тоа време најдобрите архитекти во Грција. Покрај тоа црквата е еден од најраните примери на трикорабна градба со надвишен попречен брод. Кон ова треба да се додаде и начинот и техниката на градење кои што во голема мерка ја доближуваат до средновизантиските цркви од Пелопонез или пак Атика.[492] Поврзана со Като Панагија е црквата Св.Димитрија во Туркопалуко.[493] Тоа е повторно трикорабна базилика со надвишен попречен брод, но тука

[484] H.Hallensleben, *Review,* 129.
[485] R.Krautheimer, *Architecture,* 441 n.5.
[486] Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεχνη,* 29.
[487] C.Bouras, *Church Architecture,* 273-274.
[488] C.Bouras, *Church Architecture,* 273.
[489] G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 207-208.
[490] Во Епир и Западна Тесалија познати се седум вакви цркви, (G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 210).
[491] G.Velenis, *Thirteenth-Cenury Architecture in the Despotate of Epirus:the Origins of the School,* Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988, 279.
[492] D.I.Pallas, *Epiros,* 281.
[493] Палас според еден запис во керамика (1242г), црквата му ја припишува на Михаил II, спор.: D.I.Pallas, *Epiros,* 292; Веленис пак црквата ја смета за преоден споменик после периодот на Михаил II, (G.Velenis, *Thirteenth-Cenury*, 283., (со дополнителна литература).

страничните бродови се покриени со 1/4 цилидрични сводови. Ѕидаријата исто така покажува сличности со Като Панагија.

Панагија Бриони зазема специфично место во ахитектурата на Епир, затоа што тоа е единствениот споменик со точно утврден датум на градење (1238год.).[494] Последните испитувања извршени на оваа црква од страна на П.Вокотопулос[495] покажаа дека целата засведена горна структура на градбата (освен сводовите во олтарот) потекнува од градежни интервенции врз црквата во XIX век, а не од средината на XIII век како што претходно се мислеше. Притоа Вокотопулос смета дека црквата првобитно била од типот на впишан крст со купола, меѓу другото и заради тоа што на местото на првиот пар на столбови во црквата првобитно постоел попречен ѕид кој што ја делел црквата на наос и нартекс. Во тој случај црквата е многу поблиску до централните решенија отколку до базиликалните. Но Веленис со право забележува дека од денешниот изглед на црквата јасно е видливо дека попречниот брод е повисок скоро за еден метар од подолжните бродови, при што тој смета дека првобитната црква била од типот на цркви со надвишен попречен свод (сл.25).[496] Ова на некој начин го сведува и времето на настанување на Като Панагија кон почетокот на владеењето на Михаил II, затоа што најверовано Като Панагија беше образецот на кој што се огледуваа другите цркви во Епир.[497] Најочигледен е случајот на црквата Порта Панагија (1283год) во близината на Трикала во Западна Тесалија.[498] Исто како посредна потврда за значењето на Като Панагија врз проширувањето на типот во Епир е во тоа што во другите области каде што се појавуваат црквите со попречен свод

494 G.Velenis, *Thirteenth-Cenury,* 279., (со дополнителна литература).
495 P.L.Vocotopoulos, *Παρατηρήσεις επί τῆς Παναγίας τοῦ Μπρυώνη,* ΑΔ 28Α' (1973)166–167.
496 G.Velenis, *Thirteenth-Cenury Architecture,* 280.
497 Димитрокалис ја смета Като Панагија за најстар пример на трикорабна црква со надвишен попречен свод, (G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 194-195.); Орландос ја датира црквата кон средината на XIII век, ( A.Orlandos, *Η Μονή τῆς Κάτο Παναγιάς,* ΑΒΜΕ 2 (1936), 86.)Генерално црквата се смета дека настанала пред 1250г, (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκογμος των υστεροβυζαντινών μνημείον της βορειοδυτικής Ελλάδος,* Kavala 1988, 194 n.642, (со дополнителна литература.)
498 A.Orlandos, *Η Πορτα–Παναγια της Θεσσαλιας,* ΑΒΜΕ 1(1935), 5-40.

најзастапена е еднокорабната верзија на типот. Но во Епир тоа не е случај, таму трикорабните цркви со попречен свод се многу позастапени.[499]

Кон сето ова секако треба да се додаде и очигледната тенденција од средината на XIII век во Арта и околината за модификациите на базиликалните градби кои што пред сé се состоеја од напори тие да се донесат што поблиску до стандардната средновизантиска централизирана форма, вкус кој што изгледа беше донесен од избеганите аристократи.[500] При таквите модификации се создаде еден сосема нов елемент во византиската архитектура, а тоа беше "лажниот фронтон" поставен непосредно до куполата (Влахерна, нартексот на Св.Теодора). Според Ц.Манго "лажниот фронтон" беше создаден единствено поради желбата да се создаде илузија за постоење на попречен свод.[501]

После едно вакво согледување на тековите во архитектурата во Епир кон средината на XIII век, неодминливо е сознанието дека Епир беше најпогодното подрачје од каде што типот на цркви со надвишен попречен свод можеше да се пренесе во Македонија. Но тука тој не најде погодна почва за подлабок пробив. Така, овој тип се појавува само кај неколку цркви и тоа: во третата градежна фаза кај црквата Св.Димитрија, кај црквата Св.Богородица во Дабниште, Св.Константин и Елена во Охрид[502], Св.Богородица Болничка во Охрид (после втората градежна фаза)[503] и двете од крајот на XIV век и како последен познат пример е црквата Св.Ѓорѓи во с.Годивје од XV век.[504]

Во текот на своето постоење црквите со надвишен попречен свод немаат јасно идиференцирана развојна линија, туку тие често се мешаат и комбинираат со другите типови на цркви. Основната нивна карактеристика е таа што попречниот свод е потесен и повисок од главниот подолжен свод. Притоа, кај еднокорабните цркви соодносот на внатрешната ширина на

---

[499] Св.Димитрија во Туркопалуко, Успение на Богородица во Парамитиа, Пророк Јован во Константиане, Панагија Бриони, Порта Панагија (Зап.Тесалија) итн.

[500] L.Rodley, *Art and Architecture,* 270.

[501] C.Mango, *Byzantine Architecture,* 146.

[502] Г.Суботић, *Свети Константин и Јелена,* 29-49.

[503] К.Томовски, *Конзервација на црквата Св.Никола Болнички и Богородица Болничка во Охрид,* Културно наследство II(1961), Скопје, 97-98.

[504] Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековната архитектура,* 97.

попречниот свод спрема вкупната внатрешна должина на црквата се движи од 0.24-0.39[505], или приближно неговата ширина е 1/3 од вкупната должина на црквата. Кај тикорабните цркви овој сооднос има уште помали вредности.[506] Забележливо е дека кај овие последните ширината на попречниот свод е значително помала од ширината на главниот подолжен свод.

Во друга група се црквите Успение на Богородица во Парамитиа[507] и Панагија Бриони, каде што попречниот свод е скоро еднакво широк како и главниот подолжен свод. Ваквата изведба ги носи овие цркви многу поблиску до крстовидните цркви, каде што во основа е еднаквоста на подолжните со попречните краци на крстот.

Во основата на размерувањето на горните делови на црквата Св.Димитрија во Прилеп е еднаквоста на ширината на сводовите (попречниот и главниот подолжен). Но малата должина на претходната градба условила заради продорот на попречниот свод подолжните сводови да добијат помали должини од попречниот свод, при што ширината на попречниот свод е 0.5 (1/2) од вкупната должина на црквата. Ова ја носи црквата Св.Димитрија многу поблиску до црквите Успение на Богородица во Парамитиа и Панагија Бриони. Тоа значи дека, иако основната карактеристика на црквите со надвишен попречен свод беше потесниот попречен свод, се појавуваат и цркви од овој тип со приближно исти димензии на сводовите (попречниот и главниот подолжен), карактеристика што овој тип на цркви уште повеќе го доближува до крстовидните решенија. Црквата Св.Димитрија е еден од најкарактеристичните примери за ваквите тенденции.

Можеби поставувањето на надвишениот попречен свод на црквата бил единствениот начин таа да се доближи до најраспространетиот тип на црква, а тоа е крстовидната куполна црква. Ако градителот бил лимитиран од долните делови на црквата и со затворањето на отворениот трем добил двокорабна градба во основата, тогаш модификацијата на горната структура на градбата

---

505 G.Dimitrokallis, *Η καταγωγή,* 202.

506 Като Панагија - 0.17, Пророк Јован во Константиане - 0.2., соодносите се изведувани врз основа на цртежите на Палас, спор.: D.I.Pallas, *Epiros,* сл. 26, 41.

507 D.I.Pallas, *Epiros,* сл. 38.

кон крстовидните цркви со купола било изводливо само на овој начин. Односно, поставувањето на купола во случајот на црквата Св.Димитрија било невозможно од едноставни причини што во тој случај би се добила една сосема асиметрична куполна градба, чија што на крајот на краиштата и статичка сигурност би била потполно нарушена.

Ваквата една замена на куполата со надвишен поречен брод би била сосема очекувана, затоа што денес е општоприфатено мислењето дека надвишениот попречен свод е всушност "четириаголна купола".[508] Кај некои еднокорабни градби со надвишен трансепт куполата дури и формално се појавува (Св.Јован Крстител во Мегали Кастаниа, Пророк Илија во Абисола)[509], а кај други само се сугерира.[510]

Многу блиска до Св.Димитрија е другата црква од овој тип во Македонија, Св.Богородица во Дабниште. Иако станува збор за еднокорабна градба, таа не ги следи принципите на размерувањето кај еднокорабните градби, ширината на попречниот свод да е приближно 1/3 од вкупната должина на црквата, принцип кој што е очигледно применуван во охридските цркви Св.Константин и Елена, Св. Богородица Болничка и Св.Ѓорѓи во Годивје.[511] Наместо тоа видлива е доминантната улога на попречниот свод кај црквата во Дабниште исто како и кај Св.Димитрија, т.е. ширината на попречниот свод и кај двете цркви е приближно 1/2 од вкупната должина на црквите. На тој начин архитектурата во Македонија во XIII век го прифати типот на цркви со надвишен попречен брод во видот кој што најмногу се доближуваше до крстовидните куполни цркви.

---

[508] Ваквото толкување на надвишениот попречен свод прв го дава Орландос, A.Orlandos, in: B.Z., XXX, 1929-30, 577; *idem, Οἱ σταυρεπίστεγοι ναοί,* 50.

[509] Тоа е всушност локална карактеристика на овој тип на цркви на полуостровот Мани на Пелопонез, спор.: C.Bouras, *Church Architecture in Greece,* 274 и сл.4.

[510] Таков е случајот кај Като Панагија, каде што централниот дел на попречниот свод се издига над страничните делови на надвишениот попречен свод, (A.Orlandos, *Η Μονή τῆς Κάτο Παναγιάς,* сл.5-6.). Но треба исто така и да се спомене црквата Панагија Белас (Кокини Еклесиа) каде што после рушењето на куполата, на нејзиното место се поставува еден попречен надвишен свод, (H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* сл. 6, 7.).

[511] Г.Суботић, *Свеūи Консūанūин и Јелена,* 30, 37, 38.

## II.4.2. ТИПОЛОГИЈА - СВ.АРХАНГЕЛ МИХАИЛ - СВ.СОФИЈА

Манастирската црква Св.Архангел Михаил во прилепската населба Варош со својата комплексна архитектонска структура не може да се сведе под терминолошка формулација која што едноставно би ја одредувала и дефинирала нејзината основа и структурен систем. Повеќеслојните сегменти вткаени во нејзината планска и просторна организација, налагаат примена на ист или сличен таков принцип во осознавањето и разоткривањето на основните идеи, како и степенот на нивна уравнотеженост во тоталитетот на градбата.

Црквата Св.Архангел Михаил има форма на простран неправилен правоаголник со внатрешна средна должина од 15.5м и средна ширина 4.9м. Вака изведениот внатрешен простор на црквата е единствен и неподелен со ѕидани прегради. Во горните делови на црквата биле изведени две куполи во правецот исток-запад, кои што го покривале најголемиот дел на внатрешниот простор (цр.30).[512]

Со ваквите најопшти црти, црквата во глобален типолошки план може да се приклучи кон групите на еднокорабни цркви со купола, збиен вписан крст, еднокорабни куполни цркви со збиен крст итн. Ваквиот терминолошки спектар условен е најчесто од желбата што поблиску да се дефинираат одредените типови на цркви во едно цело мноштво на варијации во основите и нивните структурни системи, а што се појавуваат како последица на поединечните изведби.[513]

Впрочем, претходно наброените групи припаѓаат кон една слична просторна концепција, во чија што суштина лежи желбата за оформување на

---

[512] За подеталниот технички опис на црквата v.supra.

[513] За поклопувањето на термините во: В.Кораћ, *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века,* Између Византије и запада, Београд 1987, 77. Некои бугарски научници се покрути во својот став и сметаат дека оваа група типолошки јасно треба да се разграничи од терминот еднокорабни цркви, поради противречноста на еднокорабниот со крстовидниот тип, (Н.Чанева-Дечевска, *Архитектурни особености на църквите със стегнат кръст от периода на развития феодализъм в България* ,во:С.Бояжиев, Н.Чанева-Дечевска, Л.Захариева, Изследвания върху архитектурата на българското средновековие, София 1982, 133.), по повод дефинирањето на типот како еднокорабни куполни цркви со збиен крст (К.Миятев, *Архитектурата,* 171), но сепак и самите типот го дефинираат како "църкви със стегнат крст"или "зални църкви скупол" (Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст,* 131). Во грчката литература најчесто се употребуваат термините: "μονόκλιτους σταυροιδεις εγγεγραμμένους" или "μικρῆς μονόκλιτης βασιλικῆς μέ τροῦλλο" (G.Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεηνη,* 103). Во литературата од англиското говорно подрачје тие се дефинираат како: "aisleless

правоаголен внатрешен простор во основата, со купола што доминира во структурниот систем. Мислењата за потеклото на црквите со ваква концепција, слично како и термините за нивното дефинирање, често варира.

Кај црквите кај кои се појавуваат внатрешни бочни пиластри поради сличностите во структурниот систем со црквите од типот на вишан крст, се помислува дека варијациите во неговите изведби го произвеле збиениот вписан крст.[514] Но во некои случаи, како што е на пример црквата Св.Архангел Михаил, каде што внатрешните пиластри потполно се изоставени, структурниот систем не може едноставно да се сведе како производ - варијанта на црквите со впишан крст, со што се покажува дека и патиштата при формирањето на концептот на оваа хетерогена групација биле различни, а во некои случаи дури и индивидуални.

Во целиот овој типолошки спектар, ние поконкретно ќе ги компарираме црквите со блиска концепција како Св.Архангел Михаил, односно црквите со оформен правоаголен простор и куполно покривање, изоставајќи ги малку понастрана црквите со збиен впишан крст од варијантата на цариградската Хора.[515] Најраната појава на вака концепциски поставените цркви ја следиме во XI век и тоа на разни места во византискиот свет. На почетокот ќе ја регистрираме појавата на неколкуте зачувани цариградски цркви, не толку поради нивната улога во појавата на типот, но повеќе како податок дека типот се појавува во престолнината (со сите можни импликации што тоа ги носи) уште на неговите почетоци и дифузија во XI-XII век. Тоа се две помали градби - Токлу Деде Мешиди[516] и Богдан Сарај[517].

Еден од најраните примери на грчко тло е северниот параклис кај црквата Капникареја во Атина.[518] Овде еднокорабната куполна црква поставена е бочно и е зависна од од главната црква. Но веќе во XII век во

hall" (R.Krautheimer, *Byzantine architecture,* 466), "atrophied Greek cross plan" (R.Ousterhout, *Kariye Camii,* 22).

514 Н.Чанева-Дечевска, *Църквише със сшегнаш кръсш,* 133-134. В.Кораћ, *Једнобродна црква са куполом,* 80. В.Кораћ, М.Шупут, *Архишекшура,* 213-216.

515 Често пати за типот на Хора се зборува како за "atrophied Greek cross", додека за издолжената варијанта на збиениот впишан крст се употребува терминот "single-aisled domed church".

516 A.Van Milligen, *Byzantine Churches in Constantinople: Their History and Architecture,* London 1912, 206-211; T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 376-382.

517 A.Van Milligen, *Churches in Constantinople,* 280-287; T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 36-39.

518 В.Кораћ, М.Шупут, *Архишекшура,* сл.215; Се смета дека параклисот е изграден заедно со јадрото на црквата во третата четвртина на XI век (M.Chatzidakis, *Athen und Umgebung - Attika und Böotien,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands, Köln 1972, 175-176.

многу области на јужна Грција еднокорабната куполна црква ја среќавама како самостојна градба и тоа во голем број на зачувани примери.[519]

Дванаесеттиот век е времето на најголемата експанзија на типот, па во подрачјата на Србија со неговата појава во втората половина на XII век ќе се востанови една важна типолошка подлога врз која што ќе се развива еден важен сегмент од средновековната архитектура на Србија.[520]

Нешто слично ќе проследиме и во бугарската архитектура и тоа во хронолошки рамки од XII - XIV век, а чија што типолошка меѓузависност лесно може да се прати. За еден од првите претставници на групата се смета Св.Богородица Петричка (сл.77).[521] Во блиска врска со претходната е црквата Св.Архангели во Бачковскиот манастир датирана во XII век.[522] Градењето на црквата Св.Димитар во Трново во едана варијанта на збиен впишан крст (со спојување на парот пиластри со западниот ѕид на наосот и нивното олеснување со бочни полукружни ниши), ќе ја обуслови појавата на една група на цркви со многу блиски решенија во основата.[523]

Во Македонија црква со слична типолошка концепција како Св.Архангел Михаил е манастирската црква Успение на Богородица во Трескавец[524], како и неколку цркви од XIV век, Св.Атанасие во Модриште[525], Св.Ѓорѓи во Полошкиот манастир[526], Св.Богородица на Матка[527], Св.Никола Шишевски[528] итн.

Но ако сите претходно наброени примери ги посочивме како хетерогена групација на цркви блиски до црквата Св.Архангел Михаил, а во чија што

---

[519] Панагија Аракос во Лагудера, северната црква на Св.Јован Хризостом на Кипар, Св.Никола Кириакоселија, Хромоманастири во Ретимнон и др; (В.Кораћ, *Једнобродна црква са куполом* , 78-80; В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* сл.247-248; G.Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεηνη,* 103; N.Moutsopoulos, *Πινακες Βυζαντινης Αρηιτεκτονικης,* Thessaloniki 1962, *passim.*

[520] Како најзначајни би ги навеле: Св. Никола кај Куршумлија, Ѓурѓеви Ступови, Студеница, (В.Кораћ, *Једнобродна црква са куполом,* 83-85, В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* 235-246).

[521] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст,* 140-151, К.Миятев, *Архитектурата,* 171-173.

[522] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст,*151, К.Миятев, *Архитектурата,* 180.

[523] Црквата No.2 во Червен, Св.Архангели во Несебар итн, (Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура,* сл.73.

[524] Со најновите истражувања се утврди дека манастирската црква во Трескавец, во својата прва градежна фаза ја имала истата форма како и јадрото на денешната црква со што типолошки таа припаѓала кон црквите со збиен впишан крст со купола; оваа фаза глобално се датира во XII-XIII век (Е.Касапова, *Архитектурата на црквата Успение Богородично на манастирот Трескавец,* (необјавен магистерски труд), Скопје 1999, 73-82 и цртеж 13.

[525] К.Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата,* 275.

[526] Ц.Грозданов, Д.Ћорнаков, *Историјски портрети у Полошком I,* Зограф 14 (1983), 60-66; Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 192.

[527] А.Дероко, *Монументална,* сл.277.

концепција лежи желбата да се оствари единствен, издолжен простор, над чиј што средишен дел се издига куполата, тогаш во однос на формирањето на структурниот систем, забележливи се значителни разлики кои што црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп ја прават особена. Тоа е начинот на кој што е изведен нејзиниот структурен систем. Имено, како една од основните карактеристики на типот во мноштвото негови варијанти е тоа што како основа на структурниот систем се појавуваат појачувања во конструкцијата во вид на пиластри, и тоа на различни начини, односно, централно поставени, аголно поставени итн. Со тоа се врши формирање на долниот конструктивен склоп кој што ја носи куполата. Ваквата конструктивна припрема за носењето на куполите во Св.Архангел Михаил изостанала. Наместо тоа (со исклучок на двете прекшувања на ѕидовите каде што има нивно појачување), ѕидовите на црквата се изведени како мазни - равни површини. Со ова црквата ретерира кон сложената варијанта на еднокорабни цркви, а чиј што значаен претставник е црквата Св.Димитрија во Велес.[529]

Но како да се објасни ваквото поедноставување во основата, наспроти комплексната суперструктура со што се надминува по малку стереотипноста во начинот на поставувањето на куполата над централниот травеј кај другите типолошки блиски цркви. Понекогаш ваквата постапка за избегнување на пиластрите се гледа во корелација со сликарството и со желбата за оформување на равни ѕидни површини, погодни за претставување на сликарските програми.[530]

Но ако ваквата промена во класичниот структурен систем е исклучиво во релација со типолошки блиските решенија, тогаш, појавата на ваквите модифицирани структурни системи е честа појава при засведувањето на нартексите или на периметралните бродови и тоа најчесто кај цариградските цркви[531], но не и само таму.[532]

---

[528] А.Дероко, *Монументална,* сл.280.
[529] За овој тип v.supra - типологија Св.Димитрија во Велес.
[530] С.Ђурчиħ, *Грачаница: историја и архитектура,* Београд 1988, 119, (со дополнителна литература).
[531] Најчесто крајот на ѕидот се маркира со мермерен профилиран венец над кој што почнува засведувањето на различни начини. Кај Св.Софија во Цариград нартексот и егзонартексот на едната нивна страна (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 31-33, 31-34, 31-39.), Нартексот кај Христос Пантепоптес (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 9-11), нартексот кај С.Богородица Памакаристос (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul*, 36-14.), исто и кај црквите од времето на Палеолозите, Св.Богородица во манастирот Липс (T.Macridy et all, *The Monastery of Lips (Fenari*

Со ваквото решение структурниот систем кај Св.Архангел Михаил го сочинуваат широките попречни лаци и масивните ѕидови на северната и јужната страна. Визуелно блиско, иако не и од статички аспект, е поставувањето на куполите кај типот на куполни цркви со амбулаториуми. Поради пониската периметрална обвивка, бочните делови под лаците кои што ја носат куполата се затвораат со ѕидови, при што се добива впечаток како куполата по бочните страни да ја носат ѕидовите.[533]

Ваквиот специфичен начин на поставување на куполата со комбинација на ѕидови и попречни лаци, применет е на уште едно место во македонската архитектура од XIII век, и тоа при обновата на спратот над нартексот во црквата Св.Софија во Охрид.[534] Во овој случај, присутни се мали модификации во долните делови на ваквиот структурен систем. Па така, кај централното поле каде што се манифестира истоветноста во структурниот систем, на неговата западна страна се појавува пар на пиластри што ја формира долната основа на структурата. На источната страна, лаците кои што се исфрлаат од парот на западни пиластри се прифаќа од две конзолно исфрлени камени плочи во висина на почетокот на сводот.[535]

Но ако за појавата на источните конзоли кај Св.Софија има објаснување,(а тоа е поради фактот што во тој дел под конзолата е делот на ѕидот на спратот на нартексот што му припаѓал на постарата градежна фаза), тогаш изненадува фактот што западните пиластри не се споени меѓу себе со друг лак (подолжен) со што би се оформило квадратно постоље за подигнувањето на горната конструкција. Со тоа деловите на ѕидот помеѓу

*Isa Camii) at Istanbul,* DOP 18 (1964), сл.60.), Вефа Килисе Џами (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 40-12,40-17) итн.

[532] Вакво засводување се јавува во амбулаторните бродови на Олимпиотиса во Еласон (E.Constantinides, *The Wall Paintings of the Panagia Olympiotissa,* Athens 1992, сл.V-VI. Во сличен контекст можат да се постават и куполите на лаци поставени во втората фаза кај Влахерна (Orlandos, *Μονη των Βλαχερνων,* 7 сл.1-2) или кај Св.Никола Шишевски ( K.Tomovski, *Beitrag zur Geschichte der Kirche des Hl.Nikolaus Šiševski,* Actes CIEB XII, Beograd 1964, 392-393.).

[533] Примерите се многубројни; иако типолошки не припаѓа кон горенаведената категорија на цркви, најочит е примерот на Св.Софија во Цариград (C.Mango, *Byzantine Architecture,* сл.88; R.Krautheimer, *Byzantine Architecture,* сл.167.), Богородица Памакаристос (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 36-12), јужната црква на манастирот Липс (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 35-33), Олимпиотиса (E.Constantinides, *Panagia Olympiotissa,* сл. VII-VIII).

[534] Поопширно за реконструкцијата на спратот на нартексот, v.supra.

[535] Со ваквото решение Св.Софија најмногу потсеќа на цариградските примери каде што најчесто се појавуваат пиластри на едната страна, додека на другата се појавуваат само рамните ѕидови во чиј што спој со почетокот на сводот се вметнува еден мермерен корниз.

пиластрите и помеѓу конзолите се оние елементи што ја носат горната конструкција во подолжниот правец.

На тој начин оформена е скоро идентична конструкција кај двете цркви, Св.Софија и Св.Архангел Михаил, при што во попречниот правец се јавуваат широките лаци, а во подолжниот, масивните ѕидови.[536] Над вака оформената конструктивна база кај Св.Архангел Михаил се издигале куполите.[537] За жал и двете првобитни куполи кај црквата Св.Архангел Михаил денес не постојат, т.е. денес постои само реконструираната купола над западниот дел на црквата, но нема сомнение, (и тоа според остатоците на горните делови во западниот дел, како и според претставата на црквата во рацете на ктиторот насликана на нејзиниот западен ѕид), дека во горниот дел црквата имала две куполи. Со тоа била оформена најзначајната карактеристика на структурниот систем на црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп (цр.32).

Поради тоа во продолжение ќе ја проследиме формалната појава на две куполи кај византиските цркви. Најчесто тоа се изведува во две варијанти и тоа со по една купола над наосот и над нартексот на црквите, како и со поставување на две куполи над правоаголниот простор над наосот. И двете варијанти ги сретнуваме кај најстариот и можеби најзначаен прототип занивната понатамошна дифузија. Тоа е манастирскиот комплекс Пантократор (Зејрек Џамија) во Цариград.[538] Тука уште во најстарата црква посветена на Христос Пантократор се појавуваат две куполи, и тоа поставени над наосот и нартексот.[539] Само една деценија подоцна во истиот манастирски комплекс, аранжманот со две куполи ќе се повтори, но овој пат со нивно поставување над единствен правоаголен простор и тоа кај најмладата, средна црква во комплексот, посветена на архангел Михаил.[540]

---

[536] Ако појавата на широките лаци во Св.Архангел Михаил е обусловена со ширината на куполите и правоаголните сегменти што не се опфатени од нив, тогаш кај Св.Софија горната конструкција можела слободно да се потпре над сводовите од двата бочни травеи, па така појавата на ваквите зајакнувачки широки лаци во попречен правец уште повеќе ги потенцира сличностите во овој сегмент кај двете цркви.

[537] Посочените сличности во структурниот систем кај двете цркви одат во прилог на веќе изнесените претпоставки за можноста и кај Св.Софија над спратот на нартексот да била издигната една купола.

[538] A.Van Millingen, *Byzantine Churches,* 219-242, A.H.S.Megaw, *Notes on Recent Work of the Byzantine Institute in Istanbul,* DOP 17 (1963), 335-364; T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 71-101.

[539] Црквата е изградена по иницијатива на царицата Ирена и тоа во периодот помеѓу 1118-1124г, (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* 10-1, 10-2, 10-3.).

[540] Целиот манастирски комплекс се датира во периодот 1118-1136г, со што крајната година би ја одредувала границата за изградба на средната црква (спореди претходна забелешка).

Појавата на цркви со две куполи ќе ја проследиме и кај две цркви на островот Хиос и тоа кај црквите Панагија Крина[541] од крајот на XII век и Св.Апостоли во Пирги[542], глобално датирана во XIII-XIV век. Црквата Св.Пантелејмон во Солун, со одредени резерви, може да биде приклучена кон списокот на градби со две куполи. Имено таа би била значаен претставника на "групата" доколку се потврдат претпоставките за две градежни фази во нејзината градба, со што кај јадрото на црквата што би ја одредувало првата градежна фаза од крајот на XII век, би се појавиле две куполи.[543]

Во склоп на средновековната архитектура на Македонија, веќе на неколкупати беше изнесена претпоставката за можното постоење на купола над спратот на нартексот кај охридската Св.Софија. Ваквото решение понекогаш беше ставано во втор план, со изнесените мислења дека од стилска гледна точка над спратот била изведена кула-камбанарија.[544] Но според претходно изнесените примери на двокуполни цркви (Цариград, Хиос, Солун), а каде што втората кула најчесто се поставува над нартексот (v.supra), можеме да посочиме дека дури и од стилска гледна точка мислењето за купола над нартексот на Св.Софија има предност пред мислењето за кула-камбанарија.[545]

Формално најблиска аналогија на нартексот би имале кај црквата Одигитрија - Афендико во Мистра[546], но проблемот може да се гледа и во

---

[541] Помалата купола кај Крина е подоцна реконструирана, но според моделот на црквата насликан во нартексот, сосема е јасно дека и првобитно црквата имала две куполи, (C.Bouras, *Chios,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands, Köln 1972, 250; *Idem, Nea Moni on Chios: history and architecture,* Athens 1982, сл.94, сл.133.

[542] C.Bouras, *Chios,* 250, сл.113.

[543] Околу ова прашање мислењата се поделени и ситуацијата е далеку од јасна, иако според потврдените историски извори, црквата припаѓала на манастирот Перивлептос, обновен од митрополитот Јаков во деведесеттите години на XIII век, (M.L.Rautman, *Patrons and Buildings in late Byzantine Thessaloniki,* JÖB 39 (1989), 304.), како и тоа дека нејзините фрески датираат од првата деценија на XIV век (A.Cituridu, *Zidno slikarstvo Svetog Pantelejmona u Solunu,* Zograf 6 (1975), 14-20. Па така понекогаш се смета дека црквата настанала во една градежна фаза, т.е. заедно со бочните бродови,над кои што според стари фотографии имало уште куполи, (*Thessaloniki and its Monuments,*(ed.C.Mavropoulou-Tsioumi), Thessaloniki 1985, 95-98). Наспроти ова Ројтман во планот на Св.Пантелејмон означува две градежни фази (M.L.Rautman, *Patrons and Buildings,* сл.11), слична претпоставка изнесува и Константинидес (E.Constantinides, *Panagia Olympiotissa,* 51 n.170), како и во скорешното дело на Димитрокалис каде што јасно се назначува определбата дека јадрото на црквата настанало кон крајот на XII век, еден век пред големата градежна обнова од страна на митрополитот Јаков (G.Dimitrokallis, *Η Βυζαντινη τεηνη,* 61); поопширно за овој проблем во: M.L.Rautman, *The Church of the Holy Apostles in Thessaloniki: a Study in Early Paleologan Architecture,* Indiana University 1984, 235-236.

[544] B.Schellewald, *Der Sophienkirche,* 165.

[545] За техничките предности забележани во остатоците од горната конструкција кои ја преферираат куполата пред камбанаријата v.supra во делот за Св.Софија - реконструкција на нартексот.

[546] M.Chatzidakis, *Mystras*, 54.

глобални рамки со намерата да се постави купола над централниот травеј на еден правоаголен простор, прилепен до јадрото на црквата.[547]

Во такви глобални рамки треба да се стават сличностите со појавата на двете куполи кај Св.Архангел Михаил и двокуполната изведба кај Св.Софија (вклучувајќи ја притоа постарата купола над наосот).[548] Понатамошните случаи на двокуполни градби во Македонија потекнуваат од XIV век; Св.Архангел Михаил во Лесново (после втората градежна фаза)[549] и Св.Никола во Псача.[550]

Во контекст на прегледот на црквите со две куполи, во нашата анализа ќе вклучиме и една црква од близината на Саранда (Албанија), кај селото Месопотам, а посветена на св.Никола (сл.76).[551] Формално кај оваа црква се појавуваат четири куполи поставени над квадратниот простор над наосот. Но појавата на двете апсиди на источната страна, завршувањето на парот коси покриви над нив, како и со групирањето на куполите во правецот исток-запад на повисока и пониска, од надвор оддаваат впечаток како да се тоа две издолжени двокуполни градби споени по едната своја страна.[552] На прв поглед се забележува дека од типолошки аспект црквата Св.Никола во Месопотам е уникатна и нема директни паралели кај други византиски цркви. Но ако треба од типолошки да ја дефинираме, најсоодветен би бил терминот "куполна" црква, слично како и описот на Св.Архангел Михаил. Сличностите кај двете цркви, покрај општиот терминолошки суфикс, може да се забележат и кај одделни аспекти на нивниот структурен систем. Па така, и кај двете цркви куполите во спојот се носеле на широки заеднички лаци[553], со таа разлика што кај Месопотам во основата применета е многу посмела конструкција со централното поставување на еден столб во кој што се спојуваат внатрешните лаци.[554]

Ваквата желба за мултиплицирање на куполите во структурниот систем, изразена кај Св.Никола во Меспоптам и Св.Архангел Михаил во Прилеп, до

---

[547] Параклисот кај Хора, кај бочните простори во Св.Пантелејмон во Солун итн.

[548] Секако во склоп на тежината што со себе ја носи вториот случај, односно дека тоа е во рамките на можно решение.

[549] К.Томовски, *Средновековнаша архишекшура,* во: Уметничкото богатство на Македонија, Скопје 1984 сл.146.

[550] K.Tomovski, *Konzervacija crkve manastira Psače,* ZZSK 14 (1963), 39-44.

[551] A.Meksi, *Arhitektura e kishës Mesopotamit,* Monumentet 3 (1972), 47-94.

[552] A.Meksi, *Mesopotamit,* Tab.XII.

[553] A.Meksi, *Mesopotamit,* сл.4.

некаде ги одделува овие цркви од групата каде што втората купола се појавуваше над нартексот; односно, кај првите две може да се рече дека појавата на повеќе куполи во суштина потекнува од желбата за мултиплицирање на култните единици[555], појава регистрирана во византиската архитектура.[556]

Куполата е клучниот елемент при ваквата мултипликација.[557] Тоа е пред сѐ поради нејзината симболичка улога во архитектонската композиција и нејзината симболичка претстава како дел од небескиот свод.[558] Поради тоа не се без основа паралелите што се повлечени помеѓу појавата на балдахинот во олтарскиот простор и куполата.[559] Евидентни врски можат да се воспостават кај црквите со збиен впишан крст во својата наједноставна варијанта (типот на Хора), каде што таквиот "балдахин систем" е внесен во јадрото на црквата.[560] Со тоа се создава единствен и статичен простор, што може да се дефинира како "наос под купола", најчесто користен во римската и ранохристијанската архитектура како образец за меморијалната архитектура т.е. при градењето на мавзолеи.[561] Ваквите тенденции наоѓаат потврда и кај повеќекуполните цркви кои биле наменети за мавзолеи.[562] Во тој правец, индикативно е претворањето на црквата во манастирот Влахрена во Арта кон средината на XIII век, од базилика во куполна градба, ако се знае дека црквата била мавзолеј на епирските деспоти од фамилијата Комнено-Дука (сл.80).[563]

---

554 A.Meksi, *Mesopotamit,* сл.32.

555 Појавата на двојната апсида во Месопотам се објаснува со паралелното егзистирање на две цркви (православната и унијатската) во тој дел на Албанија, (A.Meksi, *Mesopotamit,* 75.).

556 Најдобар показател за праксата за мултиплицирање на култните единици е појавата на параклисите со различна посвета во склопот на еден градежен објект, (G.Babić, *Les Chapelles annexes des églises byzantines. Fonction liturgique et programmes iconographiques,* Paris 1969; S.Ćurčić, *Architectural Significance of Subsidiary Chapels in Middle byzantine Churches,* JSAH 36 (1977), 94-110.

557 В.Кораћ, М.Шупут, *Архишекшура,* 79.

558 K.E.McVey, *The Domed Church as Microcosm: Literary Roots of an Architectural Symbol,* DOP 37 (1983), 91-121.

559 В.Кораћ, М.Шупут, *Архишекшура,* 73 (со дополнителна литература).

560 M.Šuput, *Gottesmutterkirche als Kultbau im Rahmen der byzantinischen Architektur ihrer Zeit,* Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988, 138.

561 Се претпоставува дека денес изгубениот мавзолеј на Константин (наречен Мали Св.Апостоли), можел да биде образецот копиран при формирањето на октогоналниот конструктивен склоп во манастирската црква Неа Мони на Хиос, (C.Bouras, *Nea Moni,* 133, 139-145).

562 Како петкуполни цркви мавзолеи може да се посочат Панагија Космосотира во Фере(Вира) Тракија, иста намена и се припишува на црквата Св.Пантелејмон во Нерези, потоа Св.Архангели во Призрен, Грачаница, Матејче итн. (С.Ћурчић, *Грачаница,* 146-147; *idem, Architecture in the Byzantine Sphere of Influence Around the Middle of the Fourteenth Century,* Дечани и византијска уметност средином XIV века, Београд 1989, 58.

563 A.Orlandos, *Μονη των Βλαχερνων,* сл.2-3; P.L.Vocotopoulos, *Arta,* 139.

Но секако дека најзначајниот претставник на повеќекуполната црква како модел за мавзолеј е манастирскиот комплекс Пантократор, мавзолејот на династијата на Комнените (сл.79). Ова особено важи за средната, двокуполна црква, посветена на архангел Михаил, во која што се пронајдени гробовите. Нејзиното директно влијание како модел за мавзолеј веќе е забележано кај неколку градби: Св.Богородица во Студеница[564], параклисот во Хора и во неговата невообичаена комбинација на купола со слепа калота.[565]

Кон списокот на овие, секако треба да се додаде и црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп. Неколку елементи одат во прилог на ваквото наше тврдење. Пред сé тоа се рефлектира во појавата на двокуполната градба, изведена над единствениот правоаголен простор (мошне специфична изведба), како и во самиот конструктивен склоп на куполите, т.е. со заеднички широки лаци како база од каде што тие се издигале (сл.78).

Ваквите согледувања сосема одат во прилог на материјалните докази изнесени во претходното поглавје за фазите на Св.Архангел Михаил (v.supra), каде што јасно беше предочено постоењето на капела во супструктурата на западниот дел на црквата, едновремена со горните нејзини делови. На тој начин, сосема се јасни корените на концепцијата на црквата и на нејзината горна двокуполна структура, како гробна црква - мавзолеј.

Но има уште елементи кои што уште повеќе ја осветлуваат концепцијата на црквата Св.Архангел Михаил како гробна црква - мавзолеј. Тоа е нејзината двоспратна структура.[566]

Појавата на една значајна групација на двоспратни цркви можеме да ја проследиме во средновековната архитектура на Бугарија.[567] Вовед во појавата на двоспратните цркви како модел за гробници во бугарската архитектура претставува познатата костурница во Бачковскиот манастир, чиј што ктитор

---

[564] M.Šuput, *Gottesmutterkirche,* 135.

[565] R.Ousterhout, *Kariye Camii,* 113. Понатаму манастирскиот комплекс Пантократор се посочува како образец за многубројните цркви-мавзолеи од времето на Палеолозите во Цариград и пошироко, (јужната црква на манастирот Липс, параклисот кај Богородица Памакаристос итн), (R.Ousterhout, *Kariye Camii*, 112).

[566] За проблемот на двоспратната градба како модел за гробна црква поопширно во: A.Grabar, *Martyrium I,* Paris 1946, 93.

[567] А.Грабар, *Болгарские церкви-гробницы,* ИБАИ 1 (1921-1922), 103-135; Н.Брунов, *К вопросу о болгарских двуэтажних церквах-гробницах,* ИБАИ 4 (1926-1927, 135-144; Н.Чанева-Дечевска, *По въпроса за църквата Св.Архангели в Бачковския манастир и другите двуетажни църкви в района,* ГДА НБУ 2-3 (1996), 344-353. Попатно ќе ја спомeнеме и двоспратната црква Богдан Сарај во Цариград (T.F.Mathews, *Churches of istanbul,* 39-39).

бил високиот византиски чиновник со грузиско потекло, Григориј Пакуријан.[568] Неодамна беше изнесено мислењето дека црквата Св.Архангели во истиот манастир, која што е изведена со типот на збиен впишан крст и тоа на два спрата, дека била изградена како гробна црква на ктиторот Григориј и неговиот брат Апасиј, и дека тие всушност како угледни ктитори не биле погребани во заедничката манастирска гробница.[569]

Пловдивската област во која што се лоцирани уште две гробни цркви, според историски податоци му била подарена на владеење на ктиторот на Бачковскиот манастир[570] со што се возможни влијанијата на двоспратните манастирски цркви, врз црквите Св.Богородица Петричка (сл.77) и Св.Јован Претеча во Асеновград.[571] На западната страна на постарата црква во Бојана, во 1259 г. е додадена двоспратна куполна градба, замислена како гробница на семејството на ктиторот, севастократорот Калојан.[572]

Споредбата на Св.Архангел Михаил со бугарските цркви гробници, ќе открие многу заеднички елементи во нивното планирање и структура. На прво место е секако нивната двоспратна структура, а која што е ретка во византиската архитектура.[573] Се претпоставува дека ваквата двоспратна композиција како модел за гробна црква во бугарската архитектура можел да биде пренесен и од закавказјето (Ерменија, Грузија), каде што во ранохристијанскиот период има значителен број на двоспратни цркви гробници.[574] Впрочем, како основен поттик во формирањето на двоспратната композиција во Ерменија се смета податокот дека ерменската црква најстрого го забранувала погребувањето на знаменитите личности во самата култна зграда.[575]

Инаку, преку личноста на Пакуријан (за кој што се смета дека имал грузиско потекло) и неговиот манастир, каде што е изведена најстарата двоспратна црква гробница, можно е да бил извршен пробивот во концепцијата за двоспратната црква, како модел за гробница. Посредна

---

[568] К.Миятев, *Архитектурата,* 204-205.
[569] Н.Чанева-Дечевска, *По въпроса за църквата Св.Архангели,* 352.
[570] Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура,* 194.
[571] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със сгъгнат кръст,* 136, 151.
[572] К.Миятев, *Архитектурата,* 183-185.
[573] А.Грабар, *Болгарские церкви-гробницы,* 111.
[574] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със сгъгнат кръст,* 138-139.
[575] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със сгъгнат кръст,* 136-137.

потврда за ова ни дава податокот што најголемиот број на вакви цркви се пронајдени токму во манастирот и неговата поширока околина (Асеновград).

Но Бачковската костурница може да се постави и во глобален контекст на повеќеспратните манастирски костурници, придружен елемент на средновековните манастири.[576] Најдобар доказ за тоа е појавата на двоспратната манастирска гробница Св.Лука во манастирот Неа Мони.[577] За манастирската гробница се смета дека настанала во екот на градежната кампања во манастирот во рамките на XI век, што значи дека е едновремена, ако не и постара од Бачковската костурница (1083г). Појавата на повеќе гробни манастирски цркви, со двоспратна конструкција е забележана уште кај неколку средновековни манастири.[578] Понатаму, ќе ја спомeнеме само појавата на една четвртеста кула со неправилни димензии, доградена до западната фасада на најзначајниот трновски манастир Св.Четириесет Маченици, а која што имала гробна намена.[579] Исто така, не треба да се заборави податокот дека кај многу средновековни цркви се пронајдени мали крипти со мошти со култно значење, а кои што биле поставувани под подот на црквите. Посредно ваквата традиција исто може да укаже и на постапката за ваквите крипти, доколку се имале конкретни можности, да биде развиен посебен и поголем простор за нив.[580] Во тој контекст, неспорна е поврзаноста на двоспратните структури кај горенаведените цркви како показател за нивната гробна намена, но забележливо е кај сите нив тоа што двоспратната структура е комбинирана со теренските услови или пак со некои функционални барања.

Па така, ќе почнеме со црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп. Во голем дел нејзината двоспратност се должи и на теренските услови, односно таа е јасно изразена на нејзината јужна и западна фасада, додека пак на источната и северната фасада двоспратноста воопшто ја нема. Сличен е случајот со Бачковската костница[581], додека кај црквата Св.Богородица Петричка двоспратноста е умешно вклопена во одбрамбените бедеми на

---

576 Особено во манастирските комплекси расположени на тесен и ограничен простор каде што немало многу простор за манастирските гробишта. (Н.Тулешков, *Архитектурата на българските манастири*, София 1988, 72-73.).

577 C.Bouras, *Nea Moni,* 190-191.

578 Гробната црква Св.Никола во манастирот Дафни, двоспратната капела во манастирот Св.Тројца на Евбеја, црквата покрај манастирот во Самарина итн; (C.Buoras, *Nea Moni,* 192).

579 К.Миятев, *Архитектурата,* 148-151.

580 Интересен пример за тоа е криптата оформена под подот кај црквата во Сардис; (H.Buchwald, *Sardis Church E - a Preliminary Report,* JÖB 26 (1977), 275-276, сл.10.

Асеновград.[582] Друга ситуација е кај црквите во Бојана и Св.Архангели во Бачковскиот манастир, каде што нивниот долен спрат служел и како предворје (комуникација) од каде што се влегувало во постарите цркви.[583]

Тоа може да ни укаже дека, понекогаш идеата за двоспратна гробна црква можела да произлезе и од специфичните услови или потреби кај поединечни објекти. Во склоп на ваквите варијации може да се стават и податоците дека кај некои од црквите нема пронајдено гробни наоди, што значи дека идеата за меморијална црква не морала да значи и фактичко погребување на личноста за која што таа функција на црквата е наменета.[584] Во тој случај капелата ја превзема улогата на параклис во кој што повремено се одржува меморијална служба во чест на знаменитиот ктитор.[585] Ваквите служби најверовaтно дека се изведувале поретко и на нив присуствувале мал број на лица, со што се објаснува слабата врска помеѓу спратовите кај овие цркви. Имено, кај ниедна црква од типот, како врска не се изведени масивни скали, туку се употребувале дрвени скали.[586]

Со двоспратноста на црквите исто така е поврзана и различната градежна обработка на ѕидовите на спратовите. Ова е карактеристика кај сите цркви, со што се објаснува и појавата на погруба ѕидарија во долниот дел кај Св.Архангел Михаил. Има уште една заедничка компонента кај двоспратните гробни цркви, а тоа е што сите тие имаат влезови и од југ.[587] Ова е мошне индикативно ако се знае дека најчесто за таквите јужни влезови морало да биде направена посебна конструкција (најчесто дрвена), за да се обезбеди пристапот до нив (сл.77). На тој начин се објаснува и појавата на двата влеза на јужната фасада кај црквата Св.Архангел Михаил (на западниот и источниот дел), и покрај тоа што за да се стигне до нив морало да биде изведена дополнителна дрвена конзолно исфрлена конструкција.

---

[581] К.Миятев, *Архитектурата*, сл.241-242.

[582] Н.Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст*, сл.1.

[583] Н.Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура*, 98-101; Н.Чанева-Дечевска, *По въпроса за църквата Св.Архангели*, 349-350.

[584] Во црквите Св.Богородица Петричка и Св.Архангели во Бачковскиот манастир не е регистрирано погребување. Во овие примери може да се вброи и црквата Св.Архангел Михаил, бидејќи според извештаите од конзерваторските работи немаше гробни наоди во супструктурата на црквата (Д.Ќорнаков, *Конзерваторско-истражувачки радови на архитектури и живопису цркве св.Арханђела код Прилепа*, ZZSK XVIII (1967), Beograd, 91-98.).

[585] G.Babić, *Les Chapelles*, 163 *ff.*

[586] За влезот во капелата кај Св.Архангел Михаил изведен во југозападниот агол на црквата и за употребата на дрвени скали (v.supra); за употребата на дрвените скали во византиската архитектура во: С.Ћурчић, *Грачаница*, 112 n.98.

Во склоп на сличностите на прилепската црква со групата на бугарски двоспратни гробни цркви, припаѓа и забелешката дека најголемиот број од нив се изведени со типот на збиен впишан крст (односно тие се изведени како издолжени градби со купола). Но она што ја разликува групата на цркви од Св.Архангел Михаил, е појавата на двете куполи кај втората.

Воопшто, веќе е нагласена реткоста (понекогаш тоа дури се третира како аверзија) кон повеќекуполните цркви во бугарската архитектура.[588] Дури појавата на двете куполи кај Св.Архангел Михаил не може да се компарира со глобално слично конципираната Св.Богородица Петричка, кае што на западниот дел како втор вертикален акцент се појавува кула-камбанарија. Тоа значи дека изворите на горниот структурен систем и појавата на двете куполи, како што веќе претходно посочивме, треба да се бара во цариградската архитектура, односно во најзначајниот мавзолеј на византиската архитектура - средната црква во манастирскиот комплекс Пантократор, црква со иста посвета како и прилепската и тоа на архангел Михаил.

На крајот на нашата типолошка анализа, ќе се потсетиме на почетокот, а тоа е дека, навистина црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп е една сложена градба во чие што планирање и изведба биле вклучени многу различни сегменти, но во основата на сите нив, секогаш беше вткаена желбата да се изгради црква - мавзолеј; било тоа да се однесуваше на нејзината необична двоспратна структура или пак на нејзината уште понеобична изведба како двокуполна црква.

---

[587] За бугарските примери во: Н.Чанева-Дечевска, *Църковнаша архишекшура,* 186.
[588] С.Ćurčić, *Architecture in the Byzantine Sphere,* 64.

## II.4.3. ТИПОЛОГИЈА - СВ.ДИМИТРИЈА ВО ПРИЛЕП

Во овој дел ќе ги посочиме само одделните типолошки појави кај црквата Св. Димитрија кои немаат свои паралели кај другите цркви.[589] Во тој поглед особено е интересна појавата на отворениот трем на северната страна на црквата и тоа во нејзината втора градежна фаза. Притоа, ваквата појава може да се стави во контекст на типолошките иновации присутни во византиската архитектура, поврзани со изградбата на разните видови на црковни анекси (бочни капели, портици, отворени тремови итн). Формално, сите овие видови на анекси познати се во византиската архитектура од претходните периоди. Меѓутоа во најголемиот број на случаи овие анекси така радикално ги трансформираат своите прототипови, при што се добива впечаток како тие да се новосоздадени. Кога станува збор за бочните тремови, тие изгледа не успеаа целосно да се прилагодат на основните стремежи на средновизантиската архитектура, а тоа е желбата да се интегрираат различните делови на црквата во една компактна целина. Заради тоа, можеме да кажеме дека тие поретко се употребувале во средновизантиската архитектура. Единствените примери во Цариград каде што е наговестено нивното присуство се црквите: Св.Ѓорѓи во Мангана и во Вефа Килисе Џамија, но до крај не е потврдено дали овие тремови им припаѓале на првобитните градби, или пак се подоцнежни доградби.[590]

Честа била практиката, на византиските цркви кои што добивале живопис и на своите надворешни фасади, заради неговата заштита од атмосверски влијанија, да бидат изведувани натстрешници, кои што понекогаш поради својата поголема длабочина биле изведувани и како отворени тремови,

---

[589] За типолошките карактеристики во оние фази кај црквата кои што можат да се групираат со другите анализирани цркви во Македонија, нивните специфики ќе бидат посочени во склоп на поширокота компаративна анализа за одредената типологија (типот на цркви со надвишен попречен свод, типот на впишан крст со купола). Во овој дел повторно типолошките специфики се даваат во една скратена верзија, за разлика од нивната разработка во трудот, (С.Коруновски, *Архитектурата на црквата Св.Димитрија,* (во печат).

[590] Во случајот на црквата Св.Ѓорѓи во Мангана, градба која што му се припишува на Константин IX Мономах (1042-1055), постоењето на бочни тремови се претпоставува врз основа на археолошките наоди, T.Mathews, *Churches of Istanbul*, 203; додека пак, за бочниот трем во Килисе Џамија, дознаваме од познатиот, и многу често објавуван цртеж на оваа црква од Тексиер, (C.Mango, *Byzantine Architecture*, сл.218.).

со дополнителни потпори на својата предна страна. Но заради тоа што најчесто ваквите конструкции биле изведувани од дрво, денес тие не постојат. Присуство на отворени тремови се претпоставува на првобитната градба кај црквата Св.Софија во Охрид[591], Св.Ѓорѓи во Курбиново (сл.75)[592]. Исто така и кај некои цркви од XIII век, можно е постоењето на отворени тремови (Като Панагија[593], Св.Софија во Трапезунт[594]). Околу 1300 година еден егзонартека во вид на отворен трем, кој што покажува силни готски влијанија, е изграден околу трите страни на црквата Св.Теодора во Арта.[595]

Меѓутоа, забележливо е присуството на отворените тремови во "портик фасадите"[596], кои што се јавуваат во времето на Палеолозите (егзонартексот на Св.Софија во Охрид, западната фасада на Килисе Џамија, Текфур Сарај итн.). Притоа, се мисли дека западната цивилна архитектура влијаеше врз појавата на овие фасади, и тоа прво во цивилната архитектура на Цариград[597]

Во овие општи насоки треба да ја согледаме и појавата на отворениот бочен трем во црквата Св.Димитрија. Затоа што, отворениот трем во приземјето е една од основните карактеристики на "портик фасадите". Како елемент на архитектурата, отворениот трем не го најде своето место во средновизантиската архитектура, а посебно во цариградската архитектура. Било да беа употребени во "портик фасадите", или пак како независни елементи, појавата на отворените тремови во византиската архитектура

---

[591] Кај оваа црква сосема е возможно постоењето на еден отворен трем по должината на целата западна фасада и еден отворен трем со функција на портик на нејзината јужна фасада, (B.Schellewald, *Sophienkirche,* 100, рек.скица I).

[592] Ц.Грозданов, Л.Хадерман Мисгвиш, *Курбиново,* 41.

[593] D.Pallas, *Epiros,* сл.26. На западната страна кај оваа црква и денес постои длабока натстрешница, (G.Velenis, *Thirteenth Century Architecture,* сл.11).

[594] Врз основа на остатоците од ѕидовите на портиците А.Катчатриан го претптоставува постоењето на длабоки тремови околу трите страни на црквата, (A.Khatchatrian, *Annexes des églises byzantines à plan central: analogies et antécédentes,* Actes du XII$^{e}$ Congrés international d'études byzantines, Beograd - Ohrid, 1964, 165, сл.37).

[595] D.Pallas, *Epiros,* 277 сл.16.

[596] Во стручната литература честопати е пишувано за проблемот на "портик фасадите". Како прв пример каде што се појавува "портик фасада" Ц.Манго ја назначува црквата Св.Софија (Фатих Џамија) во Енез, при што црквата ја датира во XII век, спор.: C.Mango, *Byzantine Architecture,* 275; Датирањето го прифаќа Р.Остерхут, (R.Oustrehout, *The Byzantine Church at Enez: Problems in Twelfth-Century Architecture,* JÖB 35 (1985), 261-280). Ова датирање не го прифаќа Вокотопулос, кој што смета дека црквата е од времето на Палеолозите, (P.Vocotopoulos, *The Role,* 563 n.48).

[597] P.L.Vocotopoulos, *The Role*, 571.

зачести дури кон крајот на XII и првата половина на XIII век, најверовато како резултат на влијанијата на западната архитектура, пред сé цивилната.

Исто така, појавата на тремот во Св.Димитрија треба да се согледа во контекст и на неговата функција. Завршувањето на источниот ѕид на тремот со полукружна апсида, на некој начин сугерира дека можеби тремот завршувал со бочна капела на својата источна страна.[598] Но постоењето на бочна капела подразбира и вршење на одредена служба во нејзе, и аналогно на тоа постоење на одреден затворен простор каде што службата би можела да се изведува. [599] Ваков простор во тремот на црквата Св.Димитрија нема, односно, тремот во целата своја должина е отворен, па затоа не можеме да претпоставиме дека тој имал функција на "амбулаториум", кој што завршувал со бочна капела.[600] Според нашите согледувања најверовтно е дека, тремот на црквата Св.Димитрија, сé до неговото затворање (во следната градежна фаза), немал само една единствена функција. Односно, можно е тој да имал повеќекратна намена. Ова уште повеќе заради тоа што предложените намени на тремот (трпезарија, за административните потреби на пазарот) се од циклична природа и не се врзани за перманентно користење на некој простор.[601]

Во понатамошната анализа на типолошките карактеристики на црквата Св.Димитрија ќе се осврнеме само уште на пооделните елементи употребени во последната градежна фаза (појавата на бочна капела и бочен амбулаторен брод.

---

598 Во византиската архитектура, а посебно во архитектурата од времето на Палеолозите,бројни се примерите каде што бочниот трем на источната страна завршува со бочна капела. Тоа се среќава во црквите во Солун: Св.Пантелејмон, Св.Катерина, Св.Архангели (Таксијарси), Св.Пророк Илија, итн., (*Thessaloniki and Its Monuments,* 95 ff; црквите во Мистра: Бронтохион (Одигитрија), Пантанаса, итн., (D.Mouriki, *Mistra,* Alte Kirchen und Klöster Griechenlands, Köln,1972, 198-225.), во црквата Св.Богородица во Пеќката Патријаршија, (В.Ј.Ђурић, С.Ћирковић, В.Кораћ, *Пећка Патријаршија,* Београд, 1990, 110-111).

599 Обично службите за монасите и световните ктитори се обавувале во посебно подигнати бочни капели, (G.Babiќ, *Les Chapelles annexes des églises Byzantines: Fonction liturgique et programmes iconographiques,* Paris, 1969, 40 ff.)

600 Овој термин често се користи во стручната литература да означи страничен брод (отворен или затворен), кој што на својата источна страна завршува со бочна капела.

601 С.Коруновски, *Архитектурата на Св.Димитрија,* 52-57.

Бочните капели во византиската архитектура се појавуваат уште од самите нејзини почетоци.[602] Во средновизантиската архитектура бројот на бочните капели придружени кон главната црква нагло се зголемува. Во овој период тие многу често играат активна улога како во формирањето на планот на црквата, така и во нејзиниот надворешен изглед. Дури и во случаите кога тие не се целосно инкорпорирани во главната црква, нивниот план и изглед се прилагодува кон планот и изгледот на главната црква.[603] "Оваа важна ситуација - да се создаде целокупност (интеграција), како спротивност од тоа да се создаде агломерација - се чини дека постанува една од основните разлики на средновизантиската архитектура."[604]

Праксата за градење на бочните капели во византиската архитектура повторно се воведува околу 1290 година.[605] Со оглед на големата временска дистанца помеѓу овие примери и средновизантиските бочни капели, прототиповите преку кои што е превземена традицијата на градење на бочните капели не може со сигурност да се одреди. Прашањето за потеклото на бочните капели во архитектурата од времето на Палеолозите го прави уште посложено фактот што нивната повторна појава ја следиме скоро истовремено на повеќе места во византиската архитектура (Цариград, Арта, Мистра).

Во Македонија појавата на бочните капели ги носи во глобален план истите карактеристики кои што важат и општо за византиската архитектура. Во средновизантискиот период присуството на бочните капели е посведочено на неколку споменици (Св.Софија во Охрид[606], Св.Богородица во Вељуса[607], Св.Пантелејмон во Нерези[608]). Ова се најважните споменици каде што е сосема

---

[602] S.Čurčić, *Architectural Significance of Subsidary Chapels in Middle Byzantine Churches,* 94, n.5-6.; G.Babić, *Chapelles*, 9-31,67-78.

[603] Таков е случајот со бочната капела во црквата во Вељуса каде што иако таа е јасно одвоена како посебна архитектонска целина, нејзината основа и изглед целосно се вклопуваат во изгледот на главната црква, (П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса,* црт.10 и Т.IV -V).

[604] S.Čurčić, *Subsidary Chapels,* 96.

[605] S.Čurčić, *Subsidary Chapels*, 92.

[606] На спратот над бочните бродови Б.Шелевалд реконструира четири бочни капели и смета дека тие се едновремени со првобитната градба, (B.Schellewald, *Sophienkirche,* 75 ff, рек.основа II); Спротивно на нејзе Ѓ.Бошковиќ и К.Томовски сметаат дека имало две бочни капели кои што се подоцна изградени, (Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековнаша архишекшура,* 82).

[607] П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса,* 85-86 црт.10.

[608] Ђ.Бошковић, *Архишекшура средњег века,* Београд, 1976, сл.177.

видливо постоењето на бочните капели. Но веројатно и во многу други цркви од средновизантискиот период можна е појавата на бочните капели, заради тоа што многу често бочните простории до олтарот имале двојна улога и тоа како пастофории (протезис и ѓаконикон) и бочни капели.[609]

Во македонската архитектура од времето на Палеолозите, црквата Св.Димитрија во Прилеп претставува еден од најраните примери за повторната појава на бочните капели. Таа всушност претставува претходница во повторното воведување на праксата за градење на бочни капели во Македонија во XIV век (Успение на Богородица во Трескавец[610], во Охрид: Св.Пантелејмон[611], Св.Климент[612] итн.).

Претходно беше напоменато дека, бочната капела во Св.Димитрија настанала во склопот на обемните градежни активности изведувани на јужната и западната страна на постоечката црква. Притоа врската помеѓу бочната капела и нартексот и бочната капела и наосот е изведена со бочен амбулаторен брод.

Ваквото доградување на црквите во времето на Палеолозите е многу чест случај. Впрочем, може да се каже дека во тогашната архитектура на Цариград доградбите и проширувањата на постарите цркви се едно од главните полиња на делување во архитектурата.[613] Дури и кога станува збор за поголеми интервенции, односно за градење на цели цркви, тие се додаваат и се поврзуваат со постарите цркви (јужната црква на Константин Липс, параклисот на Богородица Памакаристос).[614] На тој начин касновизантиската архитектура прерасна во еден сложен комплекс на градби, составен од

---

[609]G.Babić, *Chapelles,* 61-65.

[610]Во манастирската црква северната бочна капела сѐ уште постои додека пак според остатоците од јужниот бочен брод сосема извесно е постоењето и на јужна бочна капела, (Е.Касапова, *Манастирот Трескавец,* 95-112).

[611] Д.Коцо, *Триконхалните цркви во Климентовото време,* Словенска Писменост: 1050 годишнина на Климент Охридски, Охрид 1966, 92.

[612] Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековната архитектура,* сл.18.

[613]За некои од причините за ваквите појави во архитектурата на Цариград, (L.Rodley, *Art and Architecture,* 279-281.).

[614] T.Mathews, *Churches of Istambul,* сл. 324, 348.

различни просторни форми и структури, секогаш прилагодувани според спефичностите на секој објект посебно.[615]

Она што го разликува бочниот амбулаторен брод во црквата Св.Димитрија во Прилеп, од појавата на таквите бродови настанати околу 1300 година, кои што се појавуваат како надворешен појас понизок од јадрото на градбата (Св.Василие[616], Оморфоклисија -сл.83), е тоа што тој активно учествува во формирањето на горната структура на јадрото на градбата. Таков е случајот со Паригоритиса[617], каде што бочните амбулаторни бродови не се издвојуваат како посебна целина, туку ја формираат надворешната обвивка на градбата. И уште повеќе, формирањето на бочните капели и бочните бродови на приземјето кај Паригоритиса е многу блиска до изведбата на јужниот бочен брод и бочната капела во црквата Св.Димитрија.

Значајна карактеристика на бочните амбулаторни бродови во Солун, Арта, Костур е што било да се тие едновремени со црквата или пак да се подоцнежни доградби, тие се многу затворени во однос на наосот на црквата, односно врската помеѓу нив и наосот е изведена со мали едноструки премини (Паригоритиса, Св.Пантелејмон, Св.Апостоли, Св.Катерина, Св.Василие, Оморфоклисија итн.).

Но црквата Св.Димитрија не е таков случај, односно за комуникација помеѓу бочниот брод и наосот е изведен голем лачен отвор кој што приближно одговара на ширината на централниот травеј на наосот. Оваа негова специфичност, неговата изведба во висина на другите делови на црквата, поставувањето на попречен полуцилиндричен свод, со иста висина како и претходно изградените подолжни бродови над наосот на црквата (со што се формирани краците на крстот), сето тоа јасно зборува дека при градењето на бочната капела и бочниот брод во црквата Св.Димитрија се мислело и на промена на типот на постарата градба, и тоа од двокорабна базилика со надвишен попречен свод во впишан крст со купола.

---

615 Најверојатно дека вакво групирање на повеќе цркви во еден комплекс своите корени ги имаше во манастирот Пантократор.

616 A.Orlandos, *Αγιος Βασιλειος,* ABME 2 (1936), сл.1

617 A.Orlandos, *Παρηγορητισσα,* сл.20-22

# ГЛАВА III
# ФОРМИ - ЅИДАРИЈА - ДЕКОРАЦИЈА

## III.1. ФОРМАЛНИ АСПЕКТИ

Во склоп на анаклизата што следи, а со оглед на богатиот спектар на форми изведен кај црквите од XIII век, заради поголема прегледност, нив ќе ги анализираме во неколку групи. Притоа, доминантно место му е отстапено на анализата на формите кај фасадите, при што како посебен дел се издвоени источните фасади т.е. апсидите поради специфичостите содржани при нивното оформување. Исто така, за куполите на црквите, и покрај тоа што претставуваат интегрален дел на нивниот изглед, издвоен е посебен простор поради тоа што тие можат да се издвојат како специфичен формален сегмент.

### *АПСИДИ*

Апсидите кај црквите во Македонија од XIII век, во својот надворешен изглед се изведуваат во неколку форми и тоа како: тристрани, полукружни и полигонални.

Како полигонална изведена е единствено апсидата кај црквата Св.Богородица во Дабниште (сл.38), односно таа била првобитно петтострана, но подоцна со преправките е претворена во шестострана. Полигоналните, а со тоа и петтостраните апсиди се појава која што најчесто се поврзува со цариградската архитектура од времето на Комнените и Палеолозите.[618] Петтострани се и централните апсиди на Св.Софија во Охрид и Нерези, но нивното формирање со две покуси страни нормални на површината на источната фасада ги носи многу поблиску до изгледот на тристраните апсиди.[619]

Од друга страна кај апсидата во Дабниште страните се правилно впишани во една полукружна траекторија.[620] Ваквата нејзина карактеристика

---

[618] Пантократор (сл.79); Хора (R.Osterhout, *Kariye Camii,* сл.134); Јужната црква кај манастирот Липс (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.35-1); Параклисот кај Памакаристос (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.36-21), итн.

[619] Б.Чипан, *Св.Софија*, 65; G.Millet, *L'école grecque,* сл.102.

[620] На сличен начин е трасирана северната апсида кај Влахерна во Арта (сл.80).

ја носи облиску до цариградските примери, но сепак, нејзиниот надворешен изглед нема ништо заедничко со нив. Напротив, нејзините страни се равни и без никакви елементи за нивна артикулација, само со еден мал и многу тесен прозорец по средината. Со ова таа е многу поблиска до групата на полукружни апсиди каде што исто нема елементи за артикулација. Во оваа група можат да се постават двете апсиди (централната и северната) кај црквата Св.Димитрија и Св.Петар во Прилеп (сл.19, 65).

Употребата на полукружните апсиди може да се смета како архаичен елемент ако се земе податокот дека нивната примена во периодот од VIII-X век е многу честа. Скоро сите цркви од овој период од западна Грција имаат полукружни апсиди.[621] Истото важи и за костурските цркви (Кубелидики, Таксијарси, Св.Анаргири итн.).[622] Но тоа не значи и дека нивната примена е ограничена само на тој период, односно цркви со полукружни апсиди се сретнуваат и во периодот од XII-XIV век[623], како кај некој подоцнежни костурски цркви (Св.Никола Касници) или цркви во Прилеп (Св.Богородица Пречиста).

Најмногубројна е сепак групацијата на цркви со тристрани апсиди.[624] Нивната појава можеме да ја проследиме кај црквите: Св.Архангел Михаил (сл.47), Св.Никола (цр.10) и јужната апсида на Св.Димитрија во Прилеп (сл.65), кај базиликата Св.Никола во Манастир (сл.1), црквата Св.илија во Грнчари (сл.9), охридските цркви Св.Јован Канео (сл.27) и Св.Климент (Св.Богородица Перивлептос - цр.27) и кај Св.Димитрија во Велес (сл.23). Но нивната честа изведба не подразбира и нивна униформност, односно од формален аспект присутни се повеќе варијации лесно воочливи во нивниот надворешен изглед.

Наједноставно е изведена тристраната јужна апсида кај прилепската црква Св.Димитрија (сл.65). Имено, за расчленување на нејзините површини не

---

[621] Епископијата во Мастру, Панаксиотиса во Гавролимни, Успението на Богородица во Ламбово, Св.Василие Гефирас, Св.Димитрие Кацури итн; (P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρχιτεκτονική, passim*).

[622] N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς, passim.*

[623] Употребата на полукружните апсиди во бугарската архитектура се протега до XIV век (Н.Мавродиновъ, *Еднокорабнаша*, 110-111.

[624] Воопшто тристраните апсиди се најчеста појава кај византиските цркви.

се употребени никакви елементи. Со ваквата своја затвореност и едноставност тристраната апсида на Св.Димитрија нема свои поблиски аналогии во решавањето на централните апсиди на црквите од крајот на XIII век. Но ваквиот третман на апсидата на јужниот анекс најверoccnoватно бил условен од фактот што всушност се работи за бочна апсида. Односно, по правило секогаш бочните апсиди во византиската архитектура биле многу поскромно изведувани од главната, централна апсида (Св.Софија, Нерези). Па така, споредувајќи ја бочната апсида на јужниот анекс на црквата Св.Димитрија со бочните апсиди кај некои цркви изведувани кон крајот на XIII век (Св.Василие во Арта[625], Оморфоклисија во Костур[626]), ќе забележиме многу сличности во нивната изведба.

Слично на претходната, апсидата кај црквата Св.Илија во Грнчари е изведена на еден поконзервативен начин (сл.9). Имено, на бочните страни на апсидата нема никакви елементи за артикулација, додека на челната страна има една широка лачна монофора во чиј што долен дел е поставена една тесна монофора. Вака изведената ниша во себе носи некои неусогласености што го прават нејзиниот изглед како целина без поблиски паралели. Во глобален план појавата на една широка ниша на челото на тристраната апсида во аранжман со две равни бочни страни на апсидата е може да се рече издигнато на ниво на принцип при формирањето на тристраните централни апсиди во јужна Грција и Пелопонез во XI-XII век[627], транспонирани во подоцнежните епирски цркви.[628]

Претходно кај Св.Илија ја посочивме појавата на почеток на еден мал лак во јужниот дел на нишата, наод кој што не наоѓа соодветна поткрепа во северниот нејзин дел, а каде што во исполната со тули нема никакви фуги. Ваквата состојба ја изнудува претпоставката дека концепцијата на нишата е изменета во текот на самата изведба, односно можеби почетната концепција била да се изведе една бифора, надвишена со нишата и лакот од тули

---

[625] K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος*, сл.5-6.
[626] E.Stikas, *Une Eglise,* сл. "D"
[627] Кесаријани, Агиа Мони во Арија, Мербака итн. (N.Joles, *Βυζαντινη ναοδομια (600–1204),* Athens 1992, сл. 42, 37, 38.
[628] Като Панагија, Влахерна, Св.Никола Родијас, Порта Панагија; (A.Orlandos, ABME 2, 78-79, 13, 134; *Idem,* ABME 1, 16.

(концепциски истоветно како претходно наброените примери од јужна Грција и Епир), но дека во текот на изведбата се поминало на сведување на бифората на една тесна монофора, со што се добил ваквиот необичен изглед.

Во основата на другите тристрани апсиди изведени кај црквите од XIII век во Македонија, лежи една слична концепција,односно тоа е идеата да се оформи тристрана апсида артикулирана со ниша на секоја страна. Двете бочни се изведуваат како слепи ниши , а на челната во долниот дел се изведува еден прозорец.

Со најмали димензии се нишите и лакот за бифората кај Св.Јован Канео (сл.33). Трите лаци оивичени со запчестите ленти имаат иста висина и се поставени централно на апсидата. Се смета дека изворите на ваквата концепција за поставување на лаци со еднаква висина на страните на апсидата лежат во макиедонските области[629], пред сé како различен тренд од оној од средината на XIII век во Епир, каде што централниот лак во кој е сместен прозорецот има поголема висина од бочните лаци.[630]

Поради тоа глобалната поставеност на нишите и лаците во Канео ги имаат своите подалечни прототипови кај прозорците на источните страни кај Св.Софија во Солун[631], католиконот на Големата Лавра на Света Гора[632], охридска Св.Софија[633] итн. Сепак, најблиската аналогија за формалната поставеност на нишите на апсидата кај Канео ја има во црквата Св.Димитрија во Ајани (западна Македонија), датирана од пред почетокот на XIII век.[634]

Исто и црквата Св.Никола во с.Манастир во оформувањето на апсидите покажува одредени специфичности што ја разликуваат од другите цркви (сл.1). Како прво, таа единствена има три апсиди, елемент што секако е поврзан со нејзиниот тип на основа - трибродна базилика, и обратно, појавата на една

[629] G.Velenis, *Thirteenth-Century Architecture in the Despotate of Epirus: The Origins of the School,* Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988, 283.
[630] Св.Теодора (централна апсида), Паригоритиса (I фаза - централна апсида), Св.Параскева во Панагица; (G.Velenis, *Thirteenth-Century,* 282-283).
[631] *Thessaloniki and Its Monuments,* 79.
[632] C.Mango, *Architecture,* сл.174.
[633] Б.Чипан, *Св.Софија,* 65.
[634] G.Velenis, *Thirteenth-Century,* сл.20.

апсида на источната фасада секогаш е проследено со типовите на еднокорабни цркви и цркви со едноставна варијанта на вписан крст.

Бочните апсиди кај Св.Никола се исто со три страни и со по една ниша на секоја страна, но според нивната поставеност јасно е дека се продолжение на низата на ниши по бочните фасади. Интересна е поставеноста на малите монофори под нишите со што уште еднаш се отсликува нивниот посебен третман.[635] Доколку нишите на бочните апсиди се посматраат независно од нишите на бочните фасади, мое да се укаже на слични аранжмани (ниши над прозорци) кај централната апсида на Св.Софија во Охрид[636] или кај подоцнежната црква Успение на Богородица во Моливдоскепасти.[637] Но сепак, сметаме дека принципот за исфрлање на прозорците од нишите (применет и кај бочните фасади), ја обусловил појавата на прозорците под нишите кај страничните апсиди.[638] Централната апсида се артикулита со три високи ниши и таа претставува прв пример каде што ваквата тенденција е јасно изразена.[639]

Тристраните апсиди кај преостанатите цркви, Св.Климент (цр.27), Св.Никола во Прилеп (цр.10) и Св.Димитрија во Велес (сл.23), се токму поврзани со истите концепции за формирање на високи слепи ниши кои се протегаат до крајот на апсидата. Тие се оформуваат со три реда на скалесто повлечени тули, околу кои што се опишува една запчеста трака. Прозорецот е секогаш во подножјето на челната ниша и неговата улога во однос на целата композиција е незнатна.

Ваквото поставување на прозорец (монофора или бифора), релативно мал во однос на површината на нишата за прв пат се среќава во Манастир и е некомпатибилно со тенденциите во епирската архитектура каде што прозорецот во рамките на нишата има доминантна улога. Дури и кај Кокини Еклисија, која што типолошки аспект беше означена како најблиска до Св.Климент, приматот на прозорецот во нишата е очигледен. Спротивно на

635 Прозорецот на главната апсида е бифора и е сместен во рамките на нишата.
636 Б.Чипан, *Св.Софија,* 65.
637 K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος*, сл.57.
638 За поврзаноста на ваквиот принцип со малтерисувањето и сликањето на фасадите v.infra.
639 G.Velenis, *Thirteenth-Century,* 284.

нејзе, кај Св.Климент се појавува најголемиот контраст помеѓу малата бифора во подножјето и високата слепа ниша. Сличните тенденции се присутни и кај Оморфоклисија во Костур[640], црквите во Верија: Св.Никола и Панагија Кириотиса.[641]

Ваквите паралели на црквите Св.Климент, Св.Никола и Св.Димитрија укажуваат на стилските концепции присутни во Македонија во последните години на XIII век, а чии што почетоци можевме да ги проследиме кај апсидата на Св.Никола во Манастир.

*ФАСАДИ*

Фасадите на црквите во Македонија од XIII век имаат значајна улога во формирањето на интегралната слика за архитектонското творештво во тој период. Тоа е сосема разбирливо ако се земат во предвид промените што се случуваат доцновизантискиот период од аспект на обратниот принцип на архитектонска градација од средновизантискиот и тоа од екстериерот кон ентериерот, каде што овој првиот, делумно независен од вториот ја промовира својата доминација. Согласно со новите принципи и улога на фасадите на црквите, тие се изведуваат на различни начини, а нивната сложена композиција не може да се објасни едноставно како транспозиција на одредени типолошки или структурни карактеристики.

*Појава на йиласйри*

Тоа најдобро може да се проследи преку мотивот на пиластри, а кои се појавуваат на фасадите на западниот дел на црквата Св.Архангел Михаил во Прилеп (сл.44).

Пиластрите[642] се појавуваат кај средновизантиските цркви, особено кај цариградските[643] како јасна проекција на делови на структурниот систем и внатрешната поделба условена од типот на црквата. Ваквата нивна улога ќе ја

---

640 E.Stikas, *Une Eglise,* сл. D.

641 G.Millet, *L'école grecque,* сл. 124,125.

642 Општо за мотивот на пиластри во: G.Millet, *L'école grecque,* 160-162.

643 Атик Мустафа-паша (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл. 2-2, 2-3, 2-7) , Шејх Мурат Мешчиди, (*Ibid,* сл.32-1), Мирелеон (*Ibid,* сл.24-1) итн.

проследиме и кај некои цркви од јужна Грција[644], но таму (можеби поради помалиот распон на сводот а со тоа и на пиластрите што го маркираат), во комбинација со отворот за врата во долниот дел, пиластрите формираат монументален портал, елемент што можеби во себе ја апсорбира основната карактеристика при нивната појава на фасадите. На ваквата нивна улога недвосмислено укажува податокот дека често пиластрите се појавуваат само на една страна на црквата.[645] Исто така може да се констатира честото присуство на пиластри како монументални портали во делумна комбинација со структурниот систем кај октогоналниот тип на цркви во јужна Грција (Панагија Ликодому[646], Дафни[647], Христијану, Монемвазија[648] итн.).

Ваквата двојна улога на пиластрите ќе биде пренесена во епирската архитектура и тоа кај Като Панагија[649] и со неа сродната тесалиска црква Порта Панагија[650]. Пиластрите ги среќаваме и во бугарската архитектура (Св.Јован во Несебар[651]). На јужната фасада на црквата Св.Богородица Петричка во Асеновград (сл.77) кај која поради нејзината двоспратност, појавата на двата пиластри носи блиски аналогии со пиластрите кај Св.Архангел Михаил. Но кај првата црква поради тоа што пиластрите се во комбинација со една хоризонтална низа од високи слепи ниши, ја нема нивната доминација на фасадата остварена кај прилепската црква.

За појавата на пиластрите кај Св.Архангел Михаил не може да се рече дека до крај ги пратат принципите поврзани со нивната појава од претходно споменатите цркви. Имено, тука отсуствува можната структурна проекција, затоа што нема дел што од типолошки или структурен аспект би

---

[644] Петраки (G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 102), Св.Сотир во Амфиса (N.Joles, *Βυζαντινη ναοδομια,* сл.78).
[645] Како прв пример може да се посочи Св.Богородица во манастирот Хосиос Лука (L.Bouras, *Ναου της Παναγιας,* сл.1), католиконот на Хосиос Лука (C.Mango, *Architecture,* сл.XI), потоа црквата во манастирот Кесаријани (N.Joles, *Βυζαντινη ναοδομια,* сл.41, црт.72.) итн.
[646] N.Joles, *Βυζαντινη ναοδομια,* сл.52.
[647] ВИА, 83-84.
[648] ВИА, 93 сл.1-2.
[649] A.Orlandos, *Η μονή τῆς Κάτω Παναγιάς,* ABME 2,сл.6.
[650] A.Orlandos, *Η Πόρτα-Παναγιά,* ABME 1, сл.5.
[651] К.Миятев, *Архитектурата,* сл.104-106.

кореспондирал со нивната надворешна позиција.[652] Наместо тоа нивната основна улога е во оформувањето на монументални портали на западната и јужната страна. Визуелно најблиски до пиластрите поставени кај Св.Архангел Михаил се оние поставувани кај октогоните во Грција (Ликодому, Дафни, Христијану), најмногу според нивната позиција во однос на големите куполи.[653] Поради тоа, може да се рече дека појавата на пиластрите кај црквата Св.Архангел Михаил ги има своите корени кај постарите прототипови, што може да се земе како одреден архаизам во нивната појава изразена само низ улогата на монументални портали. Но сепак, она што нив ги носи во современите концепции за артикулирање на фасадите е нивната независност од внатрешната структура на црквата.[654]

Парот на пиластри на северната фасада не почнува од нивото на теренот, туку од одредена висина на ѕидот (со конзолно исфрлање) со што може да се рече дека станува збор за скратени или висечки пиластри (сл.41). Најчесто постапката за скратување на пиластрите била изведувана во случаите кога долните површини на фасадите биле опфатени со пониски делови (бочни бродови, тремови, нартекси итн.).[655] Индикации за постоењето на вакви делови до северната фасада кај Св.Архангел Михаил нема, па поради тоа по малку изненадува појавата на скратените пиластри. Објаснението може да се побара во принципот за појава на пиластрите кај другите две фасади и тоа како дел на монументалните портали. Влез на северната фасада немало и возможно е поради тоа пиластрите во долниот дел да не се изведени. Наместо тоа, тие ја опфаќаат големата слепа ниша и заедно со пресведениот лак преку нив формираат рамка за нишата.

---

[652] Кај Св.Богородица Петричка пиластрите на фасадата одговараат точно на куполниот травеј во внатрешноста.

[653] Иако пиластрите кај овие цркви структурно се поткрепени со централните полиња кај октогонот, таквиот пристап е засенет од појавата на големата купола со што визуелно на фасадата структурниот аспект на пиластрите е во втор план.

[654] Формирањето на еден монументален портал со пиластри е посведочено и кај покасно доградениот егзонартекс на Св.Богородица Елеуса во Вељуса, (П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса*, сл.13).

[655] Таков е примерот и со скратените пиластри кај Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино (Б.Тодић, *Сѿаро Наѓоричино,* 59-60), Богородица Љевишка (С.Ненадовић, *Боѓородица Љевишка,* 84 сл.3), постар е примерот на Атик Мустафа-паша Џамија (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.2-3)

*Формирање на рамни фасадни површини*

За разлика од ваквото пластично расчленување на фасадите, кај дел од анализираните цркви во Македонија од XIII век, нема класични елементи за артикулација и нивните фасади, па тие целосно или делумно се изведуваат како рамни површини. Типични примери за ваквиот пристап се фасадите на двете еднокорабни цркви - Св.Илија во с.Грнчари и Св.Петар во Варош (сл.8,18).

На прв поглед би можело да се помисли дека ваквиот пристап бил обусловен поради нивните скромни димензии и донекаде поради ограничените финансиски средства. Но релативно добрата ѕидарија како и декоративните елементи поставени на нивните фасади ги релативизираат ваквите претпоставки. Понатаму, познати се постари примери со вака изведени фасади кај еднокорабни цркви (Таксијарси и Св.Димитрија во Костур)[656], Св.Теодори во Сервија[657], што значи дека тие не претставуваат изолирани примери. Сметаме дека кај црквата Св.Петар појавата на рамни ѕидни површини била обусловена од приматот што му е даден на долгиот хоризонтален декоративен фриз, кој што визуелно не кореспондира со појава на повеќе ниши или пиластри што би го прекинувале.

Како рамни ѕидни маси изведени се и северната и јужната фасада кај црквата Св.Димитрија во Прилеп (III и IV фаза - сл.67, 68). Притоа особено е интересен "архаичниот" третман на јужната фасада изведена во нејзината последна градежна фаза. Тоа е остварено со изведувањето на рамни, глатки ѕидни површини, на чија што надворешност нема елементи за артикулација и тоа како во долните делови, така и на површините на фронтонот. Според ваквите свои особености, фасадите изведувани во оваа градежна фаза кај црквата Св.Димитрија, наликуваат на фасадите на средновизантиските цркви од јужна Грција (Атика и Пелопонез).[658]

[656] N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς,* сл.357, 359.
[657] A.Xyngopoulos, *Σερβίων,* сл.12.
[658]Како рамни површини се изведувани фасадите на црквите во Атина: Св.Теодора, Капникареја, јужната фасада на Кесариани, (M.Chatzidakis, *Athen und Umgebung,* сл.59, 62, 64).

Но сличноста на црквата Св.Димитрија со средновизантиските цркви од јужна Грција е остварена најверојатно со посредство на црквата Св.Никола Родија во близината на Арта (сл.43)[659]. Сличностите на оваа црква со средновизантиските цркви на јужна Грција веќе се забележани.[660] Споредбата на надворешниот изглед на двете цркви, Св.Димитрија и Св.Никола Родија, покажува многу сличности. Па така, оформувањето на надворешното лице на ѕидовите и кај двете цркви е изведено без употреба на елементи за нивна артикулација. Посебно кај фронтоните, каде што кај другите цркви (Св.Климент, Св.Јован Канео, спратот на нартексот на Св.Софија), се формираа големи слепи ниши, кај овие две цркви површината на фронтоните е формирана како рамна ѕидна маса без примена на никакви елементи за расчленување. Но особено важен елемент, како показател за сличниот пристап при формирањето на нивните фасади е начинот на оформувањето и поставувањето на прозорците. Имено, и кај двете цркви во осовината на фронтонот се формираат еден под друг два прозорци, горниот како монофора, лачно завршен, почнува точно од подножјето на фронтонот и долниот правоаголен.[661]

Понатаму, треба да се укаже на некои други елементи присутни во двете цркви но изведени како модификации едни на други. Така, фризот со меандер во Св.Никола Родија се појавува во висина на правоаголниот прозорец и се протега континуирано на сите четири фасади. Во Св.Димитрија , веднаш над правоаголниот прозорец исто така се појавува еден хоризонтален фриз но овој пат изведен од меандер и рибина коска и тој не продолжува на на фасадите на нартексот. Запчестата трака која што во Св.Димитрија ја дели површината на фронтонот од површината на ѕидот, во Св.Никола Родија е повлечена нешто погоре на површината на фронтонот.

---

[659]Црквата е датирана во различни периоди на XIII век. А.Орландос ја датира кон крајот на XIII век (Α.Κ.Ορλάνδος, *Ὁ Ἅγιος Νικόλαος τῆς Ροδιᾶς*, ΑΒΜΕ Β' (1936) 147.), Г.Веленис во првата половина на XIII век (G.Velenis, *Thirteenth-Century,* 282.), додека пак Д.Палас црквата ја датира во 6 или 7 деценија на XIII век (D.I.Pallas, *Epiros,* col.266.).

[660]D.I.Pallas, *Epiros,* col.281, исто и: G.Velenis, *Thirteenth-Century,* 281-282.

[661]Посебно е интересна појавата на горниот лачен прозорец изведен во црквата Св.Димитрија, кој нема свои поблиски аналогии кај другите цркви во Македонија од крајот на XIII век и како целосна изведба е необично архаичен во споредба со охридските примери.

*Појава на пространи ниши на фасадите*

Може да се рече дека сличен пристап во формирањето на долните делови на фасадите има кај охридските цркви Св.Јован Канео и Св.Климент. Имено, и тука во долните делови се изведува една кубична градба со равни ѕидни површини. Но кај охридските цркви на површините на фронтонот се појавуваат ниши во целата негова ширина (сл.28, 29, 34, 37). Појавата на ваквите ниши кај нив се припишува како влијание од епирската архитектура, а особено од Кокини Еклисија, прототипот за Св.Климент.[662] И навистина ваквите ниши се појавуваат на фронтоните кај Кокини Еклисија (сл.73), и во секоја од нив, од нејзиниот долен раб нагоре се поставува еден прозорец, бифора, фланкиран со две бочни слепи ниши (троен прозорски лак - сл.74).

Најстариот познат пример за ваквото артикулирање на фронтонот го има на источниот фронтон на средниот брод кај Влахерна во Арта (сл.80). И тука од основата на лакот се издига една висока монофора фланкирана со две слепи ниши. Кај позицијата на поширокиот лак што го опишува ваквиот прозорец ја нема неговата доминација на површината на фронтонот и јасно е деа неговата улога е содржана како рамка за прозорецот. Со тоа се разоткрива и неговото потекло. Прозорци изведени као бифори трифори со или без слепи ниши и опфатени во поголема лачна рамка се појавуваат на црквите во јужна Грција уште во XI век (Хосиос Лукас[663], Дафни[664] итн.).

Кај охридските цркви Св.Јован Канео и Св.Климент прозорецот-бифора е поставен во горниот дел на нишата и лакот што нејзе ја оформува не се движи по неговите рабови како кај Кокини Еклисија, со што ја нема доминацијата на прозорецот. Ова е уште повеќе потенцирано со фактот што широката ниша излегува надолу од површинатана фронтонот и се протега длабоко на површините на ѕидот.

Основно е прашањето, дали ваквата комбинација на прозор опфатен со поголема ниша изведено кај охридските цркви го има својот прототип во

[662] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 306.
[663] C.Mango, *Architecture,* сл.XI.
[664] I.Douskou, *Athens: The City and Its Museums,* Athens 1996, 89-90.

Кокини Еклисија, а разликите помеѓу нив се само формални варијации во изведбата?

На западниот фронтон на нартексот кај Св.Климент, каде што единствено се појавува и бифора опфатена со слепи ниши, присутна е ваквата изведба на нишата како поширока рамка за прозорецот[665], што значи дека прототипот од Булгарели е познат и аплициран. Сличен пристап во оформувањето на бочните фронтони применет е на јужниот фронтон кај спратот на нартексот на Св.Софија (сл.64) и кај бочните фронтони на Оморфоклисија во Костур (сл.83).[666] Сите посочени принципи присутни се и кај овие две цркви и тоа: доминацијата на прозорецот оформен како бифора фланкирана со две слепи ниши (троен прозорски лак), неговиот почеток од основата на нишата, а која што пак ги опфаќа страните на прозорецот. Сето ова само може да укаже на една стандардизирана формула за изведување на фронтоните со многу мали осцилации.

Од друга страна, уште на прв поглед е јасно дека големите ниши кај бочните фасади на Св.Јован Канео и Св.Климент не можат да се сватат како пошироки рамки за прозорци, а исто така кај нив не се присутни и другите претходно наброени принципи за формирање на фронтоните кај другите споменати цркви. Наместо тоа доминира желбата да се формира една пространа ниша чиј што лак коинцидира со сводот од попречниот травеј на впишаниот крст и која што покрај тоа што го маркира попречниот фронтон, маркира и делови од истиот тој попречен травеј (цр.24, 48).

Принципот за означување на централните попречни травеи кај впишаниот крст се можеби стари колку и самиот тип (ова особено важи за објектите поврзани со престолничката архитектура), но често тој е содржан во посложени системи за артикулација остварени со ниши или со пиластри.[667]

---

[665] Прозорецот почнува од базата на лакот и бочно е опфатен со двете негови страни.

[666] За сличностите во нивното формирање кај: B.Schellewald, *Die Sophienkirche,* 91.

[667] Дури може да се рече дека ваквиот принцип е содржан и при артикулирањето на фасадите уште кај тнр. преодни типолошки решенија - Успение на Богородица во Никеја, Св.Софија во Визе (C.Mango, *Architecture,* сл.129, 134.). Примерите од Цариград се многубројни: Атик Мустафа-паша Џамија (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.2-7), Христос Пантепоптес (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.9-4), како и кај фронтоните на јужната и северната црква во манастирот Пантократор (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.10-8, 10-29.), Календеране

Но точно постапката за формирање на пространи ниши на бочните фасади го има својот еклатантен пример во Нерези (сл.81). Длабоките ниши се основниот концепт за артикулација на неговите бочни фасади, а позицијата на бифората во горниот дел ја носи многу блиску до концепцијата и позицијата на бифората кај охридските цркви Св.Јован Канео и Св.Климент. Дека концепциите за артикулирање на бочните фасади со пространи ниши во чиј што горен дел се поставува една бифора кај Нерези не претставуваат изолирана појава, покажуваат примерите на јужната фасада кај Св.Никола Касници (од последните децении на XIII век - сл.85) во Костур и Св.Никола во Винени - Преспа.[668]

Најдобар доказ за ваквите тенденции е црквата Св.Богородица во Дабниште (цр.29, сл.40). Исто и тука се формира една пространа ниша со која се маркира попречниот свод. Деловите на нишата кои што се простирале на фронтонот се уништени па само може да се претпостави постоењето на прозорец на горните делови на лакот. Според зачуваните долни делови на нишата, а кои продираат длабоко на површините на ѕидот, нишата е концепциски идентична со нишите кај Св.Јован Канео и Св.Климент.

Според тоа, појавата на пространите ниши и позицијата на бифорите на бочните фасади кај Св.Јован Канео и Св.Климент, не може едноставно да се припише како изведувачка варијација на прототипот од Кокини Еклисија, туку како комбинација на тековните епирски концепти и постарите домашни традиции. А токму за значењето на нишата во целиот концепт на обработката на фасадата најјасно зборува подоцнежната нивна реплика - црквата Св.Богородица Заумска каде што се содржани двата основни принципи - пространа ниша со мал прозорец сместен под лакот на нишата.[669] Слична

(T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.18-1, 18-4). Но треба да се каже дека во оформените централни полиња кај цитираните примери доминираат прозорците поставени на повеќе нивоа што сепак ги разликува од охридските примери, иако и во Цариград можат да се сретнат решенија поблиски до нив; на јужната и северната фасада на Ѓул Џамија кај бочните травеи на фасадите се појавуваат пространи слепи ниши со тројни лаци во горниот дел на лакот, (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.13-1, 13-2.).

[668] N.Moutsopoulos, *Byzantinische und nachbyzantinische,* сл.21.

[669] Црквата е изградена во 1361 г., што значи пред доградувањето на бочните капели и отворени тремови кај Св.Климент, и јасно зборува за значењето што нишите го имале во целокупната концепција на обработка на бочните фасади (сл.86).

концепција за поставување на високи слепи ниши со бифора под лакот ќе проследиме кај некои цркви во Македонија од XIV век.[670]

Троен прозорски лак

Како што претходно беше споменато, како елемент за артикулација на фасадите на црквите од XIII век во Македонија се појавуваат прозори бочно фланкирани со мали слепи ниши кои во горниот дел се четвртини лаци се потпираат на контурата на прозорецот.[671]

При "цариградската" изведба тројниот прозорски лак секогаш е вишан во еден поголем заеднички лак и големината на полу-лаците всушност е детерминирана со границите на заедничкиот лак (северната црква на Константин Липс[672], Ѓул Џамија[673], Св.Никола во Куршумлија[674] и др.).

Поинаков начин на формирање на тројниот лак среќаваме во црквите во Атина и нејзината околина во XI век (Панагија Ликодому[675], Св.Теодора[676], егзонартексот на Капникареја[677]). Основна карактеристика на изведбата на тројниот лак во овие цркви е тоа што бочните полу-лаци се многу помали и се поставени во горниот или пак во долниот дел на централниот лак и притоа формираат слепи ниши.

Во XIII век и во црквите во Епир има голема употреба на "тројни лаци", притоа, во централниот лак најчесто е поставена бифора, а целиот лак е опфатен со запчеста трака (Св.Теодора, Св.Василије, Като Панагија). Централниот лак во Влахерна е решен како монофора но поставен е во плитка

---

670 Св.Никита (С.Ђурчић, *Грачаница,* сл.116), Св.Никола во с.Љуботен, Св.Архангели во Штип, (А.Дероко, *Монуменшална и декорашивна,* сл.255, 256.).

671 Ваквата изведба нема конкретна дефинирана терминолошка одредница и ние ќе ја означуваме со терминот "троен прозорски лак", а со оглед на неговата основна контура од три лаци, иако прозорецот во средината може да биде бифора или трифора и самиот составен од уште неколкулачни сегменти, но сепак, така оформениот прозорец секогаш е опфатен со еден поголем заеднички лак на кој што се потпираат бочните четвртини лаци. Понекогаш вака изведениот прозорец се дефинира како "прозор со крилца" (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος,* 11).

672 T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.35-13, 35-15.

673 T.F.Mathews, *Churches of Istanbul*, сл. 13-4,13-5.

674 М.Чанак-Медић, Ђ.Бошковић, *Архишекшура Немањиноī доба I,* Београд 1986, сл. 11, 14.

675 G.Millet, *L'école grecque.,* сл.105.

676 R.Krautheimer, *Architecture,* сл.348.

677 R.Krautheimer, *Architecture*, сл.161.

ниша оформена од еден лак (сл.80). Во поголеми слепи ниши се поставени и тројните лаци кај Кокини Еклисија (сл.73, 74). Тоа е начинот кој што ќе го превземе црковната архитектура од крајот на XIII век при поставувањето на тројните прозорски лаци. Пример за тоа се црквите од тој период во Македонија (на западниот фронтон на Св.Климент, јужниот фронтон на спратот на нартексот во Св.Софија, на бочните одделенија на егзонартексот во Св.Софија[678] итн.). Тука треба да се посочи и една единствена примена на тројниот лак во црквата Св.Јован Канео во Охрид. Таму тој е поставен во триаголните фронтони формирани на тамбурот на куполата (сл.31).

Изведбата на тројниот прозорски лак кај прилепските цркви Св.Димитрија (северна фасада) и оној на јужната фасада на Св.Архангел (сл.67, 44) покажуваат одредени сличности, но и одредени разлики кои што ги карактеризираат двете изведби. Така, кај Св.Архангел полулаците почнуваат од долниот дел, додека кај Св.Димитрија полулаците се повлечени и се поставени во хоризонталната осовина на централниот лак. Ова може да се земе како архаична изведба на тројниот лак (Панагија Ликодому). Во Св.Димитрија тројниот лак е втиснат во равната ѕидна маса[679], но во Св.Архангел тој е поставен во лакот што го формираат двата пиластри кај бочните фронтони (Като Панагија, Порта Панагија). Карактеристика која што ги одделува прилепските цркви е тоа што централниот лак е тројно профилиран, за разлика од другите примери каде што тој многу често е изведуван само во една профилација.

*Артикулирање со низи на слепи ниши*

Кај црквите Св.Никола во с.Манастир, Св.Никола во Прилеп и делумно кај Св.Димитрија во Велес се појавува артикулација на нивните фасади со низи од слепи ниши.

---

678 Ђ.Бошковић, К.Томовски, *Средновековната архитектура*, сл.8.

679 Кај сите претходно споменати цркви во Атина од XI век тројниот лак не се поставува во поголеми површини ограничени со слепи лаци, туку исто како и кај Св.Димитрија тој е втиснат во равната површина на ѕидовите, вакво поставување на тројниот лак сретнуваме и кај некои цркви во Епир (Като Панагија - западен фронтон, Св.Теодора, Св.Василие, Порта Панагија - источен фронтон итн.).

Тие се најбројни кај црквата Св.Никола во Манастир (сл.2), првиот претставник на групата. Најголемиот број на ниши (тринаесет) се поставени на нејзината јужна фасада. Централно, веднаш над влезот, поставена е најголемата ниша, додека низата од преостанатите дванаесет ниши е нешто погоре со позиција независна од централната. Нишите во низа делумно продолжуваат и на бочните апсиди на источната фасада, на делови на западната фасада и на западниот дел на северната фасада. Со тоа се разоткрива и основниот концепт на артикулација на фасадите и тоа со низи на слепи ниши. Ваквите низи можат да се постават во групата на едноставни аркадни системи, мошне погодни за артикулирање на еднокорабни и цркви со амбулаториуми.[680]

Споредбата на нишите кај Св.Никола Манастир со многубројните претставници за ваква артикулација кај црквите од поширокиот византиски културен круг: во бугарската архитектура[681](Св.Тодор во Несебар, Св.Јован Претеча и Св.Ѓорѓи во Асеновград, Св.Димитрија во Трново итн.)[682], кај црквите на Хиос (Св.Богородица Сикелија, Св.Јован Халкиос)[683], Солун (Св.Апостоли, Св.Катерина, Св.Пантелејмон)[684], Тесалија (Еласон)[685], или пак Костур (Таксијарси, Св.Анаргири, Мавриотиса)[686], може да ја стави под сомнение забелешката дека нишите во Манастир се дериват на едноставниот аркаден систем. Ова е пред сé обусловено од мултипликативниот карактер на нишите и нивните скромни димензии. Од друга страна, токму таквиот ефект е присутен кај горниот ред на повеќеспратниот "аквадукт"систем, а за чиј што класичен претставник се смета западната фасада на егзонартексот на

[680] Најчесто се посочуваат три системи за фасадна артикулација со ниши и тоа: едноставен аркаден систем, повеќеспратен аркаден (аквадукт) систем и систем со триумфален лак, (S.Ćurčić, *Articulation of Church Facades during the First half of the Fourteenth Century,* Византијска уметност почетком XIV века, Београд 1978, 17-27.). За примената на првиот систем кај солунските Св.Апостоли (M.Rautman, *Holy Apostles,* 263-266), како и за нивната примена кај параклисот на Хора (R.Oustrehout, *Kariye Camii,* 116 ff.).

[681] Појавата на низи со слепи ниши се смета за константа што ја следи оваа архитектура низ целиот средновековен период.

[682] К.Мияатев, *Архитектурата, passim.*

[683] H.Buchwald, *Lascarid architecture,* сл.16-17.

[684] *Thessaloniki and Its Monuments, passim.*

[685] E.Constantinides, *Panagia Olympiotissa,* сл. II-III.

[686] N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς, passim.*

Св.Софија во Охрид, но како многу постар образец за појавата на слепи ниши може да се посочи источната фасада на Св.Софија.[687]

Сепак, кај цркви од XIII век од византискоит стилски круг можат да се посочат слични низи од слепи ниши: една низа ќе се појави на јужната фасада на Св.Богородица Петричка и тоа на горните нејзини повшини (сл.77). многу поблиски со своите димензии, но поради ограничените површини во многу помал број, се нишите на бочните фасади на калојановата црква во Бојана.[688] Иако за епирската архитектура во глобал важи концептот за формирање на равни фасадни површини (кој се смета дека е превземен од црквите од јужна Грција од претходниот период), обработката на фасадите на две цркви е изведена со систем на слепи ниши, а тоа се црквите Пантанаса во Филипиас[689], и католиконот на манастирот Дилиу на островот кај Јанина.[690]

Тоа значи дека концептот за декорирање на фасадите со систем на слепи ниши, а кој што е доминантен кај црквата Св.Никола во Манастир не може да се припише еднострано на влијанија од Бугарија (Асеновград, Бојана), Епир (Пантанаса, Дилиу) или пак на постари домашни традиции[691], но дека е еден тековен концепт, документиран кај други едновремени цркви, кој од своја страна, како и класичниот едноставен аркаден систем бил мошне погоден за артикулација на фасадите кај издолжени градби (еднокорабни, базилики, амбулаториуми итн).

Најголема специфичност кај бочните фасади на Св.Никола Манастир е позицијата на прозорците изведени како високи тесни монофори. Имено, тие се поставени надвор од нишите и тоа помеѓу нив, интерполирани во нивниот ритам од четири плус два (сл.3). кај сите претходни наброени примери, каде што има прозорци, тие се поставуваат во рамките на нишите.[692] Сметаме дека

---

[687] Б.Чипан, *Свеѿа Софија,* 62, 64.
[688] К.Мияатев, *Архиѿекѿураѿа,* сл.206.
[689] P.Vocotopoulos, *Nεα στοιχεια περι του καθολικου της Μονις Παντανασσης Φιλιππιαδος,* AAA 5 (1972), сл.2-3.
[690] K.Tsouris, *O κεραμοπλαστικός διάκοσμος*, сл.53.
[691] Апсидата на Св.Софија, комплексот цркви во Водоча (П.Миљковиќ-Пепек, *Водоча,* т.IX), Вељуса (П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса*, т.V), Св.Богородица во Дреново (В.Петковић, *Сѿари сѿоменици,* сл.32).
[692] Манастирот Дилиу, Св.Апостоли во Солун, Еласон итн. Исклучок од ова правило претставува црквата Св.Јован Претеча во Асеновград, каде што тесните монофори се

постапката за исфрлање на прозорците од нишите настанала како резултат на завршната обработка на фасадите, а е поврзано со нивното малтерисување и сликање (v.infra).

Следната црква кај која што за артикулација на нејзините фасади се користат слепи ниши се наоѓа во близина на претходната и е сместена во Прилеп. Тоа е црквата Св.Никола (сл.12, 13). Но ако за истоимената црква во Манастир не можевме да го посочиме прототипот, тогаш системот на слепи ниши во Св.Никола во Прилеп е превземен од оној во Манастир; се разбира со одредени модификации и прилагодувања обусловени од димензиите на помалата црква и од декоративниот третман на нејзините фасади. Па така, фризот од по три слепи нишина северната и јужната фасада е интегриран во концептот на декоративни хоризонтални фризови, а најсигурниот показател за врските помеѓу двете цркви е токму позицијата на прозорецот, и тоа надвор од нишите, во нивна висина, интерполиран во сега намалениот ритам од два плус еден.

На западната фасада кај црквата во Прилеп (сл.14), системот на ниши од бочните страни се трансформира во повеќеспратен систем, во кој што средните две ниши би претставувале (според позицијата и димензиите) продолжение на нишите од бочните фасади. На горниот дел е тројниот лак, но без прозор, врз чија што појава свое влијание секако дека имале тројните прозорски лаци од соседните цркви - Св.Димитрија и Св.Архангел. Во повеќеспратната поставеност на нишите очигледна е нивната вертикална координација со што таа концепциски се разликува од повеќеспратниот "аквадукт" систем на ниши. Визуелно близок концепт за повеќеспратното поставување на ниши (и прозорци) е остварен на западната фасада кај егзонартексот на црквата Св.Четириесет Маченици во трново[693] и кај западната фасада на Калојановата црква во Бојана.[694]

---

поставени во горните делови на фасадите, но нивниот број и поставеност укажуваат дека тие формираат засебна хоризонтална низа, (П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* сл.87).

693 К.Миятев, *Архитектурата,* сл.160.

694 П.Бербенлиев, *Архитектурното наследство,* црт.62.

Последната црква чија што фасадна артикулација ќе биде елаборирана е црквата Св.Димитрија во Велес (сл.21). Таа само условно може да се приклучи кон претходно изнесениот систем на артикулација со низи од слепи ниши; од едноставна причина што низата од два лачни сегменти во долниот дел и од три во горниотдел на северната фасада на црквата, не се изведени како слепи ниши, туку тие ги врамуваат отворите за врати и прозорци. Само лакот на западниот дел на северната фасада формира една слепа ниша. Ваквите особини ја носат црквата Св.Димитрија на границата на два спротивни концепти.

Првиот за формирање на равни фасадни површини (забележан кај Св.Илија, Св.Димитрија и Св.Петар во Прилеп) и вториот за артикулирање на фасадите со систем на ниши. Со првиот се работи на макро-план, во глобал, а таков е и крајниот впечаток, дека фасадите се изведени како равни површини.[695] Вториот концепт е применет при решавањето на поединечните сегменти на фасадата и функционалните барања што произлегуваат од поставувањето на отвори за врати и прозорци на нејзе. Анализата на нивната поставеност јасно ја покажува некоординираноста на отворите за врати (долно ниво) со отворите за прозорци (горно ниво). Со тоа излегува на површина основната карактеристика присутна кај повеќеспратните "аквадукт" системи, а тоа е отсуството на вертикална координација помеѓу спратовите.[696] Но сепак, на западниот дел на северната фасада, кај кулата камбанарија (сл.26), присутна е вертикална координација помеѓу нишите, па може да се каже дека концептот за поставување ниши и отвори во западниот дел на оваа фасада е оформен по системот на "организациони оски".[697]

Според тоа, кај фасадите на црквата Св.Димитрија може да се потврди присуството на повеќе концепти содржани во нејзиното фасадно оформување,

---

[695] Ова особено важи за јужната фасада каде што нема елементи за фасадна артикулација.

[696] Ваквиот "аквадукт" систем е применет за артикулација на фасадите на јужниот обиколен брод кај црквата Успение на Гогородица во манастирот Трескавац, (Е.Касапова, *Трескавец,* 113-118).

[697] Систем на "организациони оски" е присутен во формирањето на фасаадите на јужниот параклис и егзонартексот кај Хора и тоа при артикулирањето на главните елементи на структурата - куполниот травеј, камбанаријата, влезот итн. Истиот систем е присутен и кај солунските цркви Св.Апостоли и Св.Катерина, (R.Osterhout, *Kariye Camii,* 119, сл.15).

и тоа: глобалниот пристап за формирање на равни фасади, потоа, независноста при позиционирањето на отворите за врати и прозорци како дериват на повеќеспратниот "аквадукт" систем, и на западниот травеј на северната фасада двете тие независни низи споени преку вертикалната координација заради артикулирање на доминантниот елемент на структурата - кулата камбанарија, преку системот на "организациони оски".

*КУПОЛИ*

Куполата е значајна симболичка и структурна компонента на средновековната црква, па според тоа на нејзиното формирање и надворешно артикулирање секогаш му е посветувано значајно внимание. За жал како најистурен сегмент во структурниот систем, таа често била изложена на оштетувања, а често и на рушења. Точно кај две од црквите (Св.Архангел Михаил во Прилеп и спратот на нартексот на Св.Софија[698]) првобитните куполи се срушиле и ние сме осиромашени за сознанијата за нивниот првобитен изглед. Сепак, зачуваните три куполи (Св.Јован Канео, Св.Климент и Св.Димитрија во Прилеп), нудат можности за еден преглед на состојбите и тенденциите за нивно формирање кај црквите во Македонија во XIII век. Куполите кај двете охридски цркви имаат осумстран тамбур, додека Св.Димитрија има дванаесетстран тамбур.

Со својот специфичен изглед куполата кај црквата Св.Јован Канео привлекуваше внимание и често беше предмет на спекулации околу можното нејзино потекло (сл.31). Појавата на невообичаените за византиски цркви триаголни фронтони на завршетоците на тамбурот ги натера нејзините истражувачи да посочуваат на можните ерменски влијанија.[699] Уште на почетокот ќе ја отфрлиме можноста за било какви ерменски влијанија кај куполата на Канео, од едноставна причина што помеѓу изгледот на ерменските

[698] Според нашите претходно извршени анализи на остатоците во горната структура над централниот травеј.
[699] М.Злоковић, *Старе цркве,* 139; П.Миљковиќ-Пепек, *Канео,* 69.

куполи и куполата на Канео не можат да се воспостават било какви паралели, и коинциденцијата со триаголните фронтони е сосема случајна.[700]

Напротив, многу елементи содржани во изгледот на куполата посочуваат дека нејзиното потекло треба да се бара во тнр. "атинска" купола.[701] Основен принцип при затворањето на страните кај атинскиот тип на купола е тоа што страните на тамбурот до почетокот на лакот се изведуваат во една ширина без скалесто повлекување на назад. Материјалот со кој што се затвораат може да биде со мермерна оплата[702] или со редови на камен и тула.[703] Кај Канео е применета тулата , но таа скалесто не се повлекува како кај другите тамбури со тула (Вељуса, Нерези), туку се изведува во една равнина.[704] Понатаму, во зоната на лаците, кај "атинската" купола секаде кај што се поставува монофора, се појавуваат два тесни лаци од тула, скалесто повлечени за еден степен, а чија што вкупна ширина се поклопува со ширината на долниот дел (сл.69, 72). Кај куполата на Канео го нема скалестото повлекување но индикативна е појавата на лакот од тула што ги "сече" радијално поставените тули со што тие се поделени на два реда, особено ако се има во предвид податокот дека поради истата ширина, тулите од долниот дел можеле слободно да поминат нагоре во лакот.

И третиот исто така значаен елемент кај куполата на Канео е појавата на камените полустолпчиња на аглите на тамбурот, кои што завршуваат со мали камени капители.[705] Изведувањето на камени (мермерни) полустолпчиња на страните на тамбурот е појава што исклучително се поврзува за атинскиот

---

[700] На ваков заклучок недвосмислено наведува споредбата на било која ерменска црква кај која се појавуваат триаголни фронтони на куполата: црквата во Мармашен, црквата во манастирот Хцонк, црквата во Ани итн. (ВИА, сл.57, 62, 80).

[701] За прототип во појавата на "атинската" купола се смета куполата на црквата Св.Богородица во манастирот Хосиос Лука, (P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,* 205.).

[702] Како кај прототипот на Св. Богородица (L.Bouras, *Ο γλυπτος διακοσμος,* сл.15) или кај касниот пример на Мала Митрополија во Атина (сл.69)

[703] Како во најголемиот број случаи: Св.Теодори, Капникареја (R.Krautheimer, *Architecture,* сл.348, 349.), Таксијарси од околината на Софико итн. (A.Orlandos, *Κορινθίας,* ABME 1 (1935), сл.23.).

[704] Со тула е изведено затворањето на страните на тамбурот и кај црквата Св.Апостоли во Пирги (Хиос), сл.72.

[705] Во горните делови капителите се збогатени со поставување на редови на тули и камен.

тип на купола и куполите настанати како нејзини варијации.[706] Појавата на слепи ниши на страните на тамбурот е реткост кај постарите примери на "атинска" купола, но се среќава кај подоцнежните нејзини варијации.[707]

Она што ја разликува куполата на црквата Св.Јован Канео од атинскиот тип на куполи е појавата кај вторите на еден профилиран мермерен лак како нивна завршница. Ваков лак кај куполата на охридската црква нема, наместо тоа изведена е една мала апликација со троен слеп лак и триаголните фронтони (изведени со профилиран камен !). Прифатлива е можноста на ваквата изведба да и се припише епитетот на "уникатност" затоа што градителот успеал на два често користени елементи за артикулација во византиската архитектура, тројниот лак и триаголниот фронтон, да ги сведе на размери подобни за артикулација на тамбурот на куполата.[708]

Куполата на црквата Св.Климент иако има осумстран тамбур, таа е различно конципирана од онаа кај Канео (сл.35). Главна нејзина карактеристика се страните на тамбурот, со троји скалесто повлечени лаци од тула, како и појавата на запчестите траки од кои една целосно ги опфаќа страните на тамбурот, а уште две се приклучуваат на неговите лачни делови. Со ваквата своја изведба, глобално куполата на Св.Климент може да се стави во редот на стандардни изведби на куполите кај византиските цркви.[709] Сличности постојат и со куполите на Нерези (сл.81), (во тројната скалеста повлеченост на страните на тамбурот и полустолпчињата на аглите)[710], како и со подоцнежните солунски цркви Св.Апостоли, бочните куполи кај Св.Катерина итн. Еден елемент што ги разликува сите претходно наброени примери и куполата на Св.Климент е изведбата на полустолпчињата на аглите

---

[706] Појавата на мермерни столпчиња е посведочена само уште на Хиос и тоа под влијание на Неа Мони, чија што слободна позиција на куполата ја разликува од вградените колонки кај "атинската"купола. Нивната појава кај Неа Мони се објаснува како архитектонска иновација, (C.Bouras, *Nea Moni,* 151-152.).

[707] Евангелистрија во Гераки, (В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* сл.226).

[708] Патем ќе споменеме дека токму тројниот лак и триаголниот фронтон се многу links чести елементи кај византиските цркви од Атина и околината, а нивна специфична комбинација е остварена во егзонартексот на Капникареја и тоа во XIII век.

[709] Куполите кај Христос Пантепоптес, Богородица Памакаристос, Хора итн; (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul, passim.*)

[710] За куполата на Нерези се смета дека е дело на македонски мајстори (M.Šuput, *Gottesmutterkirche,* 138).

на тамбурот. Тие единствено кај охридската црква се изведени од камен-бигор, а не со тула. Куполата кај стилски блиската црква Кокини Еклисија е срушена, па не можеме да претпоставиме дали нејзината купола имала камени полустолпчиња. Но се чини дека е залудна потрагата по образец на камените полустолпчиња кај епирските цркви, од едноставна причина што куполата на ниедна епирска црква нив ги нема.[711] Дури и кај петтокуполната Паригоритиса каде што се среќаваат повеќе различни изведби на куполи, на ниедна нема камени полустолпчиња.[712]

Тоа значи дека единствено кај охридските цркви Св.Јован Канео и Св.Климент се појавуваат таквите камени полустолпчиња. Видовме дека нивната појава кај куполата на Св.Климент (според сите други карактеристики) е стилски неприродна појава, додека кај Св.Јован Канео е логична последица на податокот дека концептот на нејзината купола лежи во атинскиот тип на куполи. Според тоа, сосема е јасно дека камените полустолпчиња на куполата на Св.Климент се појавиле како последица на нивната појава во Св.Јован Канео. Тоа укажува дека куполата на Канео настанала пред куполата на Св.Климент, и дека со нејзе се воспоставила практиката кај подоцнежните куполи на охридските цркви на аглите да се поставуваат камени полустолпчиња.[713]

Многу специфичности во обликувањето на надворешниот изглед на куполата исто има и кај црквата Св.Димитрија во Прилеп (сл.65, 66). Тамбурот на кој што е поставена куполата од надворешната страна има дванаесет страни. Дванаесетстраните тамбури во средновековната архитектура на Македонија се вистинска реткост.[714] Но затоа пак, во цариградската

[711] Кај црквата Св.Никола Родијас која има варијација на атински тип на купола, на аглите не се појавуваат камени полустолпчиња. Нив ги нема ни кај Влахерна (сл.80), параклисот на Пантанаса (P.Vocotopoulos, *Νεα στοιχεια,* сл.2, 6.).

[712] Само на цеентралната купола на аглите на тамбурот има вертикално поставени тули кои можат да се земат како некој вид на имитација (сл.82). Исто и на куполата на Св.Ѓорѓи во Оморфоклисија има такви вертикално поставени тули, (E.Stikas, *Une Eglise,* сл.D.).

[713] Куполите на егзонартексот на Св.Софија, Заум (К.Томовски, *Средновековната архитектура,* 141, 145).

[714] Единствено дванаесетстран тамбур ќе се појави уште еднаш кај црквата Св.Богородица во Матејче (околу 1355година), (S.Ćurčić, *Architecture in the Byzantine Sphere,* сл.8, 9).

архитектура и во областите под нејзино влијание, тој е доста честа појава (Христос Пантепоптес, Панагија Космотира во Тракија, Хиландар итн).[715]

Но најчесто дванаесетстраните тамбури се изведуваат кај куполите со големи пречници (Паригоритиса - 5.80m, Хиландар - 5.40m, Св.Архангели во Призрен - 6.40m, Св.Богородица во Матејче - 5.20m.). Пречникот на куполата кај Св.Димитрија е 3.30m, што сосема одговара на пречниците кај осумстраните тамбури (кои што се движат во просек од 3 - 3.50 m). Тоа значи дека дванаесетстраниот тамбур на куполата на Св.Димитрија дошол како чиста формална карактеристика, највероватно превземена од некој друг објект каде што бил изведен дванаесетстран тамбур.

Друга особеност на тамбурот на Св.Димитрија е неговата поставеност во однос на црквата. Имено, најчесто во главните оски на црквата фронтално се поставуваат страните на тамбурот. Но во Св.Димитрија во оските на црквата се поставени столпчињата на тамбурот. Ваквата ориентација на тамбурите на куполите не е многу честа појава во византиската архитектура. На ваков начин се поставени тамбурите кај црквите: Св.Пантелејмон во Солун (над бочните капели и над нартексот)[716], Олипиотиса во Еласон (околу 1300год.)[717] и кај неколку споменици во Македонија од XIV век, Св.Архангели во Штип (1332год.), Св.Архангел Михаил во Лесновскиот Манастир (1341год.), Св.Стефан во Конче (околу 1366год.).[718]

Но секако дека најкарактеристично за формирањето на надворешниот изглед на куполата е оформувањето на страните на тамбурот со двојно профилирани лаци. Изведувањето на малите прозори во долниот дел на страните на тамбурот, овозможило формирање на лачно завршени мали фронтони на секоја страна на тамбурот.

Ваквата изведба на куполите се појавува кај повеќе цркви во Македонија од првата половина на XIV век (Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино,

[715] C.Mango, *Architecture,* сл.189, 199; за Хиландар (В.Кораћ, *Црква краља Милутина,* Манастир Хиландар, Београд 1998, 146-147.
[716] *Thessaloniki and Its Monuments,* сл. 96, 98.
[717] E.Constantinides, *Panagia Olympiotissa,* сл. I-IV.
[718] А.Дероко, *Монументална и декоративна,* за Св.Архангели: сл.256 и 271, за Лесновскиот Манастир: сл.258 и 272 и за Св.Стефан сл.281.

Св.Никита во Чучер, Св.Архангели во Штип, Св.Архангел Михаил во Лесновскиот манастир, Св.Ѓорѓи во Полошкиот манастир, Св.Димитрија во Марковиот манастир и др.). Посебно внимание на ваквата изведба на куполите му посветил Г.Веленис, при што заради големата концентрација на вака изведените куполи во целата област на Македонија, тој ја нарекува "македонска купола".[719] Притоа, Веленис забележува дека кај првите цркви со ваков тип на куполи, Паригоритиса, Св.Апостоли во Солун, во фронтоните нема керамопластична декорација, додека пак после втората декада на XIV век во фронтоните на куполите се појавува и керамопластичка декорација.[720] Иако, за најрано датирана купола од овој вид тој ја посочува Паригоритиса, заради тоа што појавата на ваквата купола кај Паригоритиса претставува осамен пример во епирската архитектура, тој смета дека прототипот за ваквиот тип на куполи не е во епирската архитектура.[721] Па така, Веленис смета дека прототиповите за појавата на ваквиот тип на куполи треба да ги бараме во некои преодни форми на куполи од претходните периоди во Македонија.[722] Со оглед на скромните остатоци на куполи од XII, а посебно од XIII век (до архитектурата од времето на Палеолозите) во Македонија, секако дека е можен ваквиот развој на овој тип на купола.

Но ние решението за проширувањето на ваквиот тип на купола на територијата на Македонија го гледаме поинаку. И самиот Веленис посочува дека ваквиот тип се појавил највероватно како резултат на техничкото решение за појачување на горните делови на куполата (каде што бочните притисоци се најголеми), кај повеќестраните куполи со големи пречници.[723] Во црквите во Солун и во Македонија од првата половина на XIV век, пречниците

---

[719] G.Velenis, *Building Techniques and External Decoration,* 99-105.

[720] Во Св.Ѓорѓи во Полошкиот манастир се појавува фреско декорација, (Д.Ќорнаков, *Македонски манастири,* 193).

[721] Како дополнителни факти за ваквата негова констатација, Веленис ги посочува охридските цркви од крајот на XIII век, каде што ваквата купола не се појавува, а кои што се под силно влијание на епирската архитектура.

[722] Како можен прототип ја посочува централната купола на Св.Пантелејмон во Нерези (сл.81).

[723] Кај куполите на кои што прозорците се изведувале во целата височина на страните на тамбурот, најчесто секоја втора страна се затвора и на неа нема прозорец, што значи дека статичката стабилност се постигнува на друг начин, додека пак, кај другиот тип на куполи повлечените прозорци на тамбурот се изведуваат на сите негови страни.

на куполите се движат од 3 - 3.50m, за разлика од нив во Паригоритиса пречникот на главната купола е 5.80m.

Податокот што ваквата купола ја нема во другите епирски цркви најверојатно е условен од тоа што Паригоритиса се јавува како една од последните градби во архитектурата на Епир (сл.82). Сепак за тоа дали во Паригоритиса за прв пат се јавува ваквата купола, поради малиот број на зачувани споменици од XIII век во Македонија, каде што ваквиот тип на купола се појавува во најголем обем, не можеме со сигурност да кажеме. Со оглед на јаките врски помеѓу епирската и македонската архитектура, посебно во периодот од последните децении на XIII век, голема е веројатноста, токму во црквата Св.Димитрија, ваквиот тип на купола да се јавил под влијание на Паригоритиса. На тоа ни укажуваат повеќе сличности во изведбата на куполите кај двете цркви.

Претходно напоменавме дека појавата на дванаесетстраниот тамбур во Св.Димитрија е сосема необична од аспект на неговата реткост како форма во Македонија, а посебно од фактот што димензиите на пречникот на куполата сосема се вклопувале во стандардните големини за изведување на осумстран тамбур, што значи дека дванаесетстраниот тамбур бил превземен како формална изведба од друг објект.

Главната купола кај Паригоритиса има дванаесетстран тамбур. Страните на тамбурите и кај двете цркви се изведени со двојно профилирани лаци. Иако полустолпчињата што се изведени кај Св.Димитрија со специјално оформени полукружни тули не се изведени на ист начин и на главната купола кај Паригоритиса, сепак на нејзините странични куполи полустолпчињата се оформени на ист начин како и кај Св.Димитрија. Фронтоните што се јавуваат над прозорците на тамбурот и кај двете цркви се изведени со хоризонтално поставени редови на тули. И на крајот, квадратните отвори кои што се изведени веднаш над прозорците на тамбурот во Св.Димитрија, а кои што не се појавуваат на ниедна друга црква со ваков тип на купола, ги наоѓаме точно на истата позиција и кај главната купола на Паригоритиса. Нивното присуство во Паригоритиса е очигледно, иако тие во денешната своја состојба се затворени.

На тоа јасно ни укажува разликата во материјалот употребен за нивното затворање (сл.82). Единствената разлика во изведбата на куполите кај двете цркви е тоа што во Св.Димитрија венецот на тамбурот е оформен со тројна профилација (запчести траки или пак запчести траки и крстести лончиња), додека пак во Паригоритиса тој е оформен со една запчеста трака и завршува хоризонтално.

Сличностите во изведбата на куполите кај црквите Паригоритиса и Св.Димитрија во Прилеп, јасно ја покажуваат и временска блискост во нивното настанување. Врз основа на овие аналогии, но и врз основа на глобалното датирање на вкупните градежни активности во оваа фаза кај црквата Св.Димитрија (v.infra), произлегува дека Св.Димитрија е првиот споменик во Македонија каде што се појавува ваквиот тип на куполи.[724] Тоа значи дека појавата на ваквиот тип на куполи во македонската архитектура од крајот на XIII век беше под влијание на епирската архитектура, особено на Паригоритиса. Исто се потврдува и со црквата Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино. Па така, Веленис како прв зачуван споменик со ваква купола во Македонија ја посочува црквата Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино (1313г). Но само ќе напомeнеме дека архитектурата на Св.Ѓорѓи во многу нејзини аспекти била под силно влијание на епирската архитектура.[725] Значи и појавата и изведбата на куполата во оваа црква сигурно била под епирски влијанија.[726] Секако дека за проширувањето на овој тип на куполи во македонската архитектура после втората деценија на XIV век значајна улога одиграле и солунските цркви: Св.Апостоли, Св.Катерина, Св.Пантелејмон.

[724] Ваквата улога на црквата Св.Димитрија до сега не беше согледана од едноставни причини што градењето на куполата беше поставувано во различни временски периоди без да се направи нејзина подетална стилска анализа.
[725] Б.Тодић, *Старо Нагоричино,* passim.
[726] Исто и Б.Тодиќ смета дека појавата на ваквиот тип на купола во Св.Ѓорѓи е под влијание на Паригоритиса, (Б.Тодић, *Старо Нагоричино*, 58.)



цртеж бр.47
Св.Климент
северна фасада (Халенслебен)




цртеж бр.48
Св.Климент
јужна фасада - линиска

## III.2. ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ И ТЕХНИКА НА ГРАДЕЊЕ

Материјалот од кој што се изведувани ѕидовите кај црквите во Македонија во XIII век го карактеризира употребата на каменот и тулата како основни градежни материјали и варовиот малтер како врзивно средство. Значителната ширина на ѕидовите на црквите (од 0.7м до 1.0м), обусловила појава на повеќе слоеви во нивната структура. Па така, според малкуте видливи внатрешни површини на ѕидови, тука при ѕидањето била вградувана погруба ѕидарија, каде што во еден прилично нерегуларен градежен опус биле поставувани редовите на камен и тула. Ваквата погруба ѕидарија е во духот и традициите на византиската архитектура[727] и е последица на податокот дека внатрешното лице на ѕидовите не било видливо, но тоа било премачкувано со слоевите на малтер како подлога за внатрешното украсување на црквите со фрески.[728]

На изведувањето на надворешното лице на ѕидовите кај црквите од XIII век му е посветувано далеку поголемо внимание, секако во склоп на глобалните тенденции за значењето на нивниот надворешен изглед. Можно е во долните делови да се јави еден слој на груба камена ѕидарија, најчесто кај црквите поставени на неправилен терен со значителни висински разлики (Св.Архангел Михаил, Св.Димитрија во Прилеп, Св.Петар), кој што служи пред сѐ како нивелатор (физички но и визуелен), на тие разлики. Но груба камена ѕидарија се појавува и кај цркви поставени на поравен терен (Св.Јован Канео, Св.Димитрија) оформувајќи на некој начин постоље од каде што се издигнува кубусот на црквата.

Над ваквата камена подлога, следи многу погрижлива надворешна обработка на ѕидовите изведувана во комбинација на каменот и тулата. Јасно е дека станува збор за примена на дефиниран градежен систем, во чија што основа лежи единечната алтернација на хоризонталните редови на камен и тула, како и вметнувањето на вертикално поставените тули во спојниците помеѓу камењата.

---

[727] С.Ћурчић, *Грачаница*, 132.

[728] Од најголемиот број на цркви, во рамките на нашата анализа, во најгоелмиот дел од нив малтерот и фреските го покриваат внатрешното лице на нивните ѕидови, а единствено кај црквата Св.Димитрија во Прилеп имавме можност во поголем обем да ја согледаме внатрешната ѕидна структура.

Поминаа осум децении откако големиот француски византолог Г.Мије ја нарече оваа техника на ѕидање *"le parement cloisonné"*[729], припишувајќи ѝ ја оваа техника на она што тој тогаш го нарече "Грчка школа во византиската архитектура". Истражувањата на Мије за *"cloisonné"* техниката сé уште не изгубиле од своето значење, но познавањата за спомениците денес се многу пошироки, па така во груби рамки можат и да се воочат некои регионални разлики во изведбата на оваа техника.[730]

Денес воглавно е прифатено мислењето дека изворите на оваа техника се во црквите на Атина и нејзината околина од втората половина на X век.[731] Па така, се смета дека за прв пат оваа техника се појави во црквата Св.Богородица во Хосиос Лука.[732] Но Б.Шелевалд укажува на тоа дека Костур всушност беше првото место каде што се појавува *"cloisonné"* техниката.[733] Треба да се одбележат и разликите кои што се јавуваат во изведбата на ваа техника во овие две области, а која што се однесува врз соодносот помеѓу основните два материјали кои што ја сочинуваат оваа техника, а тоа се: каменот и тулата. Така во Атина и околината општиот акцент е ставен на каменот, кој што е делкан во големи правилни квадери.[734] Во Костур пак, доминира тулата. На фасадите на неговите цркви секогаш доминираат два до три хоризонтални редови на тула кои понекогаш ја имаат скоро истата висина како и редовите на камен.[735]

Кај еден од најраните примери на *"cloisonné"* техниката во Македонија, црквата Св.Софија во Охрид, таа е користена за градење на големи површини

---

729 G.Millet, *L'école grecque,* 225; Можеби најпогодна терминолошка одредница за нас би била "келијаст" градежен систем.

730 За карактеристиките на оваа техника во јужна Грција: R.Krautheimer, *Architecture*, 402-419; за *"cloisonné"* во Св.Софија во Охрид и црквите во Костур: B.Schellewald, *Sophienkirche,* 135-140.

731 За можните причини околу настанувањето на оваа техника во Грција: В.Кораћ, М.Шупут, *Архитектура,* 169, 184.

732 За датирањето на оваа црква: L.Boura, *Ο Γλυπτος Διακοσμοσ,* 123-124.

733 Датирањето на костурските цркви е сé уште отворено прашање. Б.Шелевалд ја прифаќа хронологијата на костурските цркви според В.Епштајн и С.Пелеканидис, па за најран пример каде што се јавува *"cloisonné"* техниката ја смета Кубелидики (околу 900год.). Авторот според карактеристиките на *"cloisonné"* воспоставува своја хронологија на костурските цркви, (B.Schellewald, *Sophienkirche,* 135 ff.).

734 Св.Апостоли, Св.Теодора, Капникареја, црквата во Кесариајни; (Manolis Chatzidakis, *Athen und Umgebung. Attika und Böotien,* Alte Kirchen und Klöster Griechenlands, Köln, 1972, сл.58, 59, 62, 64.).

735 N.Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς, passim.*

на нејзината северна и јужна фасада[736], а укажано е дека нејзиниот *"cloisonné"* има блиски паралели во костурските цркви.[737]

Кај црквите од XIII век во Македонија *"cloisonné"* влегува во општа употреба. Притоа, еден хоризонтален ред на камен се алтернира со еден хоризонтален ред на тула. Помеѓу камените блокови во спојниците се ѕидуваат по две вертикално поставени тули. Вака всушност би гласела општата дефиниција за најчесто применуваниот градежен систем кај црквите од XIII век. Присутна е желбата да тоа и се оствари. Но често под влијание на други фактори како: располагањето со полош градежен материјал, ограничените материјални можности, недостаток на доволно обучени каменорежачи, итн; условиле да се појавуваат отстапувања од основниот концепт. Тоа е очигледно кај црквата Св.Илија во Грнчари, каде поради примената на лошиот градежен материјал (грубо делкани камења со различни димензии), често се вметнуваат парчиња на тули над камењата поради дооформување на полињата. Слично е постапувано и при изведбата на северната фасада на црквата Св.Димитрија во Прилеп, со таа разлика што тука квадратните полиња се оформуваат со повремено вметнување на два или повеќе камења. Истата тенденција ја среќаваме и кај Св.Богородица во Дабниште, но овој пат со вистинска употреба на поголеми камени блокови во изведувањето на *"cloisonné"*.[738] Со оглед на расположивиот материјал, тоа е можеби свесно имитирање на големите камени полиња карактеристични за оваа техника кај црквите од средновизантискиот период[739], или пак огледување на некои примери кои што во XIII век ги применуваат големите камени квадери во оваа техника како архаично навраќање на *"cloisonné"* од претходниот период.[740] Келијастиот градежен систем на фасадите кај црквата Св.Архангел Михаил слично на претходните е со местимични варијации во изведбата, изразени преку удвојување на хоризонталните редови на тула (кај

[736] Еден до два редови на тула се сменуваат со еден ред на камења. Во спојниците помеѓу камењата се поставуваат најчесто две до три вертикално поставени тули, (B.Schellewald, *Sophienkirche,* реконструкциони скици I-II; Б.Чипан, *Св.Софија,* сл.59, 60, 61.).

[737] B.Schellewald, *Sophienkirche, passim.*

[738] Интересна кај оваа црква е појавата на вертикалните тули во спојниците поставени со својата најголима висина.

[739] Дафни, Кесаријани, Агија Мони, Мербака (N.Joles, *Βυζαντινη Ναοδομια,* сл.53, 42, 37, 38.).

[740] Като Панагија, Порта Панагија; при подвлекувањето на ваквите паралели не треба да се испушти ни типолошката блискост помеѓу нив.

пониските камени блокови), но забележителна е подобрата обработка на камењата.

Црквите Св.Јован Канео, а најверојатно и Св.Климент, јужната фасада на Св.Димитрија во Прилеп, спратот на нартексот кај Св.Софија, и западната фасада на Св.Петар, според начинот на изведување на *"cloisonné"* можат слободно да се стават во една група. Техниката на изведување е компактна, камените квадери се добро обработени, а варијациите во бројот на хоризонтални и вертикални тули се сосема ретки. Најдобар пример е црквата во Канео, каде што дури со изненадувачка доследност е спроведуван системот на поставување од еден ред на камен, еден ред на тула и две вертикално поставени тули во спојниците. Примената на *"cloisonné"* во верзијата 1-1-2 може да се проследи и кај некои епирски цркви од последните децении на XIII век, и тоа на фасадите на Кокини Еклисија и Паригоритиса (сл.73, 82).[741] Според досегашните сознанија, не може точно да се каже на што се должи конзистентната појава на точно дефинираната варијанта на келијастата градежна техника (1-1-2); т.е. дали таа е директно превземена од некои епирски цркви; дали станува збор за развој на нејзиниот почетен концепт - забележан кај Св.Илија, Св.Димитрија (северна фасада), и особено кај Св.Богородица во Дабниште и нејзиното егзактно изведување во подоцнежните примери на Канео, спратот на Св.Софија и јужната фасада на Св.Димитрија или пак станува збор за еден тековен концепт од последните децении на XIII век, присутен на едно пошироко територијално подрачје (Епир и Македонија).[742]

Парцијалната појава на келијастиот градежен систем кај црквите Св.Никола и Св.Петар (северна и источна фасада), на источната фасада на Св.Климент, како и делумно кај Св.Никола во Манастир, е вклопена во општиот декоративен концепт на нивните фасади, интегрирана со појавата на другите декоративни фризови.

При проширувањето на црквата Св.Димитрија во Прилеп, во втората градежна фаза, кога на нејзината северна страна се доградува еден отворен трем, применета е една специфична градежна техника (сл.67). Тоа е познатата

[741] Инаку исто како и кај црквите во Македонија, и кај црквите во Епир од XIII век примената на келијастата градежна техника е голема: Св.Теодора, Св.Никола Родијас, Панагија Бриони, Като Панагија, Св.Василиј итн. (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος*, 9.).

техника на градење со тула, каде што секој втор ред на тули се повлекува за неколку сантиметри station наназад од површината на ѕидот, а потоа така добиената вдлабнатина се малтерисува со еден слој на малтер, при што на површината на ѕидот се добиваат наизменични редови на тула и малтер. Оваа техника се нарекува и "*вовлечен ред на тули*"[743], *"recessed brickwork", "concealed course technique", "Verdeckten Schicht-Technik"* итн.

Техниката на "вовлечен ред на тули" најверојатно дека своите извори ги имаше во цариградската архитектура[744], и уште повеќе, техниката на "вовлечен ред на тули" беше "заштитен знак" на цариградската архитектура од XI - XII век.[745]

Во Македонија оваа техника за прв пат се појавува и тоа на мали површини (на лаците на северната фасада) во црквата Св.Софија во Охрид[746], потоа во Св.Богородица Милостива во Вељуса.[747] Хронолошки најблиска до тремот на црквата Св.Димитрија е црквата Св.Пантелејмон во Нерези од 1164год. Но во црквата во Нерези оваа техника е изведувана на многу помали површини и со различни крајни ефекти врз надворешниот изглед на црквата, што е и основната разлика помеѓу тремот на црквата Св.Димитрија и другите примери на оваа техника во Македонија. Имено, кај прилепската црква техниката на "вовлечен ред на тули" е користена за целосна изведба на фасадите, додека пак кај другите цркви во Македонија оваа техника е употребена во многу помал размер и на ограничени површини.

---

742 Кон списокот уште ќе ја додадеме и црквата Св.Ѓорѓи Оморфоклисија од околината на Костур.

743 П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса,* 101.

744 Иако најраните примери на оваа техника денес се наоѓаат надвор од Цариград, Панагија Халкеон во Солун (1028) и црквите во киевска Русија: Десетнаја (996г и 1039г) Св.Софија (1037г), Преображение во Чернигов (околу1036г), во науката се неподелени мислењата дека оваа техника за прв пат се појавила во Цариград, и тоа најверојатно во втората или третата четвртина на X век, (P.L.Vocotopoulos, *The Concealed Course Technique: Further examples and a few remarks,* JÖB 28 (1979), 258.).

745 Сите цариградски цркви од XI-XII век во одреден обем ја користат оваа градежна техника: Христос Пантепоптес, манастирот Пантократор, Ѓул Џамија, главната црква на Св.Богородица Памакаристос, Календеране Џамија, (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul, passim*). Дури своевремено истражувачите на средновековната архитектура на Цариград, појавата на оваа техника во ѕидаријата на црквите ја сметаа како индикатор за датирање на црквата во XI-XII век. Ова го оспорува Вокотопулос со тоа што укажува на примери на ваква техника од XIII -XIV век, (P.L.Vocotopoulos, *The Concealed Course, passim*); но треба да се напомене дека примерите кои што ги наведува Вокотопулос од XIII-XIV век се надвор од Цариград (Хиос,Тракија, Македонија, Тесалија, Епир, Пелопонез итн.).

746 B.Schelewald, *Sophienkirche,* сл.82.

747 П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса, passim.*

Како блиски аналогии на Св.Димитрија (од аспект на третманот на техниката со "вовлечен ред на тули"), можат да се посочат црквите: Св.Никола во Куршумлија[748], Панагија Крина на Хиос[749] и бугарските цркви: Св.Тодор во Бобошево[750], Колуша во Ќустендил[751], црквата во Сапарева Бања[752]. Кај многу од нив е извесно дека се градени под силни цариградски влијанија, а највароватно и со учество на цариградски мајстори. Разликата помеѓу нив и црквата Св.Димитрија е во провинцискиот третман на оваа техника од страна на мајсторите во Св.Димитрија (појава на закосени и вертикални редови изведени во оваа техника). Поради тоа, мајсторите на тремот на црквата Св.Димитрија треба да ги бараме во работилниците блиски до цариградските работилници, кои што добро ја познавале оваа специфична техника на градење, а тремот е единствениот објект каде што оваа техника е употребена воопшто кај црквите во Македонија од XIII век.

Единствено кај црквата Св.Никола во Манастир е забележано малтерисување на фасадите како нивна завршна обработка. Ваквата постапка е поврзана со применетата ѕидарија, односно тоа било неопходно поради лошиот нејзин квалитет. Забележана е исто така ограничената употреба на тулата само на делови на нејзината источна фасада, што не упатува на заклучокот за ограничените ресурси за нејзино производство.[753] Постапката за малтерисување на фасадите кај византиските цркви е посведочена уште од X век, и тоа кај добро познатите светогорски манастири, каде што уште е придружена со нивно боење со темноцрвена боја.[754] Веќе споменавме дека малтерисувањето на фасадите кај Св.Никола било како резултат на применетиот лош градежен материјал, а најверојатно водено од желбата на ктиторот и покрај тоа црквата да има убав и репрезентативен изглед. Најдобро за тоа зборува фреската со претставата на ктиторот Акакиј, каде што црквата е претставена како да е ѕидана во правилен келијаст систем.[755] Остатоци на сликана декорација од точно таков градежен систем и денес делумно се

---

[748] М.Чанак-Медић, Ђ.Бошковић, *Немањино доба*, 15-30.
[749] H.Buchwald, *Lascarid Architecture*, сл. 18-21.
[750] К.Миятев, *Архитектурата*, сл.218.
[751] Н.Мавродиновъ, *Еднокорабната*, сл.124.
[752] К.Миятев, *Архитектурата*, сл.217
[753] Производството на тула подразбирало релативно сложена постапка за нејзина изработка, (E.Reusche, *Geschichte der Bau - und Baustofftechnik als Hilfswissenschaft,* Zograf 13, 56-57).
[754] G.Dimitrokallis, *Η βυζαντινή Τεχνή,* 155, 159.
[755] Д.Коцо, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* т.XXXIII.

видливи на нејзините фасади.(сл.3, 7). Тоа значи дека, *"cloisonné"* опусот наместо да биде изведен, бил насликан на нејзините фасади.[756]

Постапката за малтерисување, а потоа за имитирање на градежниот опус во фрескотехника на фасадите на црквите има традиции кај црквите во Македонија. Најстариот документиран пример е црквата Св.Богородица Елеуса во Вељуса, каде што сликаната декорација делумно ја прати вистинската ѕидна структура.[757] Временски најблиска е сликаната декорација на фасадите на црквата Св.Ѓорѓи во Курбиново.[758] (сл.75). И тука ја наоѓаме имитацијата на келијастиот градежен систем, во нешто послободна интерпретација, т.е. со делумно сликање на украси од тула (најчесто во форма на букви).[759] На фасадите на курбиновската црква покрај градежниот опус денес има остатоци од фрески со претстави на светители и дуги композиции.[760] Кај црквата Св.Никола во Манастир остварена е слична комбинација на сликање на градежен опус и претстави на светители. Дали сликањето на *"cloisonné"* било едновремено со другата фрескодекорација денес е тешко да се одговори, затоа што остатоците од првобитниот малтер на фасадите се сосема скромни. Сепак, сметаме дека конечното оформување на изгледот на црквата во Манастир настанало за времето на нејзиното сликање во 1271 г. Ваквата наша определба е условена од сознанието за една невообичаена постапка на градителот на црквата, а тоа е поставувањето на прозорците надвор од нишите. Според ова ктиторот Акакиј уште во времето на градењето на црквата ја предвидел намената на нишите поставени на бочните фасади на црквата, и тоа како места за поставување на фрески (намена што наложила прозорците да се појават надвор од нишите).[761] Затоа, тешко е да се поверува дека поради временската разлика од градењето на црквата во 1266 г., до нејзиното живописување во 1271 г., можеле да се јават преклопувањата како во

---

[756] Интересен е податокот дека сликаниот *"cloisonné"* се појавува во верзијата 1-1-2, (v.supra).
[757] П.Миљковиќ-Пепек, *Вељуса,* 109-114.
[758] П.Миљковиќ-Пепек, *За некои градителски и сликрски проблеми на црквата во Курбиново,* Ликовна уметност 4-5 (1978-1979), 19-26.
[759] Сликањето на апликации со букви може да го има својот прототип во костурските цркви каде што тие и навистина се изведуваат.
[760] L.Haderman-Misguich, *Une longue tradition byzantine: La décoration extérieure des églises,* Zograf 7 (1977), 7-8, сл.2-3. Поради тоа што на места се јавува преклопување на слојот од малтер со сликаниот градежен опус и остатоците од фрески на западната фасада, П.Миљковиќ-Пепек смета дека градителите и сликарите не биле во координација, па според тоа го поместува градењето на црквата (1188) за неколку години пред нејзиното сликање (1191), П.Миљковиќ-Пепек, *За некои градителски и сликрски проблеми,* 25.
[761] Ликови на светители се зачувани само во двете ниши на западната фасада (сл.2).

Курбиново; односно дека Акакиј дал налог прво црквата да биде малтерисана и врз фасадите да биде целосно аплициран само градежниот опус и дека после пет години над него да биде интервенирано со повторно сликање на фрески.

*Завршни венци*

На спојот на ѕидовите со покривите на црквите се изведуваат завршните венци, кои што покрај естетската функција за одбележување на крајните контури на ѕидните маси, се испуштаат конзолно напред, формирајќи на тој начин стреа што ги штити ѕидовите од влага. Нема сомнение дека во византиската архитектура доминантен начин за изведување на завршните венци е со запчести траки. Точно и кај црквите од XIII век во Македонија запчестите траки ги формираат венците, нагласувајќи ги притоа разиграните волумени на црквите преку контрастите на светло и сенка што тие во себе ги носат. Постоењето на кровни венци изведени со запчести траки е посведочено кај црквите: Св.Илија во Грнчари, Св.Димитрија и Св.Никола во Прилеп, Св.Димитрија во Велес, Св.Климент и Св.Софија. Поради тоа што кровните венци се поставени на еден дел што често бил изложен на силни атмосферски влијанија, често доаѓало до нивно оштетување и потреба од нивно реновирање. Па така, кај црквите во Дабниште, Св.Архангел Михаил и Св.Петар оригиналните завршни венци се изгубиле во текот на интервенциите врз нивните покриви, но може да се претпостави дека и кај нив завршните венци биле изведени со запчести траки.

Сепак, на апсидите кај црквите Св.Никола во Манастир (сл.1) и Св.Јован Канео (сл.27), завршните венци се изведуваат со профилиран камен. Кај црквата во Манастир веќе беше посочена скромната употреба на тулата на нејзините фасади, па возможно е тоа да е и причината за појавата на камените венци, особено ако се земе и податокот дека каменот ја заменува тулата и на други вообичаени места каде што таа редовно се појавува.[762] Ако ваквата забелешка за Манастир може да се прифати, тогаш појавата на профилираниот камен венец кај апсидата на Канео е невообичаена и тоа од неколку аспекти. Па така, тулата кај оваа црква изобилно се појавува на нејзините фасади вградена во градежниот опус; нејзините димензии и форми се стандардизирани, што зборува за една нејзина добра продукција; запчести траки се појавуваат на нејзините фасади и тоа околу контурите на прозорците

на источната фасада; и на крајот, веднаш под камениот венец поставени се две запчести траки кои што го врамуваат декоративниот фриз со *opus reticulatum* (сл.33).

Тоа значи дека причините за појавата на камениот венец од кај Манастир не можат да важат за Канео[763], односно неговата појава кај втората носи јасни реминисценции за постарите обрасци, а тоа се повторно црвите од јужна Грција. Точно на исто место ги среќаваме камените профилирани венци кај црквите од XII век, Агија Мони (сл.71), Мербака (сл.70), Таксијарси во Софико[764], Мала Митрополија во Атина (сл.69), и во XIII век кај црквата Като Панагија во Арта.[765] Во контекст на појавата на камените венци на апсидата кај Канео, треба да се потсети и на нивната примена кај триаголните фронтони на куполата, па дури и нивната појава можела да го услови формирањето на триаголните завршетоци, од практични изведувачки причини, како полесен начин да се затвори страната на тамбурот без да се делкаат посебни трапезасти камења доколу би се формирал лачен завршеток.

Според зачуваните отисоци во малтерот од покривите, сите цркви од XIII век во Македонија биле покривани со лачни трапезасто изведени керамиди, што бил еден тековен концепт и за околните подрачја на Балканот.

---

[762] Кај лаците на нишите наместо со тула изведувањето е со камен.

[763] Слична причина за појавата на камените венци може да се наведе и за црквата во Земен, каде што на нејзините фасади нема употреба на тула, (К.Миятев, *Архитектурата,* сл.182, 184.).

[764] A.Orlandos, *Κορινθιας,* сл.22.

[765] G.Millet, *L'école grecque,* сл.121.

## III.3. ДЕКОРАТИВНИ АСПЕКТИ

Декоративната обработка на фасадите кај црквите од XIII век во Македонија е остварувана во различен обем и со примена на различни мотиви, повеќе или помалку познати, и сообразени со духот и традициите во архитектурата од тоа време. Вкусот за богато декориран екстериер може да се проследи пошироко во архитектурата од XIII век на подрачјата од византиската културна сфера. Понекогаш како извор за ваквиот начин за декорирање на фасадите се посочува Агролис. чии што цркви од средновизантискиот период содржат доста од елементите на керамопластичната декорација често употребувани во подоцнежната архитектура.[766] Значајна улога во пренесувањето но и во збогатувањето на палетата на декоративните елементи одигра архитектурата на Епир од XIII век.[767] Можеби неоправдано е запоставувана улогата на архитектурата во Никејското Царство (ласкаридската архитектура) од првата половина на XIII век, каде што исто така можеме да ја проследиме појавата и развојот на вкусот за богат и декориран екстериер на црквите.[768] За тоа дека ваквите појави не и беа непознати и на македонската архитектура од XIII век, сосема јасно ќе ни покаже и прегледот на декоративните елементи употребени на фасадите на црквите.

Запчести ленти

Запчестите ленти се секогаш присутни на фасадите на црквите, но нивната појава најчесто се поврзува со формирањето на завршните венци на фасадите.[769] Начинот на кој што се поставени хоризонтални запчести ленти кај некои од црквите, отстапува од ваквата нивна примена. Притоа, со нивната појава на фасадите тие имаат двојна улога за нивна декорација но и за нивна артикулација, расчленувајќи ги нивните површини на повеќе делови. Ваквиот

---

[766] R.Krautheimer, *Architecture,* 451-452.

[767] K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικος διακοσμος των υστεροβυζαντινων μνημειων της βορειοδυτικις Ελλαδος,* Kavala 1988.

[768] H.Buchwald, *Western Asia Minor as a Generator of Architectural Forms in the Byzantine Period, Provincial Back-Wash or dynamic Center of Production?,* JÖB 34 (1984), 232-234.

[769] Во тој случај нивната појава пред сé е од структурна природа а не од декоративна, па поради тоа вака изведените запчести ленти се анализираа во претходното поглавје (v.supra).

начин на поставување на запчестите ленти го нема во цариградската архитектура, но затоа пак особено често го сретнуваме во средновизантиската архитектура на јужна Грција, а посебно во Атина и нејзината околина.[770] Честа употреба на хоризонталните запчести траки имаме и во црквите во Костур (Кубелидики, Св.Стефан, Св.Никола Касници).[771] Во епирските цркви од XIII век примената на хоризонталните запчести ленти е голема.[772]

Нивната примена на фасадите кај црквите во Македонија иако честа, е без некој систем за одредување на нивната местоположба. Тие доминираат на јужната фасада на црквата Св.Илија (сл.8), а имаат значајно место и на северните фасади на Св.Димитрија во Прилеп (сл.67) и Св.Димитрија во Велес (сл.21). Кај овие цркви со појавата на хоризонталните запчести ленти, површините на нивните фасади се делат на повеќе сегменти, со што покрај декоративна, лентите имаат и улога за артикулација. Запчестата лента кај Св.Илија е дуплирана, што е ретка појава[773], додека кај црквата во Велес таа се спојува со запчестите рамки на прозорците со што ја прави површината на равната фасада мошне динамична.[774] Како граница на два фасадни сегменти е и хоризонталната запчеста лента на јужната фасада на Св.Димитрија во Прилеп (сл.68), која што поминува по долниот раб на фронтонот. Ваквата поставеност ја има кај црквите во Арта (Влахерна, Св.Теодора и Св.Никола Родијас).

Двете хоризонтални запчести ленти на апсидата кај Канео се со чисто декоративна функција, како дел од хоризонталниот фриз во чија што средина се изведува *opus reticulatum* (сл.33). На долните делови на апсидата кај истата црква запчестите ленти ги опфаќаат рамките на прозорецот и слепите ниши поврзувајќи ги нив во еден континуиран низ. Ваквата изведба може да се земе

---

[770] Најраниот забележан пример на ваквата употреба на хоризонталните запчести ленти е црквата во Скрипу во Беотија (873/74) (N.Joles, *Βυζαντινη ναοδομια,* сл.31), но најголем број хоризонталните запчести траки се појавуваат кај црквата Св.Богородица во Хосиос Лука, (C.Mango, *Architecture,* сл. 173). Скоро во сите атински цркви од XI век употребени се хоризонталните запчести траки: Св.Апостоли, Св.Теодора, Капникареја и др., (M.Chatzidakis, *Athen und Umgebung,* сл. 58, 59, 62.).

[771] N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* сл.88, 90, т.13, сл.362.

[772] K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 149-150.

[773] Дуплирање на хоризонталната запчеста лента се јавува само кај фронтоните на Влахерна, (A.Orlandos, *Μονη των Βλαχερνων,* сл.7).

[774] Идентичен начин за декорирање и артикулиране на равните фасади е применет и кај Паригоритиса (A.Orlandos, *Η Παριγορίτισσα της Αρτης,* Athens 1963, сл.17, 20.).

како варијација на лентата поставена на северната фасада на Св.Димитрија во Велес, со тоа што хоризонталните сегменти на запчестите ленти поради близината на нишите се сведени на минимум. Истото тоа само уште се појавува и кај нишите на апсидата на Св.Климент[775], додека кај другите цркви (Св.Никола во Прилеп, Св.Димитрија во Велес), запчестите рамки околу нишите меѓусебно не се поврзуваат со хоризонтални сегменти. Од друга страна пак, кај црквата во Манастир, во долните делови на апсидата се појавуваат само мали хоризонтални исечоци на запчести ленти, а кои единствено можат да се објаснат како нивни скромни апликации на источните фасади на црквите (сл.1).[776]

Запчестите ленти често се употребуваат и како рамки кои што се опишуваат околу нишите формирани за прозорци или кај слепите ниши. Ваквата нивна примена не е забележана кај Св.Илија, Св.Никола Манастир и на јужната фасада кај Св.Димитрија во Прилеп. Еден специфичен случај се јавува кај бифорите во нишите на Св.Јован Канео. Таму запчестата трака што ја опфаќа бифората се издига во вертикала до почетокот на лакот, а потоа не продолжува над лакот, туку врти под прав агол (сл.28). Истото тоа се изведува и кај јужната бифора на Св.Климент (сл.34).[777]

*Керамички крстести лончиња*

Понекогаш како придружен елемент до запчестите ленти, кај некои цркви се појавува низа оформена со керамички крстести лончиња. Такви се случаите на јужната фасада кај Св.Архангел Михаил (сл.44), на источната фасада и на куполата кај Св.Димитрија (сл.65), на западната фасада кај Св.Петар (сл.20), и на многу места на фасадите на Св.Никола, сите во Прилеп.

---

[775] Ваквото поврзување на запчестите опшивки на нишите на апсидите има кај централната апсида на Паригоритиса (I фаза), (сл.82).

[776] Појавата на запчестите ленти всушност најчесто е поврзана со источните фасади на црквите, а како најзабележителни се црквите: Панагија Бриони (A.Orlandos, *Μπρυονη,* сл.4), Таксијарси во Костанјани (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.55.), Св.Василиј (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.4-5.).

[777] Вакво необично изведување на запчестата лента нема кај ниедна друга црква. Кај северната и западната бифора на Канео, подоцна е интервенирано и нема остатоци од хоризонталните свртувања.

Потеклото на овој интересен декоративен елемент сé уште не е докрај разјаснето.[778] Имено, во архитектурата на Цариград, крстестите лончиња сé до архитектурата од времето на Палеолозите не се пронајдени (единствените примери се на Текфур Сарај). Од друга страна, обилната појава на крстестите лончиња во бугарската архитектура придонесе некои научници нивните извори да ги поврзат токму со оваа архитектура.[779] Сепак, првите прецизно датирани примери за појавата на крстестите лончиња се од 1185 г. и тоа кај црквата Св.Димитар во Трново[780], а својата најголема појава ја имаат во несебарските цркви од крајот на XIII век и првата половина на XIV век.[781]

Употребата на крстестите лончиња кај црквите од XIII век може да се проследи на еден поширок простор. Па така, најфректна е нивната појава кај црквите од Хиос (Панагија Крина[782], Панагија Сикелија[783], Св.Јован во Халкиос)[784], како и кај "црквата Е" во Сардис, стилски означени како дел од ласкаридската архитектура. Во многу помал обем крстестите лончиња ги има во епирската архитектура и тоа само на источните фасади на Паригоритиса (сл.82) и Св.Ѓорѓи во Ангелокастро.[785]

Како што на почетокот беше наведено, во Македонија во XIII век, крстестите лончиња се појавуваат само кај прилепските цркви.[786] Како први примери се крстестите лончиња поставени на горниот дел на тројниот

---

778 G.Millet, *L'ecole grecque,* 283-289, кој помислува на можни исламски влијанија, нешто слично како и со куфтските знаци.

779 D.Sâsâlov, *Problémes sur l'origine de la décoration de façade céramoplastique,* Culture et art en Bulgarie médiévale, Sofia 1979, 12 ff.

780 К.Мияатев, *Архиӣекӣураӣа,* сл.229. Црквата Св.Стефан (Нова Митрополија) во Несебар, црквата во Ловчанскиот Хисарлак, како и црквите No.3 и 4 во Преслав се со несигурна хронологија, (К.Мияатев, *Архиӣекӣураӣа, passim.*). Тезата за бугарското потекло ја негира К.Цурис, кој посочува на подрачјата каде што се појавуваат лончињата и тоа: Мала Азија, Тракија, Македонија, Пелопонез, Србија, и на островите - Крит, Хиос, Наксос, Кипар; со ваквата широка распространетост смета тој, се покажува дека изворите на крстестите лончиња не може да бидат во бугарската архитектура, (K.Tsouris, *Ο κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 70-71.).

781 Св.Параскева, Пантократор, Св.Јован Алитургитос итн.

782 H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* сл.19-20.

783 P.Vocotopoulos, *Concealed Course,* сл.4

784 H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* сл.17.

785 K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.48

786 Инаку на пошироките македонски области тие кон крајот на XIII век се појавуваат и во Верија (Кириотиса), (G.Millet, *L'ecole grecque,* сл.125). Најраната појава на крстести лончиња (само две) е на источната фасада на црквата Св.Анаргири, (N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* сл.276.).

прозорски лак на јужната фасада на Св.Архангел Михаил, и на источната фасада, веднаш под стреата на Св.Димитрија (III фаза).[787] Нивната ограничена употреба зборува можеби за почетна фаза во прифаќањето како декоративен елемент, а тешко е да се одредат влијанијата кои што ја условиле нивната појава. Со одредени резерви може да се прифати влијанието на епирската архитектура (преку нивната појава на Паригоритиса (I фаза), ако тоа се сообрази со податоците дека тројниот лак над кој што се поставени кај Архангел е многу честа форма таму, а и типолошки Св.Димитрија во третата фаза како црква со надвишен попречен свод ги влече своите влијанија од Епир.[788] Во следната фаза, нивната појава кај блиската црква Св.Никола е многу побогата и поразновидна, опкружувајќи ги лаците на нишите и отворите, формирајќи цик-цак фризови и крстови со нивната позиција. Од тоа време е и повторната употреба на крстестите лончиња кај Св.Димитрија и тоа на лаците од куполата, како и на западната фасада на Св.Петар. Локалната одреденост на појавата на керамичките крстести лончиња го носи заклучокот дека, кога тие еданаш се појавиле кај Св.Димитрија или Св.Ахангел Михаил, меѓусебните влијанија биле пресудни за нивната употреба кај другите подоцнежни цркви.

*Меандер*

Меандерот е можеби најчесто употребуваниот елемент на керамопластичната декорација во византиските цркви. Неговата појава и развој во византиската архитектура можеме да ги следиме од почетокот на XI век, па сé до нејзиниот крај. Тој се појавува во неколку основни изведби.[789] Класичната изведба на меандерот, која што е карактеристична за

[787] Ваквата нивна појава до сега никаде не е истакната и најчесто црквата Св.Никола во Прилеп беше посочувана како споменик каде што за прв пат се појавуваат крстестите лончиња, (Г.Суботић, *Керамопластични украс*, Историја примењене уметности код Срба, T.I, Београд 1977, 47; Б.Тодић, *Старо Нагоричино,* 65.)

[788] Можноста за влијанија од бугарската архитектура (Св.Четириест Маченици во Трново, Бојана), или од ласкаридската архитектура, секако не се исклучени.

[789] Краток преглед за појавата на меандерот и начините на неговото изведување во византиската архитектура, во: H.Buchwald, *Sardis Church E*, 283-289.

цариградската архитектура, во својата форма е најблиску до неговите прототипови од архитектурата на антиката.[790]

Друга варијанта на изведување на меандерот е онаа што подразбира негово изведување во две паралелни патеки, кои што наизменично се отвораат кон врвот и кон дното.[791] Вака изведените траки на меандер се карактеристични за средновизантиските цркви во јужна Грција. Најраниот пример за вака изведен меандер потекнува од третата четвртина на XI век, а него го наоѓаме на источната страна на црквата во Дафни.[792] На големи површини ваквата изведба на меандерот ја среќаваме кај средновизантиските цркви на Пелопонез (Агија Мони[793], црквата во Мербака[794]). Во текот на XIII век вака изведениот меандер го користи и ласкаридската архитектура (Панагија Крина[795], Латмос 8[796]). Но во епирската и архитектурата на соседните подрачја од XIII век, тој е многу честа појава (Св.Василије[797], Св.Никола Родијас[798], Кокини Еклисија (сл.73), Порта Панагија[799]).

Македонската архитектура од XIII век често го користи меандерот како декоративен елемент. Доколку неговата појава на мали сегменти кај црквата Св.Софија ѝ припаѓа на првобитната градба, таа би можела да се поврзе со најраните почетоци на изведување на меандерот воопшто. Имено тој се појавува на јужниот ѕид на параклисот на спратот над ѓакониконот (цр.36)[800], и на северната фасада на скалишната кула сместен веднаш над над лачните завршетоци на двете високи ниши што ја артикулираат кулата (сл.63).[801] Но

---

[790] Најраниот досега пронајден пример на изведба на меандер, и тоа на делови на источната фасада на католиконот на Хосиос Лукас е во класична изведба., (C.Mango, *Architecture,* сл.233.). Во Цариград класично изведениот меандер го среќаваме во црквите: Христос Пантепоптес (T.F.Mathews, *Churches of Istanbul,* сл.9-5, 9-6.), Христос Филантропос (Ibid, сл.22-2).

[791] Ваквата изведба Х.Бухвалд ја нарекува *"non-directional form"* и *"meander with two strands",* (H.Buchwald, *Sardis Church E,* 286-287.).

[792] C.Mango, *Architecture,* сл.181.

[793] G.Millet, *L'école grecque,* сл.69, 70.

[794] G.Millet, *L'école grecque*, сл.129.

[795] H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* сл.18, 20.

[796] H.Buchwald, *Lascarid Architecture*, сл.12.

[797] K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.5-6.

[798] P.L.Vocotopoulos, *Arta,* сл.42.

[799] A.Orlandos, *Πορτα–Παναγια,* сл.6.

[800] Ваквата појава на меандерот е со несигурна хронологија и може да припаѓа на првобитната градба, но може да биде и подоцнежна интервенција.

[801] Неговата појава ја регистрира и Б.Шелевалд но директно не ја коментира неговата припадност кон првата фаза, иако за северната фасада на кулата смета дека до лаците на

секако, меандерот изведен со две паралелни патеки се појавува кај многу од црквите градени во Македонија во XIII век. Притоа, тој е изведен како единечни фризови лево и десно од апсидата, на источната фасада на Канео (сл.27).[802] Кај црквата во Велес, меандерот е сместен веднаш под стреата на источната фасада во едно необично трапезоидно поле (сл.23), како и на источниот дел на северната фасада во изведба со помалите страни на тулата при што тој има мала висина (сл.22). Единечните фризови често се протегаат и на повеќе страни на црквите (Св.Климент -сл.34, Св.Димитрија -сл.68), но тие не се префрлаат и на површините на нартексот (можеби поради својата висока местоположба).[803] Понекогаш хоризонталните фризови со меандер се дуплираат, при што во средината можат да се "читаат" серија на крстови (Св.Климент-источна фасада -цр.27, Св.Никола во Прилеп - јужна фасада - сл.12).[804]

Другиот начин на изведба е тнр. "упростен меандер", кој што подразбира негова изведба само со еден ред на вертикално поставени тули, ограничени на двете негови страни (горната и долната) со по еден ред на хоризонтално поставени тули.[805] Во XIII век ваква изведба во Македонија има на јужната фасада на црквата Св.Богородица во Дабниште (цр.29), на северната фасада на Св.Никола во Прилеп (сл.13, а само мали сегменти кај оваа црква има и на нејзината западна и источна фасада), како и на источната и северната фасада на Св.Петар (сл.18, 19). Појавата на упростениот меандер може да биде како единечен хоризонтален фриз, но може и да биде дуплирана (Св.Петар, во нишата кај Дабниште).

---

нишите се протега првобитната ѕидарија, вклучувајќи ги притоа и малите остатоци од почеток на уште еден лак над нишите, до кои се допира меандерот, посредно ќе биде забележано дека тој припаѓа на репертоарот на епирската работилница, (B.Schellewald, *Sophienkirche,* 107, 167.). И во овој случај одредувањето на егзактната припадност на меандерот е проблематична, но според нашите опсервации голема е веројатноста дека тој припаѓа на постарата градба.

802 Ваквата изведба ја има и кај Оморфоклисија, (E.Stikas, *Une eglise,* сл."D".).

803 Најблиски се случаите на Св.Никола Родијас, каде што меандерот ги опкружува сите четири страни и Кокини Еклисија, каде што тој се протега на јужната и делуно на источната фасада.

804 Ваквото дуплирање е чест случај кај епирските цркви (Св.Никола Родијас, Св.Теодора - нартекс, Паригоритиса -сл.82).

805 Понекогаш се оспорува дека ваквата изведба има врска со меандерот и таа се класифицира како лента од вертикално поставени тули, (K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 156 и заб.515); како за поедноставена верзија на меандерот зборуваат С.Чурчиќ и Х.Бухвалд, (H.Buchwald, *Sardis Church E,* 288; С.Ћурчић, *Грачаница,* 135.).

Упростениот меандер се смета за подоцнежна варијација на обичниот - со две патеки, а во зависност од густината на поставувањето на вертикалните тули, тој едноставно може да се претвори само во низа на вертикално поставени тули[806], или пак со спојување на едната нивна страна со пократка тула со што се добива буквата "П" (Св.Петар во Прилеп), што пак се смета како класична изведба на упростениот меандер.[807]

Меандерот кај црквите од XIII век е присутен уште во една варијација, и тоа таканаречениот "Z" и "S" меандер.[808] Тој на западната и северната фасада на спратот на нартексот на Св.Софија се јавува во двете форми (сл.61, 62). Појавата на вака изведениот декоративен фриз може да се припише на постари македонски традиции, бидејќи него го наоѓаме на северната фасада на Нерези, а и поради фактот што во Епир го има само кај една црква (Св.Димитрија Туркопалуко); од друга страна мотивот најчесто се појавува во Солун (Св.Апостоли[809], Св.Никола Орфанос[810] и кај црквите во неговиот стилски круг (Олимпиотиса во Еласон).[811] Мотивот во модифицирана верзија, со уште едно скалило, е изведен и кај црквата во Меспотам (сл.76). Подоцна уште еднаш ќе биде изведен на фасадите на Св.Софија и тоа на нејзиниот егзонартекс, и на фасадите на Св.Ѓорѓи во Старо Нагоричино.[812]

*Opus reticulatum - шах поле*

Кај црквите Св.Климент (цр.47, сл.36), Св.Јован Канео (сл.33), Св.Софија (спратот на нартексот -сл.61), како и кај црквата Св.Димитрија во Велес (сл.21), значаен елемент во декорирањето на нивните фасади е појавата на хоризонталните фризови со двобојни квадратни плочки.[813] Ваквиот елемент

---

[806] Кај Св.Никола во Прилеп, и Дабниште каде што тулите се на мало меѓусебно растојание, но се поставувани со својата висока страна со што сепак се асоцира појавата на меандерот. Со ваквата изведба тие се најблиски до упростениот меандер кај Панагија Бриони, (P.Vocotopoulos, *Arta,* сл.46).

[807] Ваквата изведба е многу почеста и ја има кај црквите: Влахерна - источна фасада, Като Панагија, а точно двоен фриз од упростен меандер се среќава кај Црквата Е во Сардис.

[808] Понекогаш лентите со ваков мотив се сигнираат како ленти со ритмизиран украс, (K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 156.);

[809] M.Rautman, *Holy Apostles,* 283.

[810] *Thessaloniki and Its Monuments,* 108.

[811] E.Constantinides, *Olympiotissa,* сл.I-IV.

[812] Б.Тодић, *Старо Нагоричино,* сл.4.

[813] Најчест термин кој што се користи во литературата е *"opus reticulatum"* или *"chequer-board brickwork"*, при што овие термини ги опфаќаат и двата начини на изведба, и тоа: со дијагонално

за декорирање на фасадите е познат уште во римската архитектура.[814] Но патиштата по кои што тој стигнал до средновизантиската и касновизантиската архитектура се́ уште не се докрај разјаснети.[815] Покрај другото, не е јасна ни улогата на Цариград во повторното "оживување" на оваа римска техника. Имено, до сега во средновековните споменици на Цариград *opus reticulatum* не е забележан.[816]

Употребата на *opus reticulatum* кај црквите од XIII век во Македонија доминира во Охрид[817], податок што натера некои истражувачи на заклучок дека, неговата појава во Македонија е поврзана токму со појавата на *opus reticulatum* на фасадите на Св.Климент[818]; заклучок што уште еднаш ќе го изложиме на анализа. Имено, мотивот се среќава многу порано пред неговата регистрирана појава во Охрид, во костурските цркви: Таксијарси, Кубелидики и делумно Св.Стефан[819], но и на куполите на пастофориите кај базиликата Св.Ахил.[820] Кај овие цркви *opus reticulatum* се изведува само со керамички плочки, што ги разликува од изведбата кај охридските цркви, каде што е во комбинација од керамички и камени плочки. Ваквата двобојна изведба навистина се среќава во епирската архитектура и тоа кај Кокини Еклисија (сл.73) и Паригоритиса (сл.82), но и самиот К.Цурис посочува дека не може да се посочи на прототипот каде што за прв пат би се јавила ваквата трансформација на *opus reticulatum* од изведување само со керамика во

---

поставување на плочките на тула или камен во однос на хоризонталните градежни слоеви на фасадата, или пак со хоризонтално поставување во однос на слоевите на фасадата при што се добива класично "шах-поле". Првиот начин е посложен за примена бидејќи бара поголема техничка способност на мајсторите и бара изработка на специјални триаголни елементи со кои што се затвораат крајните полиња.

[814] За него знае и Витрувије, кој што го нарекува *opus reticulatum* (мрежаста техника), заради тоа што при неговата изведба помеѓу квадратните парчиња на камен или тула се појавувал тенок слој на малтер кој што на површината на фасадата изгледал како тенка мрежа, (P.M.Vitruvius, *Deset knjiga o arhitekturi,* Sarajevo 1990, 41 и сл.VI A.).

[815] Најопширно за овој проблем во: A.H.S.Megaw, *Byzantine Reticulate Revetments,* Χαριστήριον εἰς 'Α.Κ.'Ορλάνδον, Т.III, Athens 1966, 10-22. Една од претпоставките е дека повторното појавување на *opus reticulatum* во византиските провинции е заради западни влијанија (причина: честото користење на оваа техника во каролиншката и отоншката архитектура). Втората претпоставка е дека оваа техника во провинциите е директно превземена од зачуваните градби од римскиот период во самите провинции.

[816] P.L.Vocotopoulos, *The Role of Constantinopolitan Architecture,* 569.

[817] Во Прилеп освен на еден мал сегмент кај Св.Никола овој мотив воопшто не се појавува.

[818] K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 65.

[819] N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* т.VII-VIII, т.XIII.

[820] N.Moutsopoulos, *Η Βασιλική του Αγίου Αχιλλείου,* сл.55-56.

комбинирана изведба камен-керамика[821]; основна карактеристика на цитираните епирски и охридските примери.[822]

Според позицијата на поставување меѓусебно поблиски се фризовите кај Св.Климент и Св.Софија, со изведби кои што се протегаат скоро по целиот периметар на фасадите (Св.Климент), или по западната фасада (Св.Софија). Уште ќе посочиме дека фризот со *opus reticulatum* поставен на фасадите на црквата Св.Димитрија во Велес се наоѓа помеѓу Св.Климент (заради неговото периметрално изведување на сите фасади) и Паригоритиса (заради неговата позиција помеѓу отворите и запчестата лента).

Кај црквата Св.Јован Канео, фризот со *opus reticulatum* е поставен на површините на апсидата, веднаш под кровниот венец и притоа е опфатен по контурите со две запчести ленти (сл.33). Ако се апстрахира декоративниот елемент, тогаш местото и поставеноста на фризот кај Канео, со голема доза на поклопување ќе го пронајдеме кај многуте примери од јужна Грција, каде што на истото место опфатен со две запчести траки се појавува меандерот.[823] Ако кон тоа се додадат и камените завршни венци, впечатокот е целосен (Агија Мони -сл.71, Мербака -сл.70, Като Панагија)[824], што значи дека според поставеноста фризот кај Канео следи постари обрасци.[825]

---

[821] K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 62. Инаку полихромен *reticulatum* изведен со керамички плочки има на фасадите на Св.Василиј (G.Dimitrokallis, *Βυζαντινη τεχνη,* 86.), како и кај црквата Пантанаса, каде што при ископувањата се пронајдени голем број на керамички плочки од првата градежна фаза. Но како индикатор за тенденциите за поставување на двобојна мрежа на елементи може да биде сочуваниот дел од јужниот параклис (од втората градежна фаза) каде е изведен преплет на ромбови од тула со вметнати камени плочки во внатрешноста, (P.Vocotopoulos, *Ανασκαφη Πανταναсσης,* 156 и сл.9.).

[822] Според проектираната стилска развојна линија, Кокини Еклисија мораше да биде прототипот за посочената трансформација, после која што двобојниот *reticulatum* би се нашол на фасадите на едновремените, Паригоритиса и Св.Климент; поинаку доколку би постоеле и други примери останува слободна проценката за паралелно нивно влијание врз другите охридски примери. Тука е значајно и прашањето, ако (како што тоа сликовито се прикажува), мајсторите после градењето на Кокини Еклисија се наоѓале 200 км на север од Арта, во Охрид, тогаш можеше ли тукушто изградената црква во Булгарели, каде што за прв пат би се извршила трансформацијата на специфичниот *opus reticulatum,* во таква мера да влијае врз Паригоритиса каде што основниот декоративен концепт на нејзините фасади се темели токму врз двобојниот *opus reticulatum*?

[823] За идентичната позиција добра паралела нуди и Дафни, (C.Mango, *Byzantine Architecture,* сл.181).

[824] Особено индикативна е појавата на запчестите ленти како граничници на фризот, и тоа веднаш под профилираниот камен венец.

[825] До сличен заклучок доаѓа и К.Цурис, кој анализирајќи ја хронолошката поставеност на фризовите со *opus reticulatum* кај епирските цркви, за најстар го смета фризот кај Св.Катерина на островот Крф поради неговата поставеност на апсидата на црквата веднаш под венецот,

На крајот во анализата ќе внесеме уште една изведба во чија што основа исто така лежи контрастот помеѓу полињата, овој пат поставени во хоризонтална диспозиција, поради што наместо со терминот *opus reticulatum* , поприкладно е да се дефинира како "шах-поле". Станува збор за поранешниот трем на црквата Св.Димитрија во Прилеп, доградени на северната страна во нејзината втора градежна фаза (сл.67). Тука шах-полето се изведува во хоризонтални редови и при неговата изведба не се користени посебно изработени квадратни елементи, туку тоа се изведува во техниката на *recessed brickwork* (вовлечен ред на тули), при што повлекувањето на тулите не е во хоризонтални редови, туку во квадратни полиња.[826] На ист начин е изведено шах-полето кое што ги исполнува полукружните фронтони кај слепите ниши во црквата во Сардис, означена како "Црква Е".[827] Исто така и црквите во Хиос: Св.Богородица во Сикелија[828] и Св.Јован во Халкиос[829] покажуваат сличности со тремот на црквата Св.Димитрија од аспект на начинот на изведувањето на шах-полето, но и воопшто како целосен впечаток од декоративниот третман на фасадите.[830]

Во тремот на црквата Св.Димитрија ја следиме најраната појава на ваквото изведување на мотивот на шах-поле во Македонија, но она што за нас е многу позначајно е податокот дека повеќе децении пред појавата на двобојниот *opus reticulatum,* во Македонија можеме да го проследиме присуството на тенденцијата за конфронтирање на двобојните квадратни полиња (тулата-црвено и малтерот-бело).

---

(K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 181.). Инаку кај едни од најстарите зачувани споменици со мотивот на *opus reticulatum,* тој се среќава само на делови на апсидата и тоа во комбинација цо запчести ленти: Стара Епископија во Тегеја (P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστικη αρχιτεκτονικη,* сл.57), базиликата во Зурца, (C.Bouras, *Zourtsa,* сл.6-8.).

826 Се повлекува секое второ квадратно поле оформено со две половинки од тулата со стандарден формат и потоа се малтерисува. За изведувањето на шах-полето во техниката на "вовлечен ред на тули" во византиската архитектура, (H.Buchwald, *Sardis Church E,* 293-295.).

827 H.Buchwald, *Sardis Church E,* 268 и сл.13, 14. За датирањето на црквата, (H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* 293.).

828 Црквата се датира 1230-1245, (H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* 293).

829 Црквата се датира 1240-1265, (H.Buchwald, *Lascarid Architecture*, 293).

830 Разликата е во поголемиот избор на елементи на керамопластичната декорација (црквата во Сикелија) и тоа што елементите на декорацијата во Хиос се сконцентрирани во лунетите на слепите ниши на фасадите. Бидејќи лаците во Св.Димитрија биле отворени, елементите на керамопластичната декорација се префрлаат на површините под лаците, т.е. на столпците.

*Рибина коска*

Рибината коска покрај меандерот е еден од најчесто употребуваните елементи за декорирање во византиската архитектура. Нејзината појава и развој ги следиме уште од првите векови на нашата ера. Па така, се претпоставува дека нејзината појава е сврзана со градежните техники применувани во тоа време.[831] Но нејзиниот развој и примена како декоративна техника не бил едноставен и лесно препознатлив.[832]

Рибината коска може да биде употребена како површинска исполна на мали и јасно дефинирани делови на фасадата, во слепите ниши на тројните прозорски лаци (Св.Архангел Михаил, Св.Димитрија - северна фасада, Св.Софија - јужен фронтон), или во нишите на апсидите (Св.Јован Канео, Св.Климент). Но таа се појавува и како долга хоризонтална трака, изведена по целата ширина на фасадите (Св.Димитрија во Прилеп, на јужната фасада на црквата -сл.68, како и на источната фасада кај Св.Димитрија во Велес -сл.23).[833]

Декоративниот мотив на рибина коска во својата класична изведба, во византиската архитектура ретко се појавува на црквите од средновизантискиот период[834], но затоа пак многу пофрекфентно се појавува во текот на XIII век. Притоа, таа често ја има улогата како површинска декоративна облога на одредени делови на фасадите. Најдрастичен е примерот на Св.Теодора во Арта, каде што таа ги покрива целосно горните делови на северниот и јужниот фронтон на западната фасада на нартексот.[835] Рибината коска доста често се појавува и во ласкаридската архитектура, но тука таа најчесто се употребува за декорирање на јасно ограничени површини, најчесто со слепи лаци (Панагија

[831] H.Buchwald, *Sardis Church E,* 289; P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστικη αρχιτεκτονικη,* 173.
[832] H.Buchwald, *Sardis Church E*, 289-293.
[833] Х.Бухвалд во својата анализа на мотивот на рибината коска прави разлика помеѓу појавата на рибината коска како површинска исполна на делови на фасадите на црквите (како што е случајот со нејзината појава во нишите), и рибината коска кога се изведува како хоризонтална трака. Притоа, тој овој втор начин на изведување го нарекува *"chevron friese",* но и самиот истакнува дека тој настанал од мотивот на рибината коска, (H.Buchwald, *Sardis Church E,* 293.). Ние сметаме дека нема потреба за ново терминолошко формулирање на ваквата изведба на рибината коска, затоа што сепак се работи за истиот карактеристичен мотив и неговата изведба како хоризонтална трака е само еден од начините на кои што таа се изведува.
[834] Како едни од најстарите можат да се посочат, црквата Таксијарси Митрополеос во Костур (N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* сл.119), и Успение Богородично во Ламбово-Албанија, (с, т.IX.).
[835] C.Mango, *Byzantine Arcitecture,* сл.206.

Сикелија).[836] Појавата на рибината коска кај црквите во Македонија од XIII век како површинска исполна (Св.Архангел, Св.Димитрија во Прилеп) ѝ претходи на нејзината појава како хоризонтален декоративен фриз.

Како едни од најраните примери во изведувањето на рибината коска како хоризонтална лента се појавуваат црквите во Гераки и тоа од крајот на XII век.[837] Во текот на XIII век хоризонтално изведена трака со рибина коска наоѓаме во ласкаридската архитектура (Панагија Крина[838], Сардис Е[839], Св.Јован во Халкиос[840]). Паралелно со појавата во ласкаридската архитектура, рибината коска како елемент за декорирање на фасадите ја среќаваме и во Епир (јужната купола на Влахерна -сл.80, Св.Теодора - на нартексот[841]). Во текот на последните децении на XIII век, хоризонталните фризови со рибина коска се чест елемент за декорирање на фасадите на црквите. Нив ги наоѓаме на многу места каде што ја следиме појавата на архитектурата од времето на Палеолозите. Во Цариград ( на јужната црква на Константин Липс[842]), Солун (Св.Катерина[843]), Арта (Св.Василиј[844], Паригоритиса -сл.82), Еласон (Олимпиотиса[845]). Ќе споменеме уште една карактеристика на изведбата на хоризонталните траки со рибина коска; во Св.Димитрија таа е изведувана со три реда на косо поставени тули (што значи со една и половина широчина)[846], и во Св.Димитрија во Велес таа е изведувана со четири реда на тули (дупла широчина).[847]

---

836 H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* сл.16.

837 Како еден од најраните примери за ваквата изведба на рибината коска можеме да ја посочиме црквата Св.Созон во Гераки, G.Millet, *L'école grecque,* сл.111. Црквата според стилските особености на нејзината архитектура и сликарство се датира околу 1200 година, спор.: M.Panayotidi, *Gheraki,* Alte Kirchen und Klöster Griechenlands, Köln, 1972, 192.

838 H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* сл.20.

839 H.Buchwald, *Sardis Church E,* сл.16.

840 P.L.Vocotopoulos, *Concealed Course Technique,* сл.5.

841 A.Orlandos, *Αγια Θεοδωρα,* сл.6.

842 C.Mango, *Architecture,* т.XIV.

843 R.Krautheimer, *Architecture,* сл.387.

844 K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.6.

845 E.Constantinides, *Olympiotissa,* т.I.

846 Ваква изведба единствено среќаваме во Паригоритиса (на источната фасада) и во Св.Никола во Верија, (G.Millet, *L'école grecque,* сл.124.).

847 Ваква изведба среќаваме на јужната црква кај Липс и Олимпиотиса.

*Цик-цак ленти*

Во својата изведба фризовите од косо поставени тули, кај кои се врши спојување на тулите од истиот хоризонтален ред, можат да се земат како варијации блиски на рибините коски, а се нарекуваат цик-цак ленти. Тие во мал обем се појавуваат на јужниот фронтон кај Св.Димитрија во Прилеп (сл.68); но се најзастапените мотиви применети при декорирањето на фасадите на црквата Св.Никола во Прилеп, а се појавуваат во неколку изведби: како тројна лента на северната и источната фасада, како единечна шуплива лента и како исполна на нишата на апсидата (сл.12, 13, 15). Тоа само ни покажува еден дел од многубројните варијации во кои што цик-цак мотивите можат да бидат изведени. Рана појава на цик-цак декоративните ленти можеме да проследиме кај костурските цркви (Св.Анаргири[848] и Св.Никола Касници[849]). Мотивот е познат и во епирската архитектура (Панагија Бриони[850], Св.Никола Дилиу, Таксијарси во Костанјани[851]). Посебно е интересна појавата на шупливата цик-цак лента на северната фасада, што е забележана кај црквата Панагија Бриони, а која води потекло од постари епирски традиции (Св.Василие Гефирас[852]). Исто и за изведувањето на цик-цак мотивот како површинска исполна остварен во јужната ниша на апсидата можат да се наведат епирски примери (јужниот трем кај Пантанаса[853]).

*Ромбови*

Ромбовите како декоративен елемент поставуван на фасадите на црквите во Македонија од XIII век имаат забележително место. Нивната појава, како што всушност беше и со другите мотиви, е проследена со повеќе варијации во изведбата. Така, на северниот фронтон на спратот на нартексот кај Св.Софија се појавува исполна со систем на ромбови во кои што се вметнуваат крстови изведени со тула (сл.62). На еден мал сегмент во нишата на апсидата на Св.Јован Канео се поставуваат неколку ромбови со вертикална

848 C.Mango, *Architecture,* сл.201.
849 N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* сл.365.
850 P.Vocotopoulos, *Arta,* сл.46.
851 K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* сл.52, 54-55.
852 P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστικη αρχιτεκτονικη,* сл.32.
853 P.Vocotopoulos, *Ανασκαφη Πανταναασσης,* сл.10

тула како исполна (сл.33). Појавата на ромбовите кај прилепските цркви Св.Никола и Св.Петар е во варијантата на впишани ромбови, каде што по три ромбови се впишуваат еден во друг, а наместо како површинска исполна тие се изведуваат во долги хоризонтални фризови (сл.13, 18, 19). Образецот од Св.Софија, ромбови како површинска облога, најдрастично се остварен на нартексот на Св.Теодора[854], со тоа што моделот на ромбовите е како оној кај Канео. Сепак, ромбовите со вметнати елементи од тула припаѓаат на еден поблизок изведувачки круг со што се издвојуваат охридските примери.[855] Од друга страна, кај прилепските цркви ромбовите се изведуваат како хоризонтални фризови на впишани ромбови, варијанта што ја има својата најзабележителна појава на Паригоритиса, и тоа во нејзината прва градежна фаза (сл.82).[856]

*Друīи декораīивни моīиви*

*Крсīови.* Крстовите поставени на средновековните цркви најчесто имаат декоративен карактер, иако кога биле изведувани на други објекти тие најчесто имале симболички карактер.[857] Појавата на крстовите на фасадите на црквите е традиција што може да се прати уште од ранохристијанскиот период[858], а нивната појава кај црквите во Македонија од XIII век не треба да изненадува, затоа што традицијата за изведување на крстови на фасадите ја следиме и на домашна почва.[859] Особено е забележителна појавата на крстовите кај црквата Св.Никола, и тоа во повеќе изведувачки варијанти (со крстести лончиња и ограничени со тули, со камени елементи опфатени со крстести лончиња или со тули - сл.13, 14, 16). Тие се поставуваат, како што и најчесто била практика, веднаш до отворите или до нишите, а само еден крст

---

[854] C.Mango, *Architecture,* сл.206.

[855] Тие најчесто се среќаваат кај црквите од солунскиот уметнички круг: Св.Апостоли (M.Rautman, *Holy Apostles,* 285; G.Millet, *L'école grecque,* сл.122), Олимпиотиса (E.Konstantinides, *Olympiotissa,* t.I-IV.), Св.Никола и Кириотиса во Верија, (G.Millet, *L'école grecque,* сл.124, 125).

[856] A.Orlandos, *Παρηγορητισσα,* сл.24; L.Theis, *Die Architektur der Kirche der Panagia Parêgorêtissa,* Πρακτικά Δισθνούς Συμποσίον γιά τό Δεσποτάτο της Ηπείρου, Arta 1990, сл.8-9.

[857] Таков е случајот со појавата на крстовите на тврдините во Арта, Јанина (K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 140-143.).

[858] P.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστικη αρχιτεκτονικη,* 172.

[859] Појавата на крстови се регистрира на источната фасада како и на северната фасада на кулата со скали кај Св.Софија (сл.63) и на јужната фасада кај Нерези (сл.81).

на источната фасада е сместен во нишата на апсидата. Со таква позиција (во нишата на апсидата) е и единствениот крст изведен кај црквата Св.Климент, а кој што има нешто посложена форма од крстовите кај Св.Никола (цр.10, сл.36).

*Тули со форма на букви.* Кај црквата Св.Никола во с.Манастир во нишите на централната апсида, помеѓу камењата од градежниот систем, поставени се неколку вертикални спојнци со тули изведени како кириличната буква "Ж" (сл.5). Ваквата појава со сигурност може да се припише како влијанија од црквите во Костур и Преспа. Имено, се смета дека изведувањето на вертикални спојници помеѓу камењата кои со својата поставеност добиваат форми на букви е една од главните карактеристики на фасадите на овие цркви. Посебно честа е буквата "Ж" која што ја има скоро на сите костурски цркви (Св.Димитрија, Таксијарси, Св.Стефан, Кубелидики, Св.Анаргири), а особено е забележителна нејзината појава во форма на хоризонтален фриз кај Св.Никола Касници.[860] Во сличен контекст можат да се постават и неколкуте знаци со форма на буквата "Х", поставени до нишите на јужната фасада на црквата Св.Никола во Прилеп (сл.12), иако може да се каже дека нивната појава повеќе се должи на креативноста на нејзиниот градител и неговата способност за трансформација на одредени веќе познати декоративни мотиви.

*Лен̄та со единечен ӣреӣлеӣ.* На јужната фасада кај црквата Св.Илија во Грнчари се појавува еден долг хоризонтален фриз. Неговата изведба е сосема едноставна, се состои од вметнување по средината на една хоризонтална тула, која што на крајот се спојува со вертикално поставената тула (сл.8); но затоа пак неговата појава е сосема ретка. Ваквиот единечен преплет, изведен како долга лента, единствено се среќава на косите кровни венци на нартексот кај Св.Теодора во Арта.[861] Сепак, преплетот со вертикални тули, но како исполна на површини е многу честа појава кај солунските цркви од времето на

[860] N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* сл.88, 200, 279, 359, 365.
[861] C.Mango, *Architecture,* сл.206.

Палеолозите[862], податок што наведе некои истражувачи корените на ваквиот вид на декорација да ги постават во постари македонски традиции.[863]

[862] G.Velenis, *Building techniques,* сл.1; C.Bouras, *Byzantine Architecture in the Middle of the 14th Century,* Дечани и византијска уметност дредином XIV века, Београд 1989, сл.1; Вертикален преплет има и кај црквата Св.Никола во Верија (G.Millet, *L'école grecque,* 124).

[863] K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 170 заб.583; M.Rautman, *Holy Apostles,* 286-287. Сегмент од дијагонален преплет има кај костурската црква Таксијарси, (N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* т.8.).

# IV. ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Претходно извршените анализи на комплексот на цркви настанати во Македонија во XIII век исфрли на површината многу нивни карактеристики, и секоја од нив има свое место во еден ваков преглед на црковната архитектура. Но секој обид за егзактно дефинирање на местото и хронолошката меѓусебна зависност носи ризици од грешки, затоа што хронологијата на средновековната архитектура базирана врз заклучоците за техниката на градење, декорирање, дури и планирање е валидно како правило само за еден регион или само за една работилница. Историчарите на архитектурата дури имаат проблеми и со трасирањето на глобалниот развој во регионалните школи.[864]

Ваквите недоумици и варијации се условени и од податокот дека појавата и градењето на една средновековна црква не е еднозначно определено и сведено на техничките способности и стекнати знаења на протомајсторот.[865] Односно, често на едната страна бил инвеститорот со своите програмски концепции на просторот како дел на архитектонската композиција, а на другата страна градителот и неговата градежна постапка (често пак лимитирана од други фактори - расположив материјал, финансии итн.).[866] Тоа значи дека конзистентноста или еклектичноста на еден објект - се последица или производ на еден сложен систем на влијанија и интеракции од различни параметри. За некои од нив, во текот на анализите дадовме поширок простор на можни алтернативи, но за некои од нив, просторот за можни варијации на параметрите се стеснуваше и се посочуваа поконкретни одговори како резултат на изведените анализи.

[864] R.Krautheimer, *Architecture,* 376. Добро се познати проблемите со голем број на бугарски споменици и со нивната релативна хронологија, а која што варира кај различни автори; (К.Мияатев, Н.Чанева Дечевска, П.Бербенлиев итн.).

[865] Средновековните градители и архитекти носеле различни имиња, но најчесто архитектон и механик (αρχιτέκτονες, μηχανικούς), (N.Moutsopoulos, *Εκκλησιες της Καστοριας,* 433 ff.).

[866] В.Кораћ, *Једнобродна црква,* 85, idem, *На новим путевима,* Између Византије и запада, 244-252. За односите ктитор - градител и за противречностите во тие релации, (L.Rodley, *Art and Architecture,* 146 n.20.).

Во завршниот дел, делумно судирајќи се со хронолошките проблеми[867], нивното разрешување ќе го бараме во меѓузависност на неколку елементи и тоа: дефинирање на точно датираните цркви како *ante/post* репери; одредување на местото на недатираните цркви врз основа на применетите архитектонски елементи (т.е. нивно стилско позиционирање); и разгледување на мислењата околу датирањето на живописот во нив, исто како многу значаен индикатор за нивното хронолошко одредување.

Како најстара во групата треба да се смета црквата Св.Илија во Грнчари. На овој заклучок наведуваат пред сé остатоците од живопис, а кои што се датираат во првата половина на XIII век[868], или пак во раниот XIII век.[869] Скромниот градежен обем кај црквата во Грнчари, не дава можности за некои попродлабочени анализи, но сепак, постигнатата архитектонска концепција кај црквата, изразена преку артикулацијата на апсидата (со само една ниша), како и појавата на хоризонтални запчести ленти, оддаваат карактеристики поврзани со претходниот средновизантиски период (Костур, Атина). Употребата пак на декоративниот мотив на единечен хоризонтален преплет може да го посочи и учеството на домашните традиции во скромното декорирање на фасадата. Според тоа, архитектурата на црквата Св.Илија сосема се вклопува во претходно детерминираните хронолошки граници.

Делумно како засебна хронолошка групација ќе бидат разгледувани прилепските цркви. Ваквиот пристап е обусловен со податокот што во текот на анализите веќе беа посочени сличности присутни кај некои од црквите.

На почетокот ќе го спомeнеме градењето на првите фази кај црквите Св.Димитрија и Св.Никола, а кои можат да претходат на периодот што го опфаќаме (XIII век).[870] Но тие се значајни бидејќи откриваат дека се градени од локални мајстори, затоа што според едноставноста на планот и употребениот градежен материјал, покажуваат многу сличности со куќите од цивилната

---

[867] Делумно бидејќи таквите проблеми ги нема кај точно датираните цркви.

[868] P.Miljković-Pepek, *L'église de Saint-Elie,* 422-432.

[869] В.Ђурић, *Визан͞тијске фреске,* 15 заб.11.

[870] Првите фази кај овие цркви глобално можат да се сместат во последните децении на XII век, (С.Коруновски, *Св.Дими͞трија,* 28-32; В.Ђурић, *Визан͞тијске фреске,* 15 заб.10.).

архитектура од втората половина на XII век, чии што остатоци се пронајдени на просторот на денешната населба Варош.[871] Ова посочува дека кон крајот на XII и почетокот на XIII век, архитектонските концепти во Прилеп биле настрана од тековните концепти во византиската архитектура пошироко.

Но затоа пак, ваквите заклучоци во целост се менуваат кога ќе се проанализира следната градежна фаза кај Св.Димитрија, и тоа кога кон скромната еднокорабна црква на северната страна се доградил еден репрезентативен отворен трем. Особениот изглед на тремот се изразува преку два аспекти на неговата архитектура. Како прво, тоа е специфичната градежна техника "*вовлечен ред на тули*" (*recessed brickwork*). Појавата на ваквата градежна техника ни сугерира работилница дојдена од надвор, пред сé заради фактот што тремот е единствениот објект во Прилеп и неговата околина каде што е употребена ваквата техника. И второ, целосниот декоративен третман на неговите фасади (донекаде условен заради техниката на градење), и појавата на шах-полето. Претходните истражувачи на црквата Св.Димитрија, градењето на тремот најчесто го ставаа "во еден период на XII век"[872], или на крајот на XII и почетокот на XIII век.[873] За датирањето на тремот, еден елемент на неговата архитектура е особено значаен. Тоа е декоративниот елемент шах-поле, изведуван на неговите фасади со техниката на "вовлечен ред на тули". Појавата на вака изведуваното шах-поле рамковно се поврзува со XIII век, односно до сега не е пронајдена црква со вака изведувано шах-поле пред XIII век.

Во некои свои аспекти, архитектурата на тремот покажува сличности со ласкаридската архитектура која што се создаваше во првата половина на XIII век. Тесна поврзаност со ласкаридската архитектура покажуваат и некои значајни цркви во Епир од средината на XIII век. Тоа е пред сé црквата Пантанаса во Филипијас недалеку од Арта, чиј што ктитор бил деспотот Михаил II, а која што според житието на Св.Теодора (неговата жена), се

---

[871] Б.Бабиќ, *Материјалната култура, passim.*
[872] В.Ристић, *Црква Светог Димитрија,* 189 заб.39.
[873] Б.Бабиќ, *Материјалната култура,* заб.102.

датира во четвртата или петтата деценија на XIII век[874], како и првата фаза на Паригоритиса од средината на векот.[875] Поради тоа, врските на тремот на црквата Св.Димитрија со ласкаридската архитектура можеа да настанат по директен или пак по индиректен пат (преку епирската архитектура). За ваквите врски постоеја поволни како политички, така и културно-уметнички предуслови. Со оглед на ваквите околности, градењето на тремот, треба да се смести најверојатно во средината на XIII век, во кој што период се забележливи влијанијата на ласкаридската архитектура врз архитектурата на западните подрачја (Епир и Македонија).

Црквата Св.Никола во селото Манастир е значајна поради тоа што за сега таа претставува најраниот точно датиран споменик во црковната архитектура на Македонија во XIII век. Благодарение на зачуваниот долг натпис испишан во една лента во внатрешноста на централниот брод, дознаваме повеќе значајни податоци поврзани со историјата на манастирската црква.[876] За нас најважни се податоците дека манастирската црква ја изградил игуменот Акакиј и тоа во 1266 г. Со тоа се постави сигурна рамка за следење на архитектонските концепции и тенденции присутни во Македонија нешто по средината на векот.

Според типот на основата, трикорабна базилика, таа се вклопува во групата на цркви што следат еден архаичен тип, долго присутен во архитектурата на балканските простори. Постарите традиции условија често во византиската архитектура базиликата да се појавува како тип на црква поврзана со нејзината катедрална намена[877], но не секогаш појавата на базиликата значеше и катедрална намена на црквата.[878] Затоа, појавата на типот на мала скратена базилика може да се опише со "истиот тој народен

---

874 P.Vocotopoulos, *Νεα στοιχεια Παντανασσης,* 87-98; idem, *The Concealed Course Technique,* 257. За сличностите со ласкаридската архитектура, а посебно со црквите: Панагија Крина на Хиос и Црквата Е во Сардис, (G.Velenis, *Thirteenth Century Architecture,* 281 и заб.15).

875 L.Theis, *Paregoretissa,* 477-478; G.Velenis, *Thirteenth - Century,* 281.

876 Ф.Баришић, *Два грчка натписа,* 16-17.

877 В.Кораћ, *О архитектури катедралних цркава,* 61.

878 Базиликата во Зурца, (C.Bouras, *Zourtsa,* 137-149.) и базиликата во Манастир, затоа што седиштето на Пелагонискиот епископ со сигурност во првата половина е потврдено дека било во Битола. Во Прилеп постоел црковен чиновник наречен - протопоп, (К.Аџиевски, *Пелагонија,* 138-139.).

конзервативизам што ги сооздаде малите засведени базилики во XI век на Балканот".[879] Токму поради тоа може да се рече дека базиликата Св.Никола почива на концепциите втемелени со најдобрите базиликални прототипови (Св.Ахил во Преспа), а пренесени или превземени од скромните костурски реплики, со модификации кои што ја откриваат временската дистанца. Се разбира, појавата на буквата "Ж" во вертикалните спојници, како и сликањето на градежниот опус *cloisonné* на нејзините фасади, недвосмислено укажуваат на влијанијата на Костур и Преспа врз архитектурата на црквата Св.Никола во Манастир. Од друга страна, како стилски тековни концепти може да се прифати појавата на високите ниши на главната апсида (најстара документирана таква појава) и низовите на слепи ниши како модификација настаната помеѓу едноставните и повеќеспратните "аквадукт" аркадни системи.

Хронолошки блиска на црквата во Манастир би требало да биде третата градежна фаза кај црквата Св.Димитрија во Прилеп. Иако интервенциите врз архитектурата на црквата кои што следеле после градењето на тремот се насочени претежно на нејзините горни делови, после оваа фаза, црквата го менува својот тип на основата. Односно, со затворањето на отворениот трем црквата се претвора во двокорабна базилика. Сепак ваквата форма на основата не ја носи поблиску до Манастир, бидејќи суштината на работите во оваа градежна фаза е во промената на структурниот систем на црквата. Притоа, дрвените кровови се заменети со сводови, а најзначајна карактеристика на новооформениот структурен систем е поставувањето на надвишениот попречен свод. Со ваквите интервенции, црквата е поставена во една специфична типолошка категорија (цркви со надвишен попречен свод), чии што извори се во средновизантиската архитектура на јужна Грција. Но ваквиот тип на црква во Св.Димитрија највероватно е дека беше пренесен од Епир, во чија што архитектура од XIII век исто така ја следиме појавата на неколку значајни цркви со надвишен попречен свод (Като Панагија,

879 R.Krautheimer, *Architecture,* 355.

Св.Димитрија Кипселис во Туркопалуко итн.). Сепак и нивната хронологија не е стриктно определена и се движи во пошироки временски интервали.[880] Поради тоа ќе останеме во пошироките хронолошки рамки одредени со претходната и следната градежна фаза кај самата црква, и тоа од средината на векот (градењето на тремот) до 1284 г. како долна граница за настанувањето на последната градежна фаза (v.infra).

Голема е веројатноста дека и кај црквата Св.Богородица во селото Дабниште во околината на Кавадарци, се појавува типот на цркви со надвишен попречен свод. Според зачуваниот живопис во апсидата на црквата, таа глобално се датира во XIII век[881], а присутни се мислењата за нивно стилско поврзување со фреските во Манастир од 1271 г.[882] Ваквите позиции одговараат и на изведените архитектонски анализи. Имено, веќе ги посочивме типолошките блиски врски со III фаза кај Св.Димитрија, што би посочувало и на хронолошка блискост помеѓу нив. Според прикажаната архитектура, прилепската црква стои посигурно свртена кон постарите епирски и обрасци од јужна Грција (троен прозорски лак, хоризонтални запчести ленти), додека кај Св.Богородица видлив е уделот и на домашни концепции. Тие се најдобро изразени преку појавата на високите слепи ниши на бочните фасади, а со кои се артикулираат краците на трансептот, секако превземени од постарите традиции за ваква артикулација на попречните травеи кај црквите со впишан крст (Нерези). Со тоа можеби се открива и суштината за појавата на типот; односно, во црквите од XIII век во Македонија (Св.Димитрија и Св.Богородица), типот на цркви со надвишен попречен брод беше прифатен во видот кој што најмногу се доближуваше до крстовидните куполни цркви (еднаква широчина на попречниот со подолжниот свод), карактеристика што ја нема кај примерите од Епир и јужна Грција. Што се однесува пак до меѓусебните релации на двете цркви сметаме дека Св.Димитрија како значајна

---

880 Като Панагија се датира пред 1250 г., односно 1240-1250 г., а Св.Димитрија Туркопалуко, во хронолошки рамки од 1242 до последните децении на XIII век, најчесто околу 1270-1290 г., (K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 194, 201, со дополнителна литература).

881 P.Miljković-Pepek, *Contribution,* 192-193.

882 П.Миљковиќ-Пепек, *Свеќани,* 159-160.

црква во средновековниот Прилеп[883] лесно можеше да биде образец за поскромната црква во блиското село Дабниште.

Црквата Св.Архангел Михаил е една од најзначајните сочувани средновековни цркви во Прилеп. Претходно изведените анализи сосема јасно го покажаа обемот на градежните активности изведувани на црквата во XIII век, односно, само мали делови на источниот дел на северниот ѕид и остатоците од фрески на карпите под истиот дел можат да се означат како делови на постари градби на локалитетот, но нивната улога во формирањето на црквата изградена во XIII век е толку скромна, што не може да се зборува за постоење на фази во црквата сигнирани како "источна" и "западна" црква.

Фреската со ктиторот на црквата Св.Архангел Михаил, претставен како го држи моделот на црквата во своите раце е насликана на западниот ѕид во внатрешноста на црквата. Текстот на фреската според читањето на Б.Бабиќ гласи:

Ιω̃ ο ου Δ ου / κ(αί) μέγας (χαρ / του λλαρ (ιος) / ο δια του (αγγε / λικου κ(αί) θ(ειου) / σχηματο (ς επο / (ν)ομασθης

"Јован ... и велики хартуларij на Запад, кој со ангелски и божји образ го промени името во монах ..."[884]

Тоа значи дека ктиторот на црквата бил великиот хартулариј на Запад - Јован, што според претпоставките на Б.Бабиќ дека неговата титулатура е со политичко-територијална одреденост - Запад, и всушност претставува лице со висок ранг во световната аристократија.[885] Со тоа се отфрлени претпоставките за поистоветувањето на хартуларијот Јован со охридскиот ѓакон и референдар Јован.[886]

Уште на прв поглед јасно беше дека во идејната структура на црквата се вткаени сложени концепции; почнувајќи од фактот што нејзината основа не се вклопуваше во ниедна од стандардните типолошки шеми на средновековните

---

[883] Б.Бабић, *Панаīириши̅е,* 1-9.

[884] Б.Бабић, *Три īрчка фреско наū̅иса,* 26.

[885] Б.Бабић, *Три īрчка фреско наū̅иса,* 27-28.

[886] П.Миљковиќ-Пепек, *Канео,* 92. В.Ѓуриќ смета дека поистоветувањето е неприфатливо и дека Јован од Св.Архангел сепак има световна титула иако чинот хартуларij го има и во црковната хиерархија на охридската црква, (В.Ђурић, *Визан̅ијске фреске,* 185 заб.12.)

цркви, исто и нејзината необична изведба како двоспратна градба со две куполи. Сепак, во основата на целата таа идејна структура лежеше концептот за црква - мавзолеј. Ваквиот концепт секако дека е дело и барање на ктиторот - Великиот хартуларij Јован.

Ако веќе често е нагласувана улогата на најзначајниот мавзолеј во византиската архитектура - средната црква во манастирскиот комплекс Пантократор, како модел за гробна црква[887], тогаш сличностите во двокуполната горна структура кај двете цркви недвосмислено го откриваат моделот за нивната појава во Св.Архангел Михаил. Дури и идентичната посвета на црквите оди во прилог на ваквата констатација.[888] Според тоа, ктиторот Јован како висок византиски чиновник, претходно сигурно престојувал во Цариград од каде што ги донел основните концепции за неговата меморијална црква.[889] Дури и во појавата на двоспратната структура можеби се крие некој постар цариградски образец, зошто, колку и да се истрајни бугарските научници во истакнувањето на кавкаското потекло на двоспратните структури кај бугарските цркви, примерот на Св.Богородица Петричка и појавата на дијагоналниот преплет и особено на "висечките триаголници" на нејзината источна фасада, јасно посочуваат одредени цариградски влијанија.[890]

На тој начин се објаснува и појавата на композицијата со четири фигури, насликани во супструктурата на црквата, кои што во молитвен став му приоѓаат на Христос. Првите три фигури се облечени во раскошни благороднички облеки, а зад нив е архиерејот кој ги придружува.[891] Нема

[887] M.Šuput, *Gottesmutterkirche,* 135; R.Osterhout, *Kariye Camii,* 113.

[888] Влијанието на посветата на гробната црква Св.Архангел Михаил во Цариград се забележува дури и во средината на XIV век кај душановиот мавзолеј Св.Архангели, Св.Архангел Михаил во Лесново итн; (S.Ćurčić, *Architecture in the Byzantine Sphere,* 56-57.)

[889] За пренесувањето на цариградските влијанија преку ктиторите, (В.Кораћ, *О природи обнове,* 14 заб.27; P.Vocotopoulos, *The Role,* 559).

[890] P.Vocotopoulos, *The Role,* сл.3

[891] Забележана е специфичната иконографска формула каде што архиерејот наместо како посредник пред Христос, поставен е на крајот на групата и тој како да ги турка членовите на фамилијата кон Христос, (П.Миљковиќ-Пепек, *Живописот и прилепските зографи,* Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп 1971, 97).

сомнение дека тоа е претстава на ктиторот Јован и неговата фамилија[892] и дека во супструктурата била сместена нивната гробна капела.[893]

Во техничката изведба на црквата Св.Архангел Михаил возможно е присуството на домашни мајстори. На тоа ни укажува изведбата на келијастиот градежен систем, како и отсуството на декоративно обработените фасади. Елементите кои може да откриваат евентуални епирски влијанија (тројниот лак, крстести лончиња), ги наоѓаме и на фасадите на третата фаза кај соседната црква Св.Димитрија (северна фасада). Како што веќе посочивме во таа градежна фаза црквата според многу аспекти цврсто стои во традициите на епирската архитектура, со што и појавата на тие елементи кај нејзе изгледа логична. Поради тоа може да се претпостави дека, тројниот лак и крстестите лончиња кај Св.Архангел дошле под влијание на нивната појава кај Св.Димитрија. Сличноста кај двете цркви ја посочува и нивната временска блискост, но сепак како дополнителен аргумент за датирањето на црквата Св.Архангел Михаил можат да послужат и сочуваните фрески во западниот дел на црквата. Тие најчесто се датираат околу 1270-1280 г.[894], што секако кореспондира со сите архитектонски елементи на црквата, па слободно можат да се потврдат како веројатна хронолошка рамка за настанувањето на црквата.

Значаен репер во одредувањето на хронолошките позиции на преостанатите анализирани прилепски цркви е црквата Св.Никола и тоа со нејзината втора градежна фаза. За тоа добра основа ни дава нејзината точно утврдена година на градење - 1298[895], придружена секако со специфичниот архитектонски изглед на црквата. На фасадните површини со барокна енергија

---

[892] Претставата често се земаше како доказ за постоење на постара црква под денешната, но и самиот П.Миљковиќ-Пепек посочува дека фреската може да се смести во еден широк временски распон од XII век до третата четвртина на XIII век, (П.Миљковиќ-Пепек, *Живойисой*, 97.).
[893] Претходно забележавме дека појавата на гробните капели не било секогаш поврзано и со фактичко погребување во нив.
[894] В.Ђурић, *Византијске фреске*, 16.
[895] Сосема е неприфатливо мислењето дека годината од натписот го дава само времето за настанување на фреските во наосот и дека црквата е изградена на крајот на XII или во првата половина на XIII век, (П.Миљковиќ-Пепек, *Црковнаша архишекшура*, 95). Во натписот јасно стои ανιγέρθει καί ανιστωρήθει.

се изведени многубројни декоративни мотиви, а нејзините горни фасадни површини буквално се исполнети со керамоплстична декорација. Ако треба накратко да ги опишеме ефектите од таквиот пристап, тоа е *horror vacui.* Доколку тоа го земеме како стилска одредница, тогаш најблиска аналогија би бил нартексот на Св.Теодора (околу 1270 г.); сепак, на нартексот кај црквата во Арта декорацијата е организирана како површинска исполна, додека кај прилепската недвосмислено е дека исполната е изведувана со хоризонтални декоративни фризови, со што таа сепак се вклопува во тековните концепти, па можеби желбата да се поставаат што поголем број на декоративни фризови го изнудила крајниот резултат. Со тоа Св.Никола може да биде на крајот од стилскиот концепт за декорирање со хоризонтални ленти.

Таков концепт (за декорирање со хоризонтални фризови) е применет и кај блиската црква Св.Димитрија и тоа во нејзината последна (четврта) градежна фаза (јужна фасада). Но тука тој е изведен со многу повеќе чувство за мерка и класична строгост. Ваквите негови карактеристики секако дека се придобивка од прототиповите како Св.Никола Родијас, црква што и самата е во кругот на епирски градби со најјако изразени влијанија од архитектурата на јужна Грција. Разликата во третманот на истиот декоративен концепт применет кај Св.Никола и Св.Димитрија може да биде индикатор за нивната временска разлика.

Со читањето на двата натписа на ѕидовите во Св.Димитрија беа обезбедени хронолошките граници за настанувањето на нејзината последна градежна фаза. Првиот натпис, кој што се наоѓа на источната страна на северниот лак е со вотивна содржина и според читањето на Б.Бабиќ гласи:

[Μνήσθητι Κὺρι]ε τοῦ δοὺλου τοῦ Θ(ε)οῦ ’Α[νδρ]ονίκου κ(αί) ’Ηρή[νη]ς

(+ Спомени го, Господе, работ Божји Андроник и Ирина)[896]

Овој натпис е особено значаен за датирањето на оваа градежна фаза затоа што ни ја дава годината 1284 (година на женидбата на Андроник II со Ирина Монфератска) како *terminus post quem* за настанувањето на слојот на

[896] Б.Бабић, *Три грчка фреско натписа,* 29.

живописот придружен кон оваа градежна фаза.[897] Втор елемент, на кој што се чини претходните истражувачи на црквата не му обратиле доволно внимание, е тоа што споменувањето на владетелскиот пар Андроник и Ирина, не само што ја дава долната граница за настанувањето на живописот (1284 г.), туку тој ја дава и горната граница за неговото настанување, а тоа е годината 1317, година на смртта на Ирина.[898] Што значи дека живописот врз основа на податоците во гореспоменатиот натпис треба да се смести во хронолошки рамки помеѓу годините 1284 и 1317. Според своите стилски карактеристики се смета дека овој живопис настанал околу 1290 година.[899]

Вториот натпис, кој што е во склоп на ктиторската композиција, насликана на северниот ѕид на јужниот анекс, ни го соопштува името на "ктиторот на црквата". Овој натпис според читањето на В.Ристиќ гласи:

Δέ(ησις) τοῦ δοῦλου Θ(ε)οῦ Διμιτρίου τοῦ Μισινοπολίτου καί κτῖτορ τοῦ ναοῦ

("Молитва на работ божји, Димитрија Мисинополит ктиторот на црквата")[900]

Колку и да се пренагласени заслугите на Димитрија Мисинополит, назначен како ктитор на црквата, во однос на претходните фази на црквата, сепак последниот дел на натписот "κτῖτορ τοῦ ναοῦ", ни дава за право да претпоставиме дека тој бил одговорен и за градежните работи изведувани во оваа фаза на црквата Св.Димитрија. Според тоа, градењето на јужниот анекс, нартексот и куполата на црквата биле временски тесно поврзани со сликарските активности кои што следеле после оваа градежна фаза.

Црквата Св.Петар до сега глобално според архитектурата се датираше во XIV век, или според нејзините фрески на крајот на XIV век.[901] Што се однесува до живописот во црквата, треба да се каже дека неговите остатоци се

---

[897] Воден од точно одредената долна граница за настанувањето на живописот, В.Ристиќ смета дека, почетокот на оваа градежна етапа би бил во годините непосредно пред 1284 година, и дека горната граница за завршувањето на градежните активности со оваа година е сигурно утврдена, (В.Ристић, *Црква Светог Димитрија,* 192-193). Не гледам причини зошто токму 1284 година (како долна граница за настанувањето на живописот) би била границата помеѓу градењето и сликањето на црквата во оваа фаза.
[898] E.Stikas, *Une Eglise,* 106 (со дополнителна литература).
[899] В.Ђурић, *Византијске фреске,* 17.
[900] В.Ристић, *Црква Светог Димитрија,* 194.
[901] В.Ђурић, *Византијске фреске,* 90 заб.123.

во многу лоша состојба, па можностите за негова анализа се сведени на минимум. Но и да се прифати ваквото датирање на живописот, тој хронолошки не треба да се поврзе со настанувањето на архитектурата, од едноставна причина што нејзините карактеристики сосема не одговараат за вака доцна датација.[902] Особено не можеме да ги прифатиме мислењата на авторите кои што ја датираат црквата Св.Петар во XIV век според изгледот на нејзините фасади; затоа што токму концептот за декорирање на фасадите со хоризонтални фризови, како што веќе споменавме е основен концепт кај црквите од крајот на XIII век. Според тоа, градењето на црквата треба да се согледува во релација со изведувањето на последната градежна фаза кај Св.Димитрија и втората фаза кај Св.Никола.

Ако се споредуваат фасадите на Св.Петар (северната и источната фасада) со претходно споменатите цркви, ќе се забележи дека кај Св.Петар, како и кај Св.Димитрија, има исто два мотиви изведени во широки хоризонтални фризови, но нивното учество во целината кај првата е многу позначајно. Со тоа Св.Петар е поблиску до Св.Никола, каде што учеството на декорацијата на фасадите е апсолутно. Сепак, кај Св.Петар можеме да насетиме дел од класичните принципи и ред во керамопластичната декорација, применети кај Св.Димитрија, односно ја нема виртуозноста од кај Св.Никола. Ако овие стилски варијации не би можеле да ни ја дадат или да ја проследат изведувачката последователност, сосема јасно ја одредуваат хронолошката припадност. Па затоа, настанувањето на постарата фаза кај Св.Петар (северна и источна страна), треба да се смести во последните години на XIII век.

Охридската црква Св.Богородица Перивлептос, денешен Св.Климент е основното јадро од кое што потекнуваше и се трасираше хронолошко-интерактивниот процес на стилска подреденост на другите цркви во Охрид од времето на Палеолозите, односно од крајот на XIII век и почетокот на XIV век.

---

[902] В.Ѓуриќ како многу близок до живописот на Св.Петар го смета живописот на блиската црква Св.Богородица Пречиста исто од крајот на XIV век. Споредбата на изгледот на Св.Богородица Пречиста, која што е изградена од груба камена ѕидарија со изведување само на три хоризонтални редови на тули, јасно покажува дека, настанувањето на Св.Петар не може да се бара на крајот на XIV век.

Причините за ваквата нејзина улога се од различна природа, а најважна е секако уравнотежената архитектонска концепција како успешен спој на нејзината композиција, форми, декорација. Не помалку значајна беше и нејзината точна временска поставеност и тоа благодарение на натписот во црквата од 1294/95 г., како можен граничник за другите цркви *ante/post.* Но се чини дека најзначајна улога и беше доделена со пронаоѓањето на нејзините врски со црквата во Дросопеге - Кокини Еклисија, во Епир, со што нивната поврзаност беше промовирана како ланец кој ги поврза архитектурите на Епир и Охрид.[903] Се разбира, сличностите помеѓу двете цркви се неспорни и нивната временска последователност е возможна.[904]

Но според нас, трасираната хронолошка поврзаност, односно зависност на другите охридски цркви, а предложена од Х.Халенслебен е неприфатлива. Имено се претпоставуваше дека работната група која што ги изградила двете слични цркви, најпрво кон крајот на осумдесеттите години на XIII век, зела учество во изградбата на Паригоритиса, потфат од каде што всушност произлезе подоцнежната градба на цркви во Епир. Со поновите анализи јасно се покажа дека втората фаза на Паригоритиса е во годините 1294-1296[905], што значи дека таа е истовремена со Св.Климент.[906] Понатаму, анализирајќи ја архитектурата на спратот на нартексот кај Св.Софија, Б.Шелевалд ја прифаќа хронологијата по Халенслебен за спратот, т.е. околу 1300 г., но забележува

---

[903] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 314.

[904] Сепак, на момент ќе изнесеме некои забелешки кон компаративната анализа помеѓу двете цркви изведена од Х.Халенслебен. Имено, во реконструкционите скици кај Кокини Еклисија, авторот ја пресликува куполата од Св.Климент; за изгледот на куполата кај епирската црква сепак, нема никакви материјални остатоци и таквата реконструкција е чисто хипотетичка, понатаму, во реконструкционите скици кај Кокини Еклисија се исцртани триаголни фронтони, иако е сосема јасно дека фронтоните кај црквата се лачни, а дека не станува збор за подоцнежни преправки, јасно зборуваат прегледите на архитектурата во Епир, каде што како специфика се наведуваат токму нејзините лачно изведени фронтони, како влијание на македонската архитектура, (P.L.Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρχιτεκτονική,* 212 заб.2; K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 10-11.).

[905] D.M.Nicol, *Thomas Despot of Epiros and the Foundation of the Paregoritisa at Arta,* Βυζαντινά 13.2 (1985), 753-755.

[906] К.Цурис, анализирајќи ја хронолошката меѓузависност на Кокини Еклисија со Паригоритиса, со новонастанатото датирање на втората, а врз основа на предложеното датирање на Халенслебен за првата (што значи непосредно пред Св.Климент во годините 1293/94), заклучува дека годината на Паригоритиса ги одредува завршните работи во црквата, со што нејзиното подигање можело да трае и подолго време и всушност да се поклопат годините на изградбата на Кокини Еклисија и Паригоритиса, (K.Tsouris, *Κεραμοπλαστικος διακοσμος,* 193-194).

дека според применетите декоративни елементи и нивните позиции, на нартексот на Св.Софија работела друга епирска работилница.[907] Во тој контекст е прашањето: ако на спратот на нартексот на Св.Софија работела друга епирска работилница, кој е факторот што нартексот така круто го позиционира после настанувањето на Св.Климент?

Дека работите не се така праволиниски како што сакаат да се прикажат, најдобро покажува архитектурата на црквата Св.Јован Канео. Претходно изведените анализи ги исфрлија на површината некои нејзини карактеристики, а кои што сигурно своите корени ги имаа во постарите традиции. Најзабележителен во тој поглед е склопот поставен на горните делови на апсидата и изведен во комбинација со хоризонтален декоративен фриз, опфатен со запчестите ленти и завршетокот со профилираниот камен венец. Ваквата концепција ги има своите корени во архитектурата на јужна Грција, а во епирските цркви се појавува кај Като Панагија, недвосмислено поврзана со таа архитектура. Исто така јасно произлезе дека концепцијата на куполата на Канео лежи во атинскиот тип на куполи од претходниот период, како и изведувањето на нишите на апсидата, каде што Канео презентира постари македонски обрасци. Од стилска гледна точка, ако се прифати поранешното мислење дека Канео е само реплика на Св.Климент, за претходно наведените карактеристични елементи, кои што во голем дел и ја одредуваат архитектурата на црквата, тогаш ние не можеме да најдеме ни најмала трага за нив во архитектурата на "прототипот" Св.Климент. Затоа сметаме дека сличностите кои ги презентираат двете цркви настанале по обратен пат, и тоа како влијание на црквата Св.Јован Канео врз црквата Св.Климент. Тоа ќе го дополниме уште со неколку забелешки. Анализите покажаа дека појавата на високата ниша на бочните фасади кај Св.Климент не може да се земе како изведувачка варијација на прозорската ниша кај Кокини Еклисија, туку дека таа транспонира постари домашни концепти за артикулација (Нерези)

[907] B.Schellewald, *Sophienkirche,* 90-91.

присутни кај Св.Богородица во Дабниште но и кај Св.Јован Канео. Исто така некои помали изведувачки детали укажуваат на сличности кај двете цркви.[908]

Во статијата на Халенслебен се нагласува дека вредноста на сликарството не треба да се прејудицира[909], но според сите поопстојни анализи на сликарството на црквата Св.Јован Канео се укажува дека тоа настанало пред сликарството на Св.Климент.[910] Тоа значи дека, сите елементи, било архитектонски, било сликарски, кај црквата Св.Јован Канео покажуваат постари обрасци од оние применети кај Св.Климент, па според тоа на сигурни основи е претпоставката дека Канео е постара црква, а нејзиното настанување треба да се бара во последните две децении на XIII век, (највероватно околу 1290 г.). И уште би додале дека сличностите кои се појавуваат во двете цркви ја наметнуваат претпоставката за учество на дел од градителите на Канео , при изградбата на Св.Климент; што значи дека тоталитетот постигнат кај втората е благодарение на искуствата вградени од присуството на градители од епирската Кокини Еклисија но и на охридската Св.Јован Канео.

Истиот проблем се отвора и со датирањето на спратот на нартексот кај Св.Софија. Имено, согледувањето дека во неговата изведба учествувала друга градежна група од онаа кај Св.Климент, го прави неговото врзување на градбата на Св.Климент неигурно, затоа што делумните сличности помеѓу нив можат да бидат и како резултат на општите стилски текови присутни во последните две децении на векот. Дури појавата на ромбовите со вписани крстови како површинска исполна на неговиот северен фронтон носи алузии на постари обрасци (нартексот на Св.Теодора), додека честата употреба на "Z" и "S" меандерот кај солунските цркви од времето на Палеолозите, а кои се наоѓаат на фасадите на спратот на нартексот, го отвораат прашањето за влијанија од постари македонски традиции. Исто така и сличностите кои што

[908] Појавата на вертикалните запчести ленти што ја опфаќа бифората на бочната фасада и која под прав агол свртува на лево и десно, присутна е кај двете цркви но ја нема кај епирската црква. Како многу значајна претходно ја посочивме појавата на камени полустолпчиња на куполите кај двете цркви.

[909] H.Hallensleben, *Sv.Kliment,* 315.

[910] Ц.Грозданов, *Портрети,* 51, 188 заб.45; В.Ђурић, *Византијске фреске,* 17; П.Миљковиќ-Пепек, *Канео,* 93; R.Ljubinković, M.Ćorović-Ljubinković, *Средновековното сликарство во Охрид,* Зборник на трудови, Охрид 1961, 127-128.

беа забележани во горните конструкции кај Св.Архангел Михаил и спратот на нартексот кај Св.Софија можат да бидат индикатори за временска близина. Затоа, според елементите што ни се на располагање, најисправно би било датирањето на гадењето на спратот на нартексот на Св.Софија да се стави во последните две децении на XIII век.

Црквата Св.Димитрија во Велес, и покрај нејзиното датирање од нејзините претходни истражувачи во XIV век[911], според архитектонските карактеристики со сигурност може да се приклучи кон црквите настанати во XIII век. Доминантен елемент во нејзината просторна композиција е изведувањето на кулата камбанарија, чија што појава не може еднострано да се припише кон блиски бугарски или епирски обрасци. Но сепак, ако се земат во предвид и другите карактеристики на архитектурата на црквата, епирските влијанија за појавата на кулата се поверојатни. Сепак, потполната интеграција што кај камбанаријата на Св.Димитрија е остварена со нартексот на црквата, ја нема кај епирските примери (Св.Василиј).[912] Концепциската изведба на фасадите кај Св.Димитрија во Велес и нејзината поставеност на нив има свои паралели кај фасадите на Паригоритиса и Св.Климент, особено изразени преку појавата и третманот на фризот со *opus reticulatum*. Поради тоа сметаме дека градењето на Св.Димитрија треба да се постави после 1296 г., односно околу 1300 г.

* * *

И на крајот ќе наведеме само уште некои забелешки кои што можат да се сведат како еден општ заклучок што се однесува на архитектурата на црквите во Македонија градени во XIII век.

Врз основа на претходно кажаното произлегува дека, анализираните цркви во основа презентираат една еклектична архитектура, која што своите

---

[911] Ђ.Бошковић, *Манастир Св.Димитрије,* 103-105.

[912] Посредно на епирски извори може да ни укаже и појавата на камбанаријата кај црквата Св.Богородица Љевишка (1306/1307 г.) за која се претпоставуваат епирски обрасци. Влијанието на Љевишка врз Св.Димитрија треба да се исклучи поради очигледните концепциски разлики во нивните форми и изведби.

елементи ги црпеше од различни извори. Можеби тоа беше последица на слабата градежна продукција во текот на претходниот XII век, (во Охрид на пример во текот на XII и првата половина на XIII век изворите не наведуваат некои позначајни градежно-сликарски потфати)[913], затоа што слични појави на еклектицизам се забележани и во ласкаридската архитектура од првата половина на XIII век.[914] Дури и во епирската архитектура од XIII век, која што своите основи ги постави на искуствата од претходниот период, создавани со богатата продукција на јужна Грција и Пелопонез, не успеа да оформи конзистентна архитектонска школа, па експериментите и *ad hoc* решенијата ќе создадат типови на цркви за кои што нема претходни обрасци.

Македонската архитектура од XIII век, може да се рече дека исто не создаде конзистентна архитектонска школа, а нејзината еклектичност варираше помеѓу историцизмот на Манастир и тековните концепти прелевани од ласкаридската архитектура (тремот кај Св.Димитрија) или епирската (цркви со надвишен попречен свод).

Крајот на векот треба да се посматра како дел на ново поглавје во византиската архитектура.[915] Во тој контекст е и црковната архитектура во Македонија. Па поради тоа некои забележани локални идиоми кај црквите (во Охрид , во Прилеп), не треба да бидат третирани како круцијални, но како маргинални елементи на стилот. Затоа што секој поширок поглед на состојбите јасно ќе ги потенцира сличностите присутни на крајот на векот во Прилеп, Охрид, Велес, Костур, Арта, Верија, Еласона итн. Понекогаш ваквата широка групација се дефинира како рана архитектура на Палеолозите[916], а понекогаш тоа се критикува со забелешките дека не станува збор за хронолошка туку за територијална групација (Епир и западна Македонија).[917] Ние ќе додадеме дека и двете забелешки се точни; т.е. станува збор за хронолошко-територијална одреденост при појавата на блиски архитектонски

[913] Ц.Грозданов, *Портрети,* 181.
[914] H.Buchwald, *Lascarid Architecture,* 293.
[915] В.Кораћ, *Византијска архитектура у XIII веку,* 89.
[916] R.Krautheimer, *Architecture,* 440-441.
[917] H.Hallensleben, *Rewiev,* 129.

концепции.[918] После крајот на векот, градежната активност во овие региони рапидно се намалува[919], па таа се префрла во Солун и на север (Скопската област, Лесново, Штип итн.). Концепциите и влијанијата се менуваат и едно е јасно, тоа е веќе ново поглавје во средновековната архитектура на Македонија, различно од она што ние го дефиниравме - XIII век.

[918] Тоа се последните децении на XIII век, а станува збор претежно за подрачјата на Епир и западна Македонија.
[919] Исклучок прави само појавата на егзонартексот на Св.Софија.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| AAA | Αρχαιολογικα Αναλεκτα εξ Αθηνῶν |
| ABME | Αρχείον τῶν Βυζαντινῶν Μνημείον της Ελλαδος |
| BZ | Byzantinische Zeitschrift |
| CA | Cahiers Archéologiques |
| CIEB XII | Actes du XII$^{e}$ Congrés international d' études byzantines |
| DOP | Dumbarton Oaks Papers |
| ИБАИ | Известия на Българския археологически институт |
| JÖB | Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik |
| JSAH | Journal of the Society of Architectural Historians |
| KH | Културно наследство |
| REB | Revue des Etudes Byzantines |
| RBK | Reallexikon zur byzantinischen Kunst |
| Споменици | Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија Т. I-V |
| ВИА | Всеобщая история архитектуры т.3 |
| Виз.извори | Византиски извори за историју народа Југославије Т. I-VI |
| ЗЛУ | Зборник за ликовне уметности |
| ЗРВИ | Зборник радова Византолошког института |
| ZZSK | Zbornik zaštite spomenika kulture |

Антонин, *Изъ Румелію,*
Архимандрит Антонин, *Пояздка въ Румелію,* Санктпетербургъ, типографія Императорской академіи наукъ, 1879.
Аџиевски, *Пелагонија,*
Аџиевски К., *Пелагонија во средниот век,* Скопје 1994
Бабиќ, *Археолошки ископувања,*
Бабиќ Б., *Археолошки ископувања во и околу црквата Св. Димитрија во селото Варош кај Прилеп,* МАА 1, Прилеп, 1971
Babić, Crkva *Sv. Dimitrija,*
Babić B., Crkva *Sv. Dimitrija, - crkva, nekropola i srednovekovno naselje,* AP 7, Beograd, 1965
Babić, Crkva *Sv. Dimitrija, Varoš,*
Babić B., Crkva *Sv. Dimitrija, Varoš, Prilep - srednovekovno naselje, crkva, nekropola,* AP 14, Beograd, 1972
Бабиќ, *Материјалната култура,*
Бабиќ Б., *Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп 1986
Бабиќ Б., *Нова сазнања о црквама средновековног Приепа,* Зборник Светозара Радојчића, Београд, 1969
Бабић Б., *Покушај утврђивања места и граница панагиришта Прилепа дриге четвртине XIV века,* Старинар XX (1969)
Бабић Б., *Три грчка фреско натписа,* ЗЛУ 5 (1969)
Babić, *Les Chapelles,*
Babić G., *Les Chapelles annexes des églises byzantines. Fonction liturgique et programmes iconographiques,* Paris 1969
Балабанов, Николовски, Ќорнаков, *Споменици на културата,*
Балабанов, А.Николовски, Д.Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија,* Скопје 1980
Баришић, *Два грчка натписа,*
Баришић Ф., *Два грчка натписа из Манастира и Струге,* ЗРВИ VIII/2 (1964)
Баришић, Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана,*
Ф.Баришић, Б.Ферјанчић, *Вести Димитрија Хоматијана о "Власти Другувита",* ЗРВИ 20 (1981)
Barla Ch., *Μορφή καί εξέλιξις τῶν βυζαντινών κωδωνοστασίων,* Athens 1959
Бербенлиев, *Архитектурното наследство,*
Бербенлиев П., *Архитектурното наследство по българските земи,* София 1987
Бошковић, Томовски, *Средновековната архитектура,*
Бошковић Ђ. -К.Томовски, *Средновековната архитектура во Охрид,* Зборник на трудови, Охрид 1961
Бошковић Ђ., *Архитектура средњег века,* Београд 1976
Ђ.Бошковић, *Белешке са путовања: манастир Св. Димитрије крај Велеса,* Старинар VII (1932)
Bouras, *Nea Moni,*
Bouras C, *Nea Moni on Chios: history and architecture,* Athens 1982
Bouras, *Byzantine Architecture,*
Bouras C., *Byzantine Architecture in the Middle of the 14th Century,* Дечани и византијска уметност дредином XIV века, Београд 1989

Bouras, *Chios,*
Bouras C., *Chios,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands (ed.Evi Melas), Köln 1972.
Bouras, *Zourtsa,*
Bouras C., *Zourtsa. Une basilique byzantine au Péloponnése,* CA 21 (1971)
Bouras, *Church Architecture,*
Bouras C., *Church Architecture in Greece around the Year 1200,* in: Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988
Bouras L., *Ο γλιπτός διάκοσμος του ναού της Παναγίας στο μοναστήρι του Οσίου Λουκά,* Athens 1980
Buchwald, *Lascarid Architecture,*
Buchwald H., *Lascarid Architecture,* JÖB 28 (1979)
Buchwald, *Sardis E,*
Buchwald H., *Sardis Church E - a Preliminary Report,* JÖB 26 (1977)
Buchwald, *Western Asia Minor,*
Buchwald H., *Western Asia Minor as a Generator of Architectural Forms in the Byzantine Period, Provincial Back-Wash or dynamic Center of Production?,* JÖB 34 (1984)
Chatzidakis M., *Athen und Umgebung - Attika und Böotien,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands (ed.E. Melas), Köln 1972
Chatzidakis M., *Mystras: The medieval city an the castle,* Athens 1994
Constantinides, *Panagia Olympiotissa,*
Constantinides E., *The Wall Paintings of the Panagia Olympiotissa,* t.I, Athens 1992
Дероко, *Монументална и декоративна,*
Дероко А., *Монументална и декоративна архитектура у средњовековној Србији,* Београд 1953
Dimitrokallis, *Βυζαντινή Τεχνή,*
Dimitrokallis G., *Η βυζαντινή αρχιτεκτονική της Βορειυ Ελλάδος,* in: Η βυζαντινή Τεχνή στην Ελλάδα (ed. A. Alpago-Novello, G. Dimitrokallis), Athens 1995
Dimitrokallis, *Η καταγωγή,*
Dimitrokallis G., *Η καταγωγή τῶν σταυρεπιστέγοων ναῶν,* Χαριστήριον εις 'Αναστάσιον Κ. 'Ορλάνδον, Β', Athens 1966
Evangelidi D., *Η Παναγια των Χαλκεων,* Thessaloniki 1954
Findrik R., *Konzervatorski radovi,*
Findrik R., *Konzervatorski radovi na arhitekturi crkve sv.Nikole u selu Varoši kod Prilepa,* ZZSK XVI (1965)
Grabar A., *Martyrium. Recherches sur le culte des reliques et l'art chrétien antique,* Paris 1946
Grabar A., *Vizantija,* Novi Sad, 1969
Grabar, *Artistic Climate,*
Grabar A., *The Artistic Climate in Byzantium During the Paleologan Period,* The Kariye Djami, vol.IV (ed.P.Underwood), Princeton 1975
Грабар А., *Болгарские церкви-гробницы,* ИБАИ 1 (1921-1922)
Грозданов Ц., Л.Хадерман Мисгвиш, *Курбиново,* Скопје 1992
Ц.Грозданов, *Прилози проучавању Св.Софије охридске у XIV веку,* ЗЛУ 5 (1969),
Грозданов, *Охридското ѕидно сликарство,*
Грозданов Ц., *Охридското ѕидно сликарство од XIV век,* Охрид 1980

Грозданов, *Портрети,*
Грозданов Ц., *Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век,* Скопје, 1983
Грозданов Ц., *Студии за Охридскиот живопис,* Скопје 1990
Haderman-Misguich, *Une longue tradition,*
Haderman-Misguich L., *Une longue tradition byzantine: La décoration extérieure des églises,* Zograf 7 (1977)
Hallensleben, *Sv.Kliment,*
Hallensleben H., *Die architekturgeschichtliche Stellung der Kirche Sv.Bogorodica Peribleptos (Sv.Kliment) in Ohrid,* in: Зборник посветен на Димче Коцо, Скопје 1975
Hallensleben H., *Review,*
Hallensleben H., *Review of: R.Krautheimer, Early Christian and Byzantine Architecture,* BZ 66 (1973)
Иванов, *Старини,*
Иванов И., *Бйлгарски старини из Македония,* София 1931(2)
Јиречек, *Историја Срба,*
Јиречек К., *Историја Срба I,* Београд 1952
Joles, *Βυζαντινη ναοδομια,*
Joles N., *Βυζαντινη ναοδομια (600–1204),* Athens 1992
Кандић, *Куле-звоници,*
Кандић О., *Куле-звоници уз српске цркве XII-XIV века,* ЗЛУ 14 (1978)
Касапова, *Манастирот Трескавец,*
Касапова Е., *Архитектурата на црквата Успение Богородичино на манастирот Трескавец,* (необјавен магистерски труд), Скопје 1999
Коцо Д, П.Миљковиќ-Пепек, *Манастир,* Скопје 1958
Koco, *Nouvelles considérations,*
Koco D., *Nouvelles considérations sur l'église de Sainte-Sophie à Ohrid,* Archeologia Iugoslavica II (1956),
Коцо, *Св.Софија,*
Коцо Д., *Црквата Св.Софија,* Зборник на ФФ, 2 (1949)
Коцо Д., *Климентовиот манастир Св.Пантелејмон и раскопките при Имарет во Охрид,*Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје 1948
Коцо Д., *Неколку нови податоци за средновековните споменици во Македонија,* Гласник на музејско конзерваторското друштво на НРМ бр.2
Korać, *Sur les basiliques médiévales,*
Korać V., *Sur les basiliques médiévales de Macedoine et de Serbie,* CIEB XII, T.III
Кораћ, Шупут, *Архитектура,*
Кораћ В. -М.Шупут, *Архитектура византијског света,* Београд 1998
Кораћ В., *Црква краља Милутина,* Манастир Хиландар, Београд 1998
Кораћ, *Две градитељске фазе,*
Кораћ В., *Две градитељске фазе на цркви св.Николе у Прилепу,* Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986
Кораћ, *О архитектури катедралних цркава,*
Кораћ В., *О архитектури катедралних цркава XI века на византијском културном подручју,* во: Између Византије и запада, Београд 1987
Кораћ, *Једнобродна црква,*
Кораћ В., *Једнобродна црква са куполом у византијској архитектури XI и XII века,* Између Византије и запада, Београд 1987
Кораћ В., *Византијска архитектура у XIII веку,* Између Византије и запада, Београд 1987

Кораћ В., *Света Софија у Беневенту. Узор и остварење,* ЗРВИ 33 (1994),
Коруновски, *Св.Димитрија,*
Коруновски С., *Архитектурата на црквата Св.Димитрија во Прилеп,* магистерски труд , Скопје 1996 година - (во печат)
Krautheimer, *Architecture,*
Krautheimer R., *Early Christian and Byzantine Architecture,* Harmondsworth 1979
Ќорнаков, *Конзерваторско-истражувачки,*
Ќорнаков Д., *Конзерваторско-истражувачки радови на архитектури и живопису цркве св.Арханђела код Прилепа,*ZZSK XVIII (1967), Beograd
Ќорнаков Д., *Македонски манастири,* Скопје 1995
Ćurčić, *Subsidiary Chapels,*
Ćurčić S, *Architectural Significance of Subsidiary Chapels in Middle byzantine Churches,* JSAH 36 (1977)
Ćurčić, *Articulation of Church Facades,*
Ćurčić S., *Articulation of Church Facades during the First half of the Fourteenth Century,* Византијска уметност почетком XIV века, Београд 1978
Ćurčić S., *Architecture in the Byzantine Sphere,*
Ćurčić S., *Architecture in the Byzantine Sphere of Influence Around the Middle of the Fourteenth Century,* Дечани и византијска уметност средином XIV века, Београд 1989
Ђурчић С, *Грачаница: историја и архитектура,* Београд 1988
М.Злоковић, *Старе цркве у областима Преспе и Охрида,* Старинар 3 (1924/25)
Macridy T. et all, *The Monastery of Lips (Fenari Isa Camii) at Istanbul,* DOP 18 (1964)
Mango, *Byzantine Architecture,*
Mango C., *Byzantine Architecture,* London 1979
Mango C., *The Art of the Byzantine Empire 312-1453. Sources and Documents,* Englewood Cliffs, N.Y.1972
Mango, Ševčenko, *Some Churches and Monasteries,*
Mango C., I.Ševčenko, *Some Churches and Monasteries on the Southern Shore of the Sea of Marmara,* DOP 18 (1964)
Mathews, *Churches of Istanbul,*
Mathews T.F., *The Byzantine Churches of Istanbul: a Photogaphic survey,* Pennsylvania 1976
Мавродиновъ, *Еднокорабната и кръстовидната,*
Мавродиновъ Н., *Еднокорабната и кръстовидната църква по българскитя земи до края на XIV век,* София 1931
Mavropoulou-Tsioumi, *Verroia,*
Mavropoulou-Tsioumi Ch., *Verroia,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands,(ed.E. Melas), Köln 1972
McVey K.E., *The Domed Church as Microcosm: Literary Roots of an Architectural Symbol,* DOP 37 (1983)
Megaw A.H.S., *Byzantine Reticulate Revetments,* Χαριστήριον είς 'Α.Κ.'Ορλάνδον, T.III, Athens 1966
Megaw A.H.S., *Notes on Recent Work of the Byzantine Institute in Istanbul,* DOP 17 (1963)
Meyendorff J., *Spiritual Trends,*
Meyendorff J., *Spiritual Trends in Byzantium in the Late Thirteenth and Early Fourteenth Centuries,* The Kariye Djami, vol.IV (ed.P.Underwood), Princeton 1975
Meksi, *Mesopotamit,*
Meksi A., *Arhitektura e kishës Mesopotamit,* Monumentet 3 (1972),

Meksi A., *Dy kisha Bizantine në rreth të Gjirokastrës,* Monumentet 9 (1975)

Месеснел, *Црква Светог Николе,*

Месеснел Ф., *Црква Светог Николе у Марковој вароши код Прилепа,* Гласник Скопског Научног Друштва, Скопје 1938

Millet, *L'école grecque,*

Millet G., *L'école grecque dans l'architecture byzantine*, Paris 1916

Милюков П.Н., *Християнския древности Западной Македонии*, София 1899

Миятев, *Архитектурата,*

Миятев К., *Архитектурата в средновековна България,* София 1965

Miljković-Pepek, *Contribution sur l'evolution,*

Miljković-Pepek P., *Contribution aux recherches sur l'evolution de la peinture en Macedoine au XIII siecle,* Symposium de Sopočani, Beograd 1967

Miljković-Pepek, *L'église de Saint-Élie,*

Miljković-Pepek P., *L'église de Saint-Élie prés du village de Grnčari,* Byzantion XXXVIII (1968)

Миљковиќ-Пепек П., *Црковна архитектура,* во:Прилеп и прилепско низ историјата, прилеп 1971

Миљковиќ-Пепек, *Канео,*

Миљковиќ-Пепек П., *Црквата Св.Јован Богослов-Канео*, Скопје 1967

Миљковиќ-Пепек, *Новооткриени архитектурни,*

Миљковиќ-Пепек П., *Новооткриени архитектурни и сликарски споменици во Македонија од XI до XIV век,* КН V (1973)

Миљковиќ-Пепек, *За некои градителски и сликарски проблеми,*

Миљковиќ-Пепек П., *За некои градителски и сликарски проблеми на црквата во Курбиново,* Ликовна уметност 4-5 (1978-1979)

Moutsopoulos, *Byzantinische und nachbyzantinische,*

Moutsopoulos N., *Byzantinische und nachbyzantinische Baudenkmäler aus Klein-Prespa und aus Hl.German,* Byzantinisch-Neugriechische Jahrbücher 22 (1968)

Moutsopoulos, *Εκκλησίες της Καστοριάς,*

Moutsopoulos N., *Εκκλησίες της Καστοριάς 9ος – 11ος αιώνας,* Thessaloniki 1992

Moutsopoulos N., *Αγίος Αχιλλείος,*

Moutsopoulos N., *Η Βασιλική του Αγίου Αχιλλείου στην Πρέσπα,* Thessaloniki 1989

Moutsopoulos, *Harmonische Bauschnitte,*

Moutsopoulos N., *Harmonische Bauschnitte in den Kirchen vom Typ Kreuzförmigen Innenbaus im Griechischen Kernland,* BZ 55/2 (1962)

Moutsopoulos N., *Πινακες Βυζαντινης Αρηιτεκτονικης,* Thessaloniki 1962

Мошин, *Балканската дипломатија,*

Мошин В., *Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин*, Споменици II, Скопје 1977

Ненадовић, *Богородица Љевишка,*

Ненадовић С., *Богородица Љевишка: њен постанак и њено место у архитектури Милутиновог времена,* Београд 1963

Nicol, *Despotate,*

Nicol D.M., *The Despotate of Epiros,* Oxford 1957

Nicol, *Church and Hellenic Learning,*

D.Nicol, *The Byzantine Church and the Hellenic Learning in the Fourteenth Century,* Byzantium: its ecclesiastical history and relations with the western world = Collected Studies, London 1972

Nicol D.M., *Thomas Despot of Epiros and the Foundation of the Paregoritisa at Arta,* Βυζαντινά 13.2 (1985)
Острогорски, *Византија,*
Острогорски Г., *Историја на Византија,* Скопје 1992
Orlandos, *Κορινθιας,*
Orlandos A.K., *Βυζαντινοι ναοι της ανατολικης Κορινθιας,* ABME 1(1935)
Orlandos, *Παρηγορήτισσα,*
Orlandos A.K., *Η Παρηγορήτισσα τῆς Αρτης,* Athens 1963
Orlandos A.K., *Τα Βυζαντινα Μνημεια της Καστοριας,* ABME 4 (1938), Athens
Orlandos A.K., *Οί σταυρεπίστεγοι ναοί τῆς Ἑλλάδος,* ABME 1(1935)
Orlandos A.K., *Η Πορτα–Παναγια της Θεσσαλιας,* ABME 1(1935)
Orlandos A.K., *Η παρα τήν Αρταν μονή Βλαχερνῶν,* ABME 2 (1936)
Orlandos A.K., *Η Παναγία τοῦ Μπρυώνη,* ABME 2 (1936)
Orlandos A.K., *Η Μονή τῆς Κάτω Παναγιας,* ABME 2 (1936)
Orlandos A.K., *Η Αγία Θεοδώρα τῆς Αρτης,* ABME 2 (1936)
Orlandos A.K., *Ο Αγ. Βασίλειος τῆς Αρτης,* ABME 2 (1936)
Orlandos A.K., *Ο Αγ. Νικόλαος τῆς Ροδιας,* ABME 2 (1936)
Osterhout, *Kariye Camii,*
Osterhout R., *The Architecture of the Kariye Camii in Istanbul,* Washington 1987
Oustrehout R., *The Byzantine Church at Enez: Problems in Twelfth-Century Architecture,* JÖB 35 (1985)
Pallas, *Epiros,*
Pallas D.I., *Epiros,* RbK II (1968)
Pelekanidis S., M.Chatzidakis, *Kastoria,* Athens 1985
Попов И., *Пропорции в Българската архитектура,* София 1955
Rautman, *Patrons and buildings,*
Rautman M.L., *Patrons and buildings in late byzantine Thessaloniki,* JÖB 39 (1989)
Rautman, *Holy Apostles,*
Rautman M.L., *The Church of the Holy Apostles in Thessaloniki: a Study in Early Paleologan Architecture,* Indiana University 1984
Ристић В., *Црква Светог Димитрија у Прилепу,* Синтеза, 3-4 (1979), Крушевац
Rodley L., *Art and Architecture*
Rodley L., *Byzantine Art and Architecture: An Introduction,* Cambridge 1994
Schellewald, *Sophienkirche,*
Schellewald B., *Die Architektur der Sophienkirche in Ohrid (Dissertation),* Bonn, 1986
Снегаров, *Архиепископия,*
Снегаров И., *История на Охридската архиепископия I,* София 1924
Stikas, *Une eglise,*
Stikas E., *Une eglise des Paleologues aux environs de Kastoria,* BZ 51 (1958)
Stričević, *La Renovation du type basilical,*
Stričević Dj., *La Renovation du type basilical dans l'architecture ecclésiastique des pays centraux des Balkans,* CIEB XII,T.I, Beograd
Ševčenko, *Theodore Metochites,*
Ševčenko I., *Theodore Metochites, the Chora, and the Intellectual Trends of His Time,* The Kariye Djami, vol.IV (ed.P.Underwood), Princeton 1975
Šuput M., *Gottesmutterkirche,*
Šuput M., *Gottesmutterkirche als Kultbau im Rahmen der byzantinischen Architektur ihrer Zeit,* Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988

Theis, *Parêgorêtissa,*

Theis L., *Die Architektur der Kirche der Panagia Parêgorêtissa,* Πρακτικά Δισθνούς Συμποσίον γιά τό Δεσποτάτο της Ηπείρου, Arta 1990

*Thessaloniki and Its Monuments,* Thessaloniki 1985

Тодић Б., *Старо Нагоричино,* Београд 1993

Томовски, *Христијанската архитектура,*

Томовски К., *Христијанската архитектура во Преспа,* Зборник на Архитектонскиот Факултет I (1977)

Томовски, *Средновековната архитектура во Охрид,*

Томовски К., *Средновековната архитектура во Охрид,* во: Охрид и охридско низ историјата, ТI, Скопје 1985

Томовски К., *Средновековната архитектура,* во: Уметничкото богатство на Македонија, Скопје 1984

K.Tomovski, *Beitrag zur Geschichte der Kirche des Hl.Nikolaus Šiševski,* Actes CIEB XII, Beograd 1964

Tsouris, *Κεραμοπλαστικός διάκοσμος,*

Tsouris K., *Ο κεραμοπλαστικός διάκοσμος των υστεροβιζαντινών μνιμείον της βορειοδυτικής Ελλάδος,* Kavala 1988

Van Milligen, *Churches in Constantinople,*

Van Milligen A., *Byzantine Churches in Constantinople: Their History and Architecture,* London 1912

Velenis G., *Building Techniques and External Decoration during the 14th Century in Macedonia,* L'art de Thessalonique et des pays balkaniques et les courants spirituels au XIV siécle, Belgrade 1987

Velenis, *Thirteenth-Century,*

Velenis G., *Thirteenth-Century Architecture in the Despotate of Epirus: The Origins of the School,* Студеница и српска уметност око 1200 године, Београд 1988

Велкоски И., *Преглед и краток опис на културно-историските споменици на територијата на општина Прилеп,* Прилеп 1996

Vocotopoulos, *The Role,*

Vocotopoulos P.L., *The Role of Constantinopolitan Architecture during the Middle and Late Byzantine Period,* JÖB 31/2 (1981)

Vocotopoulos, *Arta,*

Vocotopoulos P.L., *Arta,* in: Alte Kirchen und Klöster Greichenlands (ed.E.Melas), Köln 1972

Vocotopoulos, *Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική,*

Vocotopoulos P.L., *Η Εκκλησιαστική αρηιτεκτονική εις την δυτικήν στερέαν Ελλάδα και την Ηπείρον από του τέλους του 7ου μέχρι του τέλους του 10ου αιώνος,* Thessaloniki 1992(2)

Vocotopoulos, *Νεα στοιχεια,*

Vocotopoulos P.L., *Νεα στοιχεια περι του καθολικου της Μονις Πανταναςσσης Φιλιππιαδος,* AAA 5 (1972)

Vocotopoulos, *Ανασκαφή,*

Vocotopoulos P.L., *Ανασκαφή Παντανάσσης Φιλιππιάδος 1976,* AAA X (1977)

Vocotopoulos, *The Concealed Course Technique,*

Vocotopoulos P.L., *The Concealed Course Technique: Further examples and a few remarks,* JÖB 28 (1979)

Xyngopoulos, *Σερβίων,*

Xyngopoulos A., *Τα μνημεια τῶν Σερβίων,* Athens 1957

Чанак-Медић М, Бошковић Ђ., *Архитектура Немањиног доба I,* Београд 1986

Чанева-Дечевска, *Църквите със стегнат кръст,*

Чанева-Дечевска Н, *Архитектурни особености на църквите със стегнат кръст од периода на развития феодализъм в България,* во: С.Бояжиев, Н.Чанева-Дечевска, *Изследвания върху архитектурата на българското средновековие,* София 1982

Чанева-Дечевска, *Църковната архитектура,*

Чанева-Дечевска Н, *Църковната архитектура в България през XI-XIV век*, София 1988

Чанева-Дечевска Н, *По въпроса за църквата Св.Архангели в Бачковския манастир и другите двуетажни църкви в района,* ГДА НБУ 2-3 (1996)

Čipan, *Konzervatorski radovi,*

Čipan B., *Konzervatorski radovi na arhitekturi,* Konzervatorski radovi na crkvi Sv.Sofije u Ohridu, Beograd 1955

Чипан, *Св.Софија,*

Чипан Б., *Св.Софија: катедрален храм на Охридската архиепископија*, Скпоје 1995

Ђурић, *Византијске фреске,*

Ђурић В.Ј., *Византијске фреске у Југославији,* Београд 1974

# ПРИЛОГ



Сл. 1 Св.Никола Манастир - поглед од северисток



Сл. 2 Св.Никола Манастир - поглед од југозапад



Сл.3 јужна фасада, детал



Сл.7 јужна фасада
според постара состојба



Сл.4 источна фасада
апсида на ѓаконикон



Сл.5 источна фасада
од североисток



Сл.6 детал од внатрешноста
поглед кон апсидата



Сл. 8 јужна фасада



Сл.9 источна фасада



Сл.10 источна фасада детал



Сл. 11 северна фасада



Сл. 12 јужна фасада



Сл. 13 северна фасада





Сл. 16 јужна фасада - детал



Сл. 14 западна фасада

Сл. 17 ктиторски натпис



Сл. 15 поглед од југоисток



Сл. 18 северна фасада



Сл. 19 источна фасада



Сл. 20  западна фасада - детал



Сл. 21 изглед од североисток



Сл. 22 северна фасада
источна половина



Сл.23 источна фасада



Сл.25 јужна фасада - детал



Сл.24  западна фасада - детал



Сл. 26 северна фасада
западна половина



Сл.27 источна фасада



Сл.28 јужна фасада - детал



Сл.29 изглед од југозапад



Сл.30 западна фасада



Сл.31 купола - детал



Сл.32 ентериер кон северозапад



**Сл.33 источна фасада - детал**



Сл. 34 јужна фасада



Сл. 35 изглед од југозапад



Сл. 36 изглед од југоисток - детал



Сл. 37 северна фасада - детал



Сл.38 источна фасада



Сл.39 јужна фасада- детал



Сл.40 јужна фасада- детал

# Црква Св. Архангел Михаил - Прилеп



Сл.41 северна фасада



Сл.42 северна фасада - детал
-состојба пред конзервација-



Сл.43 северен ѕид - од внатре
-пред конзервација



Сл.44 јужна фасада



Сл.45 јужна фасада - пред конзервација



Сл.46 јужна фасада - детал



Сл.47 апсида - детал



Сл.48 западна фасада - пред реконструкција



Сл.49 ентериер - ископи
-поглед кон запад-



Сл.50 западен ѕид од внатре
-ктиторска композиција-



Сл.51капела - ктиторска композиција



Сл.52 капела - спој на ѕидови со главната црква



Сл.53 капела - поглед на отвор за влез низ таваница



Сл.54 ѕидови во супструкција



Сл.55 хипотетичка реконструкција на куполи



Сл.56 покрив над нартексот
-изглед од северозапад-
-пред конзервација-



Сл.57 покрив над нартексот
-изглед од северозапад-
-пред конзервација-



Сл. 58 централен травеј - источен дел



Сл. 59 детал од источниот дел



**Сл. 60 централен травеј - западен дел**



Сл.61 западна фасада на спратот
на нартексот - детал



Сл.62 спрат на нартексот
-северен фронтон



Сл.63 кула со скали
-северна фасада - детал



Сл.64 јужна фасада - детал

# Црква Св.Димитрија во Прилеп



Сл.65 источна фасада



Сл.66 западна фасада



Сл.67 северна фасада



Сл.68 јужна фасада



Сл.69 Капникареја во Атина



Сл.70 Св.Богородица во Мербака
-детал на апсида-



Сл.71 Агија Мони
-изглед од североисток-



Сл.72 Св.Апостоли Пирги
-детал на купола-



Сл.73 Кокини Еклисија
- јужна фасада



Сл.74 Кокини Еклисија
- северна фасада - детал



Сл.75 Св.Ѓорѓи во Курбиново
-западна фасада



Сл.76 Св.Никола - Месопотам
(според Мекси)



Сл.77 Св.Богородица Петричка



Сл. 78 Манастир Пантократор
-средна црква - изглед од исток



Сл. 79 Манастир Пантократор
-изглед од исток



Сл.80 Св.Богородица- Влахерна - изглед од исток



Сл.81 Св.Пантелејмон - Нерези



**Сл.82 Паригоритиса** во Арта



Сл.83 Св.Ѓорѓи Оморфоклисија
-северна фасада - детал



Сл.84 Св.Ахилиј во Преспа



Сл.85 Св.Никола Касници



Сл.86 Св.Богородица - Заум